КIII 670

Република Македонија

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје

Филозофски факултет

Институт за Историја

ВМРО 1924-1925

-магистерски труд-

Кандидат:

Аце Серафимовски

4602/13

Ментор:

проф. д-р Никола Жежов

Скопје

2016

СОДРЖИНА

ВОВЕД.....3

ГЛАВА ПРВА

БОРБА ЗА ВМРО.....8

1.1. ВМРО непосредно по убиството на Тодор Александров.....8
1.2. Одмазднички акции.....18
1.2.1. Акција во Горна Џумаја.....18
1.2.2. Пресметка со политичката емиграција во Бугарија.....26
1.2.2.1. Пресметка со Илинденската организација.....26
1.2.2.2. Пресметка со левицата во македонската емиграција.....34
1.2.3. Битка за Петричкиот округ.....38
1.3. Контроверзи и оценки за настаните од септември/октомври 1924 година.....48

ГЛАВА ВТОРА

КОНСОЛИДИРАЊЕ НА ВМРО.....69
2.1. СССР и ВМРО.....69
2.2. Функционирање без лидер.....82
2.3. Прегрупирања во ВМРО.....98
2.4. Убиството на Петар Чаулев.....110

ГЛАВА ТРЕТА

VI КОНГРЕС НА ВМРО.....118
3.1. Окружни конгреси.....118
3.2. VI Конгрес на ВМРО. Решенија.....122

ГЛАВА ЧЕТВРТА

НОВ ПОЧЕТОК.....141
4.1. Убиство на Никола Милев.....141
4.2. Новото раководство и првите чекори.....145
4.3. Нова тактика.....161
4.4. ВМРО и Бугарија.....164
4.5. Внатрешни пресметки.....176
4.6. Убиството на Тодор Паница.....182
4.7. Активности во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија.....188

ЗАКЛУЧОК.....193
ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА.....202

ВОВЕД

Првата светска војна и мировните договори не донеле позитивно решение за македонското прашање. Македонската револуционерна организација се нашла на поразената страна. Неповолниот исход бил причина учесниците во македонското револуционерно движење да ги преиспитаат чекорите од минатото и да одлучат како треба да се работи во иднина. Поделбите од минатото повторно дошле до израз. Уште пред да бидат постигнати сите мировни договори, се испрофилирале две групи. Едната околу Т. Александров, кој се зафатил со обновата на ВМРО, а друга околу Привременото претставништво на Обединетата бивша Внатрешна македонска револуционерна организација, го оспорила легитимитетот и легалитетот на Т. Александров и А. Протогеров. Во ова организација биле истакнати дејци од македонското движење, како Ѓорче Петров, Димо Хаџи Димов, Петар Поп Арсов, Петар Ацев и др. Двете групи не биле хомогени и стабилни, па во наредниот период ќе дојде до разни прегрупирања.

Најбројната македонска емиграција била во Бугарија, земја која што била поразена и фрлена на колена по Првата светска војна. Владата на Александар Стамболиски била одлучна, но и немала голем избор, преку подобрување на односите со соседите, да ја позиционира Бугарија на европски план, најдевајќи се тоа да го искористи за подобрување на лошата социјална и економска положба во земјата. Репарациите, ограничувањето на вооружувањето, масата бегалци кои дошле на нејзина територија, преставувале голем проблем за Бугарија. Но, до добри односи со победничките сили, Бугарија можела да стигне само преку Македонија, поточно доколку не го држи отворено македонското прашање, а имајќи ја предвид огромната емиграција во Бугарија, тоа била многу тешко. Најголемиот проблем била ВМРО и нејзиното револуционарно делување. Така се исцртуваат контурите на судирот помеѓу владата на А. Стамболиски и ВМРО, но и внатрешниот судир во македонското револуционерно движење. Бугарската влада сосема добро ги користи судирите во македонското движење за остварување на своите цели.

Од МЕФО, која што не се сложувала со нелегалната борба на ВМРО, се одделило револуционерно крило и ја формирало Внатрешната федеративна

македонска револуционерна организација (ВФМРО), која започнала борба со ВМРО. Во 1922 година, од ВМРО се оделила една група на војводи и се приклучила на нелегалната ВФМРО. Меѓу нив биле Стојан Мишев, Славе Иванов, Григор Циклев, Заре Секулички и др. Низ судирот помеѓу ВМРО т.е. автономистите, од една страна и федералистите од друга, може да се види мешањето на надворешни фактори и штетностите по македонското ослободително движење. Федералистите биле искористени од бугарската влада за да ја ослабнат ВМРО, којашто, пак, започнала преговори со бугарската опозиција за рушење на владата на А. Стамболиски.

ВМРО не можела покрај себе да прифати уште една организација која ќе ја изразува волјата на македонскиот народ. Во судирот помеѓу автономистите и федералистите особено се истакнуваат две акции. Влегувањето на ВМРО предводена од П. Михајлов во Ќустендил и протерувањето на федералистите од Неврокоп. Федералистите не можеле да се спротистават на автономистите. ВМРО предводена од Т. Александров успеала да ги разбие и тие биле принудени да ја напуштат Бугарија и преку Грција да се повлечат кон Кралството на СХС. Сето ова уште повеќе го искомплицирало судирот, затоа што дел од федералистите почнале да соработуваат со Кралството на СХС во борба против ВМРО.

Поголем успех немал ни А. Стамболиски. Во јуни 1923 година во Бугарија бил извршен пуч и тој бил соборен од власта. ВМРО го подржала пучот, но немала активни дејства. Ако претходно, за времето на А. Стамболиски, ВМРО се борела за својот опстанок, сега била поставена пред предизвикот да се бори за својата самостојност.

За бргу време ВМРО увидела дека и новата бугарска влада, во однос на Кралството на СХС нема да води многу различна политика од претходната, што значи дека повторно притисокот бил врз ВМРО. Т. Александров активностите на ВМРО, во почетокот ги услогласувал и со потребите на бугарската влада. Односно да и остави простор таа да се консолидира и да се етаблира на меѓународен план. Резултат на тоа биле намалените четнички акции. ВМРО полека влегувал во судир и со Илинденската организација. Односите повеќе ВМРО и „Илинденците“ уште повеќе се влошиле по Септемвриското

комунистичко востание од 1923 година. Ова востание било прва соработка на ВМРО и бугарската влада во борба против комунистите.

Владата на Александар Цанков ставајќи ги интересите на Бугарија во прв план, се залагала за мирна ревизија на мировните договори, односно преку договор со Кралството на СХС, да дојде до излез на Егејското море во Тракија, а другата страна во Солун. Додека ВМРО се соочувала со реалноста дека не може да пронајде сојузник и во новата бугарска влада, односно во Бугарија, се соочила и со подобрување на односите помеѓу Италија и Кралството на СХС по договорот за Фиуме. Така ВМРО ја изгубила Италија како голем подржувач, а на Англија и Франција не можела да смета. Како опција останал само СССР. Со СССР ВМРО воспоставила контакти уште пред превратот од 9 јуни 1923 година во Бугарија. Во Европа по Првата светска војна свое етаблирање добиле и две тоталитарни идеологии: фашизмот и комунизмот.

Уште за време на Септемвриското комунистичко востание од 1923 година, Советскиот Сојуз, кој имал изградено своја разузнавачка мрежа, сватил дека комунистичка револуција не можела да постигне успех во Бугарија доколку против себе ја имаат ВМРО. Но разузнавачките податоци на Советскиот Сојуз говореле и дека ВМРО во случај на мобилизација можела да крене 20 000 до 100 000 луѓе. Целта на Советскиот сојуз била кревање на светска револуција. Откако било увидено дека светската револуција не можела да започне од Западна Европа, Балканот бил препознаен како погоден терен за нејзин почеток. Тука веќе на значај добиваат ВМРО и проценките дека можеле да кренат и 100 000 луѓе, кои би требало да гарантираат успех. Советскиот сојуз би добил воена сила, која би помогнала успешно да биде реализирана револуцијата. Од друга страна, ВМРО требала да добие подршка за остварување на својата цел – автономна Македонија, но и организацијата да биде признаена како единствен субјект во македонското движење и како единствен изразувач на волјата на македонскиот народ.

Но, преговорите не оделе во посакуваниот правец. Т. Александров дури морал да се соочи дека и федералистите ќе мора да ги третира како рамноправна страна. Гледајќи во кој правец тргнале работите, Т. Александров сакал да замине од Виена, но не добил подршка од А. Протогеров, додека П. Чаулев учествувал во склопувањето на договорот. Излез од ситуацијата Т.

Александров видел во тоа СССР да го принуди Стојан Мишев, кој како федералист се ставил на страната на Кралството на СХС, да изврши терористички акт против Крлаството на СХС. Така Т. Александров би се ослободил од големиот проблем во вардарскиот дел на Македонија, а тој проблем биле контрачетите, кои го отежнувале делувањето на ВМРО. Т. Александров дал и писмо до советските претставници, чија содржина одела во таа насока, од нив добил ветување дека барањето ќе било исполнето. Но, главниот проблем било тоа што Т. Александров добил усмено ветување, додека другата страна го имала неговиот потпис. Тоа била неповолна состојба за него. СССР одлучил да го објави манифестот, со што Т. Александров би бил ставен во безизлезна ситуација, а довербата помеѓу двете страни и така не постоела. СССР бил спремен да го изолира Т. Александров и да ја преземе ВМРО.

Шанса за такво нешто СССР гледал во тоа што левицата се засилила во македонските емигрантски организации, но и во ВМРО, пточно како таква била препознаена групата околу Алеко Василев. ВМРО под Т. Александров постигнала голем развој, но како што добро забележале советските разузнавачи, таа била изложена и пред тежок испит, од една страна поради зачувувањето на својата самостојност морала да влезе во судир со Бугарија, од друга страна почнала да се профилира опозиција во однос на Т. Александров. Таа опозиција во македонската емиграција и револуционерното движење, посебно дошла до израз за време на конгресот на Илинденската организација во 1924 година. Т. Александров бил против тоа Арсени Јовков и Георги Занков, повторно да бидат избрани во Раководното тело на Илинденската организација. Но, сепак, дошло до нивен избор.

Овој удар кон Т. Александров јасно зборува дека состојбата не ја држел целосно под контрола. А. Занков и А. Јовков биле избрани и покрај негодувањето на Т. Александров. Неговата директива не била исполнета, затоа што на неа не се потчиниле А. Протогеров, А. Василев и Г. Атанасов. Ова значи дека започнал процес на прегрупирање во ВМРО и во македонската емиграција.

Т. Александров и А. Протогеров влегле во конфликт. Освен прашањето со Илинденската организација, на површина излегле и некои поранешни несогласувања помеѓу двајцата членови на ЦК. Причина плус било и тоа што Т.

Александров не присуствувал на Струмичкиот окружен конгрес. Тој, веројатно и со право, во тоа не преисуство видел директен удар против него. Но, тука е и неговиот конфликт со бугарската влада, пред се со миниситерот Иван Русев, со кого влегол во жестока полемика. За А. Протогеров тоа било „безумство". Но, при подготовката за делување во вардарскиот дел на Македонија, со цел да се удри на нелегалните федереласти, дошла до израз и деморализираноста и опаѓањето на дисциплината кај војводите и четниците. Постоел и судир помеѓу војводите.

Сето ова придонело во своите писма кон А. Протогеров, Т. Александров разочарувачки да забележи дека ВМРО се распаѓало пред нивни очи. Пред организацијата се појавила потреба за консолидирање на нејзините редови. Т. Александров како средство за тоа консолидирање го гледал престоечкиот конгрес на ВМРО. Тој очекувал на конгресот да победи неговата визија и да избори легитимитет. Пред ВМРО се поставиле неколку препреки на кои што морала да пронајде одговор:

- внатрешното (не)единство;
- односите со бугарската влада и заштитата на самостојноста на ВМРО;
- односите со СССР, комунистите и посегањето по организацијата од нивна страна;
- средување на односите со македонската емиграција;
- справување со контрачетите;

Според професорката Ленина Жила, во август 1924 година завршил процесот на еманципација на Т. Александров од сопствените илузии и заблуди дека постола можност за поврзвуање на борбата за слобода на Македонија, со политиката на бугарската национална држава. Што значи дека решениијата на погоре посочените препреки, организацијата требало да ги бара самостојно, притоа во судир со бугарската влада, но и со СССР. Како ќе се снајдел Т. Александров во тие околности не можеме да знаеме, затоа што по неговото убиство, други требало да најдат одговор на прашањата кои се поставиле пред ВМРО.

ГЛАВА ПРВА

БОРБА ЗА ВМРО

1.1. ВМРО непосредно по убиството на Тодор Александров

Убиството на Тодор Александров за Александар Протогеров преставувало „најтежок момент“ во неговиот живот. Така тој напишал во својот извештај само два дена по убиството. [1] Видно потресен, со помош на придружбата стигнал до с. Лопово, местото каде се одржувал Четвртиот редовен конгрес на Серскиот револуционерен округ. На конгресот, Алеко Василев често излегувал, го немало и половина час пред пристигнувањето на Протогеров, од Георги Атанасов бил оправдан дека станувало збор за здравствени проблеми.[2] Повременото неприсуство на А. Василев подоцна при истражувањето на убиството на Т. Александров, внесло дополнителна сомничавост.

На 1 септември 1924 г., Динчо Вретенаров и Штерју Влахов со писмо ги известиле присутните на конгресот зошто решиле да го убијат Т. Александров. [3] Во писмото навеле некои несогласувања со поранешни постапки на Александров и дека биле испратени луѓе да ги убијат, па затоа тие одлучиле дека немало друго решение „освен да се убие Тодор“. Утредента, Д. Вретенаров[4] испратил ново писмо од Георги Пенков, кој бил делегат на конгресот. Во писмото, убијцете на Александров се интересирале каква била положбата на конгресот во однос на нив, притоа го охрабрил да не се плаши затоа што и ова ќе поминало, односно „секое чудо за три дена“. Доколку мислењето на

---

[1] №4 Показания на ген. Александър Протогеров по убийството на Тодор Александров. *Алекасандър Протогеров – Генералът-войвода*, София, 2012, 80.

[2] Показания на Гоце Манолев. Кирил Пърличев, *Убийството на Тодор Александров (изследване и документи)*, София, 2002, 172.

[3] Четири писма подписани од ДИНЧО ВРЕТЕНАРОВ, убиеца на Тодор Александров. Ibidem, 89/90.

[4] Штерју Влахов е неписмен, затоа сите писма се испратени од Динчо Вретенаров.

конгресот било против нив и немало шанса да бидат спасени, тие планирале да заминат за друга држава.[5]

Од 1 до 2 септември 1924 г. бил одржан конгресот на Серскиот револуционерен округ. Конгресот бил прв институционален орган кој требал да заземе став околу убиството на Т. Александров. Аргир Манасиев ги информирал присутните за убиството на Т. Александров, по што му бела одадена почит.[6] На конгресот било решено: 1) Да се искаже сочувство на семејството на загинатиот; 2) Морална и материјална поткрепа за семејството на Александров; 3) Окружниот комитет бил задолжен да се грижи за телото и да организира погреб; 4) Била формирана истражна комисија, во која влегле: Атанас Мацаров, Аспарух Генчев, Панчо Михајлов и уште еден член кој требало да биде посочен од Струмичкиот окружен револуционерен комитет. Комисијата била задолжена да го истражува убиството и резултатите да ги достави на Општиот конгрес; 5) Комисија во состав: Георги Атанасов, Јанко Вапцаров и Георги Ковачев, била задолжена да ги распредели работите најдени кај Т. Александров; 6) Окружниот комитет бил задолжен да ги преземе сите мерки за фаќање на убијците и да пружи целосна подршка на истражната комисија; 7) Членовите на конгресот требале да дадат заклетва дека нема да разгласуваат за смртта на Т. Александров, се додека поинаку не одлучи ЦК.[7]

Најзначајно решение во однос на Т. Александров е формирањето на истражната комисија. Но, останува дилемата дали се преземени сите потребни мерки да бидат фатени и казнети убијците. Како што беше посочено, Д. Вретенаров и Ш. Влахов биле во комуникација со Г. Пенков, кој бил делегат на конгресот. Комуникација одржувале и со Петар Говедаров,[8] кој исто така бил делегат на конгресот. Се создава извесна контроверзност и околу окружното кое било издадено против убијците. За Иван Михајлов станува збор за „обична лага".[9] Според „Заговорот против Тодор Александров"[10], уште на конгресот

---

[5] Четири писма подписани од ДИНЧО ВРЕТЕНАРОВ, убиеца на Тодор Александров. К. Пърличев, Убийството, op. cit. 91.

[6] З Резолуция на четвъртия редовен конгрес на Серския революционен округ. Кирил Пърличев, *VI конгрес на ВМРО (1925 г.)*, София, 2005, 81.

[7] З Резолуция на четвъртия редовен конгрес на Серския революционен округ. К. Пърличев, *VI конгрес,* op.cit. 82/3.

[8] Четири писма подписани од ДИНЧО ВРЕТЕНАРОВ, убиеца на Тодор Александров. К. Пърличев, *Убийството,* op. cit. 91/2.

[9] Иванъ Михайловъ, *Спомени III, Освободителна борба 1924-1934 г.*, 1967, 33.

биле задолжени А. Василев и Г. Атанасов да издадат такво окружно, но во книгата се изразува недоверба кон нивните намери.[11] Според В. П. Стојанов, повикувајќи се на разговорот воден со Христо Медникаров, сведочел дека Ал. Василев му кажал на Х. Медникаров на 7 септември да го приготви окружното, затоа што така ветил „пред другарите на Т. Александров" (притоа со насмевка додал дека тие биле веќе во Грција), но да биде антидатирано на 1 септември (окружното било напишано на 9 септември).[12] Гоце Манолев изјавил дека А. Василев не им кажал за окружното, а тие го добиле дури на 18 септември.[13]

И доколку ги земеме со резерва и не ги прифатиме целосно посочените сведочења, сепак, останува фактот дека на терен изостанала сериозна акција против Д. Вретенаров и Ш. Влахов.[14]

Освен решенијата во врска со убиството на Александров, треба да се истакне уште едно значајно решение донесено на конгресот. Дејноста на Петар Чаулев била оценета како „спротивна на целите и интересите на Организацијата", поради што сметале дека повеќе не е член на ЦК, а исто така, побарале ова решение да биде подржано и од други револуционерни окрузи. Во истата точка, стои и дека конгресот искажал целосна доверба кон А. Протогеров „да продолжи да раководи со организацијата до Општиот конгрес", а за свои советници да ги земе претседателите на окружните комите.[15]

За убиството на Т. Александров требало да бидат информирани и други лица од организацијата. Затоа, од Св. Врач била пратена телеграма до И. Михајлов, „потпишана" од мртвиот Т. Александров и А. Протогеров.[16] Освен И. Михајлов во местото каде се одржувал конгресот биле повикани и Кирил Прличев, Панчо Михајлов, Михаил Монев и Никола Велев.[17] Кирил Прличев бил член на ЗП и близок соработник на Т. Александров, Панчо Михајлов еден

---

[10] *Заговорът против Тодор Александров. По данни на Вътрешната Македонска Революционна Организация*, София, 1924. Книгата е издадена со цел ВМРО да ја претстави својата верзија за убиството на Т. Александров и за настаните што се случиле како последица на убиството.

[11] *Заговорът против Тодор Александров...*, 45.

[12] Ibidem, 45.

[13] Ibid., 46.

[14] Кирил Прличев (писател) остава можност Ал. Василев, Г. Пенков, П. Говедаров да биле изненадени од убиството и поради тоа не можеле да преземат соодветни мерки спрема своите другари, па затоа оставиле други да преземат мерки против убијците. (К. Пърличев, *Убийството*, op. cit., 25.)

[15] 3 Резолуция на четвъртия редовен конгрес на Серския революционен округ. К. Пърличев, VI конгрес, op. cit. 83/4.

[16] И. Михайловъ, *Спомени III*, op cit., 28.

[17] Георги Баждаров не можел да замине, затоа што само што пристигнал од Варна во Софија.

од омилените војводи на сега веќе покојниот лидер на организацијата, Михаил Монев бил негов зет, а Никола Велев студент во Виена, роднина на А. Протогеров, кој во тој период се нашол во Софија, затоа што требал да даде извештај за случувањата во Виена по објавувањето на Мајскиот манифест и барање на излез од целата нова ситуација. Значи, станува збор за блиски луѓе и подржувачи на Т. Александров.

Телеграмата била неочекувана и предизвикала сомнеж кај поканетите. Откако сите се консултирале и не успеале да дојдат до одговор на што се должи поканата, решиле да заминат, иако најпрвин И. Михајлов се колебал.[18] Всушност, станувало збор за две телеграми. После првата, И. Михајлов разговарал со К. Прличев и му ја искажал својата сомнителност, по што, според И. Михајлов, двајцата решиле да не тргнуваат без нова покана.[19] Интересна е изјавата на И. Михајлов со која ја оправдувал својата намера да не оди. Тој изјавил: „Мене ме нема, таму каде што е Тодор", што за К. Прличев значело дека ако едниот биде убиен, другиот да биде спасен, односно дека И. Михајлов нескриено ја искажувал „аспирацијата за шефување" во ВМРО.[20] Пристигнала и втората телеграма, по што сите поканети решиле да тргнат.

Веста за смртта на Т. Александров, на пристигнатите дејци од Софија им ја соопштил Аргир Манасиев.[21] Панчо Михајлов изреагирал емотивно и извикал: „Убијци! Што сте направиле! За тоа ли не викнавте! Еве, дојдете и земете го и нашиот живот!"[22] Откако се соземале се упатиле кон црквата каде

---

[18] Кирил Пърличев, *36 години във ВМРО*, София, 1999, 129.

[19] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 28.

[20] К. Пърличев, *36 години*, op. cit., 129.

[21] Ibidem, 130. Според К. Прличев, по добиената информација молчеле „како да биле ударени од гром". И. Михајлов во своите спомени пишува дека по соопштувањето на веста од страна на Ар. Манасиев, никој точно не разбрал што зборувал, па затоа П. Михајлов и поставил прашање во тој контекст. По што И. Михајлов одговорил: „Јасно е (...), убиен е Тодор" (И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 31.) Овој дел, Зоран Тодоровски премногу лесно и без некоја силна аргументација го користи во прилог на тезата дека И. Михајлов бил вмешан во убиството на Т. Александров. З. Тодоровски: „Значи, од нејасните и конфузните зборови на А. Манасиев, на И. Михајлов му било јасно дека Александров бил убиен, како претходно да бил известен за убиството." (Зоран Тодоровски, *Тодор Александров*, 2014, 290.) Па, дури и да бил известен за убиството, не значи дека учествувал и во заговорот.

[22] Кирил Пърличев, *36 години*, op. cit., 130. Ова емотивна реакција на П. Михајлов е искарикирана во спомените на И. Михајлов. Според него паднал на земја и почнал да се врти прашувајќи кој го убил Александров. (И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 31.) Во продолжение пишува дека тој му подвикнал на П. Михајлов да се смири. Очигледна е намерата на И. Михајлов да се прикаже самиот себе како сталожен и разумен човек, кој почнува да се справува со ситуацијата во која се нашла ВМРО. Но, исто така ова прилика ја користи и да се пресмета со својот, кога ги пишува спомените, веќе мртов противник. Ваков однос И. Михајлов нема само кон П. Михајлов, туку е необјективен и немилосрден кон сите противници кога ги опишува во своите спомени. Во овој контекст, интересно е и сведоштвото на Ар.

биле положени телата на Т. Александров и на четникот Панзо. Откако ги виделе телата А. Протогеров го тргнал настрана И. Михајлов. Му соопштил кои се убијците и дека претстоела многу работа за да се пополни празнината која настанала со убиството на Т. Александров.[23]

Се пристапило кон извршување на погребот. Така, Т. Александров бил погребан по втор пат за само неколку дена. Но, и двата погреба биле мали и недостојни за позицијата и авторитетот што ги имал меѓу македонскиот народ, бугарското општество, но и пошироко. Приликите наложиле погребот да помине во тајност и нечујност. Пред да биде погребан неговото тело било сликано од страна на Н. Велев, а говори одржале К. Прличев и И. Михајлов.[24]

Уште истиот ден започнало да се утврдува кој е виновен за убиството. Историјата на односите во организацијата го наметнала одговорот меѓу одредени присутни на погребот и без да биде извршена било каква истрага. И. Михајлов и Стојан Филипов уште пред погребот биле убедени дека убијците се А. Василев и Г. Атанасов.[25] И. Михајлов дури му соопштил на К. Прличев, дека имал намера да се фрли на А. Василев и Г. Атанасов.[26] За К. Прличев најсоодветно место за пресметка со убијците (и тој веќе не ја доведува во прашање нивната вина) бил првиот нареден конгрес. И. Михајлов тогаш го изнел планот за таа цел да се искористи судот кој требало да ги реши проблемите со Илинденците.[27] Во селото Сугарево им соопштил и на А. Василев и на Г. Атанасов дека требало да биде одржана една средба на која ќе се изгладат несогласувањата помеѓу ВМРО и Илинденската организација, по што предлогот бил прифатен и од двајцата.[28] Се дискутирало и околу местото на судењето. Во опција биле Петрич и Мелник но по предлог на А. Василев било

Манасиев кој го изнесува во едно писмо до А. Протогеров. Ар. Манасиев пишува дека веста сите ја примиле ладнокрвно, освен И. Михајлов, кого морале да го смируваат. (Писмо на АРГИР МАНАСИЕВ до члена на Централния комитет на ВМРО Дядо Ангел [А. Протогеров – б.м.]., К. Пърличев, Убийството, op. cit., 163.)

[23] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 32.

[24] Ibidem, 35.

[25] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 32.

[26] К. Пърличев, *36 години*, op. cit., 130/1. Значајно е запазувањето на К. Прличев дека тогаш И. Михајлов не го спомнал А. Протогеров.

[27] Ibidem, 131.

[28] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 36/7.

решено судскиот процес да се одржи во Горна Џумаја, а за датум бил избран 12 септември.[29]

Веста за убиството на Т. Александров останала тајна за јавноста, но продолжила да се шири меѓу повидните дејци на организацијата, кои требало да преземат мерки во новонастанатата состојба. По враќање во Софија, И. Михајлов под заклетва му ја соопштил кобната вест на Наум Томалевски.[30] Информиран бил и Јордан Ѓурков кој во станот на Н. Томалевски требало да го доведе Петар Шанданов.[31] Ѓеорѓи Баждаров за убиството бил информиран од Н. Томалевски.[32]

Вината на Ал. Василев и Г. Атанасов за сите нив се подразбирала. Никој не верувал во нивната невиност. Убиството кое во голема мера и денес е енигма, тогаш многу бргу, речиси инстиктивно било решено. Причина за така брзи донесени заклучоци за тоа кој стои позади убиството на Т. Александров, се односите во самата организација и македонска емиграција пред убиството.

Кога П. Шанданов дознал за убиството на Т. Александров, веднаш бил запрашан и што мислел кој стоел зад убиството. П. Шанданов без многу размислување одговорил дека виновни биле „Алековци", по што добил потврден одговор од Томалевски.[33] И Г. Баждаров, веднаш по дознавањето на веста дискутирал со Н. Томаловски кој стои позади убиството. Уште тогаш дошле до заклучок дека „едните биле во Софија, другите во Петричкиот округ и третите во Виена". [34] Разговорот помеѓу Баждаров и Томалевски бил воден утрото на 6 септември, а веќе тогаш, според Баждаров, не само што за виновници се препознаени А. Василев и Г. Атанасов, поточно на нив мисли кога зборува за некои од Петричкиот округ, одат и подалеку, па како виновници биле посочени и некои од Софија и Виена, поточно некои припадници на македонската емиграција во тие два града, пред се оние кои останале на позициите на Мајскиот манифест. При подготвувањето на акцијата за одмазда на Т. Александров, се појавиле одредени сомнежи за тоа како ќе се

---

[29] И. Михајлов вели дека тогаш за судии биле избрани Јордан Ѓурков, Петар Шанданов и Панчо Михајлов. Но, составот на судот е утврден уште пред смртта на Т. Александров. (Петар Шанданов, *Спомени*, Предговор и редакција Зоран Тодоровски, Скопје, 2002, 125.)

[30] Ibidem, 39. Н. Томалевски оштро реагирал за однесувањето на А. Протогеров.

[31] П. Шанданов, op. cit., 129.

[32] Георги Баждаров, *Моите спомени*, http://www.promacedonia.org/.

[33] П. Шанданов, op. cit., 130.

[34] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/.

поставел и П. Михајлов. Затоа, било одредено Баждаров да види како размислува П. Михајлов. На средбата Баждаров го прашал П. Михајлов, кој според него стоел позади убиството. И П. Михајлов, како и сите претходно, одговорил дека позади физичките убијци стоеле Василев и Атанасов.[35]

И. Михајлов од самиот почеток преземал одговорност и покажал иницијативност. Така, уште пред погребот на Т. Александров, во разговор со Стојан Филипов му дал одредени задолженија за тоа како да се постави организацијата во Неврокопско.[36] По враќање во Софија решил да го ангажира Кирил Дрангов. Него го пратил за Петричко да изврши разузнавачка мисија, а доколку му се укажала прилика да изврши и убиство.[37] Притоа, Михајлов му дал задача, доколку е вистина тоа што тој го пишува во спомените, да ги убие, не само Ал. Василев и Г. Атанасов, туку и А. Протогеров.[38] Секако, ова било преамбициозен и нереален план, па не бил ни реализиран.

Правењето план и организација за посериозна акција, започнало на 5 септември 1924 година. Откако П. Шанданов дознал за убиството на Т. Александров, во домот на Н. Томалевски пристигнал и И. Михајлов. Шанданов и Михајлов си дале чесен збор дека ќе ја сочуваат организацијата и се повлекле во посебна просторија за да разговараат околу дејствата кои треба да се преземат. Заклучокот на Шанданов бил дека не треба ништо да се прави додека не бидат убиени А. Василев и Г. Атанасов.[39] Планот за пресметката во Горна Џумаја, бил осмислен од П. Шанданов и И. Михајлов, самата акција требало да ја води П. Шанданов. Набргу во домот на К. Прличев им бил соопштен планот и на тројцата членови на ЗП.[40] Од нив, П. Шанданов и И. Михајлов добиле подршка да продолжат да делуваат во тој правец.

Мерките кои што требало да бидат донесени биле договарани во мал круг на луѓе. Тоа се тројцата членови на ЗП (К. Прличев, Г. Баждаров, Н. Томалевски), битолскиот војвода П. Шанданов, потоа И. Михајлов како секретар на Т. Александров и пунктов началник во Софија. Тие се главните кои ја преземале одговорноста во новонастанатата состојба. Со плановите се

[35] Ibidem, http://www.promacedonia.org/.
[36] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 32.
[37] Ibidem, 39/40.
[38] Ibid.,39/40.
[39] П. Шанданов, op. cit., 136.
[40] Ibidem, 136.

запознаени и Ј. Ѓурков, П. Михајлов и К. Дрангов, подоцна вклучен бил и Иван Караџов, кој бил пунктов началник во Горна Џумаја. И. Караџов бил вклучен токму поради тоа што е од Горна Џумаја и добро ги познавал тамошните прилики, многу потешко би било да се изведе акцијата без било каква логистика на самото место.[41]

Воочливо е дека недостасува А. Протогеров, кој е член на ЦК на ВМРО. Во однос на Протогеров постеле сомневања дека можеби и тој е вмешан на некој начин во заговорот, затоа било решено акцијата да биде преземена без негово знаење.[42]

А. Протогеров во Софија пристигнал неколку дена подоцна од К. Прличев, П. Михајлов, И. Михајлов, М. Монев и Н. Велев. [43] По пристигнувањето побарал средба со И. Михајлов. Но тој се плашел да отиде за да не биде убиен. За да одлучат што би било најдобро да се направи, И. Михајлов заедно со П. Шанданов заминале кај Г. Баждаров да го чујат неговото мислење. Г. Баждаров го подржал ставот на Шанданов дека И. Михајлов треба да отиде на средба со Протогеров, а пред куќата требало да биде присутен Шанданов со уште неколку наоружани припадници на организацијата. И. Михајлов истакнал дека требало да се спречи можноста Протогеров да оствари средба со некој од бугарските министри.[44]

Стравувањата не биле основани. На средбата помеѓу Михајлов и Протогеров не се случил никаков инцидент. Разговорот се водел околу организациски работи. Протогеров барал некои информации во врска со софискиот пункт.[45]

А. Протогеров не само што не бил вклучен во подготовката на акцијата која претстоела, тој дури бил и една од можните жртви. На тоа инсистирал И. Михајлов. Но, било одлучено дека Протогеров не требало да биде убиен.[46]

И ова ни говори како лесно поедини дејци можеле да се најдат на списокот за отстрел. Одлуките се носеле на брзина, без некое големо

---

[41] Г. Баждаров, *op. cit.*, http://www.promacedonia.org/; И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 42-44.
[42] Г. Баждаров, op. cit.,, http://www.promacedonia.org/. П. Шанданов, op. cit., 138.
[43] Според Г. Баждаров, пристигнал на 6 септември (Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/), а според П. Шанданов на 9 септември 1924 година (П. Шанданов, op. cit., 138.)
[44] П. Шанданов, op. cit., 138/9.
[45] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 42.
[46] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/.

расудување. Целта била да се пресретнат настаните, да не се дозволи некој друг да ги води процесите. Само К. Прличев се заложил за опцијата убиствата да се случат по општиот конгрес.[47] Но, тој предлог не бил прифатен. Г. Баждаров одлуката убиствата да се случат пред конгресот ја оправдал со следните аргументи: 1) Тајната околу убиството на Александров не можела да се чува уште долго, а општеството ќе почнело да „погодува" кој го извршил убиството и кои биле причините; 2) Убијците ќе почнат да насетуваат дека се сомнителни; 3) На општиот конгрес господари ќе биле Василев и Атанасов, нивно ќе било и обезбедувањето, па полесно можел да се случи обратен процес. Односно, доколку приметат нешто сомнително Василев и Атанасов да бидат тие што ќе ја уништат другата страна.[48]

За планот да биде остварен, клучно било во Горна Џумаја да дојдат и Илинденците чие судење требало да се искористи за одмаздничката акција.[49] И. Михајлов бил задолжен да го покани раководството на Илинденската организација. Поканата му ја соопштил лично на Георги Занков, кого го нашол во канцелариите на организацијата. [50] Раководството на Илинденската организација било решено да отиде во Горна Џумаја само доколку таму бил присутен и Т. Александров. Тие сеуште не знаеле за неговата смрт. За подетално да се информираат Петар Ацев побарал да зборува телефонски со некого од врвот на организацијата. Разговарал со Ал. Василев, кој во разговорот му рекол дека веројатно Т. Александров нема да присуствувал затоа што бил многу далеку, некаде „внатре во Македонија". [51] Арсени Јовков бил да отидат за Горна Џумаја, после разговорот на неговата сопруга со П. Михајлов. Тој и кажал: „Арсени да отиде, нема ништо за него, но доколку не отиде, не

---

[47] Ibidem.
[48] Ibid.
[49] Постојат две верзии како одговор на прашањето од кого потекнува идејата судењето на раководството на Илинденската организација да се искористи и за убиства на А. Василев и Г. Атанасов. П. Шанданов тврди дека тој му ја соопштил таа идеја на И. Михајлов, кој ја прифатил. (П. Шанданов, op. cit., 140.) Но, како точна треба да се прифати верзијата дека И. Михајлов е творецот на таа идеја. Затоа што освен него, тоа исто го тврди и К. Прличев. Тој пишува дека тој предлог му го дал Михајлов веднаш по погребот на Т. Александров, додека уште биле во пиринскиот дел на Македонија. (К. Пърличев, 36 години, op. cit., 131.)
[50] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit. 44.
[51] Петър Ацев, *Спомени*, София, 2011, 339.

гарантирам повеќе.“ [52] Но, било одлучено решението да го донесат на состанокот кој требало подоцна да се одржи.

И. Михајлов ги убедувал Г. Занков и П. Ацев да отидат на „конференцијата“ во Горна Џумаја. Раководството на Илинденската организација мислело дека се работи за конференција, на која ќе треба секој да ги изнесе своите аргументи и да се најде решение, не претпоставувале дека во Горна Џумаја требало да им биде судено. Дури и И. Михајлов во разговорот со Г. Занков му изјавил на конференцијата се ќе било решено и потоа повторно ќе другарувале како порано. На П. Ацев му изјавил дека во Горна Џумаја сигурно ќе бил присутен и Т. Александров.[53]

Дополнителен проблем преставувало и писмото кое го добиле од Горна Џумаја, во кое Ш. Влахов и Д. Вретенаров ги известиле за убиството на Александров. Настанала дискусија околу новата информација. По однесувањето на И. Михајлов не можеле да заклучат дека тој знаел и од нив ја скрил ова вест. Расправале и што доколку е вистина, а И. Михајлов падне во рацете на убијците на Т. Александров. Тогаш Г. Занков изјавил дека ќе се застапеле за него, но „Господ да го чува делото и сите нас, ако е вистинит гласот за Тодор.“[54]

„Илинденците“ останале на ставот да не одат за Горна Џумаја. Но, по некое време повторно им се јавил Ал. Василев, кој оштро настапил и не им оставил простор повторно да отстапат.[55] По разговорот веќе било обезбедено присуството на Раководното тело на Илинденската организација.

Освен организирањето на акцијата за казнување на одредените виновници за убиството на Т. Александров, ВМРО требала да се нафати со пишување на мемоар до ДН, кој требало да биде пратен по повод општото собрание на ДН во почетокот на септември 1924 г. Заклучокот на мемоарот требал да биде дека се бара целосна примена на договорите за малцинства, односно „да ни се вратат црквите (на Егзархијата, б.м.) и училиштата“.[56]

---

[52] Ibidem.
[53] Ibid., 340/1.
[54] Ib., 341.
[55] Ib., 314/2.
[56] Државен архив на Република Македонија (понатаму ДАРМ), фонд Александар Протуѓеров, кутија 2, *Писмо од Петко Георгиев до Миле и Или за одржаното собрание на ВМРО во Женева, на кое е донесен заклучок – Револуционерната организација да прерасне во легална општествена сила, за да може да*

Требало да се дозволи на свештениците, владиците и учителите да се вратат и слободно да работат во своите професии, а исто така и да се дозволат верски, политички и културни здруженија. Во кратки црти, било побарно „културна автономија и граѓански, политички и национални права". Само во тој случај ВМРО била спремна од револуционерна организација да стане „легална општествена сила" и својата броба за „самоуправување на Македонија" да ја постави на легални начела.[57] За собирање на податоци за положбата во Македонија бил задолжен Н. Томалевски, а текстот требало да го подготви Никола Милев, пријател на Т. Александров и близок соработник на ВМРО.[58] Било решено мемоарот да биде пратен со фалсификуван потпис на Т. Александров.[59]

Но, професорот Н. Милев, не бил задолжен само за пишување на мемоарот кој требало да биде пратен до ДН, од него било побарано да обезбеди преку своите блиски врски со владејачката коалиција во Бугарија, војската да биде на страната на ВМРО.[60] Со Министерот за војна Иван В'лков, за истата работа се договарал и И. Михајлов.

Со ова биле заокружени подготовките за акцијата во Горна Џумаја. По убиството на Т. Александров, една група на високи дејци на ВМРО решиле да се пресметаат со убијците на нивниот лидер и така да ја сочуваат организацијата. Неформалното тело, кое што тогаш се зафатило со овие задачи било составено од тројцата членови на ЗП (Прличев, Баждаров, Томалевски), луѓе со долг стаж во организацијата, меѓу најзначајните интелектуалци во ВМРО. Како „луѓе од акција", претставници на новата генерација во организацијата биле П. Шанданов, Јордан Ѓурков и И. Михајлов, кој веќе почнал да ги искажува своите амбиции за челното место во ВМРО.

донесува легални одлуки во борбата за самоуправување на Македонија и за создавање балканска федерација, страна, 313.

[57] Ibidem, 313/4.

[58] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/.

[59] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 39.

[60] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/.

1.2. Одмазднички акции

1.2.1. Акција во Горна Џумаја

Како судии во процесот против Илинденската организација, поточно против А. Јовков и Г. Занков, биле назначени П. Шанданов (претседател на судот), П. Михајлов и Ј. Ѓурков, а за известувач по случајот бил назначен И. Михајлов. Но, И. Михајлов се исплашил и одбил да замине во Горна Џумаја и му предложил на Г. Баждаров, тој да отиде место него.[61] Баждаров одбил, неговите аргументи биле дека не бил запознаен со целиот просец, опасноста била иста и за двајцата, патем И. Михајлов сам се фалел дека учествувал во терористички акции. А, како што забележува Баждаров, тој самиот никогаш немал претензии кон борбени дејствија, неговото поле била интелектуалната дејност. И кога И. Михајлов не можел „да го надитри својот учител", решил како известител да го прати К. Дрангов.[62] Значаен е начинот на кој И. Михајлов го убедил К. Дрангов да земе учество во акцијата во Горна Џумаја, затоа што таа постапка ни кажува доста за карактерот на И. Михајлов и за начинот на кој делувал. Летото 1924 година К. Дрангов отишол за Мелнишко поради здравствени причини. Додека бил таму го видел однесувањето на А. Василев од кое бил разочаран. Како идеалист, решил со писмо да го извести Т. Александров за однесувањето на Василев. Токму тоа писмо ќе му биде од помош на И. Михајлов. На К. Дрангов му кажал дека писмото со себе го носел Т. Александров кога бил убиен, што значи дека завршило во рацете на А. Василев.[63] По слушнатото од И. Михајлов, на К. Дрангов му било јасно дека или тој ќе учествува во атентатот на А. Василев или постојат шанси тој да биде негова жртва, затоа прифатил да учествува во акцијата во Г. Џумаја.

Но, другите учесници не биле информирани за одлуката која ја донел И. Михајлов. За неа дознале на 11 септември кога требало да тргнат за Г. Џумаја. Кога П. Шанданов и П. Михајлов дошле на договореното место ги нашле Ј. Ѓурков и И. Михајлов кој се жалел дека бил болен и дека поради тоа нема да

---

[61] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/. Според Баждаров, како известител требало да замине К. Прличев, кој тогаш се разболел, а И. Михајлов требало да отиде како негова замена.
[62] Ibidem, http://www.promacedonia.org/
[63] Ibid., http://www.promacedonia.org/

оди со нив.[64] Изјавата на И. Михајлов внела демотивираност кај другите. Првин, П. Михјалов изјавил дека и тој нема да оди, ако во Софија остане И. Михајлов. По него се предомислил и Ј. Ѓурков. По, кратка дискусија и најмногу по инсистирање на П. Шанданов, кој бил одлучен и сам да замине, повторно се предомислиле Ј. Ѓурков и П. Михајлов, но настојувале да дојде и И. Михајлов. П. Шанданов му изјавил на И. Михајлов да дојде во Г. Џумаја, затоа што неговото присуство како известувач било неопходно. Тогаш И. Михајлов „со еден невообичаен цинизам" рекол дека доколку „Алековци" дознаеле дека и тој патувал за Г. Џумаја, постоела можност да ги „испотепаат уште по патот".[65] Станало јасно дека И. Михајлов се плашел од опасноста која претстоела. На крај, било решено да заминат тројцата без И. Михајлов, затоа што и така, „тоа што ќе биде, ќе биде и без Иван Михајлов".[66]

Еден ден порано, на 10 септември, во Г. Џумаја пристигнале и А. Василев и Г. Атанасов. Според И. Караџов, била подготвена заседа во која требало да паднат А. Василев и Г. Атанасов и да бидат убиени на патот за Г. Џумаја. Но, тие стигнале под друг пат, па така тој план пропаднал.[67] По пристигнување биле сместени во куќата на Панајот Рајнов, близок човек на организацијата. А. Василев и Г. Атанасов го повикале А. Манасиев, член на околијското раководство во Г. Џумаја. А. Василев му соопштил дека ќе треба да најде куќа, затоа што требало да пристигне група од Софија, но и да дознае каде се наоѓала четата на Ш. Влахов и да им пренесе наредба од Василев да дојдат во Г. Џумаја.[68] Чстата тогаш се наоѓала во с. Сухострел, блиску до границата помеѓу Бугарија и Кралството на СХС, каде што ја примиле наредбата да тргнат накај Г. Џумаја и ноќно време да влезат во градот.[69]

Вечерта на 11 септември во Г. Џумаја престигнала и групата од Софија. П. Шанданов, П. Михајлов и Ј. Ѓурков биле сместени во хотелот „Лондон", кој се ноѓал спроти домот на Панајот Рајнов, каде на А. Василев и Г. Атанасов им се

---

[64] П. Шанданов, op. cit., 141.
[65] Ibidem, 141/2.
[66] Ibid., 142.
[67] Спомени на ИВАН КАРАДЖОВ и СТЕФАН АВРАМОВ по повод убийството на Алеко паяа во Горна Джумая. К. Пърличев, *Убийството*, op. cit., 169.
[68] Писмо на АРГИР МАНАСИЕВ до члена на Централния комитет на ВМРО Дядо Ангел [А. Протогеров – б.м.]., Ibidem, 163-165.
[69] *Премрежињата на македонското револуционерно движење – Спомени, Христо Калајџиев, Крсто Лазаров, Крум Петишев, Атанас Џолев, Мирчо Кикиритков*, Предговор и редакција Зоран Тодоровски, Скопје, 2003, 236.

приклучил и А. Протогеров. Истата вечер, П. Шанданов отишол до И. Караџов со кого се договориле акцијата да биде следната вечер, а Караџов до тогаш да ги подготви милиционерите кои му биле блиски.[70]

До иститот заклучок, дека акцијата требало да биде извршена вечерта на 12 септември, се дошло и на советувањето помеѓу П. Михајлов, Ј. Ѓурков и П. Шанданов, утрото на 12 септември.[71] Останло да чекаат да се стемни, но за тоа време работите требале да се одвиваат во најнормален тек, а тоа подразбирало и средба и состанок со идните жртви. Средбата била одржана во домот на П. Рајнов, а присуствувале А. Протогеров, Ал. Василев, Г. Атанасов, П. Шанданов, П. Михајлов и Ј. Ѓурков.

Не знаејќи што претстои, А. Протогеров како во тој момент, барем според членството во ЦК, најавотиритетниот член на ВМРО, изјавил дека требало да бидат преземени мерки кои ќе ја зачувале организацијата од „раздробување и распаѓање". По него збор земал П. Шанданов, според кого организацијата била народна и „како таква ќе продолжи да постои и ќе најде нови водачи". Мошне интересен е ставот на Ал. Василев, доколку П. Шанданов реално го пренел. Ал. Василев се заложил по секоја цена да се постигнало „обединување на сите разединети револуционерни сили". Притоа ги споменал Т. Паница, федералистите, санданистите, но и Стојан Мишев, Илија Пандурски и Илија Кацарски, кои биле во служба на Кралството на СХС и се бореле против ВМРО. Дури и од федералистите во Виена, бил испратен човек во Струмица кој требало да почне преговори со И. Кацарски.[72] Според ова, излегува дека Ал. Василев останал цврсто на протоколот кој бил потпишан во Виена за обединување на македонските револуционерни сили, притоа и обединување и со ренегатите кои се бореле против ВМРО, но дека биле водени и преговори за таа цел.

А. Протогеров го покренал и прашањето околу составот на ЦК на ВМРО, затоа што тој останал единствен член на тоа раководно тело. За да се надмине ситуацијата тој се повикал на правилникот, кој предвидувал да се конструира привремен ЦК. Во новиот ЦК освен А. Протогеров, требало да влезе и по еден

[70] П. Шанданов, op. cit.,143.
[71] Ibidem, 144.
[72] Ibid., 144/5.

претставник од секој револуционерен округ.[73] На состанокот се дискутирало и за Мајскиот манифест. Г. Атанасов бил за обединување на револуционерните сили, но бил против организацијата да застане на позициите на Третата интернационала. Ставањето на страна на Третата интернационала и П. Шанданов го оценил како опасно. А. Василев не подржувал ништо што било договорено во Виена, освен склучувањето на спогодбата помеѓу Т. Паница и ЦК. Исто така, го нападнал и Т. Александров затоа што воспоставил диктатура во ВМРО[74].[75]

На ред дошло и прашањето околу Илинденската организација. А. Василев побарал да биде повикан И. Михајлов и веднаш да тргне за Г. Џумаја. Откако му се јавиле на И. Михајлов, добиле одговор дека тој бил болен и не можел да дојде, а го пратил К. Дрангов кој во Г. Џумаја пристигнал околу 18 часот.[76] За да се избегнало присуството на раководството на Илинденската организација за време на акцијата, П. Шанданов дал предлог пред судењето да се состанат уште еднаш и да се договорат што ќе зборуваат пред нив.

За време на паузата П. Шанданов ги известил И. Караџов и Асен Даскалов дека акцијата ќе започнала најдоцна за половина час, па поради тоа требало да се вооружат. И. Караџов составил група од 6-7 верни четници, кои не биле информирани за акцијата која што следувала за да не се поколебале.[77] Всушност, тој и не располагал со поголем број на четници.

Ова го отвара прашањето за силата на двете групи и кој имал контрола на теренот. Ал. Василев и Г. Атанасов кои управувале со ВМРО во Македонија под бугарска власт имале многу поголемо влијание во тој дел од Македонија, отколку пристигнатите конспиратори од Софија. Плус, во Г. Џумаја пристигнала и четата на Ш. Влахов. Тоа го потврдува и И. Караџов, кој изјавил

---

[73] Ib., 145. Од Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ како членови на привремениот ЦК биле предвидени Ал. Василев и Г. Атанасов, од Солунскиот револуционерен округ требало да влезе Мише Шкатров, од Скопскиот П. Михајлов, а од Битолскиот П. Шанданов.

[74] Ib., 146.

[75] П. Шанданов, кој што е учесник на состанокот, не ни дава податоци дека и А. Протогеров зборувал против Т. Александров и дека се заложил за обновување на прекинатите преговори со комунистите. Но, таков податок има во спомените на И. Михајлов, кој што не присуствувал на средбата, но со тој податок сака да се пресмета со А. Протогеров. (И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 45.)

[76] Ib,, 148.

[77] Спомени на ИВАН КАРАДЖОВ и СТЕФАН АВРАМОВ по повод убийството на Алеко паяа во Горна Джумая. К. Пърличев, *Убийството*, op. cit., 168/9.

дека положбата била во „рацете на Алеко“.[78] Секако, тука во предвид не е земена договорената поддршка од страна на војската.

Откако пристигнал во Г. Џумаја, К. Дрангов по наредба на И. Михајлов го известил и околискиот началник К. Алексиев за настаните што претстоеле.[79] Тоа предизвикало негодување кај П. Шанданов.

Но, во тој момент тоа не било најголемиот проблем. Како и при тргнувањето за Г. Џумаја, така и таму пред самата акција повторно се појавиле колебања. К. Дрангов не сакал да учествува, Ј. Ѓурков и П. Михајлов почнале да смислуваат нови начини на дејствување. Според нив не требало убиствата да бидат извршени во куќата, туку да ги чекаат да излезат, да влезат во автомобил и тогаш да ги убијат со бомби.[80] Привремено се разделуваат и останало прашањето кој се ќе земе учество во акцијата. Но, сите отворени прашања биле решени по една случајност. Нашко Елшански бил пратен од А. Василев да ги повика П. Шанданов, Ј. Ѓурков, П. Михајлов, но освен нив, бил повикан и К. Дрангов. Така сите тргнале во куќата каде требало да биде извршена акцијата. Дополнителен проблем било што ништо не било детално договорено за акцијата. Сетоа тоа било направено на патот до куќата. Тогаш било договорено дека акцијата ќе започне кога П. Шанданов ќе почне да налева вода во чаша.[81]

Ова јасно укажува дека акцијата се водела доста аматерски. И првичниот план бил само начелен, без подетално да бил утврден, но дури и тој неколку пати бил ставен на проверка. Но, освен планот на проверка била ставана и одлучноста на учесниците. Работите се одвивале стихиски, според тоа како налагале околностите. Ова ќе биде потврдено и од текот на акцијата.

Кратко по влегувањето во куќата дошло до следниот распоред. П. Шанданов и К. Дрангов биле во собата заедно со А. Василев, додека на балконот од истата соба биле А. Протогеров, Ј. Ѓурков и П. Михајлов. Г. Атанасов со обезбедувањето бил во соседната соба, а во куќата исто се наоѓале Тома Рушкин и браќата Елшански. Во собата и на балконот се наоѓале четворицата конспиратори кои требало да ја извршат акцијата, една од

---

[78] Спомени на ИВАН КАРАДЖОВ и СТЕФАН АВРАМОВ по повод убийството на Алеко паяа во Горна Джумая. Ibidem, 169.
[79] П. Шанданов, op. cit., 148.
[80] Ibidem, 149.
[81] Ibid., 149/50.

предвидените жртви и А. Протогеров кој ниту знаел за акцијата, ниту требало да биде убиен.

Откако А. Василев го прочитал писмото од И. Михајлов, го повикал К. Дрангов да излезат надвор од собата. Плашејќи се дека можеби во тој потег се крие некаква интрига, по кратка невербална комуникација П. Шанданов му дал знак на К. Дрангов да пука во А. Василев, кој бил завртен со грб и тргнал да излегува.[82] К. Дрангов го погодил во малиот мозок, а П. Шанданов во грб. Истрелот на К. Дрангов бил смртоносен за А. Василев. Потоа настанала вистинска мешаница. П. Михајлов и Ј. Ѓурков биле изненадени од предвремената акција и почнале да пукаат од балконот кон собата во која бил сместен Г. Атанасов со своето обезбедување. Кон вратата на истата соба стрелал и П. Шанданов да не дозволи да излезе Г. Атанасов со своето обезбедување. Истрели пристигнувале и од хотелот во кој била сместена четата на Ш. Влахов. Надвор И. Караџов со својата придружба пукале во воздух.[83] Состојбата добро ја опишува П. Шанданов, кога вели дека не можела да се воспостави никаква дисциплина.[84] А. Протогеров за помалку од две недели повторно бил присутен на настан кој ќе го одреди понатамошниот правец на ВМРО. За разлика од првиот пат, доколку и постојат некои контроверзи и недоумици, сега е јасно дека А. Протогеров не бил информиран, па не му останало ништо друго освен соочен со шокот панично да се тргне на страна и да проба да се сокрие колку ќе може. За него ситуацијата дополнително станала потресна, откако К. Дрангов му вперил револвер и почнал да го прашува: „Кажи кој го уби Тодор".[85] Г. Баждаров е сигурен дека на таква постапка К. Дрангов бил наговрен од И. Михајлов. Но, треба да се има во предвид и состојбата во која се наоѓал К. Дрангов. За разлика од искусните војводи како П. Шанданов и П. Михајлов за него ситуацијата во која се нашол била многу повеќе стресна. Тој на моменти делувал доста потресно и конфузно уште пред да започне акцијата, за време на акцијата морал да биде смируван од П. Шанданов, дури и кон него К. Дрангов го вперил револверот[86], а и Г. Баждаров откако го видел бргу после акцијата во

[82] Ib., 151.
[83] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 45.
[84] П. Шанданов, op. cit., 152.
[85] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 45. Истото го пишува и Г. Баждаров во своите спомени (Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/), П. Шанданов пишува дека прашањето гласело: „Кажи зошто го убивте Тодор?" (П. Шанданов, op. cit., 152.).
[86] П. Шанданов, op. cit., 151.

Софија, за К Дрангов вели дека бил блед и збунет.[87] Ова ни говори дека сите негови акции не биле со предумисла, туку дека се однесувал доста неразумно.

П. Михајлов и Ј. Ѓурков се спуштиле од балконот. При симнувањето Ј. Ѓурков ја повредил ногата по што заминал од местото на акцијата и не се вратил повеќе. П. Михајлов почнал да издава наредби на улицата пред куќата. Состојбата уште била конфузна. П. Шанданов снемувал муниција и му наредил на Асен Даскалов, кој бил пред куќата, да се качи горе кај нив. А. Даскалов пробал да влезе со еден стражар, но во тој момент стражарот бил погоден и загинал. А. Даскалов со уште неколку четници повторно се обидел да влезе во куќата и сега бил успешен. Г. Атанасов ја напуштил куќата и избегал. По метежот самоиницијативно за Софија заминал и К. Дрангов. Набргу, Г. Цумаја ја напуштиле и П. Шанданов, П. Михајлов и А. Протогеров. Според договорот, војската излегла од касарните со задача да не дозволи некој да избега од градот. [88]

Својот спас од целата мешаница пробала да го најде и четата на Ш. Влахов, која тогаш била предводена од нејзиниот секретар Атанас Цолев - Насо. Откако излегле од хотелот во кој биле сместени, за да видат што се случило, ги пресретнал околискиот полициски управник на Г. Цумаја, Алексиев, кој ги замолил да се сместат во некоја куќа, притоа им напоменал да не излегуваат надвор, затоа што градот бил опкружен од војската и ќе биле убиени. Во тој момент до нив дотрчал и војводата Ангел Коларов, кој бил вооружен со револвер, а со него биле Димитар (чевлар) и Георги од Гевгелиско (дрводелец). Тогаш одлучиле четата да замине во куќата на Димитар, каде ја поминала ноќта заедно со А. Коларов, Георги и Димитар. Кога се разденило, А. Цолев им рекол на А. Коларов, Георги и Димитар, бидејќи биле во цивилни алишта, да отидат на местото каде што вчера се случило пукањето и да дознаат за што станувало збор. Но, кога излегле било пукано на нив, по што загинале Димитар и Георги. А. Коларов се вратил во домот на Димитар и ги известил четниците дека било пукано на нив и дека доаѓале по него за да го убијат, притоа предложил да се борат се додека сите не ги убијат и да не се предаваат живи. А. Цолев не го прифатил овој предлог и му рекол на А. Коларов да излезе и да се предаде, а тој и четата планирале да се спогодат. Куќата била опколена

[87] Г. Баждаров, op cit., http://www.promacedonia.org/.
[88] П. Шанданов, op. cit.,152-155.

од војска, полиција и четници на организацијата. Коларов се согласил да излезе, но другата страна не ни чекала да се предаде, веднаш пукала и го убила. Тогаш од куќата се јавил и А. Џолев, но другата страна не знаела дека има уште некој во куќата, затоа се разбегале и почнале да ги убедуваат да се предадат. А. Џолев ги известил дека за нивното присуство во градот знаеле А. Манасиев и Алексиев. По ова едно дете донело и писмо од А. Манасиев во кое пишувало дека било бесмислено да се борат и ги повикал да се предадат. А. Џолев одговорил дека бил подготвен да се предаде, но на воените власти. Тоа и се случило. Набргу дошле 10-15 војници, предводени лично од началникот на горноџумајскиот гарнизон, по што се предала и четата која била составена од 7 души и биле одведени во касарната.[89]

Утрото на 13 септември без да пружа отпор се предал и Г. Атанасов. Откако И. Караџов забележал дека неколку четници го водат Г. Атанасов, тој забрзано тргнал накај нив. Но, во еден момент, четникот Црн Киро извадил револвер и го убил Г. Атанасов. Според И. Караџов немало никаква потреба за убиство, Г. Атанасов веќе бил во рацете на организацијата и бил без оружје, па многу покорисен би бил доколку останал жив и бил испрашуван.[90] Останува нејасно дали Црн Киро на своја рака го извршил убиството или му било наредно.

Но, смртта на А. Василев и Г. Атанасов означувале само почеток на пресметката со лицата кои биле осомничени дека учествувале во заговорот против Т. Александров.

1.2.2. Пресметка со политичката емиграција во Бугарија

1.2.2.1. Пресметка со Илинденската организација

Судирот со одредени дејци од Илинденската организација и ВМРО тлеел подолг период. Како посредник помеѓу Т. Александров и А. Јовков и Г. Занков бил П. Ацев, кој заземал високо место во Илинденската организација, но бил и

[89] Премрежињата, op. cit., 238-241. Во Предавниците на македонското дело, стои дека Димитар загинал кога излегле сите тројца да проверат што се случило во градот, а дека подоцна Георги бил убиен од страна на Црн Киро, а А. Коларов бил убиен од терористичката група на Б. Тиков. (*Предавниците на македонското дело*, Редакција и коментар Иван Катарџиев, Скопје, 1983, 154.)

[90] Спомени на ИВАН КАРАДЖОВ и СТЕФАН АВРАМОВ по повод убийството на Алеко паяа во Горна Джумая. К. Пърличев, *Убийството*, op. cit., 170/1.

во добри односи со Т. Александров. На 16 август 1924 година, во Ќустендил била одржана средба помеѓу Т. Александров и тројцата членови на Раководното тело на Илинденската организација.

На состанокот Г. Занков изјавил дека никогаш не сакал да и наштети на организацијата, ниту на авторитетот на Т. Александров, дури и изразил подготвеност да влезе во ВМРО како активен член. Но, Т. Александров инсистирал Г. Занков писмено да му се извини. Во однос на А. Јовков, Т. Александров стоел цврсто на ставот дека тој не можел веќе да биде дел од уредничкиот тим на весникот „Илинден". На крај, Т. Александров како излезно решение предложил А. Јовков да се повлече на 6 месеци. Членовите на Илинденската организација изјавиле дека понудените решенија за излез од кризата ќе ги разгледало Раковдното тело на организацијата, но не гарантирале дека сите предлози ќе бидат прифатени. Исто така, била договорена и конференција на која ќе се разгледаат несогласувањата помеѓу двете организации. П. Ацев и Г. Занков решиле да го убедат А. Јовков доброволно да се повлече. А. Јовков изјавил дека од порано бил спремен да се повлече, но верувал дека моменталната позиција, уредник на весникот „Илинден", му гарантирала дека ВМРО нема да го убие и така да предизвика голем скандал, но доколку ја напушти таа позиција би било многу полесно да го убијат. Г. Занков со писмо го известил П. Ацев, дека успеал да го убеди А. Јовков да се повлече, но притоа требало да расчисти некои финансиски проблеми поврзани и со весникот.[91]

Иако П. Ацев не бил целосно задоволен од одговорот на А. Јовков, затоа што се одолговлекувало неговото повлекување, сепак, работите тргнале во добар правец. И Г. Занков во едно свое писмо заклучил дека: „(...) сите спорови помеѓу мене и Т. Александров беа ликвидирани на 16 август во личната средба со него во присуство на Петар Ацев, на најсрдечен начин. Едно прашање остана нерешено, тоа беше за Арсени Јовков, но јас сосема верував дека во средбата, која тој ја прифати пред да биде убиен, ќе се ликвидира поволно."[92]

---

[91] П. Ацев, op. cit., 335-338.

[92] № 159 ОТВОРЕНО ПИСМО ОД Г. ЗАНКОВ ДО ЧЛЕНОВИТЕ НА ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО БУГАРИЈА ПО ПОВОД УБИСТВОТО НА Т. АЛЕКСАНДРОВ. 1924 г. *Македонското прашање во документите на Коминтерната, том I, книга 2*, Избор, превод и редакција Владо Поповски и Ленина Жила, Скопје, 1999, 1275.

За тоа како планира да се реши спорот со Илинденската организација, Т. Александров на 26 август 1924 година, на само неколку дена пред да биде убиен, разговарал и со П. Шанданов. Т. Александров го изнел својот план, според кој требало да се назначи суд од страна на ВМРО во чиј состав требало да влезат двајца нелегални и еден легален член. За членови на судот Т. Александров ги предложил П. Шанданов, П. Михајлов и Ј. Ѓурков. Притоа, Т. Александров му сугерирал на П. Шанданов дека би било подобро да се издаде морална пресуда, а не пресуда која би предвидувала физичко ликвидирање. Значајно е објаснувањето на Т. Александров, дека го предложил П. Михајлов за член на судот и затоа што бил близок со А. Јовков, па во тоа гледал причина да не се вознемират Г. Занков и А. Јовков.[93] Од ова може да се извлече заклучок дека Т. Александров одел на поблага казна и смирување на односите со А. Јовков и Г. Занков, а не кон продлабочување на односите и преземање на ригорозни мерки, а една од нив би била и нивно убиство.

Останувало да се одржи судењето или конференцијата како што мислеле членовите на Илинденската организација и да се изгладат односите помеѓу двете организации. Во меѓувреме се случило убиството на Т. Александров, а тензиите продолжиле. Тоа може да се види и од писмото на А. Јовков до П. Чаулев од 10 септември 1924 година.[94]

Во писмото А. Јовков се жали дека од ден во ден состојбата станувала се потешка, а неговата положба неподнослива. Веќе цел месец бил затворен во куќа и не смеел да излезе. Продолжувал притисокот за негово отстранување од Илинденската организација, но и покрај тоа што зад него цврсто стоела организацијата, тешко дека можело да се дојде до некој излез, затоа што тој не бил спремен да пишува тоа што ќе им се допаднало на „Милевци и Баждаровци (се мисли на Н. Милев и Г. Баждаров, м.б.)".[95] Се пожалил и дека терористи оделе по редакции и ги заплашувале сите кои што пренесувале текстови од „Federation Balcanique". Доколку бил исклучен А. Јовков, неговото место требало го заземе Г. Занков. Според А. Јовков, весникот „Илинден" веќе не

[93] П. Шанданов, op. cit., 125.

[94] № 126 Писмо од Арсени Йовков до Петър Чаулев за публикуване на Майския манифест във в. „Илинден", разпространението му в България, Америка и Турция, конфискуването му от полицията, за отпечатването на отворените писма на Д. Влахов и П. Чаулев в България и за опасността за живота на А. Йовков. *БКП, Коминтернът и македонският въпрос (1917-1946), Том първи*, София, 1998, 330/1.

[95] Ibidem, 330.

можел да биде од корист, затоа што над него била воспоставена контрола. А. Јовков изразил подготвеност да замине за Виена доколку постоела можност така да го издржува своето семејство. Тој добро заклучил, дека можел „да се спаси од куршум на два начина“, доколку избега во странство или ако ја напушти редакцијата, но тоа значело и отстранување од општествениот живот. Но, тој сметал дека било подобро да замине и да работи од странство, затоа што така ќе придонел за „прославувањето на идејата“.[96]

Некаде во тој период и на состаноците во Софија, според Г. Баждаров, било решено да бидат убиени Г. Занков и А. Јовков. И тие биле обвинети дека учествувале во заговорот, а главен доказ била посочена само нивната кореспонденција со П. Чаулев.[97]

Во вакви околности пристигнала поканата до Илинденската организација да дојдат во Г. Џумаја каде требало да се одржи судскиот процес против нив. Всушност, дека се работело за судење, а не за конференција, членовите на Илинденската организација дознале во Г. Џумаја на 12 септември, само неколку моменти пред да започне акцијата против Ал. Василев и Г. Атанасов. А. Манасиев му рекол на П. Ацев: „А, бе Ацев, не можам да ја разберам таа работа, ме избрале за член од еден петочлен суд на ВМРО, за да му судам на РТ на Илинденската организација, а не знам, ниту за што ги обвинуваат, ниту кој ги обвинува“. Набргу започнало пукање и А. Манасиев отишол да види за што се работи. П. Ацев заедно со Михаил Чаков заминале во домот на Георги Палисламов.[98]

Со нив не биле А. Јовков, Г. Занков и Владимир Георгиев, тие отишле во домот на Г. Меѓуречки. Уште додека П. Шанданов бил во Г. Џумаја, поточно кога се спремале да заминат за Софија, до него дошол А. Манасиев, кој бил испратен од Г. Меѓуречки да му соопшти каде се наоѓале Г. Занков и А. Јовков и доколку било потребно да ги уапсат. Но, иако уште во Софија било договорено, доколку се укажала можност да бидат фатени и Г. Занков и А. Јовков, на своја рака П. Шанданов решил да не се придржува до планот, па не му издал таква наредба на А. Манасиев. Информацијата за тоа каде се наоѓале „Илинденците“, П. Шанданов не ја соопштил на никого, единствено за неа знаел А. Протогеров

[96] Ibid., 331.
[97] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/.
[98] П. Ацев, op. cit., 345/6.

кој бил во негова близина. Откако П. Шанданов не преземал ништо против Г. Занков и А. Јовков, до него дошол А. Протогеров, го прегрнал и со насолзени очи му рекол: „Ти се молам, никакви убиства понатаму. И добро направи, што го избрка Аргир Манасиев“.[99]

За нивниот престој во домот на Г. Меѓуречки, податоци ни даваат два извора кои меѓусебно се разликуваат. Според Христо Ампов, од убиство Г. Занков и А. Јовков биле спасени благодарејќи на посинетиот син на Г. Меѓуречки кој им ја открил улогата на татко му и ги префрлил во друга куќа. Ноќта во куќата на Г. Меѓуречки дошол терористот Кирил Мончев за да ги ликвидира.[100] Според Благој Видов, изутрината на 13 септември во домот на Г. Меѓуречки дошол А. Манасиев, со терористот Иван Марков – Братот. Откако Г. Занков протестирал, Манасиев му наредил на терористот да си замине. По ова случка, синот на Г. Меѓуречки ги одвел „Илинденците“ во домот на Попов, кој бил некогашен кмет на Г. Џумаја.[101] Во секој случај, како што се гледа и од спомените на П. Шанданов, уште истата вечер Г. Меѓуречки кажал дека кај него се наоѓаат „Илинденците“ и прашал дали треба да бидат уапсени, со што не покажал намера да ги заштити.

Утрото на 13 септември и во домот на Г. Палисламов дошол А. Манасиев, кој ги информирал П. Ацев и М. Чаков за настаните што се случиле. Дури тогаш овие двајца членови на Раководното тело на Илинденската организација дознале за убиството на Т. Алексндров. А. Манасиев бил извикан и од Г. Занков. И покрај уверувањата од А. Манасиев дека требале да бидат спокојни и дека ништо немало да им се случи, Г. Занков инсистирал да бидат предадени на воените власти. Тоа и се случило, а во касарната им било кажано дека нема зошто да се плашат. Преку А. Манасиев, Г. Занков испратил писмо до П. Ацев и тој заедно со М. Чаков да дојдат во касарната. До касарната ги спровел А. Манасиев, Г. Меѓуречки и Г. Палисламов. Низ градот патролирала жандармеријата и полицијата. П. Ацев и М. Чаков биле убедувани од капетанот во касарната дека немало ништо да им се случи. Ги информирал и дека останатите тројца членови на РТ на Илинденската организација веќе се на

[99] П. Шанданов, op. cit., 155/6.
[100] Зоран Тодоровски, Новопронајдени документи околу убиството на Арсени Јовков. *Арсени Јовков – живот и дело. Зборник од Научниот собир по повод 75 години од неговото убиство, одржан во Луково, на 16 и 17 октомври 1999 година*, Струга, 2001, 67.
[101] Ibidem, 68.

железничка станица, по што тргнале и П. Ацев и М. Чаков. Како заштита им бил доделен и војник кој требало да ги придржува. Така по сите случувања тие повторно се собрале заедно. Но, тука не бил крајот на нивните искушенија. На следната станица „Струма“, В. Георгиев отишол да се поздрави со началникот на станицата и тогаш од него дознал дека ВМРО наредила возот да биде сопрен некаде по патот, за да може одредени луѓе да бидат уапсени. Се решиле апсењето да не биде на станица, затоа што така некој можел да им избега. Јасно било за што се работи, па откако В. Георгиев им ги пренел овие информации на своите пријатели, сите се дале во бегство. [102]

Од ова излегува дека членовите на Раководното тело на Илинденската организација не биле уапсени затоа што П. Шанданов се оглушил на договорот во Софија, а другите учесници во акцијата кои биле присутни кога се донесувале одлуките во Софија не дознале каде се наоѓале Г. Занков и А. Јовков. Б. Видов пишува дека пред касарната каде биле сместени „Илинденците“ пристигнале К. Дрангов и П. Михајлов и побарале од полковникот Големинов да им ги предаде петмината членови на Илиндендската организација.[103] Но, К. Дрангов и П. Михајлов тогаш не се во Г. Џумаја, туку во Софија, а во касарната не се наоѓале петмина, туку само тројца членови на Илинденската организација. Тие сите петмина се собрале дури на железничката станица. Затоа, поверојатно е дека бргу пред или по нивното тргнување од Г. Џумаја бил известен и И. Михајлов, кој како што пишува П. Шанданов, „испратил од Софија еден камион вооружени луѓе за да ја запрат теснолинејката на некоја од станиците меѓу Горна Џумаја и Дупница и таму да ги симнат Јовков и Занков“.[104]

Откако случајно дознале дека им била спремена стапица, единствен спас виделе во бегство. Всушност, тие не биле вооружени, така да имале само две опции или да бегаат или да се предадат. Бил прифатен планот според кој требало да го пресечат патот Дупница – Г. Џумаја и така побрзо да стигнат до Дупница и Софија. До првата средба со луѓето на ВМРО дошло во близина на селото Кочериново, крај реката Рила. Тука било пукано во П. Ацев, кој бил и највозрасен, па бегството и најтешко му паѓало. Г. Занков и В. Георгиев во тој

[102] П. Ацев, op. cit., 346-352.
[103] З. Тодоровски, Новопронајдени, op. cit., 68.
[104] П. Шанданов, op. cit., 159.

момент се скриле покрај реката Рила. П. Ацев бил погоден во нога. „Илинденците“ се поделиле на неколку страни. Бидејќи ја преминал реката, П. Ацев плашејќи се да не му се инфицира раната, а и немајќи многу голем избор, решил да влезе во селото Бараково и доколку најде општинска власт, од неа да побара заштита и медицинска помош. Во селската крчма имало вооружен маж, припадник на ВМРО, од кого П. Ацев побарал помош. Но, веднаш штом бил повикан болничар, во крчмата влегол Црн Киро, член на ВМРО кој живеел во Г. Џумаја. Црн Киро иако знаел кој е П. Ацев, наредил да биде врзан, затоа што според него, станувало збор за болшевик кој ја продал Македонија и го убил Т. Александров. Всушност, тоа се обвинувањата од Софија кои биле проследени до луѓето кои учествувале во потерата на „Илинденците“. Во тој момент П. Ацев за малку ја избегнал смртта, било одлучено дека не смеат да го убијат додека не дојде Асен Даскалов, кој бил нивен началник. Тогаш тргнале во потера по другите „Илинденци“.[105]

По некое време до местото каде што бил врзан П. Ацев, со автомобил пристигнала група на вооружени луѓе кои го фатиле М. Чаков. Меѓу нив биле и К. Мончев и А. Даскалов. Кога А. Даскалов се доближил до П. Ацев го прашал зошто бегел и дека доколку го убиеле ќе требало со главите да одговараат. На враќање за Г. Џумаја, наишле на Г. Занков и В. Георгиев кои бегале накај селото Рила, по што било стрелано во нив.[106] До тука се завршуваат директните сведоштва на П. Ацев за потерата по „Илинденците“. Г. Занков и В. Георгиев успеале да стигнат до Софија и да се спасат, П. Ацев бил рантет во нога, а се спасил и М. Чаков, единствено не успеал да се спаси А. Јовков.

Не постои примарен извор кој би не информирал за убиството на А. Јовков. Според Христо Настев, А. Јовков бил обесен надвор од Г. Џумаја.[107] Х. Ампов пишува дека А. Јовков бил „лесно ранет во левата рака, заробен и убиен.“[108] Б. Видов дава информации слични на претходните, односно дека Јовков бил „откриен, фатен и најзверски убиен“.[109] И П. Шанданов во своите

[105] П. Ацев, Ibidem, 352-355.
[106] Ibid, 356-359.
[107] З. Тодоровски, Новопронајдени, op. cit., 66.
[108] Ibidem, 67.
[109] Ibid, 68.

спомени наведува дека „Арсени Јовков бил фатен жив и одведен во Горна Џумаја.“[110]

П. Ацев изнесува најмногу детали околу фаќањето на А. Јовков. А. Јовков се скрил во сноп сено. Таму бил приметен од некое дете кое го известило учителот. Кога дошле селаните со штиковите на пушките проверувале дали имало некој во сеното. А. Јовков иако бил прободен во рака, не пуштил глас и не бил откриен. Следната вечер, значи на 14 септември, А. Јовков тргнал на пат за Дупница. Тогаш бил уапсен од селската милиција. А. Јовков ги молел да го пуштат или да го предадат на бугарските власти во Дупница, но да не го предадат на ВМРО. Но, тие го предале на луѓе на организацијата од селото Кочериново, а од таму го однеле во Г. Џумаја, каде и бил убиен.[111]

И во писмото од 14 септември 1924 година, пишувано од И. Михајлов стои дека „Арсени Јовков е уапсен во Џумаја во ч. 6.45 вечерта“.[112] Всушност во писмото И. Михајлов пишувал за информациите кои ги добил од И. Караџов кој бил цо Г. Џумаја. Во писмото исто така било наведено: „Ванчо да замине уште сега за Џумаја, за да прими важна вест од Караџов“.[113] Потврда дека И. Михајлов заминал за Г. Џумаја има во спомените на П. Шанданов. И. Михајлов подоцна му раскажувал на П. Шанданов „за ѕвесрскиот начин на кој бил измачуван и убиен Аресниј Јовков“. [114]

Значи, А. Јовков не бил убиен при бегството. Тој бил заробен на 14 септември и најверојатно одведен во Г. Џумаја каде бил распрашуван. Скоро со сигурност би можело да се тврди и дека И. Михајлов учествувал во распрашувањето. Најголема дилема останува на кој начин и кога бил убиен А. Јовков.

Откако П. Ацев од Г. Џумаја дошол во Софија, кај него дошол П. Шанданов да се извини во негово и во име на И. Михајлов, притоа напоменале дека никогаш немале лоша умисла против него.[115] Подоцна П. Ацев добил и писмо од И. Михајлов во кое му се обраќа со „драг учителе и пријателе“. Во писмото прво му посакал спокојство, второ - „верба во ѕвездата на татковината

[110] П. Шанданов, op. cit., 159.
[111] П. Ацев, op. cit., 359/60.
[112] З. Тодоровски, Новопронајдени, op. cit., 65.
[113] Ibidem, 65.
[114] П. Шанданов, op. cit., 159.
[115] П. Ацев, op. cit., 372.

и слободата“, трето, И. Михајлов навел дека ужасно зло било направено за татковината од двајцата убиени се мисли на Ал. Василев и Г. Атанасов, притоа декларирал „Доле предавниците и нивните луѓе, но жив е македонскиот Бог“. На крај му посакал добредојде и напоменал дека младите од П. Ацев ќе чекале совети и охрабрување.[116] Слично писмо поврзано со П. Ацев испратил и П. Шанданов до Чаков. Во писмото меѓу другото стои: „Најмногу не интересира состојбата на нашиот идеен учител Петар Ацев, кого случајноста не го поштедила. Ве молам да му ја пренесете нашата горчива мака за несреќниот случај со него. Ве молам, земете на наша сметка лекари, за да го излекувате час поскоро во овие за народот возвишени моменти, во кои, тој со својот авторитет, може да игра најблагодарна ролја“.[117]

И од овие писма се гледа дека ударот не бил насочен кон П. Ацев, туку кон А. Јовков и Г. Занков. Откако ВМРО расчистила со А. Јовков и Г. Занков кој живеел одреден период во илегала во Софија, лесно воспоставила контрола врз Илинденската организација.

1.2.2.2. Пресметка со левицата во македонската емиграција

Убиствата ја зафатиле и Софија. На удар била македонската легална емиграција. Славчо Ковачев и Димо Хаџи Димов биле убиени затоа што „во оние денови на возбуда беа сметани за идејни соучесници во заговорот“, откако биле откриени нивните врски со П. Чаулев и Д. Влахов.[118]

Прв бил убиен С. Ковачев. Вечерта на 12 септември 1924 година, припадникот на штипската чета и терористот на ВМРО Мирчо Кикиритков, бил одведен во куќа на некој богат Македонец во Софија, каде што во тој момент бил И. Михајлов. И. Михајлов ги пречекал возбудено, притоа повторувајќи си: „Не плашете се! Македонија е слободна“.[119] Во куќата биле присутни и други терористи кои добивале наредби од И. Михајлов. Утрото (13 септември) околу 8 часот, дошол редот и на М. Кикиритков. Му пришол И. Михајлов со зборовите: „Ќе го смааш ли (по штипски) Славчо Ковачев?“ Всушност, сите тројца, С. Ковачев, И. Михајлов и М. Кикиритков, потекнувале

[116] Ibidem, 377.
[117] Ibid., 378.
[118] К. Пърличев, *36 години,* op. cit., 131.
[119] *Премрежијата*, op. cit.,271.

од Штип. Информацијата дека се работело за предавник, била доволно М. Кикиритков да се согласи. Во акцијата бил вклучен и Страхил Развигоров, кој требало на М. Кикиритков да му го покаже С. Ковачев. Заминале веднаш на улицата каде живеел С. Ковачев и чекале осум часа да се појави. Кога С. Ковачев бил посочен од С. Развигоров, М. Кикиритков не разбрал најдобро кое лице било метата, но го издало тоа што од домот на Ковачеви излегле децата на С. Ковачев кои почнале да го довикуваат. Тогаш веќе исчезнале сите недоумици кај М. Кикиритков, по што застанал зад неговиот грб и стрел во него. С. Ковачев паднал уште при првиот истрел, но М. Кикиритков се доближил до него и стрелал уште три пати. Набргу се собрале луѓе и М. Кикиритков почнал да бега, но бил пресретнат од началникот на Првиот полициски участок и морал да се предаде.[120]

За тоа каков авторитет претставувала ВМРО и решенијата кои ги донесувал врвот на организацијата, најдобро може да се види од следниот исказ на М. Кикиритков: „Јас не знаев во што се состоеше вината на од мене убиениот Ковачев. Наполно верував во справедливоста на решенијата издадени од Организацијата и сметав дека е мој долг беспоговорно да ги извршам. До моето затворање не знаев дека Тодор Александров бил убиен. Инаку, тогаш ќе ги убиев и неговите деца.“[121]

За убиството на С. Ковачев постоела и пресуда од ЦК на ВМРО, која носела датум 7 септември 1924 година и била потпишана од А. Протогеров. Но, ако се има во предвид тоа дека А. Протогеров не учествувал во никакви договори и решенија за акциите што требале да се преземат по убиството на Т. Александров, и дека сите одлуки биле криени од него, јасно е дека пресудата била издадена по убиството на С. Ковачев, со цел некако убиството да биде оправдано и да биде ставено во правни рамки согласно Уставот на ВМРО. Во пресудата стоело: „Централниот комитет на Внатрешната македонска револуционерна организација го задолжува Мирчо Кикиритков, верен член на Организацијата, да го казни со смрт Славчо Ковачев од гр. Штип, жител на Софија, осуден од специјален организационен суд за неговото учество во заговорот против ВМРО и за неговото интелектуално соучесништво во убиството на членот на Централниот комитет Тодор Александров. Мирчо

[120] Ibidem, 271/2.
[121] Ibid., 272/3.

Кикиритков треба веднаш да пристапи кон извршувањето на смртната пресуда над Славчо Ковачев, под страв на одговорност, во согласност со законите на Организацијата.“[122]

С. Ковачев бил заложник за обединување на македонската емиграција и ги прифатил постулатите на кои бил составен Мајскиот манифест. Тоа може да се види и од неговото последното писмо од 2 септември 1924 година, кое го испратил до Македонскиот национален комитет и до Редакцијата на весникот „Независима Македонија“. Од писмото може да си види дека кај С. Ковачев била присутна вербата во „духовното обединување“ на македонската емиграција, а дека нејзиното разидување можат „да го искористат само враговите на македонското дело“.[123]

Знаејќи кој стоел зад убиството на С. Ковачев, ниту еден адвокат не сакал да ја застапува неговата сопруга, затоа таа сама била принудена да се зафати со таа задача. [124] Таа иако не била правник по професија, имало одредени познавања бидејќи ја следела работата на нејзиниот сопруг, кој бил правник . И покрај големото влијание на ВМРО во бугарското општество, сопругата на С. Ковачев, во сите некролози пишувала дека убиството било организирано од „агентите на дворот (се мисли на дворот на Цар Борис III, б.м.)“.[125]

Според спомените на ќерката на С. Ковачев, Жени Ковачева, убиството најпрвин му се паднало на Владо Черноземски, но тој поради тоа што го познавал, не можел да го убие, па се нафатил со убиството на Димо Хаџи Димов.[126] Поради опасноста пред која бил изложен Д. Хаџи Димов, неговите пријатели му сугерирале да ја напушти Бугарија и да отпатува за Советска Русија. Но, тој одбил затоа што во тој момент се водела борбата за обединувањето на македонската емиграција и доколку тогаш заминал тоа за него би било „овенување на се она кое е догма“ во неговиот живот.[127] Откако дознал за новите убиства кои го зафатиле македонското револуционерно движење и македонската емиграција, прокоментирал „пак ли започнаа

---

[122] Владислав Ковачев, *Политичкото верују на Македонците*, Предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2000, 26, белешка 57.
[123] Зоран Тодоровски, *Мементо, Македонски историски реминисценции*, Скопје, 2009, 61.
[124] ДАРМ, фонд Владислав (Славчо) Ковачев, кутија 1, *ПРЕПИС од спомените на проф. Жени Ковачева за татко и д-р Славчо Ковачев – револуционер, родољубец, публицист и општественик*, стр. 43.
[125] Ibidem, 44.
[126] Ibid., 43.
[127] Орде Ивановски, *Димо Хаџи Димов*, Битола, 1989, 100.

гадови".[128] Кога дознал за убиството на С. Ковачев, Д. Хаџи Димов се упатил кон кафеаната Галеб, за да ги дознае деталите околу убиството. На улицата „Пиротска" би пречекан од В. Черноземски, кој убиството го извршил на ист начин, како и М. Кикиритков неколку часа порано. В. Черноземски пукал во Д. Хаџи Димов, по што тој паднал на земја, но за да се осигура се наведнал над трупот и пукал уште два пати.[129] БКП не можела да до организира погребот на Д. Хаџи Димов, затоа што полицијата дозволила на погребот да присуствуваат само негови блиски и тоа претежно жени.[130]

На 17 септември 1924 година, весникот „Дневник" го поврзал Д. Хаџи Димов со убиството на Т. Александров и го обвинил дека под диктат на Москва, како нејзин агент имал задача во пиринска Македонија да крене револуција и да создаде база за социјалистичка револуција на Балканот.[131] И во извештаите кои потекнуваат од БКП, може да се најдат податоци дека Д. Хаџи Димов се залагал да биде убиен Т. Александров, затоа што во спротивност, тој ќе ги убиел до еден. Но, дека Д. Хаџи Димов не се сретнувал со Македонци и не зборувал за убиството.[132] Дека Д. Хаџи Димов не знаел за убиството на Т. Александров, а не да бил вмешан во негова организација, може да се види од неговата реакцијата кога П. Ацев му го информирал за убиството. Тој не поверувал во убиството и мислел дека се работело за замка од страна на Т. Александров.[133]

За да го одбранат веќе мртвиот Д. Хаџи Димов од клеветите, неговите соидејници објавиле некролози. Во нив се укажувало дека тој бил убиен како „учител водач на поробениот македонски народ" кој ја носел идејата за ослободување. Било посочено дека Д. Хаџи Димов се залагал за самостојност на револуционерното движење и оттргнување од сите соседни пропаганди. На крај, било истакнато дека: „Македонскиот народ многу добро знае кого го изгуби во лицето на Аџијата. Историјата ќе ги овековечи убијците како палачи

---

[128] Ibidem, 101.

[129] Виолета Ачкоска, Никола Жежов, *Предавствата и атентатите во македонската историја*, Скопје, 2004, 260/1.

[130] № 134 Писмо № 13 от ЦК на БКП до ЗП на ЦК на БКП с информация по убийството на Тодор Александров и Димо Хаджидимов. *БКП*, op. cit., *Том първи*, 340.

[131] О. Ивановски, *Димо Хаџи Димов*, op. cit., 102.

[132] № 106, ИЗВЕШТАЈНА БЕЛЕШКА НА СЕКРЕТАРОТ НА ЦК НА БКП (т.с.) ЗЛАТКО (И. МАНЕВ) „ГОРНОЏУМАЈСКИТЕ НАСТАНИ И БКП".[Септември-октомври] 1924г. *Македонското прашање во документите на Коминтерната, том I, книга 2*, op. cit., 879.

[133] № 134 Писмо № 13 от ЦК на БКП до ЗП на ЦК на БКП с информация по убийството на Тодор Александров и Димо Хаджидимов. *БКП*, op. cit., *Том първи*, 339.

на својот сопствен народ, како најопасни непријатели на македонската слобода, а на Димо ќе му подигне во своето срце неразрушен од времето и вечноста споменик како на најпредан и најголем свој син".[134]

За убиствата на С. Ковачев и Д. Хаџи Димов било дискутирано и во бугарскиот парламент. Во парламентот по повод убиството, протест изразиле пратениците на Комунистичката партија Хараламби Стојанов и Тодор Страшимиров. Министерот за внатрешни работи им одговорил дека „од страна на убиените на 12 септември о.г. во Горна Џумаја и во Софија и специјално од комунистичкиот народен пратеник Димо Хаџи Димов за 15 септември е подготвена револуција во Петричко со цел во Бугарија да се воспостави советска управа".[135]

По атентатот во црквата Света Недела, кој бил извршен на 16 април 1925 година, В. Черноземски и М. Кикиритков избегале од бугарскиот затвор. Бегството било организирано од страна на ВМРО.[136]

1.2.3. Битка за Петричкиот округ

Околностите наложиле првин да бидат убиени оние што биле сметани за „идејни убијци" на Т. Александров, додека физичките убијци сеуште биле во бегство. На 15 септември 1924 година А. Протогеров испратил писмо до војводата Г. В'ндев. Во писмото А. Протогеров му наредил на Г. В'ндев да издаде „наредба во Струмичкиот револуционерен округ да се фатат, а доколку не било возможно да бидат фатени да бидат застрелани убијците Штерју Влахов и Динчо Вретенаров."[137] Истиот ден А. Протогеров упатил писмо и до Захо. А. Протогеров му вели да "преземе мерки да бидат фатени или да или да

[134] О. Ивановски, Димо Хаџи Димов, op. cit., 102-104.
[135] Орде Ивановски, Зоран Тодоровски, *Македонското прашање во бугарскиот парламент 1918-1941*, Скопје, 2008, 158.
[136] Премрежињата, op. cit., 272.
[137] ПРОТОГЕРОВ е източника на първите директиви към новите ръководители в Пиринска Македония. Той е инициатора на действията по залавяане на убийците. К. Пърличев, *Убийството,* op. cit., 97.

се застрелаат убијците Штерју Влахов и Динчо Вретенаров, кои сигурно ќе одат во Петрич кај нивните семејства".[138]

Ш. Влахов и Д. Вретенаров не заминале во странство, уште се криеле во Пиринска Македонија. Неколку дена по акцијата во Г. Џумаја тие се наоѓале во селото Препечено. Таму се сместиле во чифликот на Гоце Манолев, деец на ВМРО и член на Серскиот окружен комитет. Г. Монолев не бил на чифликот, со Ш. Влахов и Д. Вретенаров бил и Чане Гандачки, кој бил задолжен и за нивна логистичка поткрепа, меѓу другото разнесувал и нивни писма. На чифликот наишол и Иван Динев. Според него, Ш. Влахов изјавил дека првичниот план бил да биде убиен и А. Протогеров, но дека А. Василев го изменил планот. Откако И. Динев ги префрлил во друга куќа, уверувајќи ги дека најдобро ќе се одбранеле доколку бидат нападнати, ако не се во иста куќа, успеал да се оддели од нив, по што отишол да ги предаде.[139]

Од железничката станица во Петрич во потера по убијците на Т. Александров тргнале околу 20-25 четници и 20-25 војници. Четниците биле предводени од војводата Милан Постоларски. Помеѓу четниците предводени од М. Постоларски се нашле и четата на Ш. Влахов. Откако се предале на воените власти, уште истиот ден од нив биле предадени во рацете на ВМРО. Биле испрашувани и пуштени на слобода. По нив дошол М. Шкартов, кој им понудил да влезат во неговата чета, но го одбиле. Со истата понуда дошол и М. Постолорски, но неговата понуда ја прифатиле. Под негово водство биле одведени во Петрич, а од таму тргнале за селото Препечино.[140]

По пристигнувањето во Препечино го опколиле целото село, за никој да не можел да излезе од него. Сопственикот на куќата каде се криеле Ш. Влахов и Д. Вретенаров бил член на ВМРО. Откако М. Постоларски од него дознал дека во неговата куќа се криеле Ш. Влахов и Д. Вретенаров, му наредил да отиде да го извади своето семејство од куќата. Тој не знаел дека Ш. Влахов и Д. Вретенаров го убиле Т. Александров. Тогаш прв пат дознале и четниците на Ш. Влахов по каква задача биле доведени во селото. Ш. Влахов и Д. Вретенаров не сакале да се предадат и почнале да пукаат кон четниците и војниците. Веднаш и тие почнале да стрелаат, но бидејќи не можеле така да ги убијат, решиле да ја

---

[138] Ibidem, 98.
[139] Изложение от ИВАН ДИНЕВ-КАПИТАНА, родом от с. Чеган, Воденско. Ibidem, 195-197.
[140] *Премрежињата*, op. cit., 241-246.

запалат куќата. Немајќи друг излез освен да се предадат, Ш. Влахов и Д. Вретенаров, прегрнати се самоубиле. Ш. Влахов се самоубил стрелајќи си во главата, а Д. Вретенаров се разнел со бомба. Нивните тела не биле погребани, туку биле фрлени во реката Струма.[141] Ш. Влахов и Д. Вретенаров не успеале живи да побегнат за Грција, но нивните тела биле фрлени во реката Струма да ги однесе во соседната држава. Последната битка на убијците на лидерот на ВМРО, била против четниците на организацијата на која и самите припаѓале, но против нив се нашле дури и четниците од нивната чета.

На 18 септември 1924 година, И. Михајлов му пратил писмо на А. Узунов, со кое го информира дека убијците на Т. Александров биле убиени во Мелничко и дека состојбата ја држат „цврсто во своите раце".[142]

По акцијата во Г. Џумаја, помеѓу водечките луѓе, кои тогаш ја преземале одговорноста за ВМРО, повторно се дискутирало кои уште требало да бидат казнети за убиството на Т. Александров. Г. Баждаров, А. Протогеров, И. Михајлов, Ј. Ѓурков и К. Дрангов, сметале дека едни од главните виновници за убиството на Т. Александров биле и „санданистите во Петричко", па затоа инсистирале по секоја цена да се ликвидирал тој „џган".[143] На ова нивно барање, П. Шанданов остро се спротиставил. Продолжиле да го убедуваат да се сложи, но тој категорично одбил. Г. Баждаров изјавил дека И. Михајлов се изразил погрешно кога изјавил дека требало „да се ликвидира овој џган – санданистите", а дека дилемата била дали требало да биде убиен некој од санданистите доколку земал учество во заговорот против Т. Александров. Во тој случај, доколку некои од нив учествувале во заговорот, П. Шанданов се согласил тие да бидат и убиени.[144]

Прв во пресметките настрадал Чудомир Кантарџиев, кој бил убен на 17 септември 1924 година во Пловдив, каде што пробал да се сокрие. За Ч. Кантарџиев било дискутирано и на VI конгрес на ВМРО. Тогаш Васил Ихчиев тврдел, дека Ч. Кантарџиев се подготвувал да отиде на мисија во Виена, со цел

---

[141] Ibidem, 246-247.
[142] ДАРМ, Фонд Узунови, кутија 1, *Повеќе различни пораки упатени до Ангеле (Узунов)*, стр, 468.
[143] П. Шанданов, op. cit., 157.
[144] Тоа што и А. Протогеров се заложил да бидат убиени и Н. Елшански, Ч. Кантарџиев, А. Бујнов и др., според историчарот Костадин Палешутски, било затоа што посочените лица знаеле за неговото делување против Т. Александров. (Костадин Палешутски, *Македонското освободително движение 1924-1934*, София, 1998, 11.)

да дојде до помирување помеѓу федералистите и автономистите.[145] За неговото убиство се изјаснило и уредништвото на весникот „Балканска федерација“. Во воведната статија тие напишале: „Кој можеше да допушти, дека предадениот на македонското дело Чудомир Кантарџиев, кој се откажа од својата блескава иднина, која што неговите способности и ум му ја предвидуваа, за да се одаде на служба на својот поробен брат (Ч. Кантарџиев по потекло не беше Македонец, тој беше роден во Сливен), на кој тој со години му служеше верно и чесно и кој по балканските војни не учествувал активно во макед. револуц. движење, кој можеше да допушти, дека Чудото ќе биде убиен од некаков несреќник Македонец, кој со убиството мислел дека му служи на македонското дело?“[146]

Клучните пресметки со противниците се случиле во пиринскиот дел на Македонија. Авторитетот кој го имале А. Василев и Г. Атанасов, особено првиот, исто така и нивниот голем број на соработници, придонеле во првите денови по акцијата во Г. Џумаја, расположението во овој дел на Македонија да биде против нивните убијци. [147] Но, многу бргу нивни приврзаници му искажале верност на А. Протогеров. Х. Медникаров во писмо до А. Протогеров изјавил дека тие не „служеле на лица, туку на идеја“, а на помирувачки позиции во своите писма биле и П. Говедаров, Г. Манолев и Зисо Попов.[148]

Уште на советувањето во Софија било одлучено да не се убива без докази. И А. Протогеров му кажал на И. Михајлов „на никој начин да не се посега врз лица, додека не се установи нивната вина“. [149] Но, праксата била сосема поинаква.

Најсериозна опасност по групата која решила да воспостави контрола во ВМРО и ја извела Горноџумајската акција, во тој момент било однесувањето на Г. Пенков. Затоа што и тој се зафатил со иста цел. Неговите аспирации да завладее со најзначајниот дел од ВМРО, односно со организацијата во Македонија под бугарска власт, целосно биле спротивни со плановите на

---

[145] 15 Протокол № 3, К. Пърличев, VI конгрес, op. cit., 121.
[146] № 164 Уводна статия на в. „Балканска федерация“ „Жертвите на българската реакция“. *БКП*, op. cit., *Том първи*, 400.
[147] Димитър Тюлеков, Обречено родолюбие. ВМРО в Пиринско, 1919-1934, Благоевград, 2001. http://www.mni.bg/.
[148] Ibidem, http://www.mni.bg/.
[149] Ibid., http://www.mni.bg/.

другата група. Тој што немал контрола врз организацијата во пиринскиот дел на Македонија не можел да има контрола и над ВМРО. Па јасно било дека не можеле и двете групи да бидат на победничката страна. Г. Пенков својот план го изложил пред браќата Елшански. Според него, требало да се соберат четите, на чело со нив, плус П. Говедаров и А. Бујанов, а намерата била да ја опколат, а доколку можат и заземат Г. Џумаја, а ако успеат да воспостават контрола на теренот очекувал помош од Советска Русија. Едниот од браќата Елшански му одговорил дека тоа било „бошлаф работа“[150] И секако дека бил во право. Навистина, „освојување“ на градови во Бугарија не била непозната работа за ВМРО, П. Михајлов извел успешна акција кога навлегол во Ќустендил (ВМРО воспоставила своја контрола и врз Неврокоп), но тогаш целата организација стоела зад него, а и останатите околности биле сосема поинакви.

Но, сепак, Г. Пенков се обидел да завладее со ВМРО во Македонија под бугарска власт. За таа цел на 14 септември 1924 година издал писмена наредба до членовите на ВМРО. Во наредбата Г. Пенков истакнал дека членовите на ВМРО не смееле да ги исполнуваат заповедите на А. Манасиев, затоа што тој бил убиецот на А. Василев и Г. Атанасов. Наведувајќи ја причината, Г. Пенков јасно ставил до знаење дека за него А. Василев и Г. Атанасов биле на исправната страна, а нивните убијци и тие кои стоеле зад нив на погрешната. Понатаму, во наредбата стои дека тој привремено ќе управувал со Петричкиот округ, а членовите морале да ги исполнуваат само неговите заповеди, во спротивно ќе одговарале со главите.[151]

Но, уште на 13 септември, односно веднаш по убиството на А. Василев и Г. Атанасов, Г. Пенков испратил писмо до Ванче со кое го повикува да ја мобилизира четата и да дојде кај него.[152] Истиот ден, со писмо го повикал и Г. Ковачев да мобилизира луѓе и да влезат во Г. Џумаја. Г. Ковачев му одговорил наредниот ден дека наредил четите од Годлево и Бачево да дојдат на местото каде се наоѓал Г. Пенков. И А. Бујнов бил предупреден да тргне. Со бугарската војската требало да се држат „коректно, добро и заедно“.[153] Г. Ковачев истиот ден испратил писмо и до П. Говедаров, од кого барал, веднаш да испрати за

[150] К. Пърличев, *Убийството* op. cit., 57, белешка 43.
[151] К. Палешутски, op. cit., 11/2.
[152] Заговорът, op. cit., 53.
[153] Ibidem, 53.

Банско една група од 100 души со добри водачи, за да ја „сочувале околијата од непријателите".[154] На 16 септември Г. Ковачев повторно испратил писмо до Г. Пенков. Писмото го започнал со констатацијата: „Значи борбата почна". Патиштата биле обезбедени. А за тоа каков требало да биде односот со власта, ставот на Г. Ковачев бил: „политика за сега".[155] Од овие инструкции што ги давал Г. Ковачев за тоа каков требало да биде односот кон војската и кон власта, се гледа дека нивната намера била да се избегне судир со нив, а да се борат само со противниците во ВМРО. Се уште не биле свесни дека другата страна ја имала поддршката и од војската.

Г. Пенков, А. Бујнов, Х. Медникаров биле членови на Окружниот комитет на Петричкиот революционерен округ, па поради тоа речиси целата милиција на ВМРО била на нивна страна по упатениот повик.[156] Целта била да се крене и населението. Г. Пенков во Предел, а Г. Ковачев во Банско.[157] За нивната амбициозност се гледа и од писмото на Черкезов. Тој му пишал на П. Говедаров да му испрати 100 здрави пушки и дека сакал да вооружи 210 души.[158]

Во нивно гонење, активна улога имала и војската. Генералот Асен Чолаков, кој командувал со војската во целиот округ, издал наредба да бидат фатени Г. Пенков, А. Бујнов и Г. Ковачев. Капетанот Абациев и потполковникот Жеков учествувале во апсењето на Г. Ковачев и А. Бујнов. Војската била помагана и од милицијата предводена од Иван Вапцаров.[159] Всушност, А. Бујнов и Г. Ковачев тајно стасале до Банско и побарале помош од И. Вапцаров. По наредба од Софија тој делувал брзо и А. Бујнов и Г. Ковачев уште истата вечер биле разоружани. Во телефонски разговор П. Шанданов му кажал на И. Михајлов, двајцата да бидат зачувани живи и да се испрашаат. Но, кога луѓето на И. Михајлов отишле да ги земат А. Бујнов и Г. Ковачев тие веќе биле убиени.[160] Убиството се случило на 27 септември 1924 година. А. Протогеров изразил незадоволство зошто не биле испратени за Г. Цумаја, туку биле веднаш

---

[154] Ibid., 53/4.
[155] Ib,, 54.
[156] П. Шанданов, op. cit., 159.
[157] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/.
[158] *Заговорът*, op. cit., 54.
[159] Д. Тюлеков, op. cit., http://www.mni.bg/.
[160] П. Шанданов, op. cit., 159/160.

убиени. И. Вапцаров му одговорил дека дошле „побујни луѓе од Неврокоп и завршивме со нив“.[161]

И за убиството на А. Бујнов пишувал весникот „Балканска федерација“: „Кој можеше да допушти, дека Ал. Бујнов, кој ја напуштил својата кариера како артист, по потекло исто така не беше Македонец, за да се впушти во виорот на македонската револуција и заедно со Сандански, Кантарџиев, Таската Серски и Паница, беззаветно служи на каузата на мак. Народ, кој што и низ последните години беше еден од раководителите на мак. рев. орг. во Банско, дека ќе биде убиен од раката на друг еден несреќник, повторно Македонец, кој најверно мислел, дека со неговото убивање ќе ја ослободи Македонија?“[162]

Додека Г. Пенков сеуште се обидувал да постигне некаков успех, во пиринскиот дел на Македонија под контрола и водство на И. Михајлов била водена акција за откривање на сите вмешани во убиството на Т. Александров. Острицата била насочена кон блиски луѓе на А. Василев, станувало збор за левичари или комунисти во македонското револуционерно движење. За разлика од А. Бујнов и Г. Ковачев кои биле убиени без да бидат сослушани, некои други, како М. Алексиев, Г. Манолев, Стојо Хаџиев биле сослушувани од ВМРО. Сослушувањата биле водени под тортура и заплашувања. Но, ако обидот за разоткривање на заговорот одел тешко и не дал некои големи резултати, сослушувањата и воопшто целата истрага постигнала резултати при откривање на финансиски малверзации, односно злоупотреба на организациските пари. Со прибирање на податоци за злоупотреба на организациските средства се нафатил и Т. Александров, подготвувајќи се за судскиот процес против А. Василев и Г. Атанасов. Но, сега освен за водачите на ВМРО во Македонија под бугарска власт, било откриено дека малверзациите оделе и надолу, по целата вертикала.

Дека полесно одело откривањето на финасиските малверзации, за разлика од заговорот кој морал да биде докажен, се гледа и од писмото на И. Михајлов до А. Протогеров од 30 септември 1924 година. Во писмото И. Михајлов пишува дека „Миле (псевдоним на Т. Александров, б.м.) загина во

[161] Д. Тюлеков, op. cit., http://www.mni.bg/.
[162] № 164 Уводна статия на в. „Балканска федерация“ „Жертвите на българската реакция“. *БКП*, op. cit., *Том първи*, 400.

круг на исти подли арамии, кои потонале во блато од кражби и др. престапи".[163] Од целата акција, според И. Михајлов се извлекло поука, за тоа што биле вмешани и луѓе во чија лојалност не се сомневале до последниот момент. А народот ќе видел дека ВМРО била решителна да ја изнесе вистината и да се запази моралот на делото.[164] И покрај инсистирањето на И. Михајлов, особено во подоцнежен период, дека А. Протогеров бил вмешан во убиството и дека тој уште тогаш знаел за тоа, во неговите писма од овој период тоа не може да се забележи. Писмото го завршува со: „Многу срдечни поздрави до сите и специјално до тебе од твојот Брезов (псевдоним на И. Михајлов, б.м.)".[165]

Во злоупотреба на организациските пари биле фатени П. Говедаров, Г. Манолев, Х. Медникаров, В. П. Стојанов.[166] За својата верзија околу убиството на Т. Александров, ВМРО најмногу податоци добила или изнудила од М. Алексиев. Сите овие, после сослушувањата биле убиени. На кој начин биле водени сослушувањата и со каква цел се гледа и од писмото на И. Михајлов до Г. Баждаров и К. Прличев од 24 септември 1924 година. Во однос на М. Алексиев, И. Михајлов во писмото навел: „Уште веднаш пратив луѓе, да завршат со распитот и со самиот него."[167] П. Шанданов пишува дека „Иван Михајлов ги распрашувал според методите на инквизицијата и веднаш ги ликвидирал".[168] П. Шанданов се обидува целата вина да ја префрли на И. Михајлов, а самиот себе да се амнестира од сите овие убиства. Особено по судирот со И. Михајлов, многу негови дотогашни соработници се обидуваат да се оградат од него, а за сите негативности нему да му ја префрлат вината. Писмото од 28 септември 1924 година од П. Шанданов до И. Михајлов ни дава пореална претстава за начинот на кој во тој момент се носеле одлуките и за подршката на таквиот начин на делување. Треба да се има во предвид дека П. Шанданов и И. Михајлов се во постојана комуникација. Во писмото П. Шанданов јасно му сугерира на И. Михајлов: „Мислењето (...) на сите нас е да се ликвидира што поскоро. Нема потреба од многу аргументирани пресуди. Значи

---

[163] ДАРМ, фонд Александар Протуѓеров, кутија 3, *Писмо од Брезов (И. Михајлов) до Ангеле (А. Протуѓеров) за решителноста на ВМРО да ја изнесе вистината, за да се заштити моралот на нивното дело*), стр. 301.
[164] Ibidem, 301/2.
[165] Ibid, 302
[166] *Заговорът*, op. cit., 1924, 23/5; К. Пърличев, *Убийството*, op. cit., 172-191.
[167] Две писма на Иван МИХАЙЛОВ, които поради естеството на информацията която содржат са били определени за уништожение. К. Пърличев, *Убийството*, op. cit., 107.
[168] П. Шанданов, op. cit., 159.

– коли!“[169] Нема сомневања дека целиот врв на организацијата, ако не детално, тогаш барем начелно е информиран за акцијата која се водела во Пиринска Македонија, како што може и да се види и од претходното писмо на И. Михајлов до Г. Баждаров и К. Прличев во кое ги информира за убиството на М. Алексиев. А дека било постапувано по паролата „значи – коли“, се гледа и од едно друго писмо на И. Михајлов до П. Шанданов од 30 септември 1924 година. И. Михајлов го информирал П. Шанданов, дека таа ноќ Г. В'ндев имал наредба да го „заколе М. Алексиев“. [170] А утревечер требало да „заврши со престапниците“ Г. Манолев, С. Хаџиев, П. Говедаров и Х. Медникаров. Додека С. Филипов веројатно веќе ги убил Д. Пенков и А. Бујнов.[171]

Убиствата согласно наредбите биле извршени. Освен нив биле убиени и куририте кои биле присутни на убиството на Т. Александров Д. Балкански и Д. Сугарски. Во осветничката акција биле убиени и В. Стојанов и Ангел Поп Василев. А. Поп Василев бил убиен од П. Шанданов. Во посоченото писмо до И. Михајлов од 28 септември 1924 година, под точка 7 пишува: „Ова вечер или утре најкасно ќе го ликвидирам“.[172]

Но, Г. Пенков сеуште претставувал најголем проблем за И. Михајлов. За негова фаќање И. Михајлов изработил посебен план, кој на 2 октомври 1924 бил пратен до А. Манасиев.[173] Планот предвидувал формирање на летечки одреди кои требало да делуваат на одредена територија. За предводник на петричкиот одред бил назначен Г. В'ндев, Д. Илиев на мелничкиот, за неврокопско – разлошкиот одред бил задолжен С. Филипов, а на чело на горноџумајскиот одред бил поставен Г. Хаџиевтимов. За одредите била обезбедена облека, оружје, парични награди, инструкции за начинот на гонењето. Било посочено и дека требало да разгласат помеѓу народот дека сите јатаци ќе настрадале.

Но, за последната опомена веќе и немало голема потреба. Г. Пенков не ја добил саканата поддршка од населението, а го напуштила и организациската милиција. Уште на 22 септември, Г. Пенков вака ја опишал својата положба:

---

[169] Иванъ Михайловъ, *Спомени IV*, Освободителна борба 1924-1934 г. (продължение), 1973, 272/3.
[170] За наредбата знаел и К. Прличев.
[171] Две писма на Иван МИХАЙЛОВ, които поради естеството на информацията която содржат са били определени за уничтожение. К. Пърличев, *Убийството*, op. cit., 107.
[172] И. Михайловъ, *Спомени IV*, op. cit., 273.
[173] Д. Тюлеков, op. cit., http://www.mni.bg/.

„Никој не остана со мене. Цели маси народ се подигнале против мене и ме гонат како некое куче.“[174] Дека положбата на Г. Пенков била навистина лоша и дека против него се кренало и локалното население, дава потврда и комунистот К. Јанков, кој ги изложува и причините за таков однос од месното население. Според К. Јанков „4 села се дигнале за да го фатат“ Г. Пенков, кој „успеал да ги зароби економски тие четири села, им ги грабнал шумите и др.“[175]

Г. Пенков со браќата Елшански и Т. Рушкин, на крај се предале на бугарската војска, при што ја замолиле да не ги предаваат во рацете на ВМРО.[176] Но, полковникот Жечев го направил токму спротивното. По што, И. Михајлов ги одвел во село Грамда близу Г. Џумаја. Г. Пенков бил испрашуван два дена но од него не добиле никакви информации. При испрашувањето Г. Пенков не бил мачен. Подоцна сослушувањето го водел П. Шанданов. Г. Пенков бил соочен со исказот на неговиот близок пријател М. Алексиев, со кој бил поврзан со заговорот за убиството на Т. Александров. Ги одбил сите обвинувања, чудејќи се како М. Алексиев можел да даде такви сведоштва. Соочување меѓу нив двајца не било возможно затоа што М. Алексиев веќе бил убиен. Г. Пенков претчуствувал дека тешко ќе се спаси од положбата во која се нашол. При испитувањето дал завет дека А. Протогеров не требало никако да остане и во иднина во врвот на ВМРО.[177]

Истата вечер биле убиени браќата Елшански и Т. Рушкин, а Г. Пенков бил однесен во Софија. И. Михајлов извадил редовен пасош за Г. Пенков и му кажал дека можел да се спаси, само доколку своерачно ги препишал сведочењата кои претходно ги припремил И. Михајлов. За да се спаси, Г. Пенков ги препишал сведочењата и се потпишал. Но, сепак, на крај бил убиен. По четири години, кога И. Михајлов го наредил и убиството на А. Протогеров, токму овие сведоштва биле едни од главните докази, кои ги користел И. Михајлов во оправдување на тоа убиство. Затоа што во сведоштвата А. Протогеров бил обвинет дек е вмешан во убиството на Т. Александров.[178]

---

[174] Заговорът, op. cit., 54.
[175] № 108 ПИСМО НА К. ЈАНКОВ АНАСТАСОВ ДО БОЈАН (И. ГЕНЧЕВ). 22 октомври 1924 г. *Македонското прашање во документите на Коминтерната, том I, книга 2,* op. cit., 903.
[176] П. Шанданов, op. cit., 160.
[177] Ibidem, 161/2.
[178] Ibid., 163/4.

Со убиството на Г. Пенков, но и со останатите убиство веќе не постоела голема опасност приврзаниците на А. Василев да завладеат со организацијата. Веќе немало посериозна група која би претставувала проблем за истакнатите дејци и војводи на ВМРО кои по убиството на Т. Александров се нафатиле со „спасување на организацијата“ и ја организирале акцијата во Г. Џумаја.

1.3. Контроверзи и оценки за настаните од септември/октомври 1924 г.

Околу акцијата водена под паролата „спас на ВМРО“ има доста контроверзи, кои што фрлиле дамка на самите настани. Некои од тие контроверзи уште тогаш предизвикале полемика, а таа полемика трае и до денес. Ако сака да се добие вистински одговор околу тогашните потези кои што ги преземала организацијата или еден нејзин дел, најпрвин мора да се даде одговор на вмешувањето или вклучувањето на бугарската војска во убиствата што се случиле. Односот на Македонската револуционерна организација со Бугарија предизвикал разни полемики и судири за време на целата историја на организацијата, а тие судири ја надживеале и неа. Па така, ниту овој период од историјата на македонското движење не можел да помине без таквите контроверзи.

Само една година порано, во септември 1923 година, во Бугарија било кренато Комунистичкото востание во чие задушување, по неиспочитуваниот заеднички договор од страна на комунистите, земала учество и ВМРО предводена од Т. Александров. БКП била една од најорганизираните комунистички партии надвор од Советскиот Сојуз, а особено по исчезнување на секаква можност за револуција во Западна Европа, Бугарија била една од главните точки каде што, според Советскиот сојуз и Коминтерната, можела да се изведе комунистичка револуција и таа да се рашири и во други држави. И положбата во Бугарија, како поразена земја, со нестабилен политички и економски систем, ја правела погодна за една таква револуција.

На друга страна од комунистичката партија се наоѓала Военио сојуз, на чие чело во овој период се наоѓал министерот за војна Иван В'лков. Исто така, и Третата разузнавачка секција, која била директно потчинета на Министерството за војна. И двете организации настанале по Првата светска војна, а целта им била да не дозволат целосно пропаѓање на Бугарија, односно губење на воената моќ, па затоа се нафатиле со изигрување на одлуките на Нејскиот мировен договор. И двете организации учсетвувале во акциите за криењето на оружјето кое требало да биде предадено на Меѓусојузничката военo-контролна комисија. Третата разузнавачка секција, всушност била контраразузнавачка служба, а нејзин предмет на обработка била токму МВКК. Во акциите на криењето на оружјето кое и припаѓало на бугарската војска, учество земала и ВМРО, која и добила одреден дел од оружјето. Мора да се спомене и соработката на Военио сојуз и ВМРО при превратот од 9 јуни 1923 година, кога била соборена владата на Александар Стамболиски. Во акциите што биле преземени, за време на целата историја на заедничко дејствување помеѓу ВМРО и Военио сојуз, за валканите работи биле задолжени егзекуторите на ВМРО.[179]

Постепено, двете организации (Военио сојуз и Третата секција) се повеќе фокус ставале на комунистичкото движење во Бугарија, затоа што во него препознале опасност за Бугарија. И Военио сојуз и Третата разузнавачка секција во овој период биле изразито монархистички настроени. Но, тоа не била единствената причина зошто комунистите полека станувале нивен главен противник. Во комунистичката револуција тие гледале дополнително дестабилизирање и слабеење на Бугарија, потоа и веројатна странска интервенција, во која би учествувало и Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, а како резултат на сето тоа, би дошло до поголема странска контрола врз Бугарија, но можеби и до нејзин распад. Тоа се главните мотиви според кои се воделе припадниците на двете организации. Во касарните била спречувана секаква комунистичка пропаганда, а во Военото училиште јункерите биле исфрлани, ако прејавеле и најмал отклон кон лево.[180] Својата кулминација во антикомунистичкото делување, Военио сојуз и Третата

[179] Георги Марков, *Парола „Сабя", Заговорите и превратите на Военния съюз 1919-1936*, София, 1992, 56.
[180] Ibidem, 52.

разузнавачка секција ја достигнале кога на чело на првата застанал И. В'лков, а на чело на втората Димитар Порков, кој бил нејзин началник од 1923 до 1928 година. Откако на чело на Министерството за војна застанал И. В'лков, пред Третата разузнавачка секција била поставена задачата, да врши разузнувачка дејност и против „домашните непријатели", а под нив се мислело на комунисти и земјоделци.[181] Нивниот став кон комунистите, најдобро може да се види од сведочењето на Д. Порков, кој вели: „Во омразата кон комунистичката партија бев воспитан од военото училиште, а и како офицер потоа, наредбите и заповедите на повисоките началства беа во тој дух, ги сметавме комунистите за најопасни непријатели на државата. (...) По Септемвриското комунистичко востание (во 1923, м.б.) и атентатот (1925, м.б.) [во црквата „Света Недела"] таа омраза се засили уште повеќе, а како резултат на тоа сум земал учество во апсења и убиства на комунисти и припадниците на единствениот фронт".[182]

Убиствата што се следеле како одмазда за убиството на Т. Александров, не можат да се изолираат од сите процеси кои во тој период ја зафатиле Бугарија и Европа и во кои на свој начин пробала да се вклучи и ВМРО, па да се гледаат само како внатрешен судир во македонската емиграција и во ВМРО. Мајскиот манифест, односно зближувањето на ВМРО со комунистите, секако дека ја возбудиле бугарската власт, особено воените кругови. Манифестот и сите перипетија што се случиле по неговото потпишување, се случуваат во период кога е голема и реална можноста, барем според комунистите, за ново комунистичко востание. Иако тие подоцно се откажале од намерата да кренат востание.

Во разузнавачките резимеа кои биле подготвувани од советските служби, јасно стои дека: „Внатрешната криза во Бугарија се продлабочува, прашањето за востание (ако не организирано, тогаш стихијно) е на дневен ред."[183] Соочувајќи се со опасност од комунистичко востание, Бугарија побарала поддршка од државите победнички во Првата светска војна. Секако дека опасноста од комунистичко востание во Европа и евентуален успех, не бил посакуван за тие држави, па Бугарија успеала да добие поддршка. На

---

[181] Христо Петров, Христо Христов, *„Белият терор" от 1923-1925 г., Три епохи на държавна репресия*, София, 2016, 51.
[182] Ibidem, 52.
[183] № 80 [ОПЕРАТИВНО РЕЗИМЕ] „СОСТОЈБАТА ВО БУГАРИЈА кон 1 септември 1924г.". 9 септември 1924 г. *Македонското прашање во документите на Коминтерната, том I, книга 1*, op. cit., 725.

ополномоштениот претставник на Бугарија во Лонднон, на 1 август 1924 година, му била ветена „безрезервна помош“, која ќе се состоела од флота и војска.[184] На Бугарија и било ветено, доколку биде кренато востанието, дека ќе можела да ја „мобилизира целата своја војска“. Истата поддршка ја добиле во Париз и Белград. Значајно е што во разговорот помеѓу ополномоштениот претставник на Бугарија во Белград и тамошните официјални власти, не се зборувало само за комунистичка закана, туку и за со нив соединетата македонската, албанската и хрватската.

Понатаму во писмото со разузнавачка содржина, кое било подготвено од Коста Јанков биле наведени мерките кои ги преземала бугарската влада. Мерките предвидувале затворање на сите земјоделски и комунистички весници, независно од која фракција биле, потоа да се отпуштат сите чиновници кои биле комунисти или нивни симпатизери, масовни апсења на земјоделци, комунисти и припадници на единствениот фронт и други слични мерки. Но, за нас најзначајна е одлуката, според која на министерот Русев му се дало „право да апси и други лица (не комунисти и земјоделци), кои можеле да бидат корисни за комунистите (на пр. Македонци)“.[185] Од ова јасно се гледа дека бугарските власти почнале да ги изедначуваат Македонците со комунистите. Односно, дека еден дел од Македонците за Бугарија претставуваат ист проблем како и комунистите. Под Македонци „корисни за комунистите“ се мислело на оние Македонци кои застанале на позициите на Мајскиот манифест и Единствениот фронт. Сето ова говори и за незавидната положба во која се нашол Т. Александров по објавувањето на Манифестот и по демантирањето од ВМРО дека го потпишале.

Т. Александров во тој период како најголем проблем за ВМРО ги гледал федералистите, заедно со до нив блиските ренегати кои им служеле на Кралството на СХС. Но, интересен е податокот до кој дошле комунистите, дека „ВМРО испратила четири главорези во Виена за да ги убијат Чаулев, Влахов и Харлаков“.[186] Во погоре веќе споменатото оперативно резиме, стои дека: „Во

---

[184] № 110 Писмо от К. Янков (Анастасов) до Президиума на ИККИ с разузнавателни сведения за политиката на българското правителство. *Коминтернът и България (Март 1919 – септември 1944 г.), Том I Документи*, София, 2005, 275.
[185] Ibidem, 276.
[186] № 124 Писма № 1 и 2 от ЦК на БКП до ЗП с предупреждение за готвени од ВМРО убийства на негови противници във Виена. “. *БКП*, op. cit., *Том първи*, 328.

[Брацигово] Т. Александров го испратил угледниот член на ВМРО Петар Лесев со 11 луѓе за борба со комунистичките чети. Во Кержели од ВМРО биле оставени 13 четници (...) На чело на групата е Ѕафо Ѕафаров. Постојат податоци дека македонски четници за борба против комунистичките чети има и во Пловдив, на располагање на околискиот началник, и дека има обиди на владата преку Мито [Syзданов] да испрати неколку луѓе во ВМРО на располагање на околискиот началник во Плевно."[187] Понатаму во резимето, во делот каде што се посочени неопходните мерки кои што требало да се преземат, стои дека од ВМРО требало да се отстрани Т. Александров, со што силно би се дезорганизирале приврзаниците на А. Цанков во ВМРО и би се зајакнале приврзаниците на комунистичкото движење.[188] И според Д. Влахов, веднаш по објавувањето на Манифестот, започнале подготовки за удар врз левицата и затоа во целиот Петрички округ и особено во Г. Џумаја било извршено засилување на гарнизоните.[189] Од ова произлегува дека судирот помеѓу двете страни тешко можел да се избегне и додека Т. Александров бил жив.

Улогата на бугарската војска во настаните во есента 1924 година, не може целосно да биде расветлена без расветлувањето на улогата на И. Михајлов и неговото учество, дури и играње на една од главните улоги во овие настани. И. Михајлов бил близок со генералот И. В'лков. Тој ја одржувал врската на ВМРО со Воениот сојуз. И. Михајлов, уште како војник бил во врска со военото разузнавање.[190] Според едно сведоштво, И. Михајлов ја фотографирал целата кореспонденција на Т. Александров и ја носел на воени лица.[191] И. Михајлов бил близок и со Третата разузнавачка секција. Често остварувал средби со Д. Порков, началникот на споменатата секција.[192]

Се наметнува прашањето и како И. Михајлов се изборил веднаш по убиството на Т. Александров, дури да биде дел од организирањето на акциите во септември 1924 година. И . Михајлов бил и пунктов началник на ВМРО во Софија, што му овозможувала да има врска со терористите на организацијата и

---

[187] № 80 [ОПЕРАТИВНО РЕЗИМЕ] „СОСТОЈБАТА ВО БУГАРИЈА кон 1 септември 1924г.". 9 септември 1924 г. *Македонското прашање во документите на Коминтерната, том I, книга 1*, op. cit., 723.
[188] Ibidem, 725.
[189] Иван Катарџиев, *Борба до победа Т. 2, Време на зреење*, Скопје, 1983, 305.
[190] К. Пърличев, *Убийството*, op. cit., 38.
[191] Спомени СТОЯН НЕГОВАНОВСКИ във връзка с убийството на Тодор Александров. Ibidem, 168.
[192] Х. Петров, Х. Христов, op. cit., 50.

да учествува во некои конспиративни акции. Во 1924 се случиле две убиства, кои влечат со себе доста контроверзи. Се работи за убиствата на Петко Петков и на таткото и синот Ешкенази. Убиствата силно одекнале во бугарското општество. Петко Петков бил политичар, а Ешкенази бил богат Евреин. Овие убиства биле и причина за заострување на односите помеѓу Т. Алекаснров и министерот И. Русев, кој ја обвинувал ВМРО за овие убиства. Т. Александров жестоко го нападнал И. Русев за обвинувањата, притоа истакнал дека фаќањето на убијците на Ешкенази било најпосакувано за ВМРО, затоа што така организацијата ќе се спасела 'од една тешка клевета раширена од буг[арскиот] министер на полицијата, со цел да ја прикрие својата неспособност", а во однос на убиството на П. Петков, дека ВМРО немала причини да го убие, затоа што тој за неа бил безвреден".[193] А. Василев, Г. Атанасов и А. Протогеров го известиле Т. Александров, дека убиството на Ешкенази било извршено по наредба на И. Михајлов. По дознавањето Т. Александров му напишал на К. Прличев дека „никогаш во животот не сум се чувствувал поизигран" и барал доколку информацијата не била вистината, да бил известен за да се смирел.[194] Но, сепак, на крај му поверувал на И. Михајлов и во писмо до А. Протогеров посочил: „Јас сум сега убеден 99% дека во овој случај вие сте во заблуда".[195]

Уште поконтроверзно е убиството на П. Петков. Г. Баждаров пишува дека убиството било наредено од страна на И. Михајлов, во отстуство на Т. Александров и без знаење на ЗП.[196] Неколку дена пред убиството, мајка му на П. Петков го прашала К. Прличев дали било вистина дека ВМРО сакала да го убие нејзиниот син. К. Прличев го контактирал и Т. Александров, од кого добил уверување дека ВМРО немала ништо против П. Петков.[197] Дека Т. Александров наводно знаел за убиството на П. Петков, И. Михајлов му кажал на П. Шанданов, дури откако Т. Александров бил убиен.[198] Тешко е да се тврди дека Т. Александров знаел за убиството и дека го одобрил. Но, клучно е дека во ова

---

[193] Ленина Жила, *Виенска „стапица", Историја на преговорите меѓу СССР и ВМРО на Тодор Александров*, Скопје, 2014, 224.
[194] № 89 Т. Александров до К. Пърличев, разочаран от убийството на Ешкенази, наредено от Иван Михайлов. К. Пърличев, *36 години*, op. cit., 468.
[195] Л. Жила, op. cit., 231.
[196] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/.
[197] П. Шанданов, op. cit., 137/8.
[198] Ibidem, 137.

убиство се појавува и И. В'лков. И. Михајлов на П. Шанданов му изјавил дека убиството на П. Петков било барано од И. В'лков.[199]

Од овие убиства јасно се гледа дека И. Михајлов уште пред настаните есента 1924 година, учествувал во одредени атентати, дури и ги организирал на своја рака или во соработка со И. В'лков. А токму врската И. Михајлов – И. Влков, одиграла значајна улога во настаните по убиството на Т. Александров.

Но, вклучувањето на бугарската војска во акцијата во Горна Џумаја и акциите потоа, не било дело и желба само на И. Михајлов. Според Г. Баждаров, И. В'лков и војската биле вклучени преку Н. Милев. Поточно, Г. Баждаров и К. Прличев[200], кои отишле кај Н. Милев за да побараат од него да посредува за содејство со војската, во смисол да не пречат, а доколку ‚заговорниците' се обиделе да дигнат бунт, војската да го задуши, затоа што не се спасувало само македонското движење од болшевизирање, туку и Бугарија.[201] П. Шанданов ни дава малку поинаква верзија за вклучувањето на И. В'лков. На средба кај Г. Баждаров, И. Михајлов предложил да се оствари средба со И. В'лков. П. Шанданов се спротиставил, а Г. Баждаров рекол дека првин требало да се извести Н. Милев, па тој да му соопшти доколку смета за потребно. Кај Н. Милев отишле Г. Баждаров и И. Михајлов. Н. Милев бил на мислење дека требало да се извести И. В'лков, по што заминале кај него. Кога му соопштиле за убиството на Т. Александров, И. В'лков рекол: „Да се смачка главата на змијата". [202] Постојат одредени разидувања во верзиите на Г. Баждаров и П. Шанданов. Но, јасно е дека вклучувањето на војската не било дело само на И. Михајлов, во најмала рака за истото знаел и се залагал и Г. Баждаров. А. Протогеров не знаел за подготвувањето на акцијата во Г. Џумаја, па следствено на тоа не знаел и за барањето да се вклучи и војската, но според некои податоци А. Протогеров отишол кај И. В'лков, за да му се заблагодари за земенето учество во настаните во пирискиот дел на Македонија. [203] П. Шанданов изразил негодување за вклучување на војската во внатрешните пресметки во ВМРО. И К. Прличев

---

[199] Ibid., 137. И на сослушувањето во 1946 година , П. Шанданов изјавил дека убиството на П. Петков го барала бугарската влада, а особено И. В'лков. Ib, 283.)

[200] К. Прличев не пишува во своите спомени за ова средба. Според него, учеството на војската го договорил И. Михајлов со И. В'лков. (К. Пърличев, *36 години*, op. cit., 131.)

[201] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/.

[202] П. Шанданов, op. cit., 139-140.

[203] К. Палешутски, op. cit., 11.

пројавил скепса околу мотивите поради кои И. В'лков прифатил да учествува во внатрешните пресметки на ВМРО.[204]

Како и да е, во меѓусебните пресметки на ВМРО се вклучила и бугарската војска и тоа со согласност на одредени членови на организацијата. Барањето и допуштањето и војската да земе учество во внатрешните пресметки се косело со заложбите за зачувување на суверенитетот на организацијата. Мотивите на бугарските воени власти да земат учество во акцијата веќе ги претставивме. Тие се плашеле од комунистичко востание и од болшевизирање на ВМРО. Доколку во ВМРО преовладале луѓе кои биле за соработка со Советскиот сојуз, тоа би претставувало дополнителен проблем за стабилноста на Бугарија.

Ако за улогата на бугарската војска и нејзиниот министер постојат податоци, многу потешко е да се одреди каква била улогата на бугарската цивилна власт, односно дали и премиерот Александар Цанков стоел зад учеството на војската. Во телеграма до бугарската делегација во ОН, А. Цанков убиствата ги окарактеризирал „како акт за одмазда за убиството на Т. Александров" и барал да биде претставен „вистинскиот карактер" на убиствата, односно да не биле припишани на бугарската влада.[205] Во едно друго писмо до Христо Калфов, кој бил министер за надворешни работи во неговата влада, А. Цанков го известил дека борбата не била само помеѓу автономистите и федералистите, туку и помеѓу самите автономисти. Понатаму во писмото истакнал дека „за несреќа" убиствата ќе биле ставени на нивен грб, но беспомошно констатира дека ниту можел да ги спречат, ниту да ги контролираат. Според А. Цанков, секоја конспиративна организација, завршувала со борба на истребување. Се очекувале уште убиства, но тој повторно заклучува дека не знаел какви мерки требало да преземе за да ги спречи.[206] За убиствата и односот на бугарските власти, А. Цанков се осврнува и во своиете мемоари. Кон крајот на септември или почетокот на октомври 1924

---

[204] К. Пърличев, 36 години, op. cit., 131.

[205] № 223 Шифрована телеграма от проф. Ал. Цанков до Българската делегация при ОН в Женева за убийството на Т. Александров и за официалното становище на правителството по него и по борбите във ВМРО. София, 15 септември 1924 г. Цочо Билярски, *Тайните на ВМРО, Легенди и сензационни разкрития от нейните водачи, София*, 2010, 880.

[206] № 224 Писмо от проф. Ал. Цанков до Хр. Калфов за разцеплението в средите на ВМРО след публикуването на Майскиот манифест, за заседанията на Висяия партиен съвет на Демократическата партия, за отношението на Интерпарламентарната конференция към правителството на Демократическия сговор и др. София, 15 септември 1924 г. Ibidem, 881.

година, царот Борис III ги поканил сите министри. Во еден момент ги тргнал на страна А. Цанков и И. Русев, министер за внатрешни работи во бугарската влада, по што им забележал за убиствата кои се случувале. И. Русев не го ислушал до крај, го прекинал и со тон на огорченост му рекол: „Ваше височество, вие многу добро знаете кој ги врши тие убиства (...) и кој ги трпи(...). Само еден ваш збор и тие ќе престанат моментално".[207] Како што пишува и А. Цанков, кога И. Русев вели дека добро знаел Борис III, кој ги вршел убиствата, мислел на И. В'лков и на групата околу него, а под „кој ги трпи", мислел на самиот цар. За да се разбере реакцијата на И. Русев, треба да се има во предвид состојбата во Демократскиот зговор (коалиција која била на власт во Бугарија). Во неа постоела поделба, на една страна биле И. В'лков, Андреј Љапчев, кои биле блиски и му давале поддршка на И. Михајлов, додека на другата страна биле А. Цанков, И. Русев, кои биле поблиски со А. Протогеров.

Отпорот на владата на А. Цанков не е насочен само кон комунистите, затоа што целата македонска револуционерна организација преставувала проблем за Бугарија, на надворешен и на внатрешен план. Во овој контекст е изјавата на министерот Славејко Василев: „Што се Македонците скоро ќе завршат", поточно повеќе нема да преставувале политички фактор и проблем за Бугарија.[208]

Дали вмешувањето на војската било пресудно за успехот на групата која се нафатила со акцијата со цел „спас на организацијата" и дали без мешање на војската, организацијата ќе тргнала во друг правец, на чело со „заговорниците"? Акцијата во Г. Цумаја на 12 септември, речиси била целосно завршена пред вклучувањето на војската. Главна заслуга на војската е во спречувањето на Г. Пенков со неговата група, да ја собере милицијата, да го крене народот и така да се спротистави на „убијците на А. Василев". Навистина, Г. Пенков не добил подршка од народот, туку и луѓето од неколку села се завртеле против него, но дали исходот би бил ист и без вклучување на војската спаѓа во доменот на шпекулации.

---

[207] Александър Цанков, *Моето време – Мемоари*, София, 2003, 306.
[208] ДАРМ, фонд Александар Протуѓеров, кутија 2, Др. генерале, стр. 67/8.

Во дилемите кои останале по акцијата во Г. Џумаја, е и таа дали жртвите, односно како што биле наречени „заговорниците“, подготвувале иста таква акција против групата која од Софија пристигнала во Г. Џумаја. Во книгата издадена од ВМРО со цел да ги оправда убиствата и да даде објаснување за истите, се тврди дека „заговорниците“ имале таков план.[209] А. Манасиев во писмо до А. Протогеров, изнел и седум точки или факти, како што тој ги нарекува, кои требало да ја потврдат тезата дека приврзаниците на А. Василев „имале намера да ги очистат сите блиски луѓе“ на Т. Александров. Аргументите кои во писмото ги понудил А. Манасиев се: 1) Силно обезбедување од блиску луѓе на А. Василев, како што биле браќата Н. Елшански; 2) Наредбите на А. Василев до Елшански да ги соберел „најверните другари, вооружени со бомби и револвери; 3) Повикувањето на четата на Ш. Влахов; 4) Тоа што во Г. Џумаја пристигнале А. Коларов, Г. Гевгеличето и други блиски луѓе на А. Василев; 5) Г. Занков на некој си свој човек му кажал дека во Г. Џумаја ќе станел нов 9ти јуни; 6) Зборовите на Ш. Влахов додека бил во бегство: „Ах, Алеко, Алеко, нели ти кажав да ги убиеш сите до еден тие кучиња“; и 7) Д. Хаџи Димов му кажал на Иван Џонев дека тие воделе сметка за се што се правело кон комунистите и за помалку од две месеци ќе се пресметале.[210]

Најчесто употребуваниот аргумент е однесувањето на браќата Елшански, особено на помладиот брат Н. Елшански. Обвинувањата дека Н. Елшански организирал нешто се темелат на искази на неколку граѓани на Г. Џумаја, кои тој ден имале контакт со него. Александар Кофторџиев на 12 септември 1924 година, бил присутен и во куќата на Панајот Рајнов. Таму меѓу другите биле и Г. Атанасов и А. Василев. Првиот не проговорил ни збор со него, а А. Василев му рекол да вечерва порано и пак да дојде во домот на П. Рајнов. Откако излегол надвор сличен разговор водел и со Н. Елшански. Во недостиг на поголеми аргументи, А. Кофтерџиев се осврнал на своите впечатоци. Војвадата Танчо Филипов го погледнал крвнички, а останал зачуден затоа што и Н. Елшански шетал со револвер во рака. Потоа во својот исказ навел дека се исплашил и не се вратил повеќе, туку отишол во пивница каде и ги слушнал

[209] *Заговорът*, op. cit, 36-41.
[210] Писмо на АРГИР МАНАСИЕВ до члена на Централния комитет на ВМРО Дядо Ангел [А. Протогеров – б.,м.]. К. Пърличев, *Убийството*, op. cit., 165.

истрелите.[211] Во целиот исказ нема ништо повеќе од впечатоци. Сличен бил исказот и на Тома Филов.[212] И тој сосема случајно се сретнал со Н. Елшански, а исто не знаел ништо за евентуалната акција, патем ниту тој не го послушал. И Христо Зинов, полициски стражар, бил поканет од Н. Елшански.[213] И тој, како и претходните двајца, случајно се сретнале со Н. Елшански. Единствено што од Н. Елшански бил запрашан дали имал пиштол и му се заканил да молчи или ќе бил убиен. По средбата Х. Зинов кај околискиот началник, кој му рекол да нема работа со разбојници, по што и тој не го послушал Н. Елшански и не отишол кај него. Тешко е да се поверува дека била организирана акција за истата вечер, на што се алудира со потенцираната од сите покана да дојдат таа вечер, а сето тоа да било изведено толку аматерски. А. Василев однесувањето на Н. Елшански го окарактеризирал како „детски работи".[214] Плус, не е логичнп истиот ден, кога и требало да биде изведена акцијата, да се собираат луѓе да учествуваат, кои што ниту знаеле што ќе се случило, ниту што требало да направат во случај на акција. Доколку и се организирала таква акција, ќе биле поканети како што напишал и А. Манасиев „верни луѓе", кои би ги следеле наредбите, а не луѓе кои што случајно биле сретнати, а и не ги послушале наредбите. А. Василев и луѓето околу него биле искусни дејци на ВМРО, кои биле дел од различни борби и конспирации, Г. Атанасов пред да влезе во организацијата, бил во бугарската војска, каде што својата кариера ја завршил со чин потполковник. Па, во недостиг на поцврсти докази дека била организирана некаква акција, тешко е да се поверува дека луѓе со такво минато, организирале важна конспирација толку аматерски. Треба да се наведе и податокот дека Г. Атанасов во Г. Џумаја ги поканил сестра му и внуката, кои што пристигнале пред планираното судење на Илинденците. [215] Доколку планирал некаква акција во Г. Џумаја, зошто би ги поканил да ги изложува на опасност?[216] Исто така, во Петричко по убиството на Т. Александров биле поканети од А. Василев: И.

---

[211] Изложение на АЛЕКСАНДЪР КОФТОРДЖИЕВ. Ibidem, 192/3.
[212] Изложение на ТОМА ФИЛЪЛОВ. Ibid., 194/5.
[213] Изложение на ХРИСТО ЗИНОВ. Ib., 202/3.
[214] К. Пърличев, *Убийството*, op. cit., 32.
[215] Ibidem, 150.
[216] Слабоста на сите аргументи кои би требало да ја потврдат тезата дека луѓето околу А. Василев подготвувале некаква акција истата вечер со цел да ја преземат ВМРО, го прави претенциозен заклучокот на бугарскиот историчар Димитар Тјулеков дека: „Алековци се покажаа како лоши конспиратори и некадарни заговорници". (Д. Тюлеков, op. cit., http://www.mni.bg/.)

Михајлов, К. Прличев, П. Михајлов и други. Тие ја прифатиле поканата и заминале, доколку постоела желба А. Василев да ги ликвидира своите противници, можел тоа да го направи уште тогаш. Но, сетоа ова не ја отфрла можноста А. Василев и неговите соработници да имале желба, дури и план да завладеат со ВМРО, но недостигаат аргументи дека тој план сакале да го остварат така што ќе го искористиле судењето на „Илинденците" и ќе ги убиеле своите противници.

Убиствата во есента 1924 година не ставиле крај на судирот помеѓу двете групи или поточно помеѓу двете визии за тоа во кој правец требало да се движи македонското ослободително движење. Во нивниот понатамошен судир, одредено место заземале и овие убиства кои што биле подложни на разни идеолошки интерпретации.

Весниците на ВМРО, но и провладините бугарски весници почнале да објавуваат статии со цел да се оправда акцијата во Г. Џумаја. Содржината на статиите се поклопува со содржината на брошурата „Заговорот против Тодор Александров". На 17 септември 1924 година, весникот „Демократски сговор" пишувал дека во најдената архива на А. Василев, имало податоци со кои се потврдувала неговата врска со комунистите, како и намерата во Петричкиот округ да биде прогласена советска република.[217] Весникот „Зора", известувал дека Г. Атанасов заедно со уште неколку четници, се подготвувал да ги убива „другарите на Александров еден по еден".[218] Ставот на весникот „Свободна реч" може да се прочита од самиот наслов на статијата, кој гласел: „Предавството на Алеко. Златото на Москва. Откриен заговор. Обид за прогласување на советска република".[219]

Овие обвинувања биле отфрлени од другата страна. Така Георги Димитров овие обвинувања ги нарекол „плитка и забавна историја".[220] Тој вината ја префрлил на другата страна, според него ова бил „подготвен план од владата на Цанков и неговите националфашистички сојузници во македонското движење, насочен против независноста, единството и борбената

[217] К. Пърличев, *Убийството*, op, cit., 29.

[218] Ibidem.

[219] Ibid.

[220] № 139 Статия от Георги Димитров „Правителството на Цанкова и македонското движение". *БКП*, op. cit.,*Том първи*, 344-347.

способност на Македонската револуционерна организација". „Врз ВМРО, всушност е извршен еден погром од страната на луѓето на Цанков", напишал во продолжение Г. Димитров. Вистинскиот мотив за одиграната „македонска трагедија", бил тоа што организацијата неповратно се тргала од рацете на А. Цанков, па затоа решил „да ја удави во крвта на најдобрите нејзини дејци". Д. Влахов настаните ги опишува како терор каков што Бугарија не помнела од ослободувањето. Според него, бугарската влада го искористила убиството на Т. Александров за „да стане целосен господар , како на револ. Организација, така и на националниот комитет". Тој ВМРО ја нарекува „Протогерова мафија" чиј вистински господар бил И. В'лков.[221] А. Протогеров, може да се каже дека и неправедно бил обвинет како главен инспиратор на убиствата. А такво обвинување кон него, кое е дадено во статијата на Д. Влахов, преовладува и во други статии и прогласи кои биле издадени по убиството. Така и во прогласот на БКФ до македонското население, во кое стои дека на А. Протогеров му биле дадена на располагање бугарската војска за убивањето на „револуционерни Македонци во Петричка околија". Во истиот проглас е наведена бројка на убиени повеќе од 200 активни членови на ВМРО.[222]

На 17 септември 1924 година, било објавено и отворено писмо, кое било потпишано од „незаблудени членови на ВМРО". „И сега за нас Македонците е јасно, дека владата се радува како на убиството на Алеко Василев, Г. Атанасов и др., така и на убиството на легенарниот ни водач Тодор Александров. Таа го постигна својот пеколен цел: ослабнување на организацијата" – било наведено во писмото.[223] Во едно друго, истото така анонимно писмо, повторно бил обвинет А. Протогеров дека наредил убиство на сите Македонци кои биле против бугарската влада. А таа ги организирала убиствата за да ја „спечали довербата на Србите " и да ја подобрила надворешната политика.[224]

---

[221] № 165 Статия от Димитър Влахв „Македонската" политика на българското праввителство". Ibidem, 401-404.

[222] № 142 Възвание към македонското население и към работниците и селяните в балканските страни „Балканската комунистическа федерация и борбата за единна и свободна Македония". Ibid., 351-354.

[223] № 225, Отворено писмо от група дейци на ВМРО до македонската емиграция во България за ролята на Демократическия сговор и на ген. Ал. Протогеров в убийството на Т. Александров, А. Василев и Г. Атанасов. Ц. Билярски, *Тайните*, op. cit., 883.

[224] № 226 Писмо от неустановен автор до ВМРО с копие до българските вестници и лидерите на политическите партии за подготвяните убийства на дейците на ВМРО, противници на правителството, и за ролята на ген. Ал. Протогеров в тия убийства. Ibidem, 884.

Реакциите околу убиствата од есента 1924 година, продолжиле и наредните години. Така на тригодишнината од настаните, на 15 септември 1927 година, Д. Влахов напишал статија „Клањето во Петричко во 1924 год.“, во која заклучил дека: „Пролеаната крв на вистинските македонски револуционери во септември 1924 год. не' вика да ја продолжиме борбата. Таа не' вика да ја продолжиме со уште поголема енергија и да се бориме за идеалите за кои што тие паднаа!“ Во ова статија е наведена бројка на убиени „160 македонски револуционери“.[225]

Во однос на настаните од септември/октомври 1924 година, треба да се спомене и оценката на Павел Шатев од 1929 година. Тој во една своја декларација, дословно вели: „Јас со полна свест и чиста совест, имајќи ги во предвид сите податоци, смело можам да констатирам, дека македонското колење, во кое беа заклани стотици Македонци левичари револуционери до голем степен се должи на лагите и сервилноста на Влахов. Крвта на невините жртви, тежи на неговата душа“.[226]

Впечатлив е начинот на кој се окарактеризирани тогашните настани и варирањето на бројот на убиените.

Д. Влахов во една од посочените статија пишува за убиени повеќе од 200 активни членови, додека во другата за убиени 160 [227] македонски револуционери. Бројката варира и во други извори. Во една статија во весникот „Балканска федерација“ е наведено дека биле убиени „неколку стотина македонски дејци“.[228] Според И. Михајлов не загинале „повеќе од десетина души“. [229] Во однос на убиствата двете спротивставени страни влегле во полемика. Во „Заговорот против Тодор Александров“ била демантирана бројката од 180 убиени[230], одговорот од другата страна бил во „Предавниците

[225] Димитар Влахов, *Одбрани говори и статии 1924-1947*, Скопје, 1948, 131.
[226] № 238 Декларация на Павел Шатев, връчена на последното заседание на Берлинската конференция на ВМРО(об) по повод преизбирането на Димитър Влахов за член на ЦК и за поведението му при преговорите с Тодор Александров през 1924 г., *БКП*, op. cit.,*Том първи*, 640.
[227] Д. Влахов истата бројка ја навел и во своите мемоари. (Димитар Влахов, *Мемоари*, Скопје, 2003, 250.)
[228] № 164 Уводна статия на в. „Балканска федерация“ „Жертвите на българската реакция“. *БКП*, op. cit.,*Том първи*,, 399.
[229] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 74.
[230] Заговорът против Тодор Александров (...), 1924, 91/2.

на македонското дело“ [231], кои на демантот одговориле дека бројките на убиените биле земени од австриските весници.

Во македонската историографија се прифаќаат бројките кои што ги изнесуваат Д. Влахов, Г. Димитров, кои биле изнесени во некои официјални акти или публицистички изданија на ВМРО (об), како и во други комунистички извори. Така историчарот Иван Катарџиев, констатирал дека бројот бил „огромен без оглед на непрецизноста на досега користените информации“, но дека во „прашање е ликвидирањето на неколку стотини души“.[232] Во свој понов труд 1993 година пишува дека се сметало дека биле убиени околу 160 души.[233] Зоран Тодоровски пишува дека „според податоците што ги објавиле софиските весници“ се сметало дека „биле убиени 193 македонски дејци“. [234] Во македонската историографија не се критички обработени изворите од каде се преземаат податоците за бројката на убиените, а податоците изнесени од И. Михајлов и во изданија на ВМРО, не биле земани во предвид. Бугарскиот историчар Димитар Тјулеков изнесува податок кој е поблизок до бројките кои доаѓаат од страната на ВМРО, според него биле убиени околу 35 души.[235]

Веројатно таа бројка е поблиску до реалноста. Истражувајќи за овој труд најдовме податоци за убиени 27 души.[236] Не може со сигурност да се тврди бројот на убиените, но недостасуваат податоци кои би можеле да ги поткрепат тврдењата за помасовни убиства. Ако убивањата биле помасовни, тогаш немало логика да ја ослободат четата на Ш. Влахов, која веќе на 13 септември се нашла во рацете на организацијата. И убиствата во Илинденската организација не биле масовни, тие биле изолирани само на двајца нејзини членови.

---

[231] Предавниците, op. cit., 205.

[232] И. Катарџиев, Борба, op. cit., 306. Поточно, тука И. Катарџиев мисли на еден подолг период, не се ограничува само на есента 1924, затоа бројката е дури „стотини“. Што се однесува до убиствата во септември 1924 година, тој ја цитирал резолуцијата издадена од ВМРО (об) „Внатрешната и меѓународната положба на Македонија“, според која тогаш биле убиени 160 луѓе.

[233] Иван Катарџиев, *Сто години од формирањето на ВМРО – сто години револуционерна традиција*, Скопје, 1993, 67. Тука се работи за период од убиството на Т. Александров до убиството на Т. Паница.

[234] З. Тодоровски, Тодор Александров, op. cit., 295. Податокот З. Тодоровски го преземал од Дончо Даскалов, Васил Коларов и Георги Димитров и революционните събития в България 1923-1925, София, 1978.

[235] Д. Тюлеков, op. cit., http://www.mni.bg/.

[236] А. Василев, Г. Атанасов, Г. Гевгеличето, Димитар, А. Коларов, еден стражар кој загинал при акцијата на 12 септември, А. Јовков, С. Ковачев, Д. Хаџи Димов, Д. Вретенаров, Ш. Влахов, Ч. Кантарџиев, Г. Пенков, А. Бујнов, Г. Ковачев, М. Алексиев, Г. Манолев, С. Хаџиев, П. Говедаров, Х. Медникаров, В. Попстојанов, браќата Елшански, Т. Рушкин, петричкиот околиски војвода Танчо, П. Балкански, Ангел Поп Василев.

Од истите извори во македонската историографија е преземен и описот за настаните и учесниците во нив. Како што видовме погоре во статиите се употребувани термините: „националфашистички сојузници во македонското движење“, „погром“, „мафија“, „колење“. На ист начин биле претставени овие настани и по 1944 година од Д. Влахов и Ангел Динев, а нивните гледишта биле прифатени од македонските историчари. Д. Влахов во „Предавниците на македонското дело“ акцијата во Горна Џумаја ја нарекол „Горноџумајска вартоломејска ноќ“. [237] Во 1945 година, убиствата ги припишал на „врховизмот“.[238] Ангел Динев во „Политичките убиства во Бугарија“ (книгата е издадена по Втората светска војна), исто така пишувал за: „вартоломејски план“, „колежот во Горна Џумаја“, „фашистичката политика“, „бесниот поход на фашистите против македонските револуционери“, „канибализмот на бугарските фашисти“, „престапна крвава оргија“.[239]

Следејќи ги нивните гледишта, историчарот И. Катарџиев пишува за „фашистички терор“ и „терористичко изродување на врховистичката ВМРО“, додека во 1993 година за „фашистичко-терористичко изродување на ВМРО“.[240] На иста основа се и епитетите и карактеристиките кои ги користел и историчарот Орде Иваноски: „врховистичка Тодоралександровска вмровска реакција“, „масакрирана плејада на прогресивни македонски и бугарски револуционери“, „врховизираната вмровска десница“, „врховистички терористи“. [241] Истите термини биле користени и во бугарската историографија.[242]

Кога се зборува за Д. Влахов и А. Динев, треба да се има во предвид публицистичкиот карактер на нивните трудови, кои имале за цел и идеолошка борба со ВМРО. И двајцата учествувале во пишувана борба против ВМРО, а биле и мета на организацијата. Сепак, тоа не значи дека сите карактеристики дадени од нив се неточни. По акцијата на 12 септември 1924 година во

---

[237] Предавниците, op. cit., 165.

[238] Д. Влахов, Одбрани, op. cit., 361.

[239] Ангел Динев, *Политичките убиства во Бугарија*, Скопје, 1983, 131-140. Првпат книгата била издадена во 1951 година.

[240] И. Катарџиев, Борба, op. cit., 305-307; И. Катарџиев, Сто години, op. cit., 66.

[241] Орде Иваноски, Горноџумајското злосторничко масакрирање на водечките македонски прогресивни револуционери во 1924 година. *Зборник од Научниот собир по повод 75 години од неговото убиство, одржан во Луково, на 16 и 17 октомври 1999 година*, Струга, 2001, 53-62.

[242] Петар Галчин акцијата на 12 септември 1924 година, ја нарекува „Вартоломејска ноќ'. (Петър Галчин, *Политическите борби во Пиринския край 1923-1939*, София, 36.)

Пиринска Македонија се случувало колење во буквална смисла на зборот. Иако е претерано да се спореди акцијата во Г. Џумаја, со случувањата во Париз и да се нарече „Горноџумајска вартоломејска ноќ“. Кога се одиграла вистинската Вартоломејска ноќ во Париз биле убиени околу 3 000 луѓе, во Г. Џумаја на 12/3 септември загинале само шестмина, од кои еден бил убиен од другата страна.

Епитетите „врховизам“, „врховисти“ и сл., во негативна конотација и со цел на пресметка со противниците не ги користат само тие. И И. Михајлов го користи истиот термин пишувајќи за акцијата во Г. Џумаја пресметувајќи се со противниците. Според него на 12 септември пораз доживеала „комунистичката централа“, но и „врховизмот“.[243]

Друго обвинување што се користело во идеолошките пресметки, а кој бил прифатен и во македонската историографија, поради околностите во кои се создавала е обвинување за „фашизам“. Комунистите речиси сите свои противници ги обвинуваат за фашизам, па таква квалификација добила и владата на Демократскиот зговор, но и ВМРО (најчесто по убиството на Т. Александров, но такви обвинувања оделе на сметка на ВМРО, додека била и под негово водство). Но, тешко може да се тврди дека ВМРО во 1924 година била фашистичка организација. Таа се стремела да биде надпартиска, надкласна и надидеолошка организација. ВМРО е национална, а не идеолошка организација. Таа според Уставот не можела да биде комунистичка или фашистичка. Врската со Италија, каде на власт биле фашистите, не била идеолошка, туку стратегиска. Истиот бил и односот кон комунизмот, а со тоа и кон Советскиот сојуз. Преговорите помеѓу Т. Александров и СССР, започнале и неуспешно завршиле поради стратешките интереси на двете страни. Односно, не можноста ВМРО да ја сочува својата самостојност.

Токму стравот од губење на самостојноста и сега бил еден од главните мотиви за борба против приврзаниците на Единствениот фронт. Членовите на организацијата кои ја организирале таа борба, се плашеле од болшевизација на ВМРО и целосно потпаѓање на организацијата под Советите и нивните интереси. Поточно, стравот бил да не се претвори организацијата само во една алатка на комунистите за остварување на нивните интереси. Но, и другата

[243] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 50. Под „врховисти“ И. Михајлов мислел на А. Протогеров, Г. Атанасов и некои членови на бугарската влада.

страна исто се борела за самостојноста на македонското револуционерно движење, но тие главната пречка за извојување на самостојноста ја гледале во бугарската влада и бугарската круна. Колку и да звучи парадоксално, се работело за судир на две групи кои во тој момент се бореле за самостојност и независност на организацијата.

Во „Заговорот против Тодор Александров" ВМРО се исмева и со „левичарењето" на некои од убиените. За таа цел го искористиле сведочењето на М. Алексиев кој изјавил дека „Г. Атанасов бил по природа и по воспитување фашист", а дека од комунизам разбирал исто толку, колку што разбирал А. Василев од револуција. Од друга страна не може да се обвинат, барем во таа 1924 година, дека фашисти биле и К. Прличев, Г. Баждаров или А. Протогеров, кој во пресметката во пиринскиот дел на Македонија се вклучил подоцна, тој само неколку недели претходно дури бил поблизок до „левичарите" отколку до Т. Александров. Ја. Ја. Страујан, кој бил соработник на ОМС, за А. Протогеров вели дека сакал „понекогаш да го манифестира своето левичарање", на нивната средба членот на ЦК на ВМРО му се обраќал со „другар".[244] Додека во еден извештај на ИНО на ОГПУ било наведено дека А. Протогеров имал големи симпатии кон Советска Русија.[245] Уште помалку за некаков фашизам може да се обвинат П. Михајлов или П. Шанданов, кој ја предводел акцијата во Г. Џумаја и кој што бил левичар, а подоцна дури и станал дел од Народниот фронт.

Кога се зборува за стратегиски цели и мотиви кои ги имала ВМРО во однос на Бугарија и комунистите, Т. Александров дал објаснување уште на почетокот на преговорите со Советскиот сојуз. Според него Бугарија, односно влада со која нема да биде во судир, била неопходна за ВМРО, затоа што така добивале база каде што можеле да го собираат оружјето, да се одморат, да ги лекуваа болните, да се развива организацијата и да се собираат средства. Доаѓањето на власт на земјоделците со помош на Југославија, значело „смрт за слободата на Македонија", па поради тоа дошле во судир со комунистите за време на септемвриското востание.[246] Г.Баждаров образложувајќи ја идејата за вмешување на бугарската војска во внатрешните пресметки во ВМРО и

[244] Л. Жила, op. cit., 2014, 96.
[245] Ibidem, 122.
[246] № 22 ИЗВЕШТАЈ НА АНДРЕЕВ ([БОРИС ШПАК]) ЗА ПРЕГОВОРИТЕ СО ЧЛЕНОТ НА ЦК НА ВМРО Т. АЛЕКСАНДРОВ. Декември 1923 г. *Македонското прашање во документите на Коминтерната, том I, книга 1*, op. cit., 239.

македонската емиграција, пишува и дека „успехот на А. Василев, Г. Атанасов и другите би бил успех за комунизмот и би бил погубен за Бугарија“.[247] Тука се поклопуваат интересите на дејците на ВМРО што стоеле зад акцијата во Г. Џумаја, со интересите на Бугарија. Всушност, во есента 1924 година, победила желбата за сигурност, за status quo. Опцијата да не се влегува во судир со Бугарија, откако станал извесен исходот од преговорите во Виена, превладеела во опкружувањето на Т. Александров. Изостанала желбата да се влезе во таков ризик. Стабилноста на Бугарија била препознаена како услов за стабилност на ВМРО, затоа и одлуката за борба против приврзаниците на Единствениот фронт.

Одлуката за борба била стратегиска и од друг аспект. Со сите убиства во 1924 година, опозицијата била сведена на минимум. Убиствата се точно насочени кон деловите на македонската емиграција, која делувала или пројавила желба да делува независно од ВМРО и кои почнале да го напаѓаат делувањето на ВМРО, а со тоа и авторитетот на организацијата. Со ликвидирањето на групата околу А. Василев, ВМРО, односно ЗП и други кои што биле на тие позиции се ослободиле од опозицијата во организацијата. Со убиството на А. Јовков и принудното маргинализирање на Г. Занков, ВМРО повторно целосно воспоставила контрола над Илинденската организација. Со убиството на С. Ковачев се удрило на федералистичката, а со убиството на Д. Хаџи Димов на комунистичката македонска емиграција. Така, ВМРО воспоставила контрола речиси над цела македонска емиграција. Но, ова се однесува само на Бугарија. Надвор од Бугарија и понатаму делувале легални и нелегални македонски организации кои претставувале проблем за ВМРО.

Сите овие случувања го привлекле вниманието и на дипломатите во Софија, кои за нив пишувале во извештаите до своите држави. Во еден Чехословачки извештај се вели дека „последните убиства меѓу Македонците“ покажале колку длабоко проникнала комунистичката пропаганда во нивните редови. Амбасадорот на Чехословачката Република, Богдан Павлу, констатирал дека „смртта на толку македонски водачи и најмногу на Тодоро Александров“ означувала „почеток на крајот на идеалистичкото-романтичарската фаза во

[247] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/.

македонското ослободително движење".[248] Австрискиот дипломат во својот извештај го опишал ставот на А. Цанков. Бугарскиот премиер се забарикадирал зад изјавата дека се работело за интерна работа на Македонците, а со која бугарската влада не сакала ништо да има. Во извештајот била изразена и загриженост, дека убиствата лесно можеле да се префрлат и надвор од Бугарија, а Виена важела „како централно средиште на целата завера", па сугерирал да преземат соодветни мерки.[249]

Во својот извештај од 17 септември 1924 година, кралското претставништво на СХС во Софија, заклучило дека убиствата во Горна Џумаја ќе имале големо влијание врз организацијата. Понатаму било истакнато дека со загубата на истакнати водачи, организацијата ќе ја изгубела својата „моќ и систематска активност со која успешно раководеше Александров". Според извештајот по убиствата можела да биде мирна бугарската влада, затоа што ќе ја имала под контрола ВМРО. А основ за задоволство имало и Кралството на СХС, затоа што идните акции од ВМРО против Кралството за долго време не ќе можеле да бидат од поширокі размери.[250] Во извештајот од 11 октомври 1924 година, било констатирано дека немало „повеќе опасност од болшевизација на Македонците ниту кај нас (Кралството на СХС, б.м.)", затоа што ВМРО веќе било наполно во рацете на бугарската влада и не можеле „да се очекуваат наскоро никакви енергични движења за востание во Македонија, бидејќи во таква авантура не смее да се впушта сегашната бугарска влада која е свесна за својата одговорност".[251]

Службениците на Кралството на СХС, кои секогаш будно ја следеле состојбата во ВМРО и во македонската емиграција, исправно процениле за доближувањето на ВМРО со бугарската влада. Од таквиот исход бил задоволен и А. Цанков, кој во разговорот со романскиот амбасадор во Софија, признал

---

[248] 25. Вонреден политички извештај на Амбасадата на ЧСР во Софија од 18 септември 1924 година до Министерството за надворешни работи за состојбите во македонското движење по убиството на Тодор Александров. *Чехословачки дипломатски документи за Македонија (1919-1933), Книга 1*, Избор и редакција д-р Новица Велјановски и д-р Јан Рихлик, Скопје, 2006, 166-125.

[249] 37. Доверлив извештај од вршителот на работите во претставништвото во Софија од 20 септември 1924 година до министерот за надворешни работи д-р А. Гринбергер во Виена во врска со пресметките меѓу македонските политички фракции во Бугарија. *Македонија во австриските документи (1920-1938*), Предговор и редакција доц. д-р Ѓориѓи Стојчевски, проф. д-р Даринка Петреска, Скопје, 2011, 206-209.

[250] И. Катарџиев, Борба, op. cit., 307/8.

[251] Ibidem, 308.

дека убиствата што се случиле имале и своја добра страна, затоа што со нив исчезнала можноста „за заговор којшто се подготвуваше меѓу Македонците и комунистите против безбедноста, па дури и опстанокот на бугарската држава“.[252]

И историчарите З. Тодоровски и И. Катарџиев, констатирале дека како последица на настаните од есента 1924 година, дошло до зближувањето на ВМРО со бугарските политички и воени кругови, со што организацијата се ставила во служба на бугарските државни интереси.[253] Токму делумното губење на самостојноста на ВМРО и потпаѓање под влијание на одредени политичко-безбедносни кругови во Бугарија, заедно со губењето на секаква можност во иднина да дојде до постигнување на единство помеѓу македонските револуционерни сили, се негативните последици од убиството на Т. Александров и настаните што следеле.

[252] З. Тодоровски, Тодор Александров, op. cit., 296.
[253] Зоран Тодоровски, *ВМРО 1924-1934*, Скопје, 1997, 28; И. Катарџиев, Борба, op. cit.,, 309-310.

ГЛАВА ВТОРА

КОНСОЛИДИРАЊЕ НА ВМРО

2.1. СССР и ВМРО

Откако станало извесно дека Советскиот сојуз не може да се договори со Т. Александров, поточно откако изгубиле доверба во него, тие почнале да бараат друг начин за да ја придобијат ВМРО. Така во едно оперативно резиме подготвено на 9 септември, а во кое била анализирана состојбата во Бугарија до 1 септември 1924 година, не знаејќи дека Т. Александров веќе бил убиен, било предложено негово отстранување од ВМРО.[254] Во следното резиме, кое било дополнување на претходното, биле претставени разликите „меѓу бугарските другари и Виенскиот центар за состојбата во ВМРО".[255] Комунистите во Софија, сметале дека наместо да бил изолиран Т. Александров, дошло до изолација на П. Чаулев, а за да биле исправени грешките на Виенскиот центар, Т. Александров бил поканет на повторни преговори, кои што тој ги прифатил. Виенскиот центар, пак, сметал дека биле постигнати одлични резултати и дека постеле големи можности да се работело на изолација на Т. Александров. Притоа мислеле дека околу П. Чаулев можело „да се групираат сите опозициони македонски елементи". И заклучоците и мерките кои требало да се преземат, оделе во корист на ставот на комунистите во Виена. Потребно било прекинување на секакви преговори со Т. Александров и да се интензивирала „работата меѓу масите на ВМРО за нивно оттргнување од Т. Александров".[256] И петнаесет дена по убиството на Т. Александров, комунистите уште не знаеле што точно се случувало. Г. Димитров му напишал на Васил Коларов дека Т. Александров бил „решен да ја ликвидира опозицијата во Македонската организација".[257] Била исклучена секакво помирување со Т. Александров, а го критикувал ставот на К. Јанков и други членови на ЦК на БКП, кои уште за

---

[254] № 80 [ОПЕРАТИВНО РЕЗИМЕ] „СОСТОЈБАТА ВО БУГАРИЈА кон 1 септември 1924 г.". 9 септември 1924 г. *Македонското прашање во документите на Коминтерната, том I, книга 1*, op. cit., 725.

[255] № 81 [ОПЕРАТИВНО РЕЗИМЕ] „СОСТОЈБАТА ВО БУГАРИЈА кон 8 септември 1924 г.". 17 септември 1924 г. Ibidem, 727.

[256] Ibid., 729.

[257] № 129 Из писмо на Георги Димитров до Васил Коларов – Москва за убийствата на представители на левицата в македонското движение от привържениците на Тодор Александров, отхвърляне на единодействието с ВМРО, за отношението на Коста Яанков и други членове към него. *БКП*, op. cit., *Том първи*, 333.

времето на преговорите и по објавувањето на Мајскиот манифест, се залагале за поинаков однос кон Т. Александров и ВМРО.

Д. Влахов и Никола Харлаков го поканиле и Михаил Герџиков да отиде во Виена и да работат заедно, веројатно сакале да му понудат уредничко место во весникот „Балканска федерација".[258] М. Герџиков би подготвен да замине за Виена, но побарал средба со луѓе од ВМРО. Тој бил „повеќе од сите противник на една идеја за федерирање на балканските народи на болшевичка основа, под болшевичко покровителство". „Македонија и Македонците не требало да служат за туѓи идеи и за туѓи цели", туку според М. Герџиков, требало да се бараат фактори кои ќе помогнат, без од Македонија и Македонците да направат жртви. М. Герџиков сметал дека треба да се „работи за револуционаризирање на народните маси и балканските народи за борба во полза на формирање една федерација балканска", но која не би била болшевичка, а според него на таква федерација, Н. Харлаков не можел да биде нејзин идеолог, затоа што позади него стоеле комунизмот и болшевизмот. Сепак, М. Герџиков се залагал за постигнување на договор со П. Чаулев и Д. Влахов, но и во тој случај Н. Харлаков требало да биде отстранет. Но, секое целосно разидување со П. Чаулев и Д. Влахов, според М. Герџиков би предизвикало „мала или голема, но многу жална и штетна поделба".[259] Од ова се гледа дека и М. Герџиков бил против соработка со СССР и комунистите, на начин како што било барано од нивна страна, затоа што и тој сметал дека тоа би било штетно за Македонија и Македонците, затоа што тоа би претставувало служење на туѓи цели.

И по објавувањето на веста за убиството на Т. Александров, комунистите се сомневале во нејзината вистинитост, но доколку информацијата се покажала како точна, според Борис Данлович Михајлов, кој од август 1924 до јануари 1925 година бил ополномоштен на ИККИ во Виена, би значело „неизбежно колосално свртување на Македонс[ката] орг[аниза]ција на лево", што би

[258] ДАРМ, фонд Александар Протуѓеров, кутија 3, *Писмо од Пенчо до Миле и Илија кое се однесува на доаѓањето на Мишел и разговорот воден со него, во врска со формирањето на Балканската феерација, како и за предлогот тој да биде делегат во Виена што е образложено во три точки*, страница, 567.
[259] Ibidem.

претставувало „нова епоха во историјата на Македонската организација“.[260] Во однос на разидувањата помеѓу бугарските комунисти во Софија и Виена, тој проценил дека „со македонското прашање досега не беше добро во бугарскиот ЦК“. Го осудил нивниот став дека погрешно се преговарало со Т. Александров и дека требало да се бара само негова неутралност во однос на идно комунистичко востание. Тоа би значело откажување „од борбата за истргнување на македонските маси“ од влијанието на Т. Александров и не би дошло до поврзување на борбата на Македонските со борбата на работниците во Бугарија, Србија и Грција.[261] Поради ваквите ставови, биле повикани претставници од ЦК на БКП, со цел „цврсто да се фиксира линијата на БКП по македонското прашање“, а потоа решението требало да биде објавено „во форма на одделна декларација на Б[алканската] Ф[едерација].[262] Заблудите на „Виенскиот центар“ биле очигледни. Во истиот тон продолжил и В. Коларов, кој во статијата „Меѓу Македонците“, откако добиле потврдни информации за смртта на Т. Александров, го изнел стремежот на комунистите за сплотување на револуционерните сили на Балканот и очекувањата „чесните и вистинските револуционери“ да го зачувале единството на организацијата, за што постоеле сите објективни услови.[263]

Но, за разлика од нив, К. Јанков, кој бил во Бугарија и добро ги проценувал состојбите на теренот, реагирал кон неистомислениците во комунистичката партија, по убиствата што се случиле. Во писмото до Иван Генчев напишал: „(...) пророчки го предвидов погромот, кој што вие, марксистички мудреци ни го подготвивте“.[264] Со терминот „марксистички мудреци“, сакал да укаже на идеолошката крутост со која се влегло во преговори, како што и самиот тој пишува „со фразеологија и со недостаток на конкретна организациона мисла и анализа“. Токму погрешната тактика која што биле применета во Виена при преговорите од „доктринери, т.е. луѓе на општите фрази“, придонело припадниците на Демократскиот сговор да ја

---

[260] № 81 ПИСМО № 429 НА ВИЛИЈАМС (Б.Д. МИХАЈЛОВ) ДО [ИККИ]. 17 септември 1924 г. *Македонското прашање во документите на Коминтерната, том I, книга 1*, op. cit., 735.
[261] Ibidem, 735-737.
[262] Ibid., 737.
[263] № 133 Статия от Васил Коларов „Между македонците“. *БКП*, op. cit., *Том първи*. 339.
[264] № 135 Писма от Коста Яанков до Ив. Генчев с обвинение за погрешната тактика на БКП към ВМРО. Ibidem, 340.

остварат својата намера во однос на македонската организација.[265] Но, писмото на К. Јанков не ни стигнало на пратената адреса, а Г. Димитров повторно ги изразил своите ставови во писмо до В. Коларов. И поркај тешките загуби, за него немало дилеми дека бил отворен патот за нова ориентација на македонското движење, а убиствата биле „последен и уништувачки удар врз националфашистичкото раководство на Македонската организација".[266]

Во првото оперативно резиме подготвено по настаните во Г. Џумаја е наведено дека се забележувало „силно опозициско расположение меѓу Македонците во Петричко, Горно Џумајско и во други реони".[267] Според овој извештај, Мајскиот манифест останал непознат „на широките слоеви на населението" во Македонија под српска власт, каде што било забележано „зголемување на антисрпското расположение меѓу Македонците". [268] Било предвидено да се преземат конкретни мерки во однос на преземањето на раководството во ВМРО. Целта била создавање на „задграничен ЦК во лицето на Чаулев, Влахов и уште едно лице познато на масите" и приврзаник на комунистите.[269]

Од Италија стигале информации до А. Протогеров, дека П. Чаулев навлегол во „комунистичко-болшевички води" и дека од таму „црпел инспирација за ослободување на Македонија".[270]

Состојбата во ВМРО била разгледувана и на седницата на Бугарската комисија при Политбиро на ЦК на РКП (б) на 24 септември 1924 година. Таму било решено: а) „Да се преземат мерки за создавање на нов ЦК на ВМРО, на чело со П. Чаулев, врз платформата на манифестот од 6/V – [19]24 г."; б) ЦК на БКП и Балканската федерација требале да објават декларација во однос на борбата во ВМРО, а која требало да се заснова на следните точки: 1) борба за единство на ВМРО под раководство на левицата, 2) ослободување на ВМРО од влијанието како на бугарската така и на српската буржоазија, 3)

---

[265] Ibid, 341.

[266] № 136 Писмо от Георги Димитров до Васил Коларов в Москва за убийството на Тодор Александров, за позицията на ВК на БКП по събитията във ВМРО и за необходимостта да се постигне единството в македонското движение на основата на Майския манифест. *БКП*, op. cit., *Том първи*, 342.

[267] № 89 [ОПЕРАТВНО РЕЗИМЕ] „СОСТОЈБАТА ВО БУГАРИЈА кон 18 септември 1924 г.". 23 септември 1924 г. *Македонското прашање во документите на Коминтерната, том I, книга 2*, op. cit., 767.

[268] Ibidem, 769.

[269] Ibid., 771.

[270] ДАРМ, фонд Александар Протуѓеров, кутија 4, Драги Ангеле, стр, 29.

ослободувањето на Македонија било можно само со сите револуционерни сили на Балканот; в) Во ВМРО требало да завладее левицата и требало „да се преземат неопходни и можни практични мерки кои ќе помогнат во тоа; г) Прашањето околу спојувањето на автономистите со федералистите, требало да остане отворено.[271]

Мошне интересно е писмото кое истиот ден, на 24 септември, го испратил Г. В. Чичерин, народен комесар за надворешни работи, до С. И. Бродовски, кој тогаш бил на служба во Германија. Според него, Т. Александров „со својата волја и со својот ум" доминирал над десното крило во ВМРО, која по неговото убиство била потполно обезглавена. [272] А. Протогеров е окарактеризиран како „колеблив човек", но тој тајно дал информација до Советите, дека „откажувањето од манифестот го потпишале под револверска цевка".[273] Но, Г.В. Чичерин додал дека за ова не требало да се зборува, за да не му го загрозеле животот, затоа што тој уште можел да им биде од корист. По смртта на Т.Александров, во организацијата останал „извесен број" на негови приврзаници, кои ќе ја продолжеле неговата линија, но тие немале никаков авторитет и во скоро време ќе се претвореле во „џелати или детективи на Цанков". Во однос на судирот во ВМРО, Г. В. Чичерин, мислел дека „левото крило" било толку силно, што конечниот резултат ќе бил „безусловно неповолен за десното крило". Во десното крило на ВМРО владеел хаос и дезорганизација. Постојниот ЦК на ВМРО, веќе не требало да биде признаен, а новиот ЦК требало да биде создаден од П. Чаулев. Освен на новиот ЦК, требало со сите сили да се помогне „на левото крило да завладее со апаратот на ВМРО". Останала дилемата околу потребата за спојување на федералистите и левото крило на автономистите. Избрзаните обиди, можеле да остават негативен впечаток за двете групи, што пак, можело „да послужи како повод за дипломатија" против двете групи и против комунистите, затоа во однос на тоа прашање било оставено да се прашаат федералистите. На крај, Г. В. Чичерин, навел дека се што било посочено во писмото е „апсолутно тајно" и дека

---

[271] № 131 Записник од седницата на Бугарската комисија. 24 септември 1924 г. *Македонското прашање во советската надворешна политика (1922 – 1940 год.), книга I,* Избор, превод и редакција Владо Поповски и Ленина Жила, Скопје, 2008, 473-475.

[272] № 132 Писмо од надворешни работи Г.В. Чичерин до советникот од Ополномоштеното претставништво во Германија С.И. Бродовски. 24 септември 1924 г. Ibidem, 475-477.

[273] Ibid., 477.

плановите во однос на ВМРО требало да бидат држани во строга тајност.[274] Во писмото е опишана насоката во кој правец била планирана да се движи советската политика во однос на ВМРО, одреден дел од анализите и проценките биле демантирани од настаните што претстоеле. Всушност, за неговите лоши анализи се виновни лошите извештаи кои што биле доставувани од советските служби. Но, од ова писмо се гледа дека Советите сметале на А. Протогеров и по Горноџумајските настани.

Прв, надвор од Бугарија, кој добро ја проценил новонастанатата состојба бил Евгениј Варга, вработен во Коминтерна. Тој на 30 септември 1924 година, во писмо до Григориј Зиновјев, од 1919 до 1926 претседател на ИККИ, напишал: „И покрај тоа што оттука (Берлин, б.м.) е тешко да се следат настаните на Балканот, очигледно треба да се констатира дека борбата во Македонија завршила со пораз на левото крило и со победа на десните елементи поврзани со Цанков".[275] Но потцртал дека станувало збор само за привремено слабеење на нивните позиции.

Согласно заклучокот од седницата на Бугарската комисија при РКП (б) бил објавен проглас кон „Македонци, работници и селани од Балканот". Во прогласот најпрвин биле изнесени ставовите во однос на последните убиства, кои биле дело на „предателска рака".[276] „Бугарската фашистичка влада" се обидела „да ја уништи Македонската организација преку убивање на повеќе од 200 нејзини активни членови", со цел да дојде до зближубање со Југославија.[277] БКФ, како и другите комунистички партии од Балканот стоеле на страната на македонскиот народ, но не сметале дека требало да го "превртат македонското движење во комунистичко или да го искористат за партиски цели". [278] Прогласот завршил со паролите за единство и независност на македонското дело, за Единствениот фронт, слободна и независна Македонија, како и за федерација работничко-селанските републики на Балканот. Поради бројните напади кон комунистите, дека сакале да ја потчинат и преземат ВМРО и со цел

---

[274] Ib., 479.
[275] № 92 ПИСМО НА Е. ВАРГА ДО Г. Е. ЗИНОВЈЕВ. 30 септември 1924 г. *Македонското прашање во документите на Коминтерната, том I, книга 2*, op. cit. , 791-793.
[276] № 142 Възвание към македонското население и към работниците и селяните в балканските страни „Балканската комунистическа федерация и борбата за единна и свободна Македония". *БКП*, op. cit., *Том първи*, 351.
[277] Ibidem, 353.
[278] Ibid., 354.

да ги избегнат тие напади, во овој проглас решиле да ги демантираат тие обвинувања, кои што не биле далеку од реалноста.

И на седниците на Президиумот на БКФ биле разгледувани настаните во македонското движење. Пресудниот збор го имал Г. Димитров и решенијата била согласно неговите ставови. Состојбата во ВМРО била оценета доста мрачно, таа била уништена, додека Петричкиот округ, кој порано служел како база на организацијата, паднал целосно во рацете на бугарската влада, а „поголемиот дел од водачите на револуционерната струја во Македонската организација" биле уништени.[279] Сепак, и покрај овој удар, во решението провејува оптимизам во однос на иднината. Била раскринкана врската помеѓу македонското движење и бугарската националистичка буржоазија, а македонската организација се ослободувала од туѓото влијание.[280] Се отворила „можност за создавање Македонска организација како вистинска револуционерна организација". Затоа БКФ и комунистичките партии на Бугарија, Југославија и Грција добиле задача да му укажат „помош на левото крило за обнова на ВМРО и обединување на вистински револуционерните македонски сили врз основа" на Мајскиот манифест.[281]

Судирот помеѓу двете групи во БКП партија продолжил. Г. Димитров писмата на К. Јанков, во кои биле искажани големи критики на негова адреса ги нарекол „чудовишни".[282] Во однос на ВМРО и натаму се останало на идеата да се основа привремен ЦК, а со тоа цел, дознаваме од Г. Димитриев, се зафатил П. Чаулев.[283] К. Јанков продолжил да ги брани своите гледишта и по реакцијата на Г. Димитриев. Според него ЦК во Софија бил изолиран додека се воделе преговорите со ВМРО, а ја критикува и „целата тактичка мудрост" со која се воделе преговорите, а резултирале не успешно и ги изложиле на судир со ВМРО и Бугарија.[284] Изразил согласност спорот да се пренесе на највисока

---

[279] № 95 ЗАПИСНИК № 43 ОД СЕДНИЦАТА НА ПРЕЗИДИУМОТ НА БКФ. 1октомври 1924г. *Македонското прашање во документите на Коминтерната, том I, книга 2*, op. cit., 805.
[280] Ibidem, 805-807.
[281] Ibid., 807.
[282] № 144 Писмо от Георги Димитров до Васил Коларов в Москва за обвиненията към тях от Коста Янков за настъпилата криза и убийствата във ВМРО, за мнението на Петар Чуалев да се създаде нов временен ЦК на ВМРО и да се публикуват компрометиращи материали за Тодор Александров. *БКП*, op. cit., *Том първи*, 356.
[283] Ibidem, 357.
[284] № 98 ПИСМО НА К. ЈАНКОВ АНАСТАСОВ. 8 октомври 1924 г. *Македонското прашање во документите на Коминтерната, том I, книга 2*, op. cit., 813-815.

инстанца, а во прилог на нивното гледиште подготвувале и допис во кој биле изложени нивните тези. Во однос на состојбата меѓу комунистите во Бугарија, Б. Д. Михајлов во писмо до ИККИ, напишал дека во Бугарија се водела успешна „агитациска кампања“ за улогата на владата на А. Цанков во однос на ВМРО. Но, дека постоела и друга група, која мислела дека требало да се продолжат преговорите „со групата на Протогеров“, но не врз основа на „заеднички активности“ како порано, туку врз основа на „неутралност“ на ВМРО при идно востание, што за Б.Д. Михајлов би било голема грешка.[285] Во следното писмо, објаснил дека моментот бил погоден за да ја освоиле „Мак[едонската] организација со нејзино преустројство врз федералистички принципи и полит[ичките] заклучоци на Виенската спогодба“, притоа сето тоа морало да се одвива „под знамето за обновување на старата Мак[едонска] орг[анизација]“ со помош на оние дејци кои биле блиски до комунистите.[286]

Речиси еден месец по Горноџумајските настани, БКФ и понатаму стоела на ставот дека не требало да се создава нова македонска револуционерна организација, туку требало да се обнови ВМРО врз основа на Мајскиот манифест. Според решенијата од 13 октомври 1924 година на Президиумот на БКФ, тоа „обновувањето на ВМРО“ требало да се постигне, така што во содејство со Т. Паница ќе биле привлечени сите „револуционери македонски елементи“ и ќе се свикал нов општ конгрес на кој ќе бил избран и ЦК на ВМРО. Дејноста на комунистите од Србија, Бугарија и Грција, кои ќе учествувале во таа „обновена организација“, ќе била координирана од Президиумот на БКФ, кој пак, требало да „одржува постојан контакт со Задграничен помошен комитет на Македонската организација“, а во тој комитет ќе бил Д. Влахов и некои други лица. А за подобро да функционира задграничниот комитет, Д. Влахов побарал ЦК на БКП да го „обезбеди за работа во тој комитет комунистичкиот македонски раководител“ Христо Јанков.[287] Г. Димитриев, три дена порано, на 10 октомври, во име на Президиумот на БКФ им дал некои појаснувања на балканските комунистички партии во однос на македонското прашање. По сите настани, веќе „македонското прашање престанало да носи каков и да е чист

[285] № 97 ПИСМО № 422 НА ВИЛИЈАМС (Б. Д. МИХАЈЛОВ) ДО [ИККИ]. 7 октомври 1924 г. Ibidem, 811-813.
[286] № 97 ПИСМО № 422 НА ВИЛИЈАМС (Б. Д. МИХАЈЛОВ) ДО [ИККИ]. 15 октомври 1924 г. Ibidem, 823.
[287] № 153 Решения на Президиума на БКФ за положението в България и работата в македонското движение. *БКП*, op. cit., *Том първи,* 377.

бугарски карактер“, туку се јавило како „едно самостојно македонско и општобалканско прашање“.[288]

Кон крајот на октомври се повеќе се засилувала полемиката околу двете групи меѓу бугарските комунисти и околу ставовите кои ги застапувале. Ова се случило од две причини. Положбата во ВМРО и во Пиринска Македонија не и одела на рака на комунистите, не се остварувале нивните проценки, но полемиката траела премногу долго, а веќе неколку недели од разни страни се барал исходот од тој судир, односно да се утврди кој е во право или да се префрли одговорноста за неуспехот на другата страна. Во Виена во пет дена биле одржани две седници на Президиумот на БКФ (првата од 19 до 21 октомври, а втората од 22 до 23 октомври 1924 година), на која присуствувал и Иван Манев, кој требало да го изложи ставот на ЦК на БКП, но тој припаѓал на малцинството во ЦК, односно бил на исти позиции со Г. Димитров и БКФ. Откако започнале заседанијата во Виена бил повикан и К. Јанков, но тој не заминал.[289] Во Виена биле пратени и тезите на ЦК на БКП во однос на тактиката на комунистите и последиците од неа. Како причини за неуспехот биле наведени: отсуство на информации, отсуство на врска со левицата на ВМРО, преценување на нивните сили, а потценување на силите на противникот и сл. Но, како главна причина била наведена „неправилната примена на тактиката за единствениот фронт во однос на ВМРО и емигрантските маси“.[290]

К. Јанков, кој што го пишувал извештајот, при изложувањето на своите ставови, тргнувал од поделбата која се јавила во ВМРО и „свртувањето во лево“. Како резултат на тоа свртување кон лево дошло до следното: 1) десното крило, кое го нарекол уште и “бугарско национално-буржоаско,“ се’ повеќе го губеле влијанието; 2) центарот, односно „македонската буржоазија“, се’ повеќе се ослободувале од влијанието на бугарската влада; 3) „левицата – народните маси решително застануваа на страна на КП“. Но, и покрај овие прилики кои им оделе во корист, доживеале пораз кој бил плод на „непоправливо

[288] № 149 Писмо от Георги Димитров до ЦК на БКП, ЮКП, РКП и ГКП за отделянето на македонския въпрос като самостоятелен и общобалкански, а не български бъпрос и необходимостта комунистическите партии да подкрепят македонското движение, основаващо се на Майския манифест. *БКП*, op. cit., *Том първи*, 368.

[289] № 108 ПИСМО НА К. ЈАНКОВ АНАСТАСОВ ДО БОЈАН (И. ГЕНЧЕВ). 22 октомври 1924 г. *БКП*, op. cit., *Том първи,* 901.

[290] № 107 ИЗЛАГАЊЕ НА ТЕЗИТЕ НА ЦК НА БКП (т.с.), ИЗВЕШТАЈНА БЕЛЕШКА НА СЕКРЕТАРОТ НА ЦК НА БКП (т.с.), РЕШЕНИЈА НА ПРЕЗИДИУМОТ НА БКФ ЗА НАСТАНИТЕ ВО ВМРО. [Октомври] 1924г. Ibidem, 885.

доктринерство“. Проблем бил и што немале „јасна претстава за процесот на свртување кон лево на македонските маси и нивните групации“, па не знаеле што требало да бараат од нив. А со своите претерани барања кон нив, дозволиле „бугарската буржоазија да постигне уште една лесна победа“.[291]

Проблем било и што „целата кампања“ ја воделе ЦК на ВМРО и комунистите во Виена, со што бил изолиран ЦК на БКП. Сите процеси околу преговорите и потоа се одвивале без да бидат прашани раководните центри на масите на теренот, така било одлучено во Виена да се објави Манифестот, со што ги поставиле БКП и левицата во ВМРО пред курс кој водел кон оружен судир во Пиринска Македонија. К. Јанков, сметал дека проблем била содржината на Манифестот и неговото објавување. Содржината, затоа што на ВМРО ултимативно и било поднесено „гледиштето на левицата“, а со таквото не можел да се согласи ниту центарот. Вака дошло до изолирање на левицата, а Т. Александров се свртел кон десно, со што бил неизбежен судирот меѓу левите и десните.[292]

Откако борбата започнала, ЦК на БКП во тој момент не можела да крене востание. Во однос на последиците, односно поразот на левицата, ЦК не согласил со ставот на БКФ, дека „поразот на левицата значи поголемо заострување на борбата меѓу левицата и десното крило во ВМРО“.[293]

Во однос на идното делување, ЦК на БКП ја прифатил директивата дека не требало да се основаат нови организации и да се продлабочуваат несогласувањата меѓу емигрантските маси и нивните организации. А задачите на БКП биле: а) да им се објасни на масите смислата на последните настани; б) да се разоткрие антимакденската политика на бугарската држава; в) разоткривање на „предавството на десното крило на чело со Протогеров“; г) требало да се води борба против обидите ВМРО да се стави во услуга на бугарската буржоазија; д) на левицата и центарот требало да им се помогне да организираат свој „лев центар“ и да се подржи нивната борба; е) зајакнување на активноста помеѓу неорганизираните бегалци; ж) да се обезбеди подршка на македонската левица од тракиската и добруџанската организација. За реализирање на овие задачи, ЦК требало да создаде емигрантска комисија, да

[291] Ibid., 885-887.
[292] Ib., 887-889.
[293] Ib., 889-991.

ја зајакне својата организација во Петричкиот округ, да го запре бегството на комунистичките симпатизери од ВМРО, братствата и од Илинденската организација, како и да се засили активноста на комунистичките фракции во тие организации. [294]

Но, многу појасно се гледа ставот, односно револтот и разочарувањето на К. Јанков, во неговото писмо до И. Генчев, кое било испратено на 22 октомври 1924 година, односно додека заседавал Презедиумот на БКФ. На ставовите дека положбата на комунистите била добра во македонското движење, што било потврдено и од „компетентна комисија", К. Јанков саркастично искоментирал: „Тоа „компентентно" мислење, братче, тука сосема не го разбираме и покрај неговата голема компетентност. Токму спротивното, претрпевме пораз и сме многу [лошо] како во ВМРО така и во нивните легални организации, братства и „Илинден".[295] На сличен начин изреагирал и на ставот на „компетентната комисија" дека „до извесен степен" веќе не требло да се смета на ВМРО како на реална сила која можела да се насочи против комунистите. „Алах нека ви го прости вашето тивко недоразбирање! Токму спротивното го чувствуваме ние тука сосема реално на својот грб"- напишал во писмото К. Јанков.[296]

Понатаму во писмото повторно се осврнува на поделбата, која според него, била во ВМРО. Под „центар" или „македонска буржоазија", мислел на А. Василев, Г. Атанасов, Г. Пенков, „Илинденците" и други што гравитирале околу нив. „Виена и БКФ" го измешале центарот со левицата, па така ја прифатиле тактиката на македонската национална буржоазија, а не тактика на левицата, која своите тактички чекори секогаш ги поврзувала со борбите на работничките маси. А. Василев, Г. Атанасов, Г. Пенков и др., биле „македонски милионери", кои биле во економско непријателство со десницата, но и во економско и социјално непријателство и со македонските маси во Петричко.[297]

Малцинството во ЦК на БКП, преку И. Манев, изнело критика на ставовите на мнозинството. Според нив, мнозинството ја подржувало „чисто буржоаско-националистичката гледна точка".[298] Поделбата во ВМРО што ја

---

[294] Ib., 891.
[295] № 108 ПИСМО НА К. ЈАНКОВ АНАСТАСОВ ДО БОЈАН (И. ГЕНЧЕВ). 22 октомври 1924 г. Ib., 901.
[296] Ib., 901.
[297] Ib., 903.
[298] № 107 ИЗЛАГАЊЕ НА ТЕЗИТЕ НА ЦК НА БКП (т.с.), ИЗВЕШТАЈНА БЕЛЕШКА НА СЕКРЕТАРОТ НА ЦК НА БКП (т.с.), РЕШЕНИЈА НА ПРЕЗИДИУМОТ НА БКФ ЗА НАСТАНИТЕ ВО ВМРО. [Октомври] 1924г. Ib., 893.

изложил К. Јанков била наречена „вештачка“, односно постоело само „десно крило и левица“. Манифестот бил „почеток на оздравување на движењето, а не причина за неговиот погром“. Мнозинството морало „да ја корегира својата погрешна националистичка точка“. Национализмот на мнозинството се состоел во тоа што сметале дека ВМРО била господар во Петричкиот округ, па затоа немало зошто да се бори против бугарската буржоазија, туку било доволно само да ја зачувала неутралноста во однос на БКП, а борба да воделе само против српската и грчката буржоазија. Но, тоа нивно гледиште, според И. Манев, било демантирано од последните настани, кога се видело дека господар во Петричко бил А. Цанков. Од ова И. Манев заклучил дека мнозинството всушност ја исклучувала и основата за единствен фронт со ВМРО во Бугарија, затоа што тие го исклучувале „правото на Македонците да се борат за ослободување на бугарска Македонија“, но и „правото на БКП да го искористи национално-революционерното движење за уништување на владеењето на буржоазијата.[299]

Президиумот на БКФ останал на своите стари ставови, односно ставот на мнозинството во ЦК на БКП бил прогласен за погрешен. Во однос на моменталната состојба во ВМРО и чекорите кои што требало да бидат преземени, било решено: а) „Итно да се пристапи кон обновувањето на ВМРО врз принципите изложени во Манифестот. За таа цел да се создаде привремен ЦК на чело со Чаулев и во согласност со другите верни активисти и војводи. Тој ЦК да работи на обединување со другите македонски организации и на свикување на заеднички конгрес кој ќе треба да избере постојан ЦК на ВМРО“; б) Својата работа комунистите требало да ја спроведуваат во сите делови на Македонија и да формираат свој центар во Вардарска Македонија. Било потребано „да се направи се’ што е неопходно за да се истргнат колку што е можно поголем број активисти од влијанието на бандата на Протогеров“; в) БКП требало да ја засили својата активност помеѓу македонската емиграција во Бугарија и во нејзините организации; г) Во „обновуваната ВМРО“ и во легалните организации, комунистите биле должни да организираат комунистички фракции; д) Координацијата на целата работа во Македонија морало „да се врши преку БКФ во контакт со спомнатите задгранични

[299] Ib., 893-895.

комитети на ВМРО"; е) Исто така и БКП, КПД и КПГ, морале да бидат во контакат со ВМРО.[300]

Всушност, состаноците во Виена не довеле до некои покрупни промени. Авторитетот на Г. Димитров во БКФ бил голем, па било прифатено и неговото гледиште. Во исто време се воделе две дискусии, кои што взаемно биле поврзани. Едната за тоа каде била грешката, доколку ја имало во тактиката во преговорите со ВМРО, а второ, каков требало да биде односот со ВМРО по случувањата во септември/октомври 1924 година. Како во однос на првото прашање, така и во однос на второто било прифатено гледиштето на „Виенскиот центар". И покрај сите настани и реалноста на теренот, ништо не било променето и во ноември, па така и понатаму се тврдело дека „по септемврските настани се создадени поволни услови за побрз развиток на македонскотонационал-революционерно движење и за воспоставување негова тесна врска со општореволуционерното движење на Балканот".[301] Во согласност со ова, Г. Димитров го критикувал ставот на „руските другари", кои се заложиле за ликвидирање на ВМРО и создавање на нова македонска организација. Така останала главна задача "обновувањето на ВМРО врз платформата на Мајскиот манифест", со веќе образуван ЦК на чело со П. Чаулев. На истата задача работеле и федералистите, била формирана и „општа усогласителна комисија" од претставници на федералистите и „ВМРО на (Влахов)", а Т. Паница ги организирал „старите санданисти".[302]

Но, резултат бил видлив и многу порано и на крај морал да биде признаен поразот. Во јули 1925 година, ЦК на БКП признал дека левицата била поразена во однос на македонското движење и дека состојбата во Бугарија се стабилизирала и се уцврстила власта на А. Цанков. Но, БКФ сметала дека не би дошло до таков исход, доколку ЦК на БКП дејствувал поенергично со создавање фракции во македонските организации и со обединување на

---

[300] Ib., 897-899.

[301] № 116 РЕЗОЛУЦИЈАТА НА ПРЕЗИДИУМОТ НА ИККИ ЗА МАКЕДОНСКОТО И БУГАРСКОТО ПРАШАЊЕ. 28 ноември 1924 г. Ib., 977.

[302] № 171 Писмо от Георги Димитров до Васил Коларов в Москва с искане на мнението на ИККИ за линията на БКП по македонския въпрос за неизпълнението от Тодор Александров на поетите ангажименти с Майския манифес, за позива на Петър Чаулев в „Балканска федерация", редактиран от Г. имитров, за разговорите си с Тодор Паница по изграждането на Единния фронт и участието му в бъдещо въстание и др. *БКП*, op. cit., *Том първи*, 425.

левицата. А, борбата со А. Цанков била неизбежна.[303] И Г. Димитров во еден свој реферат во 1928 година, изложувајќи ја дејноста на БКФ за претходните години, констатирал дека левото крило на Македонската организација, доживеало пораз во септември 1924 година.[304]

Погрешните извештаи, кои понекогаш биле правени со цел не да ја изложат реалната состојба, туку да ги потврдат субјективните анализи и проценки, како и „доктринерството" и идеолошката крутост, придонеле како и за времето по потпишување на манифестот, така и сега по убиството на Т. Александров, Советскиот сојуз да не го оствари посакуваниот успех. К. Јанков, кој што добро ја познавал состојбата во ВМРО и во Пиринска Македонија, јасно укажувал на тие грешки, но неговите анализи не биле прифатени. К. Јанков за Г. Димитров останал „типичен офицер" и не ги прифатил неговите мислења. Како последица на тактика што била водена, во ВМРО и другите македонски организации во Бугарија, левата опозиција била маргинализирана, меѓу другото и со помош на убиствата. Премногу лесно биле изложени на удар, со кој не можеле да се носат.

2.2. Функционирање без лидер

По пресметката во Г. Џумаја, паралелно со борбата против привржаниците на А. Василев, потребно било убиствата да бидат озаконети. Утрото на 13 септември 1924 година, била одржана средба помеѓу И. Михајлов, К. Прилчев, К. Дрангов, Г. Баждаров, Ј. Ѓурков, П. Михајлов и П. Шанданов. Г. Баждаров подготвил комунике, кое било потпишано од единствениот преостанат член на ЦК на ВМРО, А. Протогеров.[305] Окружното било потпишано од А. Протогеров, иако не учествувал на состаноците кога се донеле одлуките за

[303] № 171 Из отчетния доклад на ЦК на БКП (т.с.), изнесен од Ст. Димитров на Московското съвещание относно работата на БКП (т.с.) сред националнореволюционни организации и дебатът по него. *Коминтернът и България (март 1919 – септември 1944 г.), Том I, Документи, София, 200,* 435.

[304] № 166 РЕФЕРАТ НА Г. ДИМИТРОВ НА VIII КОНФЕРЕНЦИЈА НА БКФ. 1 септември 1928 г. *Македонското прашање во документите на Коминтерната, том I, книга 2, op. cit.*, 1347.

[305] П. Шанданов, op. cit., 156/7; Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/.

убиството.[306] Во окружното е наведено дека имало „специјално назначен суд“, кој донел пресуди.[307] Но, треба да имаме во предвид дека одлуките за убиствата не биле донесени согласно прописите на ВМРО. Не биле организирани судења, туку пресудите или поточно одлуките за убиствата, биле донесени на неформални состаноци. Пост фестум, со антидатирани пресуди, бил направен обид пресудите донесени без формално оформен суд, да бидат оправдани пред судот на јавноста.

По објавувањето на окружното, информацијата за смртта на Т. Александров била објавена и во медиумите, по што во Софија била организирана панихида на која присуствувале повеќе од 30 000 души.[308] Панихидата ја воделе три владици и мноштво свештеници, говори биле одржани истовремено на 5-6 пункта. Стотици венци биле положени на споменикот на Васил Левски, а манифестацијата се завршила кај катедралата, каде говорел претседателот на Националниот комитет на Сојузот на македонските братства, Владимир Кусев.[309]

Пиринскиот дел на Македонија, односно Петричкиот округ, станал најзначаен дел на ВМРО. Во вардарскиот и во егејскиот дел на Македонија, организацијата не можела да воспостави ни приближно добро таква мрежа како во најмалиот дел на поделената Македонија. Големите амбиции на А. Василев и Г. Атанасов, биле поттикнати токму од моќта што ја имала организацијата во тој дел. Голем број на луѓе под оружје, секогаш постоела можност за масовно мобилизирање на дополнителен број, извор на приходи, сето тоа претставувало голема предност во однос на другите окрузи. Иако ВМРО во Македонија под бугарска власт била помошна и немала револуционерна дејност, недостаток на тој „боречки ореол“ во однос на другите

---

[306] К. Прличев, пишува дека А. Протогеров: „молчеливо или формални ги одобруваше наметнатите санцкии“ (К. Пърличев, *36 години*, op. cit., 131/2). К. Палешутски во својата монографија, во однос на потпишувањето на овој документ, напишал: „Не е тешко да се потсетиме, дека тој текст е вметнат под носот на Протогеров и тој го потпишува“ (К. Палешутски, op. cit., 11.)

[307] № 112 Окружно до Комитетите на револуционите окрузи и до Задграничното Представителство на ВМРО относно убийството на Т. Александров. К. Пърличев, *36 години*, op. cit., 481; Ангел Узунов, *Спомени*, Предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2014, 328-331.

[308] Според еден австриски документ, присуствувало околу 30 000 лица ((37. Доверлив извештај од вршителот на работите во претставништвото во Софија од 20 септември 1924 година до министерот за надворешни работи д-р А. Гринбергер во Виена во врска со пресметките меѓу македонските политички фракции во Бугарија. *Македонија во австриските*, op. cit., 208/9.), додека според И. Михајлов повеќе од 40 000(И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 52.).

[309] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 52/3.

окрузи, бил пречка само во подругливите коментари кај другите војводи, но реалната сила била во Петричкиот округ. Постепено, поради сплет на различни околности, ВМРО била принудена во голема мерка да го ограничи своето делување и се повеќе да се затвори во границите на Бугарија. Намаленото навлегување на четите во вардарска Македонија се должело на повеќе причини. Бугарската влада вршела притисок врз ВМРО да не и пречи при нејзината легитимација на меѓународен план по превратот на 9 јуни 1923 година. Истата година ВМРО била зафатена и со Септемвриското комунистичко востание. Организацијата се трошела и во борбите со федералистите, кои што веќе преминале на страна на Кралството на СХС, со што организацијата добила нов силен противник во вардарскиот дел на Македонија. Контрачетите формирани од федералистите, засилувањето на заштитата на границата помеѓу Бугарија и Кралството на СХС, како и се поотежнатото навлегување преку Албанија, исто така биле дел од причините. Намерата на Т. Александров, преку договорите со Советскиот сојуз да го реши големиот проблем кој што му преставувале контрачетите, не му се остварила. Како врв на се, се случиле и пресметките по неговото убиство.

По повеќекратните стресни ситуации низ кои поминал А. Протогеров, убиството на Т. Александров и впериот пиштол во него за време на акцијата во Г. Џумаја, веќе на 15 септември 1924 година, почнал да се бави со организациска дејност. Првите негови директиви биле во врска со организирањето на ВМРО во Петричко. Г. В'ндсв бил известен од А. Протогеров, дека и понатаму требало да раководи со Струмичкиот округ и пунктот во Петрич, а „најблизок помошник" требал да му биде Ефтим Цеков.[310] Г. В'ндев бил задолжен да провери како стојат со материјални средства и да му испрати информации. За да не била „изложена државата", А. Протогеров наредил никој да не носи оружје, ниту комитска облека, затоа што во „слободна Бугарија", тие биле „само граѓани" и требале да се потчинуваат на законите.[311] На С. Филипов му наредил заедно со Гогата Хазнатарски, санданист, да работат во Разлошко, за да не дојде до поделби. Во иста насока одела и препораката во

[310] ПРОТОГЕРОВ е източника на първите директиви към новите ръководители в Пиринска Македония. Той е инициатора на действията по залавяане на убийците. Кирил Пърличев, Убийството на Тодор Александров, *БКП*, op. cit., *Том първи,* 97.
[311] Ibidem, 98.

околиското раководно тело, да влезеле еден-двајца од Разлог.[312] Очигледно дека А. Протогеров, сакал организацијата низ престојните настани да помине со што помалку потреси и меѓусебни судири. Затоа и до самиот Г. Хазантарски, А. Протогеров напишал дека го смета за чесен и верен син, кој што не служил на личности, туку само на татковината. И кај него инсистирал да се сочувало единството во Серскиот револуционерен округ.[313] И во писмото до И. Караџаов, А. Протогеров напишал дека Г. Хазнатарски бил „чесен и разумен борец".[314] Судењата за приватни дела биле укинати. Од војводите барал да бидат подготвени за работа и да им покажеле на „сите непријатели" дека бил жив „тодоралександровиот дух".[315]

На 23 септември 1924 година, А. Протогеров како член на ЦК, му дал полномоштво на И. Михајлов, да делува во Петричкиот округ.[316] Со ова полномоштво А. Протогеров дал голем придонес во остварувањето на амбициите на И. Михајлов за освојувањето на врвот на организацијата. Искусниот А. Протогеров, тешко дека не знаел што преставувал Петричкиот округ за ВМРО. Така што, најверојатно ова одлука е знак на негова слабост. Тој уште не успеал да се позиционира во ВМРО во новонастанатите услови и да биде лидер, што според позицијата му припаѓало. Интересно е дека неколку дена пред А. Протогеров да му даде полномоштво, И. Михајлов дури го прекорува својот постар соработник со дециниско искуство и му забележува дека во своите писма А. Протогеров соопштил име на соработник, а и дека не требало да спомнува за конгресот кој претстосл затоа што тоа било внатрешна работа на ВМРО.[317]

И. Михајлов, кој имал организациски квалитети, постигнал успех во средувањето на состојбата во Петричкиот округ. Противниците биле убиени, а на нивните места поставил луѓе од доверба. На 17 октомври 1924 година, по негова препорака, за пунктови началници биле назначени: Николај Георгиев за Петрич, И. Караџов за Г. Џумаја, С. Филипов за Неврокоп, Атанас Калчев за

---

[312] Ibid., 100.
[313] Ib., 99.
[314] Ib., 100.
[315] Ib., 102
[316] К. Палешутски, op. cit., 12.
[317] ДАРМ, фонд Александар Протуѓеров, кутија 3, *Писмо од Иван Брезов (Иван Михајлов) до Илија (А. Протуѓеров), во кое му се обрнува внимание на Илија во писмата да избегнува имиња; воедно се споменува и одржувањето на општиот конгрес на ВМРО*, стр, 293.

Пловдив. Пунктовите началници требале да ја зацврстат дисциплината помеѓу помошните членови на ВМРО.[318]

Било поставено и ново раководство во Разлошката околија. За претседател бил поставен Атанас Грнчаров, за потпретседател, блискот соработник на И. Михајлов, старот војвода И. Вапцаров, Г. Цаков за секретар, додека П. Глбов за касиер, а Б. Максимов за советник.[319]

На 9 ноември 1924 година, од И. Михајлов бил конституиран и Окружниот комитет на Серскиот револуционерен округ. И тука за претседател поставил негов близок човек, станува збор за С. Филипов, за секретар бил поставен Илија Попиванов, касиер бил Ангел Бузалков, а советник А. Манасиев.[320]

ВМРО во Пиринска Македонија не била зафатена само со внатрешните проблеми, туку и со навлегувањето на контрачети кои биле во српска служба. Е. Полски добил задача од ВМРО со група од 10 до 25 души да се бори против четата на Илија Пандурски.[321] Никола Георгиев, адвокат и организатор на ВМРО во Петрич, резигнирано заклучил, дека наместо ВМРО да води успешна борба на територијата на Грција и Кралството на СХС, се случувало токму обратното, од таму биле испраќани чети во Пиринска Македонија. Дури и членови на ВМРО биле во нивна услуга, па затоа Н. Георгиев предложил да се спроведе строга селекција на луѓето, за да се издегнел престижот на организацијата.[322] ВМРО имала проблем со кадрите кои и штетеле на нејзиниот углед, не само поради причината која ја навел Н. Георгиев, затоа било предвидено да не бидат примани за четници лица по кои трагала власта поради извршени престапи, ниту оние кои што заминувале „само еднаш од љубопитство“, бидејќи организацијата требала да достигне високоморални цели, во нејзините редови требало да бидат примани само „најнормални луѓе, идеалисти, спремни да се жртвуваат за слободата на своите браќа“.[323]

Членовите на ВМРО во Петричко предлагале царевоселската чета и малешевските групи да навлезат во нивните реони и да ги уништат

[318] Д. Тюлеков, op. cit., http://www.mni.bg/.
[319] Ibidem, http://www.mni.bg/.
[320] К. Палешутски, op. cit., 15.
[321] Д. Тюлеков, op. cit., http://www.mni.bg/.
[322] К. Палешутски, op. cit., 15., 19.
[323] Д. Тюлеков, op. cit., http://www.mni.bg/.

контрачетите уште при нивното формирање. Притоа било заклучено, дека додека четите биле на територијата на Вардарска Македонија, немало напади од таму. А. Протогеров на ваквите предлози одговорил дека тоа прашање требало да се разгледа на општиот конгрес, а ополномоштеникот токму за Петричко, И. Михајлов, во своите резолуции се согласувал дека организацијата била слаба.[324] Од рапортот (2 ноември 1924 година) на Г. В'ндев до ЦК на ВМРО се гледа дека тој како раководител на Струмичкиот револуционерен округ, презел одредени мерки. Формирал четири гурпи: Малешевска на Цеков – 25 души; Радовишката на Василев – 18 души; Дојранската на Андонов – 8 души; и Струмичката на чие чело бил тој со 29 души. На групите им наредил да минат во Вардарска Македонија и таму да извршат оружени акции. Групата на Цеков на 28 октомври 1924 година ја завршила својата задача и се вратила во својата база во Пиринска Македонија.[325]

Но, навлегувањата на контрачетите не било единствениот проблем за населението во Пиринска Македонија. Проблем за нив преставувал и откупот на тутунот кој што бил нивната најголема егзистенција, па доколку откупните цени биле ниски, населението не можело „да се исхрани до крајот на годината". Народот се бунел пред ВМРО, затоа што отсекогаш во неа гледале заштиник не само „во борбата против владетелите, туку и против тираните, експлоататорите на неговиот труд, бегови и чорбаџии". Проблем за ВМРО било и што пратениците од Петричко биле и главни претставници на тутунските извозни фирми, па поради тоа А. Протогеров со окружно им забранил повеќе да вршат таква дејност. Исто така, угледот на ВМРО бил нарушуван и од тоа што некои нејзини членови го користеле населението за ангарија, сечење на дрва, при градење на куќи, работење на ниви и сл., кое што било спротивно наредбите на ВМРО. Затоа на пунктовите началници им било соопштено да се престане со таков начин на искористување на населението за лични цели.[326]

Со средување на состојбата во Пиринска Македонија се нафатиле А. Протогеров и особено неговиот полномошник за тој дел од Македонија, И. Михајлов. Еден ден пред да добие полномоштво од А. Протогеров за Петричкиот округ, И. Михајлов на 22 септември 1924 година, со писмо се

---

[324] К. Палешутски, op. cit., 19/20.
[325] Зоран Тодоровски, ВМРО 1924-1934, Скопје, 1997, 25, ф: 27.
[326] Д. Тюлеков, op. cit., http://www.mni.bg/.

обратил до членот на ЦК. Во писмото му сугерира што тој бил направил кога би бил на местото на А. Протогеорв. Повод за писмото е судирот помеѓу војводите од Скопскиот револуционерен округ. И. Михајлов го информирал А. Протогеров дега „има извесни непријателства" кон „Чавдар (псевдоним на П. Михајлов, б.м.) од страна војводите" во Скопскиот револуционерен округ.[327] За средување на состојбата во округот, И. Михајлов му предложил на А. Протогеров да се „избере едно тричлено тело", кое ќе управувало со округот до свикување на Скопско револуционерно собрание, затоа што според И. Михајлов, конгрес немало да се случи наскоро.[328]

За непријателствата на одредени војводи кон П. Михајлов, се изјаснил и тој самиот во писмо до А. Протогеров. За него постоел само еден одговор за таков однос – „Злоба, Злоба, Злоба".[329] Според него, бил потребен само еден совет од страната на И. Михајлов и работата ќе се поправела. Но, освен за отпорот кон него кој се јавил кај одредени војводи, П. Михајлов во писмото пишувал и општо за улогата на еден револуционер во организацијата која што не нашла на крстопат. Според него еден револуционер требало да ги има следните квалитети: „интелигенција, широка и божествена душа, да е тивок, цврст, со широка култура итн. За него револуционер не била роба која што можела да се купи на пазар, ниту професија – занает.[330] П. Михајлов ја опишува и состојбата која што завладеела во организацијата по смртта на Т. Александров. Помеѓу дејците на организацијата се појавило „нешто, колку карактерно, толку обеспокојувачко". Се забележувала „една нескриена желба секој да биде прв". Притоа некои се повикувале на својата долга револуционерна дејност, други на своето минато, трети на својот интелект, додека четвртите на своите врски во Бугарија. Затоа П. Михајлов повикал „секој Македонец да си го земе своето место во револуционерната организација, без да прејавува амбиции за лидер", затоа што „Македонија нема потреба од лидери, туку од доблесни борци".[331] Тој напоменал и за лошата

---

[327] ДАРМ, фонд Александар Протуѓеров, кутија 3, *Писмо од Брзов (И. Михајлов) до Ангеле (А. Протуѓеров) во кое по образложените точки, доаѓаат до заклучок дека чл. 3 треба да се изгласа пред одржувањето на конгресот*, стр. 297.
[328] Ibidem, 297/8.
[329] Моралниот кодекс на македонскиот револуционер, Зоран Тодоровски, *Id ego sum (македонски историски рефлексии)*, Скопје, 2008, стр. 28.
[330] Ibidem, 27.
[331] Ibid., 27/8.

состојба во Македонија и дека имало деморализација меѓу војводите и четниците. Притоа посочил дека организацијата требало да се води „од внатре“, а не од Софија, затоа што во спротивно П. Михајлов предвидува дека „ќе се претвориме во една група чие име ми е страв да го спомнам“.[332]

Но, И. Михајлов во тој период ја добил и функцијата „секретар на ЦК“, која не била согласно правилникот на организацијата. По убиството на Т. Александров, настанала и институционална криза во ВМРО. ЦК на ВМРО останал само на еден член. П. Чаулев бил исклучен од ЦК. Бидејќи сите членови на ЦК биле избрани не на општ конгрес, туку од Окружните комитети, па и сега на иста основа, со одлука на Окружните комитети бил исклучен.[333] Соочен со новата состојба, А. Протогеров предложил да се формира привремен ЦК од претставници на окружните комитети, кој ќе донесувал решенија до свикување на конгресот. Но, под притисок на задграничните претставници, ваквиот предлог бил одбиен, затоа што времето но општиот конгрес било кратко, а до тогаш со помош на други членови на ВМРО, А. Протогеров ќе ја раководел организацијата.[334] А. Протогеров предложил П. Шанданов да биде негов секретар и помошник, но тој одбил. На функцијата „секретар на ЦК“ бил поставен И. Михајлов, по предлог на ЗП, иако таква фунцкија не постоела. Според И. Михајлов, тој бил назначен на таа функција на иницијатива на А. Протогеров. Затоа што А. Протогеров „сваќал дека со неговиот потпис не можел да протурка ниту една наредба.[335]

И кога овој став на И. Михајлов би го препишале на неговото ривалство со А. Протогеров, сепак, во тој момент бил нарушен авторитетот на „единствениот член на ЦК“. Тој не е целосно изолиран, по акцијата во Г. Џумаја веќе почнал да донесува одлуки и да издава наредби, но решенијата биле носени претежно од неформално колективно тело во кое биле видни дејци на ВМРО. Првин А. Протогеров му ја препуштил Пиринска Македонија на И. Михајлов, а сега во документите на организацијата, под неговиот потпис се

---

[332] Ib., 29.

[333] № 113 До представителите на ВМРО в странство отнсно убийството на Т. Александров. К. Пърличев, 36 години, op. cit., 483.

[334] П. Шанданов, op. cit., 158. Уште пред Горноџумајската акција, П. Михајлов и П. Шанданов му предложиле на А. Протогорево, да се формира „привремено тело“. Во писмо од 7 спетември 1924 година, А. Протогеров до П. Шанданов напишал: „Јас сум целосно согласен и сметам дека вашата идеја е прекрасна“. (П. Шанданов, op. cit., 8, белешка 3.)

[335] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 74.

наоѓал и потписот на И. Михајлов. Ова одлука била потврда за авторитетот кој што И. Михајлов веќе го стекнал, но и причина плус тој авторитет да порасне. Така И. Михајлов изодил уште еден чекор во неговиот брз напредок кон врвот во ВМРО.

На 17 октомври 1924 година во весникот „Reichpost“, бил објавен разговор „со еден водач на организацијата“. Водачот бил И. Михајлов. Во разговорот најпрвин се осврнале на убиството на Т. Александров, кое било „тежок удар“, но „Главниот комитет“, како што И. Михајлов го нарекол неформалното тело кое носело одлуки, со уште поголема енергија ќе го продолжел делото на Т. Александров.[336] Главна цел на организацијата била „единственоста и независноста на цела Македонија“ со Солун како главен град. Како услов да се откаже од револуционерна тактика и да се бори со легални средства, И. Михајлов ги поставил правата на малцинствата, односно признавање на верата и јазикот на населението. Но, доколку тие барања не се исполнат, И. Михајлов најавил дека борбата ќе била уште поголема, а ВМРО отфрлала секаква одговорност за компликациите, кои што можеле да го нарушат и мирот во Европа.[337]

Организацијата сметала на „новите демократски фактори и во Западна Европа“. Како подржувачи на ВМРО, И. Михајлов го посочил Лондонскиот балкански комитет, чиј претседател бил Едуард Бојл и се очекувало негово пристигнување во Софија. Меѓу луѓето кои „добро ја познавале сегашната положба во Македонија“ биле и „членовите на англискиот парламент“ генерал Томсон и Ноел Бекстон, а од Франција Жустен Годард и Едуард Даладие.

И покрај крајните цели на организацијата, И. Михајлов навел дека не биле „фантазери“. Односно како привремено решение било прифатлива и автономија на „југословенскиот дел“ на Македонија, кон кој со тек на времето ќе се присоединеле и другите делови, со што “Македонија како автономна држава ќе може да се развие во пределите на Југославија“.

Болшевиците знаеле дека меѓу „Македонците ќе најделе најмногу луѓе спремни за борба“, но удриле во „карпа“ т.е. во Т. Александров, кој што знаел

[336] № 1 Разговор с един водач на Организацията. Една местност в Македония, Началото на октомври [1924 г.]. Ц. Билярски, Тайните, op. cit., 238.
[337] Ibidem, 239.

дека задача на организацијата не била да се бори со западни демокаратии, а дека успехот на болшевиците во Македонија ќе и наштетил само на една држава, на "несреќната Бугарија". Завршувајќи го излагањето за односот со болшевиците, завршило и интервјуто со констатацијата на И. Михајлов, дека промена на влади никогаш не била и никогаш нема да биде задача на ВМРО.[338]

Преговорите со Советскиот сојуз, кои резултирале со договор, откажување и пресметки, го покренале прашањето за идеолошката поставеност на ВМРО, како и за нејзината политика на „неутралност" во однос на политичкиот живот, се додека некоја партија или влада не работи на штета на организацијата. Впрочем, тоа прашање било покренато и во посоченово интервју на И. Михајлов. ЦК на ВМРО сметал дека било неопходно да даде "изјаснувања и категорични упатства" по овие пршања за сите членови на организацијата, па за таа цел било издадено циркуларно писмо бр. 822. Циркуларното било потпишано од А. Протогеров како член на ЦК и од И. Михајлов како секретар на ЦК. Како и до тогаш, ВМРО била дефинирана како „народно движење, кое се стреми да осигура политичка самостојност за севкупна Македонија, човекови права за секој нејзин жител, широки услови за национален-културен развиток и економски напредок на сите народности во неа". Токму поради овие причини во неа пристапувале „луѓе со секакви лични убедувања, со различна класна или партиска припадност", но своите лични сфаќања ги ставале во „заден план" по влегувањето во организацијата, затоа што биле свесни дека таа се борела за да „извојува најдобри услови и за лична, и за национална, и за општочовечка слобода".[339] Со ова јасно бил истакнат надкласниот и надпартискиот карактер на организацијата.

Поради најновите настани, посебно било истакнато дека „многу од хероите" имале леви убедувања, кои се саможртвувале, „извршувајќи славни подвизи за каузата на поробениот". За Македонија создавале и умреле и „многу убедени комунисти, демократи, социјалисти, толстоисти", кои биле „темелно убедени дека во таквото творештво и жртва целосно се прејавува и победува слобната личност". Но, тоа не била само нејзиното минато, туку и „денес македонската ослободителна борба ја водат луѓе што се разликуваат по

[338] Ibid., 239-240.
[339] А. Узунов, op. cit., 333.

националноста, по религиозните и социјалните убедувања, по материјналната состојба".[340]

Затоа, ВМРО не можела да си дозволи „да се меша во внатрешните работи на туѓи земји или на одделни партии", но таа не можела да дозволи "ниедно одделно лице, ниедна партија или држава преку македонското движење да спроведува свои сопствени сваќања и цели, различни од целите и сфаќањата на организацијата". Како опасност по овие постулати на кои почивала ВМРО, во циркуларното биле посочени „аспирациите на комунистите", односно Третата комунистичка интернационала, која сакала да го искористи македонското револуционерно движење, „да го постави како претходница за претворање на Бугарија во советска република, преку неа да ги советизира другите балкански држави, па да се постигнело ослободувањето на Македонија". Комунистите сакале да ја „земат власта во Бугарија во содејство со ВМРО,или ако не ја добијат, да ја уништат ВМРО морално и физички", затоа што тие „фантазирани партизани" сметале дека секој што не бил со нив бил против нив. Но, во организацијата за остварување на нивна цел не успеале да најдат големи приврзаници „освен неколку луѓе како Петар Чаулев", кои одамна биле изгубени за Македонија. Според циркуларното, комунистите не постигнале успех, затоа што организацијата била во „здрави и верни раце", поради што „болшевичката органиација прибегнала кон друго средство", односно отстранување на водачите на организацијата.[341] Како прилог на тоа, во продолжение во циркуларното, била изложена и верзијата на ВМРО за убиството на Т. Александров, позади кое стоеле комунистите.

Поради опасноста со која се соочувала организацијата, биле повикани „членовите и истомислениците на ВМРО, а главно, одговорните лица и тела", да соопштувале за формирање на тајни комунистички јадра на територијата на организацијата, за нивен упад во легалните македонски организации, како и „за прикривањето на божемните членови на ВМРО". Комунистите требало да разберат дека немало да „останат неказнети за експериментирањето со македонското дело", затоа што и покрај тоа што ВМРО давала и „дава доволно докази за толеранција на убедувањата и на слободата на личноста".[342] Иако во

[340] Ibidem., 333/4.
[341] Ibid., 334.
[342] Ib., 336.

циркуларното била направена разлика помеѓу личните убедувања, кои што биле допуштени доколку не се наметнувале како цели на организацијата, оштриот тон кон комунистите, инсистирањето дека немало да останат неказнети, задолжувањата сите да се борат против формирање на тајни комунистички јадра и слично, несомнено ги изложувало сите комунисти и на нив блиски луѓе, да се најдат на удар, што и се случило. Секако, нетрпеливоста не била еднасочна, во исто време и Третата интернационала сакала да завладее со организацијата. [343]

При подготовката на циркуларното, било предложено во него да стои и дека „организацијата и во минатото и сега се бори против чифликчиите, против капиталистите, кои го ограбуваат населението".[344] Овој дел со кој се сакало дополнително да се истакне надкласниот карактер на организацијата и да се одбранат од нападите дека биле слуги на буржоазијата, не влегол во циркуларното.

Кога се зборува за односот на ВМРО со левицата, потребно е да се направи дистинкција помеѓу социјалистите и болшевиците. Токму кога се случила акцијата во Г. Џумаја, во Бугарија бил присутен Еми Вандервелде, еден од основоположниците на Социјалистичката работничка интернационала. Случувањата кои Е. Вандервелде го затекнале во Бугарија, биле подетално објаснети од бугарскиот социјалист Јанко Сак'зов во неговиот извештај до Извршниот комитет на Социјалистичката интернационала. Во извештајот Ј. Сак'зов подвлекол дека причината за крвавите настани била „отсуството на слобода во Македонија за македонските домородци" и дека „само давањето на таква слобода" ќе ја запре македонската борба и на болшевиците ќе им била одземена секаква можност „да го искористат за свои цели тоа опасно оружје какво што е Македонската револуционерна организација и несреќата на сите други бегалци".[345]

---

[343] Види „СССР и ВМРО".

[344] Директиви на ПРОТОГЕРОВ до ЗП, създадени следствие убийството на Александров, определящи отнояението на Организацията към боляевизма и насоките за атака срещу него. К. Пърличев, Убийството, op. cit., 105.

[345] № 94 ИЗВЕШТАЈНА БЕЛЕШКА НА Ј. САК'ЗОВ ДО ИЗВРШНИОТ КОМИТЕТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКАТА РАБОТНИЧКА ИНТЕРНАЦИОНАЛА „ТРАГЕДИЈА НА БАЛКАНОТ". [Септември-октомври] 1924 г. *Македонското прашање во документите на Коминтерната, том I, книга 2*, op. cit., 803.

Во инструкциите од ЦК на ВМРО до претставниците на организацијата во странство, во однос на надворешната политика на организацијата, била направена јасна дистинкција и помеѓу двете власти и двете политики во Советска Русија, односно едната била на државата Русија, а другата на Тратата интернационала. Проблем помеѓу СССР и ВМРО настанал, затоа што при преговорите и подоцна, затоа што освен првата политика, која што била прифатлива за организацијата, СССР сакал да ја наметне и втората. Но, ВМРО не ја исклучувала можноста и во иднина да дојде до договор со СССР, но само врз основа на заеднички политички интереси.[346]

Во однос на Англија било посочено дека организацијата веќе успеала да добие симпатии кај делот од печатот и кај некои официјални лица. Можело да се очекува „поткрепа од Англија, за да се даде најмалку автономија на Македонија во Федеративна Југославија". Англија се грижела да не се нарушил мирот и на тој начин, да настрадале нејзините економски интереси. [347] Франција и давала поддршка на Југославија, но бидејќи српскиот хегемонизам станал пречка за опстанокот на Југославија, во Франција се повеќе се оформувало мислење дека требало да се преустрои Југославија на федеративни основи. И официјална Франција почнала да прејавува интерес за дејноста на ВМРО.[348] Во интерес на Италија било ослабнување на Југославија и давање на автономија на Македонија, па затоа, предвидувал ЦК на ВМРО, и кога би бил склучен договор помеѓу Италија и Југославија, не би дошло до промена на ставот на Италија во однос на Македонија.[349]

ВМРО се трудела да го држи отворено и да го реши бегалското прашање преку Друштвото на народите. Во декември 1924 година било одржан состанок на Советот на Друштвото на народите на кој требало да се расправа за тоа прашање. Но, според извештаите што Антон Пиперов од Рим редовно ги праќал до А. Протогеров, таа шанса била испуштена затоа што Т. Карајовов пристигнал подоцна и поради тоа не можел да направи никаква акција пред

---

[346] № 113 До представителите на ВМРО в странство отнсно убийството на Т. Александров. К. Пърличев, 36 години, op. cit., 488-490.
[347] Ibidem, 487.
[348] Ibid., 487/8.
[349] Ib., 488.

Друштвото на народите.[350] Освен задоцнетото пристигање на Т. Карајовов, проблем бил и што Гоце Радев, кој што „апсолутно ништо не прави“ за да го претстави бегалското прашање на новинарите и дипломатите. Ниту бугарската делегација во Друштвото на народите не покренала официјална постапка за ова прашање да се разгледува на идната сесија, која што требало да се одржи во март 2015 година.[351] Како што може да се види од извештајот на А. Пиперов, Т. Карајовов требало да има дипломатска мисија и во Албанија. Албанија била значајна за ВМРО бидејќи нејзината територија била користена како база за навлегување на четите во Западна Македонија, но со доаѓањето на власта на Фан Ноли, кој што ја имал подршката на СССР работите се усложниле за ВМРО. Но, според А. Пиперов, исто така и таа негова мисија тешко ќе можела да постигне резултати, затоа што во Албанија веќе „2-3 дена има нова револуција против сегашната влада“.[352] Всушност се работи за преврат предводен од Ахмет Зогу, кој што позади себе ја имал подршката на Кралството на СХС. И едната и другата струја била проблем за ВМРО, поради заднината на двјацата лидери. Затоа тие ова состојба во Албанија ја нарекле „албанска трагедија“ и ги повикале да смогнат сили да се откажат од погрешни пријатели, мислејќи на СССР и на Кралството на СХС, и да се ослонат на пријатели со идентични или сродни интереси и стремежи.[353]

Директивата за немешање во партиските борби во Бугарија била дадена и во дописот на ЦК на ВМРО до „Раководните тела на револуционерните околии“ во пиринскиот дел на Македонија од 12 октомври 1924 година. За возврат било барано и бугарските политички партии да се откажат од дејствувањето во Пиринска Македонија.[354] Од пиринскиот дел на Македонија, одредена група на кандидати за пратеници имала поддршка од ВМРО, кои што по влегувањето во бугарскиот парламент, дејствувале како „македонска парламентарна група“. Во дописот до македонското население во Македонија под власта на Кралството на СХС од 24 декември 1924 година, во однос на изборите кои следувале, ЦК на ВМРО дал македонското население да истакне

---

[350] ДАРМ, фонд Александар Протуѓеров, кутија 4, *Информација од А. Пиперов до Ангеле (А.П.) во врска со водените разговори со Молотов и Езерски (П. Чаулев) за состојбите во Албанија*, стр, 60.
[351] Ibidem, 60/1.
[352] Ibid., 60.
[353] Вестник *„Свобода или смърт“*, 15 март 1925, број 6, стр. 2.
[354] З. Тодоровски, ВМРО 1924-1934, op. cit., 25/6.

свои кандидати на листите на југословенските партии, а подоцна по влегување во парламентот на Кралството на СХС, да формираат и тие своја „македонска парламентарна група“.[355]

Главната четничка дејност на ВМРО се одвивала токму во делот на Македонија под Кралството на СХС. И покрај турбуленциите кои ја зафатиле организацијата, дејноста во тој правец, иако со намален интензитет и понатаму се одвивала. Ќустендилскиот пункт, кој што бил основен за преминување на границата, продолжил да праќа чети во Вардарска Македонија и да ги прифаќа оние кои се враќале назад.[356] Војводата Дончо Христов во почетокот на октомври 1924 година, спровел акција во Царево село. Во кафеаната „Шумадија“, каде што се собирале српските четници, биле фрлени три-четири бомби, по што петмина биле убиени, а ранети двојно повеќе.[357]

Свкоја активност пројавила и четата на кратовскиот војвода Мите Опилски. Кон средината на октомври навлегле во селото Крилатица, го фатле шпионот Антон Крстев и веднаш го погубиле. Од властите била организирана неуспешна потера. Кратовската чета дејствувала и во градот Кратово. Четата влегла во градот и фрлила околу 15 бомби. Во Кратово настанала таква паника, па началник на градот уште истата вечер избегал во Куманово. Додека да се соземат органите на власта, четата се повлекле на сигурно. На 25 декември 1925 година, четата на М. Опилски во село Којково го убила „ренегатот-шпион Јосиф Селишки. Врз неговиот труп оставиле белешка: „Шпиуни и предавници на својат брат не остануваат неказнети. Организацијата забавува, но не заборава да го убе секого, кој и пречи“. По ова акција дошло и до судир помеѓу четата и властите, а загинал еден милицаец.[358]

И струмичката чета влагла во судир со властите. Најпрвин на 6 ноември 1924 година во село Бориево ја запалиле куќата на некој предавник, по што настанала престрелка во која „двајца Срби се убиени и тројца ранети“. По два дена четата била откриена во планината Огражден. Започнала „битка со српската потера, која траела од седум часот утрото до пет часот попладне“. Во

[355] Ibidem, 26/7.
[356] А. Узунов, op. cit., 332.
[357] Ibidem, 340.
[358] Вестник *„Свобода или смърт“*, 15 јануари, бр. 3, стр. 5.

битката загинал четникот Пандо Коцев, додека според изјавите на селаните, на другата страна имало десетина мртви и над триесет ранети.[359]

На 22 септември 1924 година во судир со власта и со контрачетите на Г. Циклев влегла и скопската чета на војводата Лазар Велков Дивљански, кој погинал во битката. Во октомври 1924 година власта уапсила неколку лица од Крива Паланка,затоа што биле обвинети дека соработувале со комити. Како реакција на овие апсења, кочанската чета на Е. Полски влегла во градот Кочани, поточно во периферијата на градот и ја нападнале жандарската станица. Комитите фрлале бомби на станицата и стрелале во прозорците. Истата чета во селото Тракања го убила „српскиот државен војвода Јане Стефановиќ“, кој се истакнал со насилство над населението.[360]

Проблемите со кои се соочила ВМРО, ги искористиле контрачетниците кои ја засилиле својата дејност во Штипско, Струмичко и Кумановско. Теророт на власта бил жесток, со што се внела колебливост помеѓу народот во однос на отпорот кон власта. Некои четници се враќале во своите домови, а власта не ги казнувала или казните биле многу мали.[361]

Најазначајна акција која ја спровела ВМРО во периодот од убиството на Т. Александров, до Шестиот конгрес, е убиството на поранешниот војвода на ВМРО, кој се ставил во служба на српските власти, Стојан Мишев. Тој бил најистакнатиот војвода во Здружението за борба против бугарските бандити. Една од целите на Т. Александров при водењето на преговорите со федералистите, била да ги елиминира контрачетите во Македонија под српска власт, но неговите планови не биле реализирани.

Убиството било извршено на 30 декември 1924 година, од страна на штипјанец Кирил Григоров – Келешов, кој потекнувал од сиромашно семејство. Убиството било организирано уште пред смртта на Т. Александров. Не постоел некој посериозен план за убиството, најважно било да не станел сомнителен на властите, затоа што се вратил од Бугарија. Откако се вратил во Штип, скришно престојувал во дом на негов пријател. По убиството на Т. Александров, одредено време останал без врската со организацијата. К.

---

[359] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 143.
[360] Ibidem, 265-267.
[361] Ibid., 141/2.

Григоров постепено почнал да се движи низ градот и почнал да работи како помошник во кафеана.

Неговото присуство во градот не било сомнително за никого, па К. Григоров почнал да го следи секое движење на С. Мишев. Накај 12 часото на 30 декември К. Григоров стрелал во С. Мишев, поранешниот пријател на Т. Александров. Големите пријатели и уште поголемите соперници биле убиени во временски интервал помал од шест месеци. По убиството К. Григоров успеал да излезе од градот и да стигне скоро до бугарската граница. Но, при бегството во село Костин Дол, на 8 јануари 1925 година бил забележан од селанецот Стоил Шанкев, од кого и бил предаден. По престрелката со српските жандари бил уапсен и однесен во штипскиот затвор.[362] С. Шанкев за соработката од властите бил награден со 4 000 динари.[363]

Утрото на 30 август 1925 година, К. Григоров бил одведен надвор од Штип за да биде ликвидиран. Се зборувало дека на неговата егзекуција присуствувале и сопругата на С. Мишев, како и Михајло Каламатиев претседателот на Здружението за борба против бугарските бандити. К. Григоров одбил да му бидат врзани очите и пред да биде застрелан извикал: „Да живее Македонија!“[364]

Сленацеот кој што го предал К. Григоров бил фатен од ВМРО и обесен на истото место каде што бил убиен и К. Григоров. Било оставено и писмо во кое пишувало: „Слушајте, вие шумадински свињари и вие народни измамници и предавници! Ја гледате ли сликата, која е пред вас? Тој што ќе стане шпион, вака ќе биде накажен од ВМРО. Од нејзиниот закон никој не може да се скрие на друго место освен во црната земја“.[365]

2.3. Прегрупирања во ВМРО

[362] Ib., 150/1.
[363] Вестник *„Свобода или смърт“*, 15 март 1925, бр. 6, стр. 4.
[364] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 153.
[365] Вестник *„Свобода или смърт“*, 15 март 1925, бр. 6, стр. 4.

По повеќе месечниот турбулентен период за ВМРО, настанало „смирување и успокојување“.[366] Но, пред „конвентот“, како што П. Шанданов ја нарекува групата која што носела одлуки, се поставило прашањето околу идниот состав на ЦК. Така, битката од падините на Пирин и софиските улици, била префрлена на зелена маса, а наместо оружје биле користени други средства за да се убеди спротивната страна. Составот на новиот ЦК требало да се избере помеѓу сојузниците во првите месеци по смртта на Т. Александров. Но, и сега, како и пред акцијата во Г. Џумаја, немало се да остане само во рамките на луѓето од организацијата. Започнал период на прегрупирање, каде секој во името на „повисоки цели“, сакал да се избори и за подобра позиција.

На средбите што се одржувале пред конгресот учество зеле: К. Прличев, Г. Баждаров, Н. Томалевски, Ј. Бадев, И. Михајлов, Ј. Ѓурков, П. Шанданов, Г. П. Христов, А. Узунов, П. Станчев, К. Дрангов. Но, не на сите средби, биле присутни сите споменати. Така на една средба, за која се дознало подоцна присуствувале К. Прличев, Г. Баждаров, И. Михајлов, Н. Томалевски и Ј. Бадев. На средбата било разгледувано и прашањето за идниот состав на ЦК и повторно било дискутирано околу (не)виновноста на А. Протогеров во врска со убиството на Т. Александров.[367] Дискутирајќи околу составот на идниот ЦК, се дошло до имињата на А. Протогеров, Г. П. Христов и И. Михајлов. Присутните на средбата биле луѓе од Задграничното претставништво, со нив во добри односи бил и И. Михајлов. ЗП за разлика од ЦК, не претрпел удар и зимата 1924 година ја завршил во полн состав. Ако на нивниот авторитет во организацијата го додадеме и И. Михајлов, кој веќе воспоставил добра контрола на теренот, станува јасно дека се работи за група која можела суштински да влијае на исходот од општиот конгрес.

Како што се гледа од темите кои биле дискутирани на посочената средба, А. Пратогеров, се уште не успеал целосно да се извлече од изолацијата во која упаднал или во која бил истуркан. Тој се уште бил проблем за кој се дискутирало, а не еден од клучните актери во решавањето на проблемите, што би било и реално според неговата функција во ВМРО. Најпрвин, морало да се

[366] П. Шанданов, op. cit., 164. „Постепено се успокоија духовите, секој беше зафатен со својата директна работа и со поголема посветеност ги извршувавме неопходните подготовки за општиот конгрес.“ (А. Узунов, op. cit., 332.)
[367] Ibidem, 164.

постигне согласност помеѓу сите дека А. Протогеров нема никаква вина во врска со убиството на Т. Александров. Откако биле собрани сите податоци во врска со убиството, улогата на А. Протогеров, била разгледувана на неколку средби помеѓу К. Прличев, И. Миахјлов, П. Шанданов, Ј. Ѓурков, Ј. Бадев, А. Узунов, Г. П. Христов и Г. Бажаров. А на нив се дошло до заклучок дека А. Протогеров не бил виновен.[368]

За А. Протогеров, при составувањето на новите директиви требало да земат учество тие кои што ќе ја раководеле организацијата по конгресот, односно оние кои што ќе влезеле во ЦК и ЗП.[369] Ова го напишал во писмо до И. Михајлов од 21 ноември 1924 година. Во писмото на А. Протогеров што било наменето само за И. Михајлов, јасно се гледа неговата разочараност со положбата во која се нашол. За него, основен принцип во работата на организацијата, требало да биде „лицата кои се во раководното тело на ВМРО да имаат апсолутна доверба меѓу себе". Секако, А. Протогеров мисли на „Цумајската конспирација", која била извршени од „неодговорни луѓе",а без знаење на А. Протогеров, а по иницијатива на И. Михајлов, кој не му објаснил кои биле мотивите целата конспирација да биде скриена од него. Но, и поркај тоа, А. Протогеров во „интерес на делото", решил да ги поткрепи, дури и да работи заедно со И. Михајлов, за да му овозможил да ги преземе целосно работите, откако А. Протогеров ќе се повлече од раководството, а тоа требало да се случи на конгресот кој предстоел. Затоа заклучил дека кој ја организирал конспирацијата, тој требало и да управува по успехот на конспирацијата.[370] Во прилог на ова, А. Протогеров го посочил и учеството на министерот И. В'лков, кој за разлика од него знаел за акцијата. Дури И. В'лков си дозволил во интервју за весникот „Политика", да изјави дека А. Протогеров бил стар и немало да застане на чело на ВМРО, туку ќе заминел во странство. Точно заклучил А. Протогеров, дека ова било кажано со „компетентност на лице, кое определува кои лица ќе раководат со ВМРО". Според А. Протогеров, причината зошто И. В'лков си дозволил да има такво мислење, била тоа што тој учествувал во конспирацијата и кон министерот покажале поголема доверба отколку кон него. И затоа било штетно да остане на чело на ВМРО со другари кои немаат

[368] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/.
[369] № 119 Лично писмо на ген. А. Протогеров до И. Михайлов, откровено од обиден от интриги на ген. Вълков и мълчаливото съучастие на Михайлов. К. Пърличев, 36 години, op. cit., 493/4.
[370] Ibidem, 494.

доверба во него, па поради тоа, согласно принципите кои ги изложил требало да се повлече од раководството, а ќе останел да делува како обичен војник.[371] А. Протогеров дал поддршка на делото кое било извршено без негово знаење, но не испуштил да додаде дека тоа било извршено со „навредливо и незаконско игнорирање“.

А. Протогеров реагирал и на негодувањата кои се појавиле по неговата иницијатива Никола Лефтеров да преземе организациски задачи. Проблем било што Н. Лефтеров не бил со потекло од Македонија, а бил и врховист. Обвинувањето упатено кон Н. Лефтеров, не можело, а да не заврши и на адресата на А. Протогеров, затоа што и тој бил дел од ВМОК. Затоа тој и на следниот начин изреагирал во писмото: „(...) но јас кој сум најстариот врховист – што ќе се случи со мене?“[372]

А. Протогеров и самиот признава дека преживеал „многу тешки душевни потреси, поради недостаток на вистински другарски и витешки чувства“. Најавувајќи го своето повлекување, тој му дал подршка на И. Михајлов, кого го сметал за единствено погодно лице да ги преземе работите. [373] Ова говори дека И. Михајлов веќе на почетокот на ноември 1924 година, бил препозанен како нов лидер на организацијата.

А. Протогеров сосема точно проценил дека ударот врз Н. Лефтеров, бил удар упатен кон него. Тоа се гледа од едно писмо на П. Шанданов до И. Михајлов во кое осврнувајќи се на Н. Лефтеров, напишал дека во организацијата не требало да се пуштаат луѓе, со кои што А. Протогеров сакал да се огради.[374] Но, доколку ја немал поддршката на министерот И. В'лков, зад А. Протогеров застанале другите министри од владата на А. Цанков. Еден од министрите бил и Јанко Стојанчов, поранешен врховистички војвода. Поделбите во Демократскиот зговор нашле свој одраз и во ВМРО.[375]

И. Михајлов ја имал поддршката на И. В'лков. Околу него биле и поранешни и постојни членови на студентското друштво „Вардар“. И. Михајлов се интересирал за мислењето на македонската емиграција и на разни

---

[371] Ibid., 494/5.
[372] Ib., 495.
[373] Ib., 495.
[374] И. Михайловъ, *Спомени IV*, op. cit., 270/1.
[375] К. Палешутски, op. cit., 22/3.

политички фактори. За таа цел К. Дрангов остварил средба со д-р Станишев и Григор Василев. Станишев застанал на страната на И. Михајлов и ветил дека ќе направел се што било потребно за негово популаризирање. Василев изјавил дека немал доверба во А. Протогеров и го сметал за "болшевик и загубен човек". Од искажувањата на Г. Василев може да се види дека и А. Протогеров презел иницијативност и почнал да остварува средби. Информациите од средбите, К. Дрангов му ги соопштил на И. Михајлов преку писмо, во кое ја искажал и неговата верност кон него. Во писмото од 15 ноември 1924 година, К. Дрангов пишува дека „во секој момент бил спремен да ја преземе и најопасната работа при најмалиот знак" од страната на И. Михајлов. За К. Дрангов веќе не постоела дилема за улогата на И. Михајлов во организацијата, јасно истакнал: „Заминувам со мислата, дека организацијата, тоа си ти".[376]

Во разговорите бил опфатен и П. Маихајлов. Д-р Станишев изјавил дека П. Михајлов му оставил „болен впечаток". За разлика од него, Г. Василев, кој исто водел разговор со П. Михајлов, изјавил дека последниот декларирал спремност да работи со И. Михајлов, а доколку И. Михајлов го сметал за „непогоден за заедничка работа, тогаш тој бил спремен да се повлече од движењето".[377] Г. Баждаров во своите спомени пишува дека П. Михајлов имал амбиции за членство во ЦК. Во разговорот воден пред настаните во Г. Џумаја, Г. Баждаров му кажал дека било можно тој да стане член на ЦК, но избегнувал да му даде ветување, затоа што П. Михајлов имал големи недостатоци, за да застане на чело на ВМРО.[378] Според А. Узунов, И. Михајлов имал само еден ривал во лицето на П. Михајлов, кој бил „добар работник, образован, амбициозен, со долг нелегален стаж во Македонија, познат на организациската маса и на бугарското општество, но тој имал и „допуштено некои грешки во личниот живот несоодветни со барањата на организацијата".[379] Ставот на П. Михајлов, искажан во разговорот со Г. Василев, покажува за колку кратко време се случиле тектонски промени во организацијата.

Во комбинација за место во ЦК бил и П. Шанданов. На посочената средба помеѓу К. Прличев, Г. Баждаров, Н. Томалевски, И. Михајлов и Ј. Бадев,

---

[376] Ibidedem, 16.
[377] Ibid.
[378] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/.
[379] А. Узунов, op. cit., 347/8.

било дискутирано и за П. Шанданов. Во меѓусебен разговор Ј. Бадев му кажал на П. Шанданов дека на таа средба најмногу било дискутирано за неговата кандидатура, но единствена негативна особина било тоа што сакал да лумпува.[380]

Полемики биле водени и околу А. Протогеров. Најмногу за неговото членство во ЦК се залагал К. Прличев. Против бил Г. Баждаров. К. Прличев бил поддржан од Ј. Бадев, А. Узунов, Н. Томалевски, а подоцно кон него се присиодиниле Ј. Ѓурков, П. Станчев и Г. Баждаров. На крај согласност дал и И. Михајлов, кој кажал дека нема да дозволеле никој да прави интриги меѓу него и А. Протогеров и дека се што било кажано во однос на него веќе ќе останало зад нив.[381] К. Прличев се залагал за А. Протогеров, затоа што бил нужен „како врска и поради заслугите, и како фирма"[382] К. Прличев и Г. Баждаров, решиле да го потсетат на тешките задолженија кои што ги насело местото во ЦК, како што е нелагалниот живот во Македонија, па доколку проценил дека поради годините тие задолженија се пренапорни за него, да добие место во ЗП. А. Протогеров одговорил дека тешкотиите со кои ќе се соочел му били извесни, дека не го плашале и се надевал дека нема да се посрамоти.[383]

На една средба (декември 1924 или јануари 1925 година) во куќата на Митко Суруџиев, на која присуствувале К. Прличев, Г. Баждаров, Н. Томалевски, Ј. Бадев, И. Михајлов, Ј. Ѓурков , К. Дрангов и П. Шанданов било дисуктирано за составот на идниот ЦК. Во однос на кандидатурата на А. Протогеров, К. Прличев изјавил дека тој претставувал едно знаме, кое ќе можеле да го искористат рационално и во иднина, без да му дозволат да изврши било какква акција, пред таа да биде одобрена од нив.[384] Во разговорот со Ј. Бадев, П. Шанданов негодувал за кандидатурата на А. Протогеров и се прашувал зошто кога имал „несомнени гревови", не не била искористена погодната шанса за негово отстранување, туку повторно бил предлаган за ЦК.[385]

---

[380] П. Шанданов, op. cit., 169.
[381] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/.
[382] К. Пърличев, 36 години, op. cit., 133.

[383] Ibidem, 133.
[384] П. Шанданов, op. cit., 166/7.
[385] Ibidem, 170.

Но, сомнежи за евентуална вмешаност на А. Протогеров во убиството на Т. Александров, не останале само во рамките на организацијата. Г. Занков во отворено писмо напишал дека П. Ацев пред убиството на Т. Александров остварил средби со А. Протогеорв. На средбата А. Протогеров за Т. Александров изјавил: „Тој е луд и не знам до каде оди неговата лудост и до каде неговата нормалност, ако го нема е несреќа, но ако е жив е уште поголема несреќа".[386] Во своите спомени П. Ацев два пати се навраќа на таа средба со А. Протогеров. На едното место изјавата е пренесена на следниот начин: „Како ќе се ослободиме од тој човек. Ниту е да биде, ниту да не биде"[387], а на друго: „Не знам што ќе се прави со тој човек (Т. Александров, б.м.), да го оставиме сам – зло, заедно -пак зло, како ќе се избавиме од него, не знам".[388] За нападите на Г. Занков, реагирал и А. Протогеров, кој направил белешки и сакал да биде публикуван одговор на обвинувањата. Една недела по објавувањето на писмото на Г. Занков, И. Михајлов го информирал А. Протогоеров, дека било добро да не се избрзува со објавувањето на одговорот, уште повеќе што имало маса други докази „кои однапред ќе го убедат општеството кој е прав".[389] Чекајќи ги поголемите докази, И. Михајлов го советувал А. Протогеров со прогласот за Г. Занков да се позабави Ј. Бадев или некој друг, кој што ќе ги поправил неговите забелешки од литературен план, а така А. Протогеров ќе „спечали време", кое било потребно за разоткривање на предавствата.[390] Но, за разлика од октомври, во декември 1924 година веќе работите стоеле понаку, веќе немало време за чекање и затоа од ВМРО било одлучено П. Ацев да потпише демант, со кој ќе го демантира напишаното од Г. Занков. Со таа цел кај него дошол Коста Кондов, кој побарал П. Ацев да го напише и потпише демантот. Така и било направено.[391]

И Г. П. Христов „пред некои лица изразил желба да биде избран во ЦК".[392] Г. П. Христов се водел од мотивите да ја помогнел ВМРО да се вратела

---

[386] № 159 ОТВОРЕНО ПИСМО ОД Г. ЗАНКОВ ДО ЧЛЕНОВИТЕ НА ИЛИНДЕНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО БУГАРИЈА ПО ПОВОД УБИСТВОТО НА Т. АЛЕКСАНДРОВ. 1924 г. *Македонското прашање во документите на Коминтерната, том I, книга 2, op. cit.*, 1271.
[387] П. Ацев, op. cit, 323.
[388] Ibidem, 368.
[389] ДАРМ, фонд Александар Протуѓеров, кутија 3, *Писмо од Брезов (И. Михајлов) до Ангеле (А. Протуѓеров) со известување за донесените заклучоци за обвинението на Занков*. Стр. 304.
[390] Ibidem, 304/5.
[391] Ibid., 381.
[392] П. Шанданов, op. cit., 165.

од неправилниот пат. А до тоа ќе дошло доколку „делото се остварува внатре и ако се создаде и се внесе поголем идеализам во оцената на практичната примена на статутите на ВМРО“. Односно, главниот центар на работа требало да биде „внатре“, како што било и во минатото. Затоа што најголемите проблеми настанувале кога не биле во Бугарија, каде биле изложени на „ударите на искушенијата, на партизанството и на пофалбите, на страстите и на чувствата на распуштениот живот, секој се обезличувал и станувал ситничар, па дури и штетен за самото дело“.[393]

На средбите било прифатено за член на ЦК на следниот конгрес да биде предложен и И. Михајлов. Кога се дискутирало за новите членови на ЦК, Г. П. Христов, сфатил дека „сите посочуваат еден од нив да биде И. Михајлов“.[394] И неговиот заклучок не бил далеку од вистината. А. Узунов во своите спомени признава дека не гледал друг посоодветен човек за таа позиција од И. Михајлов.[395] К. Прличев пишува дека И. Михајлов уживал поддршка кај него, Г. Баждаров, Н. Милев, Н. Станчев, Н. Томалевски и др.“ За К. Прличев нема дилеми дека И. Михајлов требало да стане член на ЦК и покрај тоа што, како што и самиот К. Прличев посочува, не ги исполнувал условите за таква позиција, според него И. Михајлов се истакнал со конспиративна дејности и се претполагало дека најмладиот член на ЦК, во многу работи ќе ги оставил зад себе постарите членови.[396] Со изборот за новиот ЦК, извесно негодување изнел П. Шанданов. Освен од изборот на А. Протогеров, бил незадоволен и од изборот на И. Михајлов. Кога на средбата во куќата на М. Суроџиев, П. Шанданов дознал дека веќе бил скроен новиот ЦК, изреагирал налутено, по што се создала непријатна атмосфера, иако тој директно како проблем не посочувал кон ниту еден од предложените. Во таква атмосфера, според П. Шаднанво, откако И. Михајлов сфатил во каква „глупава ситуација“ се нашол, станал и изјавил дека бил спремен да се откаже од кандидатурата за во ЦК. За да се надмине непријатната ситуација, се преминало на гласање за предложените лица за ЗП и резервните членови на ЦК. Тогаш, И. Михајлов

[393] Зоран Тодоровски, *Георги Поп Христов*, Скопје, 2014, 282.
[394] Ibidem, 279.
[395] А. Узунов, op. cit., 347.
[396] К. Пърличев, 36 години, op. cit., 132/3.

изјавил дека доколку П. Шанданов не биде прв резервен член, тој ќе се откаже од својата кандидатура.[397]

Откако завршила средбата, Ј. Бадев му кажал на П. Шанданов, дека И. Михајлов имал тесни врски со некои членови на бугарската влада и дека бил избран со цел да продолжеле врските.[398] За врските на И. Михајлов со бугарските политички и воени кругови веќе пишувавме. Но, погрешно би било неговиот избор во ЦК да се сведе само на тие односи. Така би се добило впечаток, дека тој на некој начин бил наметнат во организацијата. Како што видовме од сведочењата на Г. П. Христов, а особено од оние на К. Прличев, тој имал голема поддршка и во самата организација. Во него гледале млад и амбициозен деец, кој што всушност ја преставувал новата генерација во ВМРО. Гледале шанса за дополнително привлекување на младите и обнова на членството. Но, членовите на ЗП и луѓето блиски до нив, свесно влегле во уште една активност која не била согласно уставот и правилникот на организацијата. И. Михајлов немал влезено во Македонија, ниту имал некоја истакната функција. К. Прличев пишува дека му била дадена функцијата „секретар на ЗП“, за да можело да се кандидира на конгресот.[399] Треба да се има во предвид и ставот на П. Шаднанов, дека луѓето околу ЗП го избрале И. Михајлов, затоа што мислеле дека ќе бил послушен и ќе ги слушал.[400] Ова е уште позначајно и со посочениот став на К. Прличев во однос на А. Протогеров, дека тој не ќе можел да презема дејствува без нив и дека ќе морал да ги слуша. Затоа, не треба лесно да се отфрли ставот на П. Шанданов, дека една од причините зошто ЗП и луѓето околу него застанале зад И. Михајлов, била и желбата преку него да се контролираат одлуките кои ќе ги носи организацијата, а и да го задржат, односно зголемат своето влијание.

И. Михајлов често е оквалификуван и како следбеник на Т. Александров или како негов избраник. Но, ова е премногу лесно денесена оценка, која што како по автоматизам се прифаќа и се повторува. Бугарскиот историчар Д. Тјулеков, констатира: „Со организацискиот и конспиративниот талент како природен негов водач не налага И. Михајлов, избраник и ученик во

[397] П. Шанданов, op. cit., 168/9.
[398] Ibidem, 170.
[399] К. Пърличев, 36 години, op. cit., 133.
[400] П. Шанданов, op. cit., 285.

революционерното дело на убиениот Т. Александров".[401] И. Михајлов му се жалел на К. Прличев за односот на Т. Александров кон него. Т. Александров го третирал како неискусен, го оневозможувал неговото авансирање по патот на революцијата, не му давал можност да ги покаже неговите способности.[402] Според П. Шанданов, кога И. Михајлов бил предложен „за делегат во Скопје (веројатно се мисли на конгресот на Скопскиот револуционерен округ, б.м.)", Т. Александров се насмеал и рекол дека И. Михајлов немал квалитети.[403] И Т. Александров го критикувал И. Михајлов за неговото однесување. Т. Александров го нападнал дека бил расеан, дека не живеел живот сообразно позицијата што ја заземал во ВМРО, го обвинува за несовесно раководење со пари, дека често шетал со автомобили и пајтони и сл.[404] Сето ова е различно од начинот на кој Т. Александров го замислувал и живеел револуционерниот живот. На една страна е Т. Александров кој што живеел аскетски и секогаш се трудел да биде пример за другите во револуционерниот живот, а на друга И. Михајлов, кој што и од самиот Т. Александров е обвинуван за растрошничкиот живот, кој ниту еднаш не заминал во Македонија под српска и грчка власт, да биде пример за другите.

На еден од состаноците се развила и полемика околу правата на ЦК и ЗП. Г. Баждаров се залагал тие права да „бидат еднакви или речиси еднакви, т.е. при отсуство на врска со ЦК, ЗП да може да одлучува по прашања што во компетенција само на ЦК."[405] Тогаш се развила полемика помеѓу А. Узунов, кој не ги прифатил ваквите гледишта на Г. Баждаров. На следниот состанок било прифатено мислењето на А. Узунов, највисок орган да биде ЦК, а ЗП да ги исполнува само оние задачи што биле предвидени со правилникот. Според П. Шанданов, на таа средба се расправало за тоа дали ЗП требало да се грижи за сите организациски работи што се вршеле зад границата. На такво гледиште, остро се спротивставиле А. Узунов и Ефтим Цеков, додека И. Михајлов најенергично ја бранел тезата за давање на пошироките права на ЗП.[406] Ова

---

[401] Д. Тюлеков, op. cit., http://www.mni.bg/.
[402] К. Пърличев, 36 години, op. cit., 132.
[403] П. Шанданов, op. cit., 285. Кога ги читаме сведоштвата на П. Шанданов, треба да ја имаме во предвид неговото соперништво со И. Михајлов.
[404] № 73 Т. Александров дава негативна карактеристика за Иван Михайлов. К. Пърличев, 36 години, op. cit., 457/8.
[405] А. Узунов, op. cit., 349.
[406] П. Шанданов, op. cit., 165/6.

прашање е значајно, затоа што токму овластувањата на ЗП, биле еден од проблемите кои довеле до криза во ВМРО во 1928 година. Тогаш И. Михајлов сакал да ги намали правата на ЗП, затоа и П. Шанданов го вперува прстот кон него и посочува дека пред конгресот во 1925 година бил на сосема други гледишта. За разлика од нив, И. Михајлов во неговите спомени вели дека дебата се водела помеѓу К. Прличев и Г. Баждаров од една и А. Узунов од друга страна. И. Михајлов во однос на спорот изјавил дека било важно какви луѓе ќе биле избрани во ЗП, затоа што непријатностите доаѓале од луѓето, дури и кога правилниците биле најдобри. Во неговата верзија А. Узунов изјавил: „Ќе се убедите подоцна дека ЗП не може да биде избран од конгрес. Тоа се назначува од ЦК и е негов орган". На ова И. Михајлов заклучува дека А. Узунов бил потполно во право.[407] Сепак, А. Узунов негира дека имал таква пророчка изјава, а тие зборови му биле припишани од И. Михајлов за да го обвини за „огромна противречност". Потоа негира и дека К. Прличев учествувал во полемиката. Всушност, според А. Узунов, никој друг освен него и Г. Баждаров не зазел страна, па така ни И. Михајлов.[408]

Ова е типичен пример, за тоа како авторите своите спомени ги користат за расчистување на стари пресметки, притоа не обрнувајќи многу внимание на објективноста. Но, очигледно е дека И. Михајлов не зазел страна кога се водела полемиката, затоа што освен А. Узунов и тој самиот го пишува тоа во неговите спомени. Но, ова полемика сакал да ја искористи за аргумент плус на негова страна во подоцнежна борба со членовите на ЗП. Да докаже дека уште во пред конгресот во 1925 година се појавиле темелите на идниот судир и дека за тоа се виновни членовите на ЗП. Од друга страна, П. Шанданов од слични мотиви, цели кон И. Михајлов и го обвинува за драстично менување на ставови, но по се изгледа, И. Михајлов не заземал страна кога се одвивала полемиката.

Освен полемиката околу правата на ЗП, на средбите било дискутирано и за составот на ЗП. Било решено на конгрес да се замине со К. Прличев, Ѓ. Баждаров и Н. Томалевски, како кандидати за членови на ЗП, а за резервни членови на ЗП биле предложени Ј. Бадев, А. Узунов и Тома Карајовов. Г. Баждаров "не од скромност, туку од умор", не сакал повторно да зазема висока позиција во организацијата, затоа што повеќе не му претставувало задоволство

[407] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 75/6.
[408] А. Узунов, op. cit., 349-351.

да учествува во чести собранија, без разлика дали имало потреба за нив и да претпоставувал каде завршувало убедувањето на собеседникот, а каде започнувале триковите и итроста.[409]

А. Протогеров бил задолжен до конгресот да го подготви финансискиот отчет, додека Г. Баждаров – политичкиот, а воениот извештај требало да го подготви К. Прличев.[410] Г. Баждаров бил задолжен да ги прилагоди стариот устав и правилник кон новите услови, кои дошле како последица на поделбата на Македонија. За таа цел, му биле дадени и проектите подготвени од Струмичкиот и Битолскиот окружен револуционерен конгрес. Но, поради тоа што проценил дека тие биле подготвувани „за да задоволат личности, а не во интерес на работата", не ги земал во предвид. Како основа ги зела уставот и правилникот од 1908 година.[411]

Постоеле различни мислења каде да биде одржан конгресот. Одржувањето на конгрес на териотирјата на Македонија под Кралството на СХС и под Грција веројатно не ни било земено предвид, поради неповолните услови. За барем формално да се сочува внатрешниот карактер на организацијата, како најповолно место за одржување на престоечкиот конгрес се наметнал пиринскиот дел на Македонија. Сепак, постоеле и поинакви гледишта. Брезов (псевдоним за И. Михајлов б.м.) на 10 декември 1924 година му пишал на Ангел (псевдоним на А. Протогеров, б.м), дека војводите, кои веќе биле собрани во Ќустендил, сакале таму да биде одржан конгресот.[412] Во прилог на нивниот став навеле дека: 1) И во минатото биле одржуваниконгрески во Ќустендилско; 2) Повеќе делегати веќе биле во Ќустендил; 3) „Тајната ќе биле откриена, ако се наложи конгрес да биде на друго место, затоа што нивното отсуство од Бања (псевдоним за Ќустендил, б.м.) ќе направело голем впечаток"; 4) Повеќето биле на работа и напуштање, макар за 3-4 дена би предизвикало одредени потешкотии; 5) Требало да се заседава 1-2 дена, а да се патува 3-4 дена, доколку конгресот бил на друго место; 6) Доколку конгресот се одржел на друго место, за патни и други трошоци, требало да се потрошат најмалку 25

[409] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/.

[410] К. Пърличев, 36 години, op. cit., 133.

[411] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/.

[412] ДАРМ, фонд Александар Протуѓеров, кутија 3, *Информација од Брезов (И. Михајлов) до Ангеле (А. Протуѓеров), во која се изнесени ставовите на Димитров за одржување на конгрес во Бајлиско*, стр. 310.

000 лева. Поради овие причини, мислеле дека требало да му се соопшти на Димитров (псевдоним на Ангел Узунов, пунктов началник во Ќустендил, б.м.), да преземе тајни мерки за одржување на конгрес во Ќустендил.[413] И наредниот ден, на 11 декември, И. Михајлов повторно го информира А. Протогеров за разговорите водени во Ќустендил. И. Брло повеќе бил за Ќустендил, но бил спремен и за Г. Џумаја.[414]

Во однос на задолженијата околу подготовката на отчетите, за военото отчет И. Михајлов заедно со Асенов (псевдоним на Петар Станчев, б.м.), подготвиле вовед, но недостасувале отчетите од Кочанската и Велешката револуционерна околија. Во однос на финансискиот отчет, И. Михајлов дал податоци за Скопскиот револуиционерен округ, а скоро ист бил извештајот поднесен од Главов (псевдони на Атанас В. Иванов, поранешен пунктов началник во Ќустендил. Свои финансиски извештаи поднеле сите војводи од Скопскиот револуционерен округ, освен П. Михајлов, кој изјавил дека не можел да го подготви отчетот.[415]

Во однос на сите дискусии што се одвивале пред конгресот, интересна и една информација од разузнавачките материјали добиени од ИНО на ОГПУ. Според неа, кон крајот на јануари 1925 година, во Г. Џумаја била одржана средба на која присуствувале Милев, Баждаров, Шандев, Милетиќ, Прличев и други Македонци од „Софискиот центар", а исто така и војводите Г. П. Христов, Шкатров и други. На средбата било покренато прашањето ВМРО и војводите да се потчинат на Националниот комитет во Софија. Војводите го одбиле овој предлог, но тој поминал на гласање, затоа што зад него стоела целата група на Милев. Сепак, на крај било изјавено дека ќе се задржела старата положба, односно сите војводи ќе му биле потчинети на ВМРО.[416] Тешко е да се поверува дека ова информација е вистинита.

---

[413] Ibidem, стр. 310/11.

[414] ДАРМ, фонд Александар Протуѓеров, кутија 3. *Информација од Брезов (И. Михајлов) до Илија (А. Протуѓеров) за доставување податоци од одржаното Собрание на Узунов*, стр. 314.

[415] Ibidem, 311/2.

[416] № 195 [Преглед на разузнувачките материјали] добиени од ИНО на ОГПУ од Виена, „Положбата во Бугарија (според информациите на 7 февруари 1925 г.)". 15 февруари 1925 г. *Македонското прашање во советската надворешна политика (1922 – 1940 год.), книга I*, op. cit., 635.

2.4. Убиството на Петар Чаулев

По акцијата во Г. Џумаја, П. Чаулев застанал на страната на убиените и на страната на Советскиот сојуз. Во таа насока е и неговиот „Повик до македонските револуционери и македонскиот народ". Бидејќи Т. Александров бил убиен, а А. Протогеров немал „апсолутно никакво морално, политичко и законско право да зборува и да дејствува" во името на ВМРО, тој себе си се сметал како единствен преостанат член од ЦК на ВМРО. И поради тоа сметал дека негова должност била да создаде привремен ЦК, кој ќе дејствувал согласно Мајскиот манифест, се „додека еден вистински конгрес на организацијата избере свое законско раководно тело".[417] Притоа додал, дека биле преземени мерки за обнова на ВМРО во трите дела на Македонија. Борбата требало да биде водена „пред се со владите на балканските држави меѓу кои била поделена Македонија", затоа што ниту една од тие влади не сакала да ја види Македонија ослободена и обединета. Првиот услов за успешно водење на револуционерната борба, бил да се изолира „бандата на Протогеров-Цанков од Организацијата и од македонската емиграција во Бугарија", по што требало да ги обединат „усилбите со оние на Македонската Федеративна организација". [418]

За нападите кои што биле упатени кон него, П. Чаулев одговорил со отвореното писмо до К. Прличев, кое било објавено во весникот „Балканска федерација". На алудирањето на тоа што последните години П. Чаулев не се бавел со револуционерна дејност, тој одговорил дека имал „26-годишно творештво", а дека тоа што било изградено од него, никој не ќе можел да го урне. П. Чаулев ги напаѓа и членовите на ЗП и другите кои гравитирале околу него, нарекувајќи ги „софиски творци", кои што биле и најголемите виновници зошто Т. Александров се откажал од Мајскиот манифест.[419] Претходно, К. Прличев го пофалил „колективниот ум" кој ги донесувал одлуките по смртта на Т. Александров, но за П. Чаулев тоа било "колективно душевно растројство".

---

[417] № 157 ОБРАЌАЊЕ НА П. ЧАУЛЕВ ДО МАКЕДОНСКИТЕ РЕВОЛУЦИОНЕРИ И МАКЕДОНСКИОТ НАРОД. 1924 г. *Македонското прашање во документите на Коминтерната, том I, книга 2, op. cit.,* 1245.
[418] Ibidem, 1247.
[419] № 158 ОТВОРЕНО ПИСМО ОД П. ЧАУЛЕВ ДО БЛАГАЈНИКОТ НА ВМРО К. ПРЛИЧЕВ. 13 октомври 1924 г. Ibid., 1255.

„Има ли поголемо душевно растројство од тоа да се нафрлиш и да обезглавиш три организации: Илинденската, федеративната и комунистичката македонска група?“ – јавно се прашувал П. Чаулев.[420] Во однос на убиствата, П. Чаулев се заколнал дека убијците на Т. Александров и на сите „другари, осудени и егзекутирани фамилијарно или под туѓ притисок“, ќе биле осудени и казнети согласно со статутите на организацијата. Се што било вршено во Софија од името на ВМРО, за П. Чаулев било злосторство.[421]

Во однос на мешањето во внатрешниот живот на Бугарија, П. Чаулев напишал: „Бугари сме, ќе не' интересира како се управува таа земја, но нашиот интерес треба да има граници. Три години скитам по туѓи земји, многу поубави, многу покултурни и многу послободни, но Бугарија ја сакам повеќе од сите зашто сум Бугарин. Но бидејќи ние живееме со идеалите на една политика, не бугарска туку македонска, во Бугарија треба да бидеме беспартијни; но така ли е? Не бевте ли вие тие кои го навлековте Александров да им поднесува ноти на Малинов и Костурков?“ Во однос на преговорите со Советскиот сојуз, П. Чаулев напишал дека не бил консултиран од Т. Александров кога биле пратени луѓе на преговори во Москва. Но дека Т. Александров не бил поголем борец против комунистичките посегања во организацијата од него, додека А. Протогеров „наметнал црвена мантија“.[422] Силата на организацијата, според П. Чаулев, била „внатре во Македонија“ и не и требале „доктори од Софија“.[423] Всушност, П. Чаулев со ова упатил критика дека организацијата го изгубила својот внатрешен карактер.

На крајот П. Чаулев „од името на ВМРО“ изјавил дека требало да престанат да изигруваат „комитиџалак“ во Софија, затоа што тој и нанесувал штета на „вистинската ВМРО“, а Македонците кои се кителе со името комити, да ја напуштеле „должноста тајни полицајци“ и да престанеле да го тероризираат бугарскиот народ, затоа што тој „утре ќе ја излее злобата врз сите Македонци“. Во однос на Петричкиот округ, изјавил дека таму требало да се води легална борба и од тој округ да се формира “парламентарна македонска група која ќе стапи во врска со сите пратеници-Македонци во другите

[420] Ib., 1257.
[421] Ib., 1259.
[422] Ib., 1261.
[423] Ib., 1263.

балкански парламенти“. Во организацијата „Илинден“, требало да „влегуваат само чесни македонски и бугарски родољуби, а не такви кои ќе расправаат како колеле наши луѓе и како се држележртвите“. „Од софискиот Синедрион наречен ВМРО“ сакал да знае зошто бил осуден на смрт и според кој член тој Синедрион ја претставувал организацијата.[424]

Од повикот и од отвореното писмо на П. Чаулев јасно е дека тој застанал на позициите на Коминтерната и БКФ во однос на ВМРО и македонското прашање.[425] Така се појавиле две групи кои се декларирале како вистински претставници на ВМРО. Но, за ВМРО не можело да има друга револуционерна организација која ќе ја изразува волјата на македонскиот народ, но исто така не можело да име и две групи кои ќе се изјаснуваат и делуваат во нејзино име. Вистинска била само онаа организација, односно онаа група која ќе ја победи, надживее другата. Уште една група која се претставувала како ВМРО носела „пакост за делото“ и „недоумица“ кој навистина ја претставувал ВМРО и има право да зборува и дејствува во нејзино име. Тоа било една од причините зошто А. Пратогеров, како член на ЦК, заедно со ЗП, решиле да го ликвидираат П. Чаулев, „со сиот ризик да одговараат пред општиот конгрес“, а не да чекаат на конгресот да биде донесена таа одлука. Имало само двајца живи членови на ЦК, а и двајцата полагале право да делуваат во името на ВМРО, излезот од таквата ситуација сосема едноставно и точно го дефинирал Г. Баждараов: „Или Протогеров или П. Чаулев“.[426]

Движењето на П. Чаулев било следено и од луѓето на организацијата, а податоците биле доставувани до А. Протогеров. Во ноември 1924 година, П. Чаулев бил во Шкодра, од каде планирал да навлезе во Македонија.[427] Но на 16 декември 1925 година, А. Пиперов го информирал дека П. Чаулев бил протеран од Албанија и дека покрај изјавите дека ќе замине за Виена, А. Пиперов, претпоставувал дека П. Чаулев се криел во Рим. Во писмото ја пренесува и

---

[424] Ib., 1265-1267.
[425] Види СССР и ВМРО.
[426] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/. Како причина за убиството на П. Чаулев, во една телеграма до бугарскиот полномошен министер во Рим, Г. Радев, било наведено и тоа што тој бил „пацифист“ и за публикување подготвувал документи кои би ја демаскирале бугарската влада. (З. Тодоровски, ВМРО 1924-1934, op. cit., 29, белешка 38.)
[427] ДАРМ, фонд Александар Протоѓеров, кутија 4, Драги Ангеле, стр, 44.

информацијата што дошла до него, дека П. Чаулев планирал пролетта 1925 година, да навлазе преку Албанија во Македонија со многубројна чета.[428]

Сепак, П. Чаулев не ја дочекал пролетта. Во својата изјава пред италијанскиот суд, Димитар Стефанов објаснил како било извршено убиството на 23 декември 1924 година. Бидејќи имало повеќе кандидати, И. Михајлов кажал дека ќе било направена ждрепка. Од седумнаесет души, ждрепката се паднала на Д. Стефанов. На 5 новември 1924 година Д. Стефанов пристигнал во Италија и започнал, најпрвин во Милано да го бара П. Чаулев. Бидејќи не можел да го најде во тој град, решил да замине за Рим, но по неколку дена повторно се вратил во Милано. Д. Стефанов, добил информации дека П. Чаулев знаел дека бил барам се трудел да се скрие од смртната пресуда. Следниот ден, по враќањето во Милано, гледајќи ги внимателно луѓето, ја видел и својата мета. Тогаш тргнал да го следи на растојание од 30-40 метри, но не се одлучил да стрела во него, затоа што имало околу многу народ и можел некој невин да настрада. После некое време П. Чаулев се качил на трамвај и така завршило следењето за тој ден.[429]

Утредента го видел повторно на истото место и тргнал да го следи. П. Чаулев влегол во некое кафуле, а по него и Д. Стефанов. П. Чаулев кога влегол внатре се однесувал претпазливо. Бидејќи во кафулето имало многу луѓе, Д. Стефанов се плашел дека ако дејствува можело да се создаде бркотница, се воздржал и излегол надвор. После некое време повторно влегол во кафулето, отишол до П. Чаулев и му кажал: „Петар Чаулев, затоа што си направил да го убијат Александров, подготви се да умреш – треба да умреш!“ П. Чаулев се обидел да се сокрие, но Д. Стефанов го извадил пиштолот од џебот и стрелал. Потоа пробал да се самоубие, но пиштолот бил испразнет и затоа го фрлил на земја и дозволил да биде уапсен. Откако ги изнел овие зборови пред судот, Д. Стефанов кажал: „Ние Македонците сме се заколнале да го исполниме нашиот долг. Јас го исполнив својот“.[430]

---

[428] ДАРМ, фонд Александар Протуѓеров, кутија 4, *Информација од А. Пиперов до Ангеле (А.П.) во врска со водените разговори со Молотов и Езерски (П. Чаулев) за состојбите во Албанија*, стр, 62.

[429] *Трите дела, Прага-Таборъ-Виена-Милано, Страници отъ борбата на Македония (По стенограми, отчети, коментарии на весниците и документи на Вътрешната македонска революционна организация)*, София, 1927, 198-200.

[430] Ibidem, 200.

Според разузнавачките материјали на ИНО на ОГПУ, планот бил да го намамат П. Чаулев во Рим за „позгодно да се справат со него". За таа цел, според кажувањата на Тодоров (четник на П. Чаулев), некој студент Македонец нему му соопштил дека во Рим пристигнал Г. Занков и дека сакал да се сретне со П. Чаулев. Тодоров ја пренел оваа информација на П. Чаулев, кој го одбил предлогот да замине во Рим, по што убиецот морал да дојде во Милано.[431] Постоеле индиции дека Д. Стефанов во почетокот на декември бил и во Виена, каде бил во контакт со „повереникот на Македонската револуционерна организација Никола Велев". Во Виена наводно пристигнале и други и други приврзаници на организацијата кои подготвувале „напади врз други водечки македонски политичари, кои и' припаѓаат на Балканската федерација". Но по извршените проверки индициите не биле потврдени.[432]

Во телеграмата што истиот ден ја пратил префектот на Милано до Министерството за надворешни работи е наведено дека убиството било извршено во 12.30 ч. „во продавницата за цигари во ул. Верцијере бр. 4". Еден странец се упатил кон друг странец и без збор испукал пет куршуми во другиот, со што го убил. Пробал да се самоубие, но не успеал по што не успеал и се предал. Д. Стефанов изјавил дека е „македонски националист и дека Тајниот комитет на неговата партија го одбрал за да го убие Петар Чаулев, како предавник на нивната кауза".[433] Убиството на П. Чаулев се нашло и на страниците на весникот „Corriere della Sera". Миланскиот весник, пишува дека по убиството некое момче кое на себе имало фашистички знак, го зграбил Д. Стефанов за раце и го изнел надвор. Но, во тој момент наишла полиција и Д. Стефанов бил уапсен. Смртта настапила со „секавична брзина", сите рани биле тешки, но смртоносна била раната задобиена во главата. Кај П. Чаулев биле пронајдени писма, исечоци од весници и документи, метален часовник, 640 италијански лири и 110 долари. Со себе носел и „автоматски револвер со голем

[431] № 178 „Преглед №5 на разузнувачките материјали добиени од ИНО на ОГПУ за периодот од 5 до 19/I 1925 г. за балканските држави". *Македонското прашање во советската надворешна политика (1922 – 1940 год.), книга I*, 577.

[432] 38. Извештај од Дирекцијата на полицијата во Виена од 1 јануари 1925 година до министерот за надворешни работи д-р А. Гринбергер во виена во врска со нападот врз Петар Чаулев во Рим и други планирани напади врз македонски политички емигранти во Виена. *Македонија во австриските*, op. cit., 210/1.

[433] 175. Телеграма од префектот на Милано до Министерството за надворешни работи во Рим од 23 декември 1924 година, во врска со убиството на Петар Чаулев, со прилози. *Италијански дипломатски документи за Македонија, том 1, книга 1,* Избор, редакција и коментар Иван Катарџиев и Аленка Лапе, Скопје, 2001, 384.

калибар, убав, пониклован и позлатен со кадифена дршка“. Во револверот имало 6 метци, од кој едниот во цевката, што значело дека преземал мерки на претпазливост.[434]

И во овој новински текст е наведено дека Д. Стефанов се обидел да се самоубие. Бидејќи овој податок е потврден во неколку извори, по се изгледа не е во право Д. Влахов, кој во една статија тврди дека обидот за самоубиството бил „една убава однапред пресметана лага“. А целата приказна била измислена „за да види светот какви „херои“ имаат протогеровците; за да ја покаже таа престапна банда својата сила и да внесе страв во очите, кои се против неа“. Според Д. Влахов, П. Чаулев бил убиен затоа што сакал да му служи чесно на својот народ и затоа што не сакал „македонската револуционерна организација да им служи на интересите на бугарскиот империјализам и на интересите на другите империјалистички држави“. И затоа неговиот спомен ќе живеел „вечно во срцата на измачениот македонски народ, кој ќе продолжи да се бори за идеалите за коишто падна Чаулев“.[435]

Италијанските власти дошле до телеграма на „македонскиот федералистички комитет“, во кој биле дадени упатства за погребот на П. Чаулев. За таа цел во Милано требало да пристигнат претставници на комитетот и роднини на покојникот. Со телеграмата пристигнале и парите за погребните трошоци. Но, „бидејќи екстремистичките манифестации би можеле да го пореметат јавниот ред“, било одлучено да не се дозволи таков погреб. Затоа била дадена наредба на 25 декември, да се изврши аутпосијата и следниот ден на 26 декември 1924 година, П. Чаулев да биде погребан.[436]

Судскиот процес против Д. Стефанов започнал дури на 26 април 1926 година. ВМРО не штедела средства за да го ослободи Д. Стефанов. За таа цел ги ангажирала едни од најдобрите адвокати во Италија, Винченцо Морела и Иниченцо Капа. В. Морела бил сенатор, писател, публицист и член на фашистичката партија, иако главното занимање не му било адвокат, углед стекнал откако учествувал во некои големи процеси.[437] Веројатно, биле избрани

---

[434] Трите дела, op. cit., 187/188.
[435] Катерина Тодороска, *Петар Чаулев*, Скопје, 2015, 268-271.
[436] 175. Телеграма од префектот на Милано до Министерството за надворешни работи во Рим од 23 декември 1924 година, во врска со убиството на Петар Чаулев, со прилози. Италијански, op, cit., 385.
[437] Трите дела, op. cit., 188-193.

и поради нивното влијание во италијанскиот општествен и политички живот. Но, интересно е и дека адвокатот кој ја застапувал спротивната страна, Агостино Ланцило, исто така, бил член на фашистичката партија. [438] Адвокатите на Д. Стефанов барале при пресудата да бидат земени во предвид и историската, моралната и политичко-реовлуционерната страна, кои биле присутни кај обвинетиот. Адвокатите тврделе дека делото било извршено во „крајна нужда". Односно дека согласно уставот на организацијата, доколку Д. Стефанов не ја исполнил пресудата, тогаш тој ќе бил убиен. Аргументот дека Д. Стефанов доброволно влегол во организацијата не можел да важи само за него, туку и за П. Чаулев. Односно со прекршувањето на законите на организацијата, тој бил свесен што го очекува. Всушност, според адвокатот В. Морела, П. Чаулев „противпоставувајќи се на законите на организацијата, ја побарал пресудата, за која што знаел дека ќе биде издадена, и така неговата обврска кон организацијата станува еден вид самоубиство". [439] Судот го прифатил аргументот и пресудил дека Д. Стефанов делувал во крајна нужда. Д. Стефанов бил прогласен за виновен само за „носење опасно оружје". Бил казнет со глоба од 203 лири, но тие биле заменети со времето кое го поминал во притвор.

[438] Ibidem, 277.
[439] 248/9.

ГЛАВА ТРЕТА

Конгрес на ВМРО

3.1. Окружни конгреси

Пред одржување на општиот конгрес, најпрвин требало да се одржат конгресите во окрузите. Прв окружен конгрес одржал Битолскиот революционерен округ. Конгресот се одржал уште на 15 октомври 1923 година. Претседател на конгресот бил Г. П. Христов, потпретседател А. Стефанов, секретар П. Шанданов, додека делагати биле Т. Христов, И. Стојанов и К. Петишев.[440] На конгресот биле избрани и делагати за општиот конгрес, но бидејќи бројот на делегатите не бил одреден во Правилникот на ВМРО, избрале 8 делегати и неколку резервни.[441] На средбите кои се одржувале пред конгресот, било одлучено да бидат 12 делегати од Битолскиот революционерен округ. Тогаш било побарано од П. Шанданов да ги „протурка" како делегати и Ј. Ѓурков, Ј. Бадев, А. Узунов и Н. Томалевски.[442] Така да, освен овие четворица и А. Протогеров кој бил дел од конгресот како член на ЦК на ВМРО, други делегати на Шестиот редовен конгрес од овој округ биле: Г. П. Христов, П. Шанданов, И. Стојанов, П. Костов, А. Стефанов, С. Цветков, К. Петишев и Т. Андонов.

Во резолуцијата донесена на конгресот на Битолскиот революционерен округ, стои дека било решено да го поканат ЦК да свика општ конгрес. Потребата за општиот конгрес ја гледале во тоа што тој не бил свикан цели 12 години (од 1908 година), во новосоздадените услови, односно поделбата на Македонија и "новото политичко и духовно ропство", за чие надминување биле потребни нови методи на делување, но и поради „нестабилната духовна спојка помеѓу раководните сили".[443] Уште тогаш, конгресот искажал недоверие кон членот на ЦК П. Чаулев. На конгресот било решено да се предложат и

---

[440] 1 Реозлюция от конгреса на Битолски революционен окръг. К. Пърличев, *VI конгрес*, op. cit., 76.
[441] П. Шанданов, op. cit., 92.
[442] Ibidem, 165. Ангел Узунов во своите спомени запишал: „На крајот на октомври 1924 година добив известување од Битолскиот революционерен округ со кое ми се соопштуваше дека на нивниот окружен конгрес сум избран за делегат на Општиот конгрес на ВМРО". (А. Узунов, op. cit., 339.)
[443] 1 Реозлюция от конгреса на Битолски революционен окръг. *VI конгрес*, op. cit., 73.

одредени организациски промени во ВМРО, односно револуционерната територија на Македонија, да се подели на три револуционерни опбласти. Македонија под власта на Кралството на СХС, требало да се подели на две области, Источна и Западна Македонија, а трета револуционерна област требало да го опфаќа оној дел на Македонија што бил под Грција.[444] Предлагале на чело на организацијата да стоело Централно било, кое ќе се состоело од еден член од ЦК, кој би бил претседател и четири членови, а секој од нив специјалист во една од областите: дипломатска, финансиска, воена и административна. Улогата на ЗП требало да ја преземе Централното биро.[445] Овие и други предлози кои биле содржани во резолуцијата, му биле дадени на Г. Баждаров при подготовката на новиот Правилник, но тој не ги земал во предвид.

Втор окружен конгрес одржан пред смртта на Т. Александров бил Четвртиот револуционерен конгрес на Струмичкиот револуционерен округ. Но, тој не присуствувал на посочениот конгрес, кој патем, се случил во момент на затегнати односи помеѓу Т. Александров и А. Протогеров, а и неговото задоцнето повикување, било една причина плус за влошување на нивните односи. Конгресот бил одржан од 5 до 7 јули 1924 година. Претседател на конгресот бил Д. Г. Биков, потпретседател Огњанов, а секретар Н. Василев. На конгресот учество земале делегати од сите револуционерни околии кои спаѓале во округот. Струмичката околиа била претставена од делегатите Огражденски, А. Ансаров, Касапчето и Вангелов; Тиквешката од Огњанов, М. Шкартов и В. Ихчиев, Радовишката од Н. Василев и Георгиев, Поројската од Информационов и И. Аврамов, Петричката од М. Попов, В Попдимитров, И. Докторов и Д. Биков, а Малешевксата околија од делегатите Кантуров, Цаков и Кушев. Како претставник на ЦК просуствувал А. Протогеров,, додека како одговорен за Солунскиот, Серскиот и Струмичкиот округ, присуствувал А. Василев и неговите помошници Вангелов и Билев.[446]

И од овој конгрес дошол повик да се свика општ конгрес, затоа што постоечкиот ЦК немал ниту еден отчет за неговата работа во изминатите 13 години, а и поради обвинувањата што оделе на адресата на ЦК, поточно на

---

[444] Ibidem, 74/5.
[445] Ibid., 75/6.
[446] 2 Резолюция на четвртия революционен конгрес на Струмишки революционен окръг. Ib., 77.

легитимноста.[447] Бил подготвен и проект-правилнк, кој исто како и оној на Битилскиот револуционерен округ, не бил земен во предвид од Г. Баждаров.

За делегати на VI конгрес биле избрани А. Василев, Г. Атанасов, К. Мишев и Х. Медникаров, додека за резервни делегати М. Шкатров, В. Ихчиев, Е. Цеков и Н. Василев.[448] Од редовните делегати само К. Мишев ги преживеал настаните од септември/октомври 1924 година, но и тој не бил делегат на конгресот. Од овој округ како делегати биле Е. Цеков и Н. Василев.

Конгресот на Серскиот револуционерен округ се одржал веднаш по убиството на Т. Александров. Тој се одржал од 1 до 2 септември 1924 година. Конгресот поминал целосно во знакот на убиството. Значајно е дека прв пат на овој конгрес била донесена одлуката П. Чаулев да биде исклучен од ЦК на ВМРО. За делегати на VI конгрес биле избрани А. Василев, Н. Хаџиев, Семински, С. Филипов, Ј. Вапцаров, П. Говедаров, д-р Занешев, Г. Пенков, Г. Ковачев, а како резервни С. Ковачев, И. Попов и А. Черкезов.[449] И од овој округ многу делегати не ја преживеале есента 1924 година. Делегати на Шестиот конгрес од Серскиот револуционерен округ биле С. Филипов, Н. Атанасов, С. Попов, И. Попов, Занешев.

Прв конгрес по акцијата во Г. Џумаја, бил оној на Скопскиот револуционерен округ, кој се одржал од 21 до 23 декември 1924 година. На конгресот биле делегати од сите револуционерни околии, освен од Тетовско-Гостиварската. Од Штипската околија делегати биле: И. Брло, Ц. Нушев, И. Михајлов, Х. Рогунков, Г. Јанев; Кумнаовската ја преставувале: П. Божинов, К. Лазаров и А. Деметров; Царевослката: Д. Христов, Н. Атанасов и Е. Полски; Скопската: В. Велјанов, П. Станчев, Н. Гичев, К. Стефанов и Т. Паланкалиев; Кочанската делегатите: П. Михајлов, Д. Наков, Р. Бератски и Т. Савев; Паланечката: М. Блатцалијата, С. Врбенов и Ј. Ѓурков; Кратовската: М. Опилски, М. Монев, З. Велков и С. Леков; Велешката околија од делегатите: Г. Чолаков, И. Чашкаров, Т. Крстев, А. Стојанов. За претседател на конгресот бил

[447] Ib., 79.
[448] Ib., 80.
[449] Ib., 84.

избран К. Лазаров, додека А. Димитров за потпретседател, а секретар бил П. Станчев.[450]

И конгресот на Скопскиот револуционерен округ била донесена одлуката П. Чаулев да биде исклучен од ЦК. Конгресот завршил на 23 декември 1924 година во утринските часови. Неколку часа подоцна во Милано бил убиен П. Чаулев.

На конгресот било разгледувана и состојбата во Скопскиот револуционерен округ. Било констатирано дека „количеството на револуционерното оружје е намалено до неверојатни размери", а не средена била и финансиската состојба во округот. Големиот проблем со контрачетите бил разгледуван на конгресот. Се препорачувало секој околиски војвода да се стреми кон деактивирање на „ренегатите-војводи", така што ќе преминале на страната на организацијата откако ќе извршеле некое дело против власта или ќе бидат уништени. Секој околиски војвода требало да пази околу изборот на четниците, затоа што откако некој четник ќе изврши предавство, населението ја губело довербата во четите. Поради пропагандите, војните и мерките кои ги преземала новата власт, во одредени населени места ВМРО го изгубила своето влијание. Ставот на конгресот бил: „Во Македонија нема Срби, туку српска е само власта", затоа и било побарано од околиските војводи да направат се за тие места да ги вратат во редовите на организацијата. Во однос на бегалците кои сакале да се вратат во своите домови, се препорачувало да почекаат гаранции од ОН.

ВМРО имала многу поголемо влијание во селата за разлика од градовите. Оттука и заклучокот упатен кон околиските раководители, дека револуционерните околии не биле целосно организирани се додека и „околискиот град не е организиран". Поради војните и поделбите полека почнал да се јавува еден дисконтинуитет во организацијата, немало подмладување на членството, затоа било дадено задолжение да се организира младината во градовите и селата, а особено учениците. Училиштата требало да „станат револуционерно гнездо" кое ќе давало идни револуционерни водачи. За поголем углед помеѓу населението и за подобра организациска работа, окружните и околиските раководни комитети биле должни поголемиот период

[450] 6 Резолюция на IV редовен конгрес на Скопсия ревлюционен окръг. Ib., 92.

од годината да го поминуваат во своите реони.[451] Во овие решенија донесени на конгресот на кој присуствувал и И. Михајлов, веќе и тогаш влијателен член, а иден лидер на ВМРО, се гледа кризата во која се нашла организацијата. Излез се барало во мерките кои дале резултат во минатото и кои биле дел од издигнувањето на организацијата. Но, се барало и донесување на нов устав и правилни кои ќе одговарале на новите услови за борба. Ослонување на проверените мерки кои во минатото дале резултат, заедно со нужните промени поради прилагодување на новите услови, била комбинација која нудела големи шанси за успех, доколку од обични декларации се преминало на дела.

Но, организацијата била градена и врз основа на взаемна, другарска почит и на потчинување на делото, а не на личните амбиции и правење интриги. А токму ова било прекршено на Конгресот на Скопскиот револуционерен округ. И. Михајлов во соработка со други војводи успеал за делегат на Шестиот конгрес да не биде избран П. Михајлов. Исто така, на конгресот било решено раководните лица повеќе време да поминуваат во своите околии, но ако сакало да се зачува внатрешниот карактер на организацијата, тогаш и Конгресот на скопскиот револуционерната округ, требал да се одржи на револуционерната територија на тој округ.

На тој начин И. Михајлов уште повеќе го отворил својот пат кон врвот, а успеал да го маргинализира П. Михајлов, кој се повеќе го губел своето влијание.

Како делегати за општиот конгрес биле избрани К. Лазаров, И. Брло, И. Михајлов, А. Димитров, М. Опилски. Е. Полски, С. Врбенов и В. Велјанов, а како резервни членови билеизбрани П. Станчев, З. Велков и Ѓ. Љуботенски.

Последен конгрес бил оној на Солунскиот револуционерен округ од 23 до 24 декември 1924 година. Претседател на конгресот бил А. Манасиев, потпретседател Г. Џинџифилов, а секретари В. Ихчиев и З. Г. Димашев.

За делегати на Шестиот конгрес на ВМРО биле избрани: М. Шкартов, Б. Изворски, В. Ихчиев, М. Димашев и Г. Митрев, а за резервни: М. Чегански, Г. Џинџифилов, П. Овчаров и Х. Андонов.[452]

---

[451] 93-95.

[452] 5 Резолюция на IV Редовен конгрес на Солунския Революционен Окръг. Ib., 87-91.

3.2. VI Конгрес на ВМРО. Решенија

Македонската револуционерна организација не одржала конгрес уште од 1908 година, но и на дотогаш последниот конгрес му бил оспорен легитимитетот. Токму обезбедување на легитимитет, потврда на неговата политика и позиција која ја изградил во ВМРО, биле едни од мотивите зошто Т. Александров сакал да организира конгрес. Прашањето околу конгресот било присутно во сите расправии меѓу разни групи на македонското револуционерно движење од завршувањето на Првата светска војна и обновувањето на ВМРО. Првите назнаки во правецот за свикување на конгресот биле претконгресните средби во 1923 година, во есента 1923 година Битолскиот револуционерен округ веќе одржал свој конгрес. Но прв поконкретен чекор бил о заседанието на ЦК на ВМРО на 25 април 1924 година, на кое било одлучено трите члена на ЦК, лично да се ангажирале за да ги активирале револуционерните окрузи во Македонија и да го подготвеле идниот конгрес. Т. Александров бил задолжен за Скопскиот и Струмичкот, А. Протогеров за Солунскиот и Серскиот, а П. Чаулев за Битолскиот револуционерен округ.[453] Ова заседание на ЦК се случило во време кога привршувале преговорите помеѓу ВМРО и СССР, а една од мерките која што требала да се преземе била и одржување на конгрес. Но, конгресот се случил во сосема различен контекст од оној предвиден во преговорите, но профилот на делегатите, новиот ЦК, одлуките и последиците од Шестиот конгрес, биле последица и на преговорите кои се воделе помеѓу ВМРО и СССР.

Постојано присутното прашање за легитимитетот, се поставило и околу свикувањето на конгресот. Постоеле две размислувања, според едната конгресот требало да биде свикан од револуционерните окрузи, а според друго од ЦК. На 6 јануари 1925 година И. Михајлов му пишал писмо на А. Протогеров со сугестија, за да нема „излишни прикаски“, тој самиот како ЦК, да го свикал

[453] К. Пърличев, op. cit., 12.

конгресот, потенцирајќи дека сите му дале доверба на А. Протогеров, без никакви услови.[454]

Шестиот општ конгрес се одржал во селото Србиново. Конгресот бил отворен до А. Протогеров на 9 февруари 1925 година. Тој во говорат ја истакнал важноста на конгресот и апелирал на единство и сериозност, по што на негово барање била одадена почит на загаинатите борци. Било избрано привремено биро, кое раководело со прелиминарното собрание. Во привременото бирио влегол А. Манасиев како најстар делегат и бил претседател, а В. Ихчиев и Е. Цеков како најмлади делегати биле секретари. А. Манасиев како претседателпредложил да се избере комисија, која за задача имала да ги провери полномоштвата на делегатите. Во комисијата влегле М. Шкартов, С. Филипов, М. Опилски, Г. В'ндев и П. Костов. Комисијата утврдила дека сите револуционерни окрузи биле претставени со делегати на конгресот. Од 39 делегати присутни били 38.[455] Како гости на конгресот добиле одобрување да присуствуваат: М. Монев, П. Мрмев, кој билуредник на весникот „Независна Македонија", Х. Шалдев уредник на весникот „Илинден", Н. Коларов од весникот „Устрем", И. Вапцаров, Т. Карајовов и И. Караџов.[456] Пред да заврши прелиминарното собрание, биле избрани и постојано биро. За претседател на

---

[454] № 124-125 Две писма от И. Михайлов до А. Протогеров във връска со подготовката на предстоящия конгрес на ВМРО, изразяващи всеобьото доверие на Организацищта към генерала. К. Пърличев, *36 години*, 497.

[455] 11 Протокол на №1 на предварителното заседание на VI общ редовен конгрес на В.М.Р.О. *VI конгрес*, op. cit., 101/2. Отсуствувал Х. Кафтанџиев од Серскиот револуционерен округ. Додека присутни делегати биле: Битолскиот револуционерен округ: С. Цветков, А.Стефанов, А. Узунов, П. Костов, И. Стојанов, К. Петишев, П. Шанданов, Н. Томалевски, Ј. Бадев, Г. П. Христов, Ј. Ѓурков и Т. Христов; од Солунскиот револуционерен округ: Г. В'ндев, Г. Митрев, Б. Изворски, Г. Џинџифилов, К.Прличев, Г. Баждаров, И. Докторов, А. Калибацев и А. Манасиев; од Скопскиот револуционерен округ: К. Лазаров, М. Опилски, И. Брло, П. Станчев, И. Михајлов, В. Велјанов, Е. Полски, С. Врбенов; Од Серскиот револуционерен округ: С. Филипов, д-р А. Занешев, С. Соколов, Н. Атанасов, И. Буков; Струмичкиот револуционерен округ: М. Шкартов, В. Ихчиев, Е. Цеков и Н. Василев.

[456] Според Б. Видов, како гости присуствувале и повеќе од 20 бугарски офицери, на чело со К. Стојанов и Порков. (Необјавени документи за лидерската врвица на Иван Михајлов, З. Тодоровски, *Мементо*, op. cit., 106.) Ова тврдење би требало да го припишеме на неговиот „публицистички дух". Кај него како гости се спомнати и д-р К. Станишев, Г. Кондов, кои што не биле на конгресот, а некои како А. Узунов и С. Филипов се посочени како гости, но тие биле делегати. Уште поневеројатно е дека дваесетте офицери биле предводени од Д. Пороков, кој бил на чело на Третата разузнавачка секција. И П. Шанданов, кој се потрудил во своите спомени и сведоштва да ги посочи сите врски помеѓу И. Михајлов, поточно воопшто на ВМРО со бугарски воено политички кругови не споменал ништо за „дваесетте бугарски офицери" предводени од Пороков. За неверодостојноста на податоците на Б. Видов, се гледа и од продолжението на неговиот текст, во кој напишал дека на првиот ден на конгресот „била отслужена молитва од двајца владици и десетина свештеници и панихида за Тодор Александров". Таква панихида била служена за Т. Александров, но во Софија и неколку месеци пред конгресот.

конгресот бил избран А. Узунов, за потпретседател М. Шкартов, а за секретари Н. Томалевски и С. Попов.

Првото редовно заседание било отворено од претседателот на конгресот А. Узунов. Во говорот ја изнел задачата која била пред делегатите. Требало да се даде отчет за минатото, проценка за положбата на организацијата во тој момент, како и да се осмисли идното делување.[457] Амбициозен план и достоен за еден конгрес на ВМРО, посебно затоа што претходниот бил одржан пред 17 години. Само минатото било такво, што можело ВМРО да ја чини живот, како што точно согледал А. Узунов. Сепак, уште претходно било договорено на конгресот да се покаже единство, поради тоа и претходно се изберени членовите на ЦК и ЗП. А и доколку се погледне составот на делегати, само мал број можел да даде одговори за минатото, сегашноста и иднината.

За да се даде одговор за минатото биле подготвени три отчети (воен, финасиски и политички). К. Прличев бил задолжен за воениот отчет. Овој отчет бил најопширен, во него К. Прличев се трудел да ги опфати борбените дејства од 1908 до 1924 година. Била опфатена борбата со режимот на Младотурците, активноста за време на Балканските војни, борбата до Првата светска војна, како и по неа, притоа посебно претставено за секој округ и за повеќето околии.[458] Недостасувале извештаите од Тиквешката, Радовишката и Малешевската околија. Делот од отчетот кој се однесувал за борбите кои ги водела ВМРО „надвор од поробена Македонија", го читал И. Михајлов. Во него биле опфатени борбите со режимот на А. Стамболиски и деловите од ВМРО кои се ставиле на негова страна.[459]

Пред да биде прочитан финансискиот отчет, Е. Цеков побарал да биде поканет П. Михајлов. По се изгледа дека не присуството т.е. не делегирањето на П. Михајлов било забележливо и не можело лесно да се премине преку тоа. М. Шкартов, кој како потпретседател во тој момент заседавал со конгресот, одговорил дека сите што требало да бидат поканати и биле поканети, а П. Михајлов бил отсутен затоа што не бил избран за делегат. И Г. Баждаров се вклучил во дискусијата. Тој изјавил дека се канеле само „бивши стари дејци", а

---

[457] 13 Протокол на първо редовно заседание. Ibidem, 105.
[458] 17 Отчет за бойната дейност на В.М.Р.О. от 1908-1924 г., Ibid., 127-154.
[459] Ib., 154-176.

активните на конгрес биле присутни само како делегати, во спротивно не би имале конгрес, туку собор.[460]

По ова кратка дигресија повторно се вратиле на дневниот ред и А. Протогеров истапил со читање на финансискиот отчет. Според Г. Баждаров, сметките на И. Михајлов како пунктов началник во Софија и како секретар на ЗП биле „збркани", но биле прифатени подари „дружбашкото гонење", односно тоа што биле гонети од владата на А. Стамболиски. [461] Откако го прочитал отчетот, А. Протогеров истакнал дека во иднина треба насалението „внатре", поточно во Македонија под грчка и српска власт, да биде помалку оптеретувано, а парични средства да се собираат надвор од тие делови на Македонија. Повикал да се лишат од сите удоволства и да ги убиат "сите свои страсти", за да ја следеле најголемата нивна страст – „слобода на Македонија". Завршил со зборовите дека финасиите биле мерило за моралот на едно општествено движење.[462]

Последниот отчет, политичкиот, бил изложен од Г. Баждаров. Тој подцртал дека она што револуционерната организација ја правело една самостојна општествена сила, бил „здравиот националистички прнцип, како таков на една реална политика". И дека „предавствата и големите пакости толерирани од организацијата се должеле на отстапување од тој принцип". Како конкретни примери го навел односот на Ј. Сандански со младотурците и убиството на Т. Александров. На крај заклучил дека токму „тој здрав принцип и истрајноста на Македонецот во борбите се залог за светлата иднина на нашата Организација".[463] Н. Томалевски, кој бил специјален пратеник во Европа, ја констатирал еволуцијата на македонското прашање во странство. Веднаш по Првата светска војна, Европа разговорите на таа тема ги пречекувала со потсмев и запоставување, но за краток период било уважена „праведната борба на целиот народ". И како резултат на борбата која ја повеле Македонците, тоа се наложило како едно нерешено политичко и национално прашање. Т. Карајовов, сосема реално, ги предупредил дека не требало да се прават илузии во однос на блиското ослобудување на Македонија. Но, според него, добро било

[460] 13 Протокол на първо редовно заседание. Ib., 108.
[461] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/.
[462] 13 Протокол на първо редовно заседание. *VI конгрес*, op. cit., 108.
[463] Ibidem, 108.

што во Европа постоел недостаток на „политичка рамнотежа“. Сето тоа можело да биде корисно за ВМРО. За Т. Карајовов политичката борба „сила и комбинација на интереси“, а постоеле изгледи ВМРО да биде земена во предвид како сила. Излезот бил виден во исправното разбирање на тој сооднос од “сила и комбинација на интереси“. М. Монев изнел одредени детали околу преговорите со СССР. [464] Г. Баждаров пишува дека најмногу макотрпно била дискусијата токму околу тоа прашање.[465]

По изложувањето на отчетите, требало и конгресот да се произнесе по нив. На прашањата што биле поставувани околу преговорите со СССР, Т. Карајовов изјавил дека болшевиците многу држеле до ВМРО, па или ќе ја придобиеле или ќе ја уништат. Во надворешната политика болшевиците оделе по стапките на царска Русија, а Русите имале нужда од ВМРО затоа што ја сметале за сила. „Треба да си ја знаеме цената“ – заклучил Т. Карајовов.[466]

ЦК изминатите години често бил напаѓан дека не секогаш се држела цврсто до целта на ВМРО - „автономна Македонија“ и дека ВМРО го изгубила внатрешниот карактер. Затоа и Г. П. Христов на конгресот реагирал дека сите се повлекле од Македонија, а дека таму положбата била жална.

Додека Х. Шалдев забележал дека „во предвечерието на двете војни“, ЦК ги заборавил заветите од основачите на ВМРО и не барал автономија на Македонија. Првин одговорил Т. Карајовов, префрлувајќи дека лесно било да се критикува отпосле без да се земе во предвид тогашната положба. Според него, проблем било што ВМРО не се занимавала со политика, па поради тоа не знаела за договорите помеѓу Србија и Бугарија. Г. Баждаров одговорил дека држењето на ЦК во „предвечерието на војните“ се должело на „психолошкиот момент на времето“. Пасивноста и не дејствувањето, по него би било еднакво на предавство.[467]

Следниот ден, кога била покрената дискусијата околу уставот и правилникот, П. Мрмев побарал целта на ВМРО да биде „независна Македонија“. Н. Томалевски ја подржал редакцијата на комисијата, според која „полна самоуправа“ била блиску до независност. А како цел требало да остане

---

[464] Ibid., 108/9.
[465] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/.
[466] 13 Протокол на първо редовно заседание. *VI конгрес*, op. cit., 112.
[467] Ibidem, 111-113.

„автономија“, затоа што под тоа борба биле водени дотогашните борби, така било познато македонското прашање во странство, а таа формулација давала и поширока слобода на ЦК во водењето на политиката на ВМРО. Неговиот став бил подржан од П. Шанданов и Ј. Ѓурков.[468]

На третото заседание најпрвин И. Михајлов ја прочитал резолуцијата за состојбата на околиите кои се наоѓале под бугарска власт. Е. Цеков ја одбил резолуцијата затоа што тие добивале специјален режим и се појавувале тенденции на сепаратизам. К. Прличев ја подржал резолуцијата и не се сложил со ставот на Е. Цеков за сепаратизам, затоа што околиите си останувале во рамките на Серскиот и Струмичкиот округ. А. Протогеров по ова прашање дал објаснување, дека во однос на борбата со „ренегатите и бандитите“, Организацијата и во Петричко е иста како во останатите делови на Македонија, а доказ за тоа бил е сочуваниот четнички институт.[469]

Резолуцијата била усвоена и се пристапило кон точката разно. Според А. Узунов, претседателот на конгресот, под таа точка требало да се дискутира за идната дејност на ЦК или за општата резолуција. Но, делегатите не ги следеле неговите директиви. П. Шанданов почнал да покренува прашања кои што оделе дури до убиството на Б. Сарафов и И. Гарванов. Во својот говор П. Шанданов повторно го отворил прашањето околу убиството на Т. Александров и барал да продолжи истрагата и да се казнат сите не казнети виновници. Побарал и конгресот да ги одобри сите кривични акции кои биле преземени во врска со убиството на Т. Александров. И двата предлога биле едногласно прифатени.[470]

И покрај тоа што претходно било договорено да не се покренува прашањето за вината на А. Протогеров, бидејќи се дошло до заклучок дека тој не бил виновен, повеќе или помалку директно, се појавиле тие индиции на конгресот. И. Михајлов во своите спомени пишува дека П. Шанданов, изјавил дека според него виновници за убиството на Т. Александров биле во салата каде се одржувал конгресот. Во продолжение И. Михајлов го опишува впечатокот кој му го оставил П. Шанданов додека ја водел ова дискусија: „Шанданов исправено гледаше кон Протогеров, готово сакаше физички да го нападне. Од

[468] 14 Протокол № 2. Ден втори. Ibid., 115.
[469] 15 Протокол № 3. Ib., 119.
[470] Ib., 120.

време на време погледнуваше кон мене, како да сакаше со очите да ме праша дали добро го резили (...) По заседанието ми кажа, дека посакал малку да го стресе пред сите најголемиот виновник".[471]

Според П. Шанданов, тој му се обратил на А. Протогеров со прашањето какво било неговото мислење за убиството на Т. Александров и дали бил вмешан во убиството. На поставеното прашање А. Протогеров целиот се растпреперил и не успеал да проговори ништо, затоа што се расплакал на глас. Тогаш нервозно изреагирал Г. Баждаров и изјавил дека доколку П. Шанданов продолжи да зборува „во тој дух", тој ќе го напуштел конгресот и ќе заминал за Софија. По реакцијата на Г. Баждаров и Ј. Бадев, К. Прличев, Н. Томалевски упатиле апели кон П. Шанданов да престане, по што завршила неговата дискусија.[472]

Г. Баждаров во своите спомени пишува дека и М. Монев се обидел да го обвини А. Протогеров за убиството на Т. Александров, но не наишол на поддршка. Обвиненија на сметка на А. Протогеров испорачале и војводите П. Костов и И. Брло. За Г. Баждаров, двајцата веројатно биле 'подучени' од И. Михајлов да изреагираат на тој начин, со цел морално да биде нападнат А. Протогеров. Но, според членот на ЗП, не постигнале корист од нивните реакции, затоа што обвинувањата на сметката на А. Протогеров биле несериозни, по што тие биле демантирани и принудени да замолкнат, а А. Протогеров излегол од конгресот оправдан по тоа обвинение.[473]

П. Шанданов повторно го покренал прашањето околу П. Михајлов. По што војводите од Скопскиот округ И. Брло, К. Лазаров и Е. Полски, изнеле обвиненија против П. Михајлов за „нечесност и кражби".[474] Овие војводи биле во лоши односи со П. Михајлов, но исто така во тој момент се сојузници и со И. Михајлов. Па согласно претпоставката на Г. Баждаров, можно е и ова реакција делумно да била мотивирана и од И. Миахјлов. Во спомените И. Михајлов

[471] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 77.
[472] П. Шанданов, op. cit., 176.
[473] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/.
[474] 15 Протокол № 3. *VI конгрес*, op. cit., 121.

настапот на И. Брло го опишал како „крајно интересен, нешто неповторливо“.[475]

Последното заседание било одржано на 12 февруари 1925 година. На четвртото заседание П. Шанданов го покренал прашањето и околу печатот на ВМРО, односно кај кој член од ЦК требал да стои. И ова прашање било дел од повеќето поради кои А. Протогеров и Т. Александров биле во судир. На конгресот било решено, ЦК и ЗП да постапеле како што мислеле дека ќе биде најдобро.[476]

Голем проблем за ВМРО во пиринскиот дел на Македонија преставувало незадоволството на народот од цената на тутунот, од кој што плус и таа земала данок. Г. В'ндев предложил ВМРО да се застапела за тутунопроизводителите. А. Протогеров изјавил дека ќе се преземе се што било во рамките на можностите. По што конгресот донел решение идниот ЦК да стори се што може за да ги заштити интересите на производителите. А. Манасиев предложил реформа во однос на наплаќањето на данокот. Според него, најдобро било данокот да бил собиран од централите на фирмите, а не од произведувачите. И С. Филипов предлагал промени во однос на наплаќањето на данокот на тутун. Тој се залагал да се намали данокот, затоа што тој одел само на сметка на производителот, а во замена на тоа да се оданочат трговците и претприемачите.[477]

На четвртото заседание бил извршен и изборот на членовите на ЦК и ЗП. Била формирана избирачка комисија во состав И. Докторов, П. Станчев и И. Брло. Пред гласањето А. Протогеров му предложил на Г. Баждаров на местото на Н. Томалевски во ЗП да биде избран Т. Карајовов. Г. Баждаров одбил било каква промена на веќе договорените лица за ЦК и ЗП, притоа спомнал дека ако дојде до промени, како што може Т. Карајовов да го изберат место Н. Томалевски, така можело и П. Шанданов на местото на А. Протогеров, по што последниот замолкнал. А. Манасиев, пак, му соопштил дека некои агитирале да не се гласа за А. Протогеров.[478]

---

[475] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 78. Говорот на И. Брло се состоел од тоа како „во поробена Македонија“ го видел П. Михајлов во некоја соба со жена.
[476] 16 Протокол № 4. *VI конгрес*, op. cit., 123.
[477] Ibidem, 123.
[478] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/.

На конгресот гласале сите 39 делегати. Резултатите од изборите ги соопштил претседателот на конгресот А. Узунов. За Централниот комитет: Иван Михајлов – 38 гласа, Г. П. Христов – 34, А. Протогеров – 28, Ј. Ѓурков – 4, К. Лазаров – 3, П. Шанданов – 3, А. Манасиев – 2, М. Шкартов – 2 и Г. В'ндев – 1 глас. За резервни членови на ЦК: П. Шанданов 29 гласа, Ј. Ѓурков – 27, Н. Василев – 19, М. Шкартов – 8, П. Станчев – 7, Е. Цеков – 6, Г. В'ндев – 5, Г. П. Христов 4, К. Лазаров – 5 гласа.

За Задграничното претставништво: К. Прличев – 37, Г. Баждаров – 35, Н. Томалевски – 35, Ј. Бадев – 6, А. Узунов – 1, А. Протогеров – 2, Т. Карајовов – 1 глас. За резевни членови на ЗП: Т. Карајовов – 38, Ј. Бадев – 32, А. Узунов – 27, Г. Баждаров – 4, П. Мрмев – 1, Н. Томалевски – 3, П. Станчев – 1, М. Монев – 5, К. Прличев – 1 глас.

Според гласовите за членови на ЦК биле избрани: И. Михајлов, Г. П. Христов и А. Протогеров. За резервни членови на ЦК биле избрани: П. Шанданов, Ј. Ѓурков и Н. Василев. За членови на ЗП биле избрани: Г. Баждаров, К. Прличев и Н. Томалевски, додека за резевни: Т. Карајовов, Ј. Бадев и А. Узунов.

Изборот бил прогласен со бурен аплауз, а од надвор се слушало „моќно пеење на Македонската химна". [479] „Со енергични зборови од името на избраните" се заблагодарил И. Михајлов. Во неговото благодарно слово повикал сите заедно да работат така, како борбата да ќе трае уште сто години и да се спремни за тоа дело да умрат секоја минута. Говорот бил „бурно одобрен". Конгресот бил затворен од А. Узунов. Во неговото последен говор, а воедно и последен говор на конгресот, истакнал дека работата ја завршиле со полн успех. „Бесмртните духови на големите наши револуционери и апостоли" кои уште пред триесет години ги поставиле темелите на ВМРО, можеле да се успокојат, затоа што од добриот крај со кој што завршил конгресот, се гледало дека „нивното свето дело не загинало и дека тоа врви со засилено темпо по ној пат", кој тие го нацртале со нивната „света крв". Изразил надеж дека новоизбраните раководители, „служејќи се со чесност, чистота и преданост на револуционерното ослободително дело" ќе извлечеле поука од минатото, „каде тагата и радоста, падањето и величието се испреплетуваат" и единствени ќе го

[479] 16 Протокол № 4. *VI конгрес*, op. cit., 124/5.

држеле високо знамето на македонското ослободително движење, она знаме кое го развивал „бесмртниот и непрежален Тодор“, како и неговите учители Д. Груев, П. Тошев, Г. Делчев, Х. Матов, М. Развигоров и др. На избраните им посакал да доживеат во блиска иднина да свикаат конгрес во слободна и независна Македонија.[480]

Според К. Прличев, на крајот, конгресот на свечен начин манифестирал „едно трогателно единство“.[481] Но и покрај договорот за кои лица треба да се гласа, гласовите, сепак биле поделени на повеќе кандидати, иако тоа не влијаело на конечниот избор, па во раководните тела влегле однапред договорените лица. Впечатливи се 28 гласа на А. Протогеров, во однос на 38 гласа што ги добил И. Михајлов. Како што видовме, од неколку делегати А. Протогеров бил нападнат на конгресот и тоа од луѓе кои што тогаш биле блиски со И. Миахјлов. Ако се погледне кај кого отишле тие петнаесет гласа, кои што не биле дадени за договорената тројка, односно за двајца од нив, А. Протогеров и Г. П. Христов, ќе видиме дека освен двата гласа што биле дадени за М. Шкатров, сите други тринаесет гласа биле дадени на луѓе блиски на И. Михајлов. За претседателот на конгресот А. Узунов нема дилема дека И. Михајлов, не го исполнил дадениот збор. Односно дека самиот тој и луѓето што се согласувале со него не гласале за А. Протогеров, па дури ни за Г. П. Христов.[482] И Г. Баждаров го тврди истото во своите спомени. Според него, „подоцна се разбрало“ дека И. Михајлов агитирал кај некои битолски и скопски делегати да не гласаат за А. Протогеров.[483]

Во советските разузнавачки материјали стои дека и покрај мерките на претпазливост што биле преземени, се појавила “мошне силна опозиција насочена лично против Александар Протогеров“. Кој бил „повеќе назначен за член на ЦК отколку избран“. На конгресот не се чувствувал ентузијазмот, се поминувало мошне тивко и сите решенија биле прифаќани мошне немо.[484] Според П. Шанданов конгресот се движел во тој правец затоа што повеќето

---

[480] Ibidem, 125/6.
[481] К. Пърличев, 36 години, op. cit., 134.
[482] А. Узунов, op. cit., 363.
[483] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/.
[484] № 199 „За конгресот на Внатрешната македонска революционерна организација“. *Македонското прашање во советската надворешна политика (1922 – 1940 год.), книга I, op. cit.,* 659.

делегати биле „прости луѓе“.[485] Ова важи за поголемиот дел на војводите кои не биле од „интелектуалното крило“ на војводи (како П. Михајлов, на пример). Единаесет делегати на конгресот немале средно образование, од нив тројца (двајца самоуки и еден неписмен) ниту основно, при што доминирале оние од Скопскиот округ (само И. Михајлов имал „полувишо“, а П. Станчев средно образование). Ако се земе во предвид дека друга голема група на конгресот преставувале луѓето, кои што како неформално тело управувале со организацијата по смртта на Т. Александров, плус организациските лица што им давале поддршка (како С. Филипов, А. Манасиев и др.), тогаш станува и јасно зошто конгресот поминал без опозиција. Односно, зошто бил напаѓан само А. Протогеров, кој не учествувал во договорите за составот на ЦК и ЗП, туку само бил консултиран, а кој требало да биде дискредитиран и така да му се намали авторитетот, а со тоа и влијанието во идниот ЦК.

На конгресот биле донесени десет резолуции. Во резолуцијата за „боевата дејност“ било констатирано дека боречкиот дух продолжил да постои меѓу населението на целата организациска територија. Создавањето на противнички „контраорганизации“, се одразило лошо главно во селото. Во градовите било воочено „ново подигање на духот“ и се препорачувало да се обрне внимание на тој факт и да се искористи. Дотогашните средства на борба, како стари и познати на противникот, требало да се обноват согласно новите услови, новото време и новите откритија на техниката и науката.[486] Во таа насока со резолуцијата по „бојната тактика“, конгресот ги задолжил ЦК и ЗП, да направат се што било возможно за снабдување со „ефективни новопронајдени технички средства за борба, како гасови, запаливи, експлозивни материјали“, како и да подготват дејци кои што ќе знаат да ги користат.[487]

Била усвоена и резолуција за „независноста на организацијата“. Било истакнато дека независноста била основен принцип на ВМРО. Како фактори кои се обиделе да и наштетат на организацијата биле препознаени владата на А. Стамболиски и федералистите. Истакнато е дека и Т. Александров загинал

---

[485] П. Шанданов, op. cit., 171.

[486] 20 Резолуция на Шестия общ редовен конгрес на ВМРО по боевата дейност на Организацията. *VI конгрес*, op. cit., 213.

[487] 24 Резолуция на Шестия общ редовен конгрес на ВМРО по бойната тактика на Организацията. *VI конгрес*, op. cit., 219.

стоејќи на позициите на независноста на ВМРО. И новиот ЦК и ЗП биле задолжени да се борат со сите неопходни средства и сили.[488] Било осудено и однесувањето на Илинденската организација, затоа што почнала да се меша во внатрешните работи на организацијата. Конгресот сметал дека било штетно во една иста држава да постои "повеќе од една емигрантска организација со политичка цел".[489] Во политичкиот отчет било констатирано дека од 1908 година, па се до одржувањето на конгресот ја застапувале и не скршнувале од крајната цел на ВМРО – автономија на Македонија.[490]

Посебна резолуција била донесена и за организациските околии во Македонија под бугарска власт. Потребата од постоење на организациска структура во овој дел на Македонија била поради помошта на борбата во Македонија под српска и грчка власт, но и од нужноста да се „возприема и поткрепува од сите Македонци територијалната целост на политичката автономија на нашата татковина". Но, бидејќи во Македонија под бугарска власт населението имало национално-културна и целосна граѓанска слобода, тамошната организација требала да се постави на начела различни од оние на ВМРО во поробена Македонија. Меѓу задачите на тие околии, било и достигање на апсолутно идејно единство меѓу населението со основните цели на ВМРО, потоа снабдување со парични средства, бранење на населението од напади од територија на Кралството на СХС и Грција, гарантирање база за борците во другите делови на Македонија и др. Според одлуките на конгресот, Горно Џумајската и Петричката околија се наоѓале под територијата на Струмичкиот револуционерен округ, а Разлошката, Мелничката и Неврокопската околија по Серскиот револуционерен округ, но окружните комитети на тие два округа, не требало да се мешаат во работата на петте околии, за нив ќе било формирано специјално раководно тело.[491]

Според резолуцијата за туѓите проганди и национално-просветната дејност, органите на организацијата биле дожни да ги преследуваат

---

[488] 23 Резолуция на Шестия общ редовен конгрес на ВМРО за независимостта на Организацията. *VI конгрес*, op. cit., 218.

[489] 27 Резолуция на Шестия общ редовен конгрес на ВМРО за емигрантските македонски организации. *VI конгрес*, op. cit., 224.

[490] 21 Резолуция на Шестия общ редовен конгрес на ВМРО по политическия отчет. *VI конгрес*, op. cit., 214.

[491] 25 Обща резолюция на Шестия общ редовен конгрес на ВМРО за положението на организационните околии в Македония под българска власт. *VI конгрес*, op. cit., 220/222.

најшовинистичките учители и духовни лица Грци и Срби, преку прогонување „од каде што дошле“ или преку убивање. Но и организацијата требало да развие национална просветна дејност и да ги парализира туѓите пропаганди. За таа цел било задолжено ЗП да издаде мали брошури, кои ќе биле напишани популарно, за секоја околија посебно, во кои ќе биле изложени борбите за црквите и училиштата, како и борбите за политичките слободи и самоуправувањето во околиите. Органите на ВМРО биле задолжени да ги распространуваат овие брошури, весници и др. Окружните и околиските тела исто така требало да се потрудат околу организирање на младите во средите училишта, а на родителите кои имале деца во основни училишта да им сугерираат да ги заштитат од денационализација.[492]

Новиот Устав и Правилник ги напишал Г. Баждаров врз база на оние од 1908 година. На конгресот била водена долга дискусија околу измените на правилникот и уставот, но Г. Баждаров се застапувал за верзијата која ја поднел и која била прифатена.[493] Уставот е составен од 5 глави и 18 члена, плус прилог во кој се опишани границите на Македонија. Во првата глава во првиот член на уставот стои дека ВМРО имала цел да ја „обедини разделената Македонија во нејзините географски граници и да извојува полна политичка автономија (самоуправа) за неа.[494] Како што било усвоено на конгресот, не дошло до промена на целта на организацијата. За остварување на ова цел, ВМРО се стремела да ги обедини сите незадоволни елементи во Македонија без разлика на вера или народност (чл. 2, гл.II). Да дејствува за внесување на „революционерен дух и сознание во населението и да го подготви за революционерни акции и во краен случај за едно општо и масовно востание“. И понатаму главно средство за остварување на целта останало „масовно востание“. Организацијата требало да се бори и против туѓите проганди, кои го деле населението. Освен борбата со революционерни средства, ВМРО, според уставот, се грижи и за културно-економско подигање на сите народности во Македонија и ја помага нивната „легална борба против туѓата власт“. [495]

---

[492] 26 Резолуция на Шестия общ редовен конгрес на ВМРО относно чуждите пропаганди и национал-просветната дейност на Организацията. *VI конгрес*, op. cit., 223.
[493] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/.
[494] ДАРМ, фонд ВМРО, кут. 1, (*1926) Устав на ВМРО*, стр, 4
[495] Ibidem, 4-5.

На конгресот Ј. Ѓурков побарал во ВМРО да се примаат како членови и лица странци, кои што не биле родени во Македонија, но кои дале доказ дека активно и служеле на македонската кауза. И Т. Карајовов се заложил да се примаат и членови не Македонци. Г. П. Христов го поддржал поднесениот предлог, а Ј. Ѓурков мислењето на Т. Карајовов. Според С. Попов, не требало да се „озакони помошта од надвор", затоа што со озаконување на аномалија, организацијата само би била изложена на удар. Оние кои читале помеѓу редови, со таква промена на уставот би ја разбрале и слабоста на организацијата. ВМРО би признала дека не може да „врбува борци од внатре". Ј. Ѓурков го повлекол својот предлог и членот бил прифатен така, како што бил предложен од комисијата.[496] Односно членот 4 од глава III гласи: „Член на ВМРО може да биде секој жител на Македонија, без разлика на пол, вера, народност и политичко убедување, доколку ја прифаќа целта и даде клетва, дека ќе ги исполнува нејзините наредби".[497]

Членовите во месните организации биле поделени во групи од по 10 души, со по еден десетник (гл. III, чл.5)[498]. Секоја месна организација била раководена од комитетот под кој потпаѓала. И понатаму организацијата била составена од: месни (селски или градски), околиски, окружни комитети и еден централен комитет (гл. III, член 6.). Месните комитети биле потчинети на околиските, овие на окружните, а последните на централниот комитет, кој раководи со организацијата (гл. III, чл. 7). Во странство организацијата била претставувана од Задграничното претставништво (гл. III, чл. 8). За разгледување на судски дела и спорови, било предвидено да се оформат судски тела (гл. III, чл. 10). Одговорните лица се бирале или назначувале од повисоките управни тела (гл. III, чл.11). Иако активноста на четите била доста отежната, четите тешко влегувале и вршеле обиколка во деловите на Македонија под грчка и српска власт, и во новиот устав бил предвиден четнички институт, како институција задолжена за „зголемување и постојана поддршка на револуционерната борба" (гл. III, чл. 12). Околиските, окружните и централниот комитет, како и задграничното претставништво имале свои

[496] 14 Протокол № 2. Ден втори. *VI конгрес*, op. cit., 115/6.
[497] ДАРМ, фонд ВМРО, кут. 1, (*1926) Устав на ВМРО*, стр, 5.
[498] Т. Карајовов на конгресот предложил „десетките да се намалат на петорки", но неговиот предлог бил одбиен. (14 Протокол № 2. Ден втори. *VI конгрес*, op. cit., 116.)

печати (гл. III, чл. 13), а организацијата се служела и со своја пошта (гл. III, чл. 14).[499]

До материјални средства, според уставот, ВМРО требало да дојде преку: а) редовни членски придонеси; б) давачки; в) помош и подароци од Македонија и странство; г) глоби; д) приходи добиени со силата на оружјето; ѓ) непредвидени (гл. IV, чл. 15). П. Шанаданов побарал да не се тргне ставката за редовни членски придонеси, но неговиот предлог бил одбиен, со договор да не се собираат придонеси од сиромашни.[500]Се казнувал секој, кој што ќе направел „пакосно дело" (гл. V, чл. 16). Врз основа на овој устав требало да се изработи правилник на ВМРО (гл. V, чл. 17).[501]

Правилникот на ВМРО бил составен од 263 члена, распоредени во 10 дела. Во однос на стариот правилник била отфрлена буквата О, која се однесувала на Одрин.[502] Првиот член од правилникот дефинирал кој може да биде член на организацијата и е сличен на чл. 4 од Уставот на ВМРО, само што е додадено дека е потребно кандидатот за член на организацијата да е чесен.[503] При приемот во ВМРО, секој нов член бил должен да ја даде следната заклетва: „Се колнам во верата, совеста и честа, дека ќе работам за слободата на Македонија, со сите свои сили и средства и дека во своите дејства ќе се водам според интересите и потчинувам на наредбите на Организацијата. Доколку ја нарушам оваа клетва, нека бидам казнет".[504]

Секој член, доколку ја напуштел територијата, го губел правото да бира и да биде избран во институтите на организацијата (чл.3). Никој не можел да се откаже од добиената должност, освен по „многу оправдани причини" (чл. 4). Секој член бил должен да дава членски принос, да се грижи за оружјето и сопственото борбено усовршување. Се казнувало: пијанство, разврат, лаги, кражби, своеволие, злоупотреба на положбата која ја има, било за каприц или за лична корист. Не било дозволено да се покренуваат тужби од било каков карактер против луѓето на организацијата пред грчкиот и српскиот суд (чл. 5).

---

[499] ДАРМ, фонд ВМРО, кут. 1, (*1926) Устав на ВМРО*, стр, 5.
[500] 14 Протокол № 2. Ден втори. *VI конгрес*, op. cit., 116.
[501] ДАРМ, фонд ВМРО, кут. 1, (*1926) Устав на ВМРО*, стр, 6.
[502] 14 Протокол № 2. Ден втори. *VI конгрес*, op. cit., 116.
[503] ДАРМ, фонд ВМРО, кут. 1, (1926) Устав на ВМРО, стр, 7.
[504] Ibidem, 7.

Секој што ќе настрадал при извршување на организациски работи имал право на помош, како и неговото семејство (чл. 8).[505]

Во секој населен пункт со повеќе од 15 члена, се создавале групи (десетки) од по 10 души (чл. 12), со која управувал десетар, кој имал едногодишен мандат (чл. 15). Тие биле должни да се грижат за умствено, морално и револуционерно подигање на членовите на групата која ја воделе (чл. 16). [506] Административно организационата територија била поделена на окрузи, а окрузите на неколку околии, кои биле составени од населени пунктови (град, село или колиби) (чл. 21). Секоја административна единица (месни, околиски, окружни), била управувана од „управно тело" (чл. 23), кое било составено од претседател, секретар и касиер, а доколку било можно и од два советника (чл. 24). Окрузите и околиите ималае свој печат (чл. 35). Сите управни тела биле избирани (чл. 44).[507] Во околиските и окружните управи биле предвидени и 13 нелегални члена, кои биле рамноправни со легалните, но немале определена должност во управувањето (чл. 55). За секоја околија се предвидувал околиски војвода (чл. 57).[508]

Организацијата била управувана од Централен комитет, кој се состоел од три нелегални члена, кои биле рамноправни, еднакво одговорни и без определена должност во комитетот. [509] Биле избирани од конгресот и одговарале пред него (чл. 96). Во странство ВМРО била претставувана од „едно Претставително тело", кои исто како и ЦК, било составено од три рамноправни члена, се избирало од општиот конгрес и одговарало пред него (чл. 109). Претставништвото било должно да го чува и издига престижот на организацијата, да ги употреби сите усилби и материјални жртви за да „придобие симпатии на бугарското и европското општествено мислење". Претставништвото имало за задача да организира митнзи, конференции, да воспоставува контакти со влијателни политичари и публицисти, да издава брошури и материјали и друго (чл. 110). Правилникот предвидувал ЗП да има и

---

[505] Ibid., 8.
[506] Ib., 9.
[507] Ib., 10-12.
[508] Ib., 13.
[509] Овој член не бил почитуван додека Т. Александров бил на чело на ВМРО. К. Прличев во своите спомени пишува дека за време на Т. Александров имало централизам, но дека по неговото убиство морало да има децентрализација, односно распоредување на работата во раководството помеѓу повеќе луѓе. (К. Пърличев, 36 години, op. cit., 132.)

своја тајна полиција, која требало да ги следи и парализира шпиунските мрежи на непријателите зад границата и да преземе мерки за отстранувањето на шпиуните (чл. 116).[510]

Според правилнкот биле предвидени три вида на конгреси: околиски, окружни и општи (чл. 145). Околиските се свикувале еднаш во две години, а општите на три години (чл. 146). Предвидено е и свкикување на вонредни конгреси. Вонредните општи конгреси се свикувале по иницијатива на ЦК, доколку побараат повеќето окрузи (чл. 147). Делегатите на околиските комитети се избирале од месните управи (чл. 148). Делегатите за окружните конгреси се избирале од околиските конгреси, секоја околија имала право на 3-5 делегати. Додека делегатите за општиот конгрес се избирале на окружните конгреси: Битолскиот револуционерен округ имал право на 11 делегати, Скопскиот на 9, солунскиот на 7, Серскиот на 6, Струмичкиот на 7 (чл. 150). Општиот конгрес е законодавно тело на организацијата. Тој ги ревидира, дополнува или издава нови организациски правилници, статути и директиви (чл. 165). Општиот конгрес имал врховна власт во организацијата (чл. 166). Тој се произнесувал и за вината на членовите на ЦК и ЗП и одредувал казни за нив (чл. 167). Општиот конгрес ја определувал и идната дејност на организацијата и идните акции (чл. 168).[511]

Сите членови во одреден пункт, кој што биле способни да носат оружје и да издржуваат нелегален живот, образувале милиција на пунктот (чл. 171). Во секое село или град, војводата определува по една легална чета (дејствителна милиција) (чл. 172). Четниците се вооружувале од оружјето на пунктот. Секој четник бил должен да има пушка, барем 200 патрони, опинци, гуна и ранец. Револвер и ладно оружје не биле задолжителни (чл. 176). Четниците и милиционерите биле казнувани со глоба и тепање (чл. 178). Во градовите и селата од страна на војводите, според правилникот, биле формирани и терористички групи составени од 5-8 души (чл. 183). Терористите комуницирале само помеѓу себе и со нивниот началник, на кој се беспрекорно му се потчинувале. Нивните имиња биле чувани во тајност (чл. 185) ЦК можел

[510] ДАРМ, фонд ВМРО, кут. 1, (1926) Устав на ВМРО, стр. 18-20.
[511] Ibidem, 23-25.

да определи специјално лице, која ќе раководи со терористичките групи во целата организација (чл. 193).[512]

Сите членови, независно од положбата што ја имале, биле еднакви пред законите на организацијата (чл. 218). Како казни биле предвидени: укор, глоба, ќотек, губење право на глас, отстранување од должноста, губење на членските права, протерување од местото на живеење и смрт (чл. 224). Докажани шпиони и непријатели на организацијата можеле да бидат убиени од секого без никаква пресуда (чл. 233). Најстрого било забрането унакажување и подбивање со труповите на убиените и намерно мачење при исполнување на смртната пресуда (чл. 234). За спорови и тужби кои што не биле од организационен карактер, биле формирани специјални граѓански судови (чл. 237). Граѓанските судови биле предвидени само за селата и се состоеле тројца членови на организацијата (чл. 238). Во градовите и поголемите села, „граѓанското правосудство" се водело еснафите и други легални институции на населението. Месната управа при неопходност, може сама или преку специјална комисија да разгледа некое поважно дело (чл. 241).[513]

За посигурно водење на кореспонденцијата организацијата имала и своја тајна пошта (чл. 242). За поголеми трансфери, како оружје, боеви материјали и др., за лицата кои го вршат трансферот била предвидена и парична награда (чл. 247). За организациската коресподенција и архива требало да се користи шифрувана азбука (чл. 254). Шифрата, псевдонимите и тајното мастило се чувале во најстрога тајна (чл. 258).[514]

Во правилникот е утврдена и распределбата на револуционерните окрузи и околии. Под Битолскиот округ спаѓале следните околии: Костурска, Леринска, Битолска, Прилепска, Крушевска, Демирхисарска (со Ґавато-Кол), Кичевска, Охридска, Струшка, Дебарска, Ресенско-преспанска. Во Скопскиот округ влегувале околиите: Скопска, Тетовско-гостиварска, Кумановска, Паланечка, Кратовска, кочанска, Царевоселска, Штипско-Светониколска, Велешка. Солунскиот округ бил составен од: Солунска, Кукушка, Еницевардарска, Воденско-мгленска, Караферско-негушка, Гевгелиска и Тиквешка околија. Серскиот округ од: Серска, Демирхисарска,

[512] Ibid., 26-28.
[513] Ibid., 30-33.
[514] Ib., 33/4.

Драмскокавалска, Неврокопска, Мелнишка, Разлошка околија. И Струмичкиот округ бил составен од околиите: Поројска, Дојранска, Струмичка, Гроноцумајска.[515]

[515] Ib., 35.

ГЛАВА ЧЕТВРТА

НОВ ПОЧЕТОК

4.1. Убиството на Никола Милев

Никола Милев бил роден во село Мокрени, Костурско. Средно училиште завршил во Галатасарајскиот лицеј. Историја завршил во Софија, а специјализирал во Виена. Бил учесник во македонското револуционерно движење, а по Првата светска војна иако формално не бил член на ВМРО, сепак останал близок човек на организацијата, кој што имал значајна улога поради неговата блискост со Т. Александров, чиј советник и бил. Н. Милев бил истакнат бугарски општественик, како дел од Демократскиот зговор, универзитетски професор по историја, истакнат публицист, масон. По превратот на 9 јуни 1924 година на Н. Милев му било понудено да стане министер за надворешни работи, но одбил. Бил назначен за амбасадор во Вашингтон, но убиството го спречило да замине. [516] Професор Ханс Јуберсбергер, пишува дека „големата македонска емиграција" во САД била причина зошто Бугарија решила за амбасадор да испрати дипломат кој бил добро запознаен со состојбите во Македонија.[517] ВМРО се трудела да влијае на бугарската влада кога се во прашање амбасадорските места кои што можеле да бидат корисни за организацијата. САД станувала светска сила, која почнала да игра се поважна улога на меѓународната сцена, а проф. Јуберсбергер како главни мотиви за поставувањето на Н. Милев за амбасадор во Вашингтон ги посочил македонската емиграција и состојбата во Македонија, веројатно САД била препознаена како нова сила, кај која што ќе треба да се бара поддршка. Причина за САД да биде препознаена како можен сојузник веројатно влијаеле и Четиринаесетте точки на Вудро Вилсон.

По акцијата во Г. Џумаја односите помеѓу ВМРО и комунистите биле доведени до крајно ниво, до истребување. Како еден од виновниците за есенските настани од 1924 година, но и општо за прогонувањето на

[516] Тома Карайовов Никола Милев като общественик и родоюбец. *Проф. Никола Милев, Дневници, спомени, пътеписи, писма*, Предговор и бележки Цочо Билярски, София, 2008, 102.
[517] Проф. Ханс Юберсбергер УБИЙСТВОТО НА НИКОЛА МИЛЕВ (Биографичен очерк), Ibidem, 113.

комунистите во Бугарија, од нивна страна бил посочен Н. Милиев. Кон Н. Милев било вперено со прст и од Македонците кои останале на позициите на Единствениот фронт. П. Чаулев во едно свое отворено писмо од 13 октомври 1924 година пишува: „(...) не сум продаден човек како Милев кој ја остави професорската благодарна должност, која му даваше 4-5 илјади левови во месецот за им служи на Петровиќ и на Зговорот за 14-15 илјади левови; не сум убиец како Милев кој ја дал својата согласност за убивањето на невините костурски војводи Трајко Желевски и Тома Желински. Но нека знаат оние мали и подли човечиња (...) и големиот бугарски дипломат г. Милев (...) тие изроди на кои Македонија им е туѓа и им служи само за кариеризам".[518] Комунистот Г. Димитриев во врска со споменатите убиства, во една своја статија го става Н. Милев во „револуционерен суд" на македонската организација, кој што ги носел смртните пресуди, оквалификувајќи го како верно орудие на власта и нејзин идеолог.[519]

Во декември 1924 година БКП донела решение да биде убиен Н. Милев.[520] Пред да биде донесена одлуката бил убиен обвинителот Димчев. Комунистите испровоцирани од ова убиство, одлучиле да го убијат Н. Милев. Со неговото убиство сакале да удрат посилно по владата и „македоноствујуштите".[521] Дека се подготвувало убиство против него, Н. Милев бил информиран од П. Шатев. Ова информација Н. Милев му ја соопштил и на И. Михајлов. За да се заштити, И. Михајлов му предложил некои мерки, меѓу другото му дал и пиштол, кој што Н. Милев го прифатил.[522] И Менча Карничева, која во јануари веќе пристигнала во Виена, со писмо го известила И. Михајлов дека „имало наредба да биде убиено некое видно лице – Македонец.[523]

---

[518] № 158 ОТВОРЕНО ПИСМО ОД П. ЧАУЛЕВ ДО БЛАГАЈНИКОТ НА ВМРО К. ПРЛИЧЕВ. 13 октомври 1924 г., *Македонското прашање во документите на Коминтерната, том I, книга 2*, op. cit. 1263.

[519] № 139 Статия от Георги Димитров „Правителството на Цанкова и македонското движение". *БКП*, op. cit., *Том първи*, 347.

[520] № 173 Доклад на Вълко Червенков за терористическата дейност в Бъгария. *Коминтернът и България,* op. cit , , 439.

[521] № 266 Из протоколите на Московската конференция (Московското съвещание) на БКП по атентата в Софийската църква „Цв. Неделя", по Единния фронт между БКП и БЗНС и помакедонския въпрос. *БЗНС*, op. cit., 542.

[522] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 574/5.

[523] П. Шанданов, op. cit., 179.

Н. Милев бил убиен на 13 февруари 1925 година во вечерните часови. Извршители на пресудата биле анархистите Георги Шејтанов и Жељу Грозев.[524] Додека се движел на улица, бил стигнат од атентаторот и стрелал во него. Н. Милев обидувајќи се да се спаси почнал да бега, но по неколку чекори паднал. Тогаш се доближил атентаторот повторно до него и се обидел да пука, но пиштолот бил заглавен. Со друг револвер стрелал уште два пати. Н. Милев бил погоден во грб и во тилот. Вториот куршум бил смртоносен.[525]

ВМРО од својот поранешен член и соработник се простила со текст на Брусински (псевдоним на Ј. Бадев), во весникот „Слобода или смрт". Н. Милев е ставен веднаш до Т. Александров. Неговата смрт била „најскапата жртва", која што организацијата ја дала „во името на самостојноста и чистотата на нашата (се мисли на ВМРО, б.м.) борба и на заштитата на бугарскиот род".[526] Во статијата е цитиран и дел од белградскиот весник „Време", кој по повод смртта на Н. Милев напишал дека станувало збор за „еден од највлијателните и најумните луѓе на македонската емиграција и на бугарското племе воопшто", а неговото отсуство негативно ќе влијаело за македонската пропаганда во странство. Повикувајќи се на овој текст, Ј. Бадев прашува: „На Бугарија ли, на Македонија ли, на бугарско-македонското работичество ли служат тие кои фрлаат свети и чисти бугарски меса во отворената и гладна за македонска и бугарска крв уста на српскиот бесен милитаризам?"[527] Според весникот на ВМРО, Н. Милев за предавство ја сметал секоја дејност која била насочена против постоењето на Бугарија, но исто така не се колебал, како предавничко да ја нарече и секоја бугарска влада, која била насочена против Македонија и нејзината борба. За Н. Милев македонското прашање можело да постои „само на основата на националноста" и секој кој што го одрекувал „националниот принцип во борбата за ослободување на Македонија", го сечел ремењот на кој единствено може да стои и воедно налева вода на „македонските угнетувачи".[528]

---

[524] Проф. Никола Милев, op. cit., 16.
[525] № 261 Съобщение на в. „Независимост", „Убийството на професор Милев. Кога и къде е извършено - Кои са убийците. – Подробности по убийството.", Ibidem, 324.
[526] Вестник *„Свобода или смърт"*, 25 февруари 1925, бр. 5, стр. 3.
[527] Ibidem.
[528] Ibid.

И. Михајлов испратил писмо со сочуство до сопругата на Н. Милев во кое напишал: „Не се осмелувам да зборувам за страшната загуба, со смртта на Вашиот незаменлив сопруг, за бугарштината и за поробената Македонија“.[529] „Гробот му, оросен со солзите на сите сонародници и пред кој цел народ смирено се поклонува, за нас е Ерусалим“, напишал по повод неговата смрт, весникот на македонската емиграција во Бугарија „Независна Македонија“.[530] Во соопштението на Македонскиот национален комитет стои: „Еден голем ум, еден творец и носител на македонскиот геније е убиен од криминалните замисли на црната сила на разурнувањето“.[531]

По убиството на Н. Милев, искажувајќи му почит за неговата дејност, софиските весници „Слово“, „Независиност“, „Утро“, „Мир“, „Народ“, „Зора“, „Прапорец“ и др., илзегле со пригодни статии. Освен весникот „Знаме“, кој бил издаван од политичката бугарска емиграција, приврзаници на БЗНС. Во весникот „Знаме“ по повод смртта на Н. Милев било напишано следново: „Милев беше едн од најопасните и најлицемените непријатели на бугарскиот народ. Македонец по раѓање, тој беше од најжестоките во македонските борби, еден од оние, кои хипнатизирани од идејата за слободна Македонија, сметаа, а сметаат уште и денес, дека Бугарија и бугарската политика се само средство за целите на една македонска емиграција.“[532]

ВМРО се ангажирало да ги пронајде убијците на Н. Милев и да ги казни. М. Карничева од Виена испратила писмо во кое биле изнесени податоци дека Милан Манлоев бил организатор и физички убиец на Н. Милев. По што М. Манолев бил фатен од организацијата. Бил испрашуван и од И. Михајлов. Најпрвин ги негирал сите обвинувања, но „откако го тепале до смрт“, тој признал. Неговите признанија биле фотографирани и ставени до неговиот труп. Неговиот труп бил ставен на истото место на кое бил убиен и Н. Милев. Сензацијата била голема, но кратко траела, затоа што истиот ден се случил

---

[529] № 266 Писмо от Иван Михайлов, член на ЦК на ВМРО до съпругата на Н. Милев със съболезнования. Проф. Никола Милев, op. cit., 328.
[530] Ibidem, 96.
[531] Ibid., 96.
[532] Вестник *„Свобода или смърт“*, 15 март 1925, бр. 6, стр. 3.

атентатот во црквата „Св. Недела“ во Софија. Според П. Шанданов, М. Манолев не бил убиецот на Н. Милев.[533]

Можеби најдобриот опис за Н. Милев го дал неговиот наследник на директорксата позиција во весникот „Слово“, Тодор Кожухаров. Т. Кожухаров по повод десетгодишнината од убиството на Н. Милев, запишал дека кај него на едно место се собрале: „тенката духовитост и добродушниот хумор на Французинот; германската методичност и нивната вродена спокојна и длабоко-научна мисла; упорната работливост на англосаксонецот; интензивниот душевен живот на словенот – сето ова беше искомбинирано во една таква пропорција, која што создаваше со чудна хармонија, слика на вистински духовен аристократ“.[534]

4.2. **Новото раководство и првите чекори**

Конгресот требал да преставува почеток на една нова етапа, оставање на несогласувањата зад себе и со едно ново заедништво да се движи организацијата по насоките кои биле дадени на него. Но, соопштението во весниците во врска со конгресот содржело и едена „тенденциозна подробност“.[535] Поточно, биле објавени резултатите од конгресот со бројот на добиените гласови. Поради блискоста на ЗП со И. Михајлов, А. Протогеров, мислел дека „му било пукано во грб“, со знаење на ЗП.[536] И И. Михајлов тврди дека соопштението во печатот било дадено од страна на ЗП[537], со цел, како што според него објаснило ЗП, дека А. Протогеров не бил лидерот во ЦК и покрај тоа што и од порано бил дел од тоа тело. Но, не биле свесни дека на тој начин ја навредиле и честа на Г. П. Христов и дека ја отежнале задачата на И. Михајлов, затоа што бил познат менталитетот на А. Протогеров.[538] Но, членовите на ЗП тврдат нешто сосема друго од И. Михајлов. К. Прличев во своите спомени напишал дека тоа писмо не е од ЗП, туку дека само И. Михајлов можел да го

[533] П. Шанданов, op. cit., 179-180.
[534] Проф. Никола Милев в спомените на съвременниците си. *Проф. Никола Милев*, op. cit., 118.
[535] К. Пърличев, *36 години*, op. cit., 134.
[536] Ibidem, 135.
[537] Според историчарот К. Палешутски, соопштението било уредено и дадено на средствата за информирање, од страна на Г. Баждаров. (К. Палешутски, op. cit., 24.)
[538] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 80.

пушти до медиумите.[539] Без разлика кој го дал тоа соопштение, јасно е дека мета бил А. Протогеров, а најмногу корист од соопштението имал И. Михајлов.

Советскиот Сојуз и Коминтерната будно ги следеле сите настани и процеси што се одвивале во македонското револуционерно движење, па секако дека се интересирале и за одлуките на Шестиот конгрес на ВМРО. Во еден извештај бил даден опис за И. Михајлов и Г. П. Христов, но не и за А. Протогеров, затоа што тој за нив веќе бил познато лице од организацијата. За И. Михајлов бил даден следниот опис: „Иван Михајлов, најзакоравен фашист, мошне млад човек, без солидно искуство и без убедувања, бивш чиновник во Воената полиција за време на војната, резервен офицер, член на Воената лига и соучесник на сите тајни решенија на Младиот конвент и на конспиративната група на Демократскиот зговор".[540] И. Михајлов е претставен како најблизок човек на Т. Александров и како некој кој имал влијание врз него. Бил „најзакоравен непријател на Виенскиот манифест". Според овој извештај тој бил само „послушно орудие, како на кабинетот на Цанков, така и на Демократскиот зговор и на Воената лига".

За Г. П. Христов е наведено дека бил „без посебна самостојност и решителност". Карактеристична црта за него била "неговата слабоволност и постојана колебливост". Во минатото „секогаш се обидувал да ги смири непријателските групации, но секогаш се влечел зад посилните". Бил без иницијатива. Во извештајот било проценето дека имал влијание само во Битолскиот округ и во гр. Битола, а дека не уживал „особен авторитет меѓу емигрантите во Бугарија".[541]

За бугарскиот премиер А. Цанков, А. Протогеров бил подложен на увеличенија и робувал на сопствената „славољубива амбиција", нерешителен и колеблив.[542] А. Узунов во своите спомени пишува дека не можел на И. Михајлов да му ја негира „способноста да внесе нешто ново, свое, присутно само кај него, во се' што правеше". За него вели дека бил „најмлад, енергичен, со организаторски способности" и дека успевал на свој начин да ги привлче

[539] К. Пърличев, *36 години*, op. cit., 133/5.
[540] № 199 „За конгресот на Внатрешната македонска револуционерна организација", *Македонското прашање во советската надворешна политика (1922 – 1940 год.), книга I,* 659.
[541] Ibidem, 659-751.
[542] А. Цанков, op. cit., 314.

луѓето, а сето ова навестувало „само добар и успешен тек на работите“. За А. Узунов, И. Михајлов попримил нешто од Т. Александров, но не го копирал, туку додавал „нешто ново и свое“. Сето ова им се допаѓало на А. Узунов и на другите повидни дејци на организацијата и сметале „дека со новиот човек во ЦК не само што ќе се продолжи старата линија туку таа ќе се доразвива, ќе се обнови и, без да се прекинува врската со традицијата , ќе се оди напред“.[543]

И. Михајлов за својот соработник од ЦК, Г. П Христов, вели дека би било подобро да имал малку повеќе култура, но таа им недостасувала и на многумина во редовите на организацијата и не било пречка за неговата работа. Поважно било тоа што неговата волја не била на потребната висина. Оставал впечаток дека бил лесно подводлив и не знаел кое гледиште да го усвои по многу прашања. Како доказ за своето тврдење, И. Михајлов наведува дека Т. Александров го опишал Г. П. Христов како „слаб“.[544] Уште поостар е кон А. Протогеров. Кај А. Протогеров не претставувало најголем проблем недостатокот на способност, туку неговата безкарактерност. Безкарактерноста, според И. Михајлов, била составен дел од битието на А. Протогеров.[545]

Но, доколку описот на Г. П. Христов бил сведен на неколку редови, за А. Протогеров, И. Михајлов испишал неколку страници. Според него, А. Протогеров, како слаб човек, секогаш бил во постојана борба со поспособни од него. А откако кај него пресушиле сите квалитети, доколку воопшто ги имал, непресушна останала само неговата суета. Таа негова суета, го терала многу често да се фали, дека се сретнувал со германскиот Кајзер, дека добивал ордени, му биле приготвувани балови и приеми. „Таа негова суета‘, продолжил во ист тон И. Михајлов, го терала „да си припишува грандиозни заслуги“. Покрај суетата, А. Протогеров го карактеризирала и „една неизмерна завист“. „Со својата ограниченост вршел такви непростиви гафови“ за што другите морале да „пропаѓаат во земја“. Бил непостојан во ставовите поради ограниченоста и недостатокот на здравите разбирања. По едно исто прашање, тој бил согласен, со онолку души со колку што зборувал. Согласен бил со сите. Но, тоа не биле неговите единствени лоши карактеристики според И. Михајлов.

---

[543] А. Узунов, op. cit., 365.
[544] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 80.
[545] Во прилог на своето тврдење И. Миахјлов наведува дека целиот живот А. Протогеров бил нарекуван „хаплю“ (наивен, будула, абдал), а пред смрта го нарекувале „харалупа“ (дупка во стебло на дрво, која се образува при изгинувањето на дрвото од старост).

Во своите спомени го напаѓа и поради неговата лекомисленост, која била чудовишна. Од него биле криени важни планови на организацијата за да не излегле на улицата. А. Протогеров не бил иницијатор на ништо сериозно, туку само се потпирал на туѓи иеди и планови. Пател и од грандоманија, што го терало да „конспирира против своите другари и го инспирирала на постапки и дејствија со тешки последици за организацијата". И. Михајлов дава и една добра карактеристика за А. Протогеров, тоа што не бил алчен за пари. Но, таа негова позитивна карактеристика ја минимизира во продолжение, затоа што некористољубивост била неопходен, елементарен услов за некој да биде член на ВМРО. Така што, неговото некористољубие не можело да ги оправда неговите големи слабости кои веќе ги набројал, но додал и други како ласкање, болесна подозрителност, лицемерие, подлост. Неговата склоност кон ласкање, според И. Михајлов, била причина за многу одлични работници да завшат по крчми и коцкарници. А. Протогеров важел за начитан човек, но за И. Михајлов, тој само се осврнувал површно на прочитаното, затоа што бил површен, без да се задлабочи, да го асимилира прочитаното и да изработи светоглед. И покрај тоа што се фалел со „припадноста кон теозофското општество", А. Протогеров продолжувал да стои на принципите на една револуционерна организација и да потпишува смртни пресуди. И. Михајлов пишува, дека било несреќа што „овој теозоф се најде во една револуционерна организација.[546]

Во однос на новиот ЦК, во своите спомени се изјаснил и Г. П. Христов. „Ние тројцата (И. Михајлов, А. Протогеров, Г. П. Христов, б.м.), бевме со различно револуционерно воспитување и со три става околу делото"[547]. Сосема точно Г. П. Христов, го преставил составот на новиот ЦК. Според него, И. Михајлов не знаел ништо за ВМРО и ја немал видено Македонија. „Младиот и неискусен Иван Михајлов, од пунктов во Софија" веднаш се искачил до највисокото скалило на ВМРО. „Неговото револуционерно воспитување и подготвување" било во Софија, а какво било најдобро можело да се види по убиствата што ги наредувал по смртта на Т. Александров. „Одвај ли не мислеше дека ако нема убиства и атентати, нема Организација или нема ВМРО", заклучил Г. П. Христов во неговиот опис на И. Михајлов.[548] А. Протогеров, како

[546] Ibidem, 697-700.
[547] З. Тодоровски, Георги Поп Христов, op. cit., 282.
[548] Ibidem, 282-283.

офицер во бугарска армија и бивш врховист, имал други сфаќања за решавање на македонското прашање, но според Г. П. Христов, сигурно не такви, кави што биле гледиштата на Г. Делчев, П. Тошев и др. Г. П. Христов, како нивен современик и како што наведува, нивен следбеник, бил со сфаќања „внатре, во Македонија, да се создава и твори делото, и во согласност и со разбирање со сите незадоволни елементи против српскиот и грчкиот режим". ВМРО требало да ја зачува својата самостојност и да биде далеку од секакви влијанија. Г. П. Христов не признавал никакво револуционерно дело во Бугарија. Таму имало само емиграција, која требало да работи врз чисто легални начела. За разлика од него, И. Михајлов и А. Протогеров се стремеле повеќе во Софија и во Петричко „ да се опкружат и да се зацврстат со свои луѓе". Овој начин на работа бил посебно подржуван од И. Михајлов, затоа што тој не бил „решен да даде личен пример и да влезе внатре".[549]

Секако, одреден дел од овие ставови, членовите на ЦК ги стекнале во тек на меѓусебната работа. Но, односот помеѓу И. Михајлов и А. Протогеров не бил добар уште од самиот почеток на функционирањето на новиот ЦК. Слабостите кои се појавиле во работата на новиот ЦК, се должат и на меѓусебните односи на тројцата членови.

Но, почетокот на работата на новиот ЦК, мора да се разгледа со периодот од убиството на Т. Александров до конгресот. Се очекувал континуитет, пред се во начинот на донесувањето на одлуките. Со разбивање на групата блиска до А. Василев во Петричко, ЗП всушност станало најмоќен фактор во организацијата и покрај тоа што членовите на тоа претставништво не се бавеле со нелегална дејност. И така организацијата поради различни причини била принудена се повеќе да се сели во Бугарија и да се повлекува од револуционерната територија која се наоѓала во Македонија под власта на Краството на СХС и Грција. Одлуките се донесувале на територијата на Бугарија, таму била и моќта. Г. Баждаров напоменува во своите спомени дека на конгресот било решено по сите важни прашања ЦК да се советува со резервните членови на ЦК, а исто така и ЗП со резервните членови на ЗП. Во продолжение пишува дека: „Тие 12 души, пак заедно собрани, образуваа еден

[549] Ibid., 283.

вид виши совет на ВМРО".[550] Тој „виши совет на ВМРО" е речикси исто она неформално тело, кое што управува со организацијата по смртта на Т. Алекаснров. Постоеле институции и се знаела нивната надлежност, но ова говори дека имало тенденција, одговорите на поважните прашања, повторно да се носат на сличен начин и да се задржат истите влијанија како и претходно.

Бргу по конгресот било донесено решение, според кое, кога членовите на ЦК ќе бидат надвор од границите на Македонија, заедно ќе заседавале двете тела ЦК и ЗП.[551] На 24 февруари 1925 година заедничко заседание одржале членовите на ЦК и ЗП. На заседанието се расправало за односот на ВМРО со надворешниот фактор. Во однос на Бугарија било одлучено „да се работи за правилна ориентација на општествената јавност и општествениците врз целите, задачите и средствата на ВМРО. Во однос на Албанија да се влезе во лични врски со Ахмед Зогу и да се разговара со Косовскиот комитет. Било предвидено и да се осигура помошта на Унгарците во однос на Србија. Во однос на насоките дадени за Хрватите, требало да се засилат врските со Стјепан Радиќ и да се засили заедничката пропаганда со нив. Една од насоките била и „да се работи со европскиот печат, специјално со францускиот печат, со печатот на словенските држави и со демократските и социјалистичките средини во Европа и со нив да се создадат поголеми врски". Во Виена секогаш требало да има „сериозен човек" , кој ќе работел меѓу студентите, а на „студентската дејност во странство да се дава постепено нова насока со оглед на тајната и важна мисија на студентите сред населението во Македонија".[552]

Првиот протокол донесен од новото раководство се однесувал на поделба на меѓусебните должности. Така според „Протокол №1", на А. Протогеров му било дадено да ја раководи револуционерната дејност на Солунскиот револуционерен округ, како и деловите од Струмучкиот и Серскиот револуционерен округ, кои не се наоѓале на територијата на Бугарија. Г. П. Христов бил одреден да ја раководи дејноста во Битолскиот револуционерен округ, додека на И. Михајлов му припаднал Скопскиот револуционерен округ, но и дејноста на ВМРО во делот на Македонија кој бил под бугарска власт,

---

[550] Г. Баждаров, op. cit., http://www.promacedonia.org/.
[551] К. Пърличев, *36 години*, op. cit., 135.
[552] З. Тодоровски, *Георги Поп Хрисотв*, op. cit., 58/9.

односно Петричкиот округ.[553] А. Протогеров барал тој да биде задолжен за организацијата во Петричкиот округ, затоа што тамошните околии спаѓале под Серскиот, Струмичкиот и Солунскиот револуционерен округ. Но, преовладало мислењето дека И. Михајлов, како помлад, преку младите полесно ќе може да го организира Петричкиот округ.[554] На И. Михајлов му бил даден на чување и печатот на ЦК.[555] Тоа што И. Михајлов ги добил печатот и Петричкиот округ, говорат за предноста што ја имал пред останатите двајца членови на ЦК, но особено со добиената можност да раководи со Петричкиот округ, добил и простор уште повеќе да го засили своето влијание во ЦК и во ВМРО.

Била распределена и дејноста на членовите на ЗП. К. Прличев добил задача да раководи со касата на ВМРО, да ја надгледува и насочува дејноста на пунктовите што се наоѓале во Бугарија, како и да одржува контакти со органите на ВМРО во пиринскиот дел на Македонија. Г. Баждаров бил задолжен за одделот „политика и литература". Поточно, тој имал задача да раководи со „информационото биро за печат " при ЗП, да го контролира и насочува пишувањето на изданијата на ВМРО и да раководи со сите „специјални мисии" во странство, кои имале политички и пропаганден карактер. Н. Томалевски бил задолжен да ја раководи и подржува агитацијата на ВМРО во странство, да ги одржува врските со сите македнски и немакеднски институции и здруженија. Бил задолжен да остварува врски со бугарските политички партии, со странските ослободителни организации, со Македонската младинска тајна револуционерна организација. Според протоколот, ЗП функционирала по принцип на „солидарност", односно сите прашања и проблеми ги решавале и планирале солидарно, па и солидарно одговарале за целокупната своја дејност. Со протоколот уште било предвидено и назначување на пунктови началници, назначување на редактори искусни лица во организациските изданија, пристапување кон собирање на парични средства, подготвување на вооружена опрема за нелегални чети, „прочистување" на нелегалните кадри и формирање на разузнавачка служба за откривање на непријателите на ВМРО во Бугарија и против дејноста на српската агитација и шпионажа.[556]

---

[553] З. Тодоровски, ВМРО 1924-1934, op. cit., 36.
[554] К. Палешутски, op. cit., 26, белешка 56.
[555] К. Пърличев, *36 години*, op. cit., 135.
[556] З. Тодоровски, *ВМРО 1924-1934*, op. cit., 36/7.

Кон крајот на февруари ЦК излегол со окружно до членовите на ВМРО. Во окружното членовите биле информирани за одржаниот конгрес и биле повикани на преданост, работа и дисциплина. Но, освен борба „против Срби и Грци“, било истакнато дека ВМРО ќе се бори и против оние кои ја нарушувале самостојноста на организацијата.[557]

На 9 март ВМРО излегла со Декларација. Новиот ЦК на ВМРО изјавил „пред цивилизираниот свет“, дека крајна цел на ВМРО, како и во минатото, останала „полна политичка автономија (самоуправа) на Македонија во нејзините природни геогравски граници“. [558] За ВМРО било еднакво прифатливо, било да се создаде независна Македонија под покровителство на ОН, било да стане самоуправна и рамноправна единица во рамките на федеративна Југославија или во рамките на Балканска федерација. Клучно било, „Македонија да биде слободна и населението и' да биде господар на својата судбина“. За постигнување на целта, ВМРО сметала пред се на самата себе и на нејзините членови. На второ место, таа сметала и на заеднички дејства со сите потиснати народности во Грција и Кралството на СХС, кои се бореле за своја самостојност, а особено на „заеднички или барем паралелни“ дејства на Хрватите, Словенците, Црногорците, Бошњаците и Албанците. Но, заедничката акција требало да произлегува од нив самите и да се раководи од нив, „а не да стане по команда на туѓа сила, која може да ги искористи ослободителните движења на Балканот за свои цели“. Под туѓа сила се мисли на Советска Русија и Коминтерната. Секое доближување до нив чинело скапо, „а ние, Македонците, бидејќи не се подадовме, со исклучок на неколку продадени поедицни, - го изгубивме својот водач Тодор Александров“[559]

ЦК на ВМРО сметал на помош од сите држави, во чии интереси бил мирот на Балканот, кој можен сам со „еднаквост, слободно самоопределување и самоуправување на сите балкански народи“. За таа возвишена цел, можеле да помогнат и разни хуманитарни и филантропски здруженија.

ЦК на ВМРО, истакнал дека ќе ја пази, како својата, така и независноста на организацијата, и нема да дозволи на ниту една влада и партија да се послужи со ВМРО како инструмент за остварување на цели „туѓи на

[557] Зоран Тодоровски, *Георги Поп Христов*, op. cit., 57.
[558] Вестник *„Свобода или смърт“*, 15 март 1925 г., бр. 6, стр. 1.
[559] Ibidem.

македонското ослободително дело". „Неколкумината Македонци", кои биле групирани околу весникот „Балканска Федерација" во Виена и подржани од Коминтерната, за ЦК на ВМРО, претставувале „непријатели на нашето дело" и не претставувале никого, „освен своите мизерни личности".

Што се однесува до средствата за борба, ЦК на ВМРО изјавил дека поради условите и во иднина ќе останат револуционерни, затоа што немало други средства за борба, се додека белградската и атинската влада „не ги признаат националните права и слободи на сите етнички групи во Македонија". Во однос на делот на Македонија под бугарска власт, ЦК земајќи во предвид дека: а) бугарската влада дала декларација дека е спремна да се откаже од тој дел на Македонија, доколку истото го сторат Грција и Кралството на СХС со деловите на Македонија кои се под нивна власт со цел да се формира од Македонија една самоуправна единица и 2) поради „полната слобода на која се радувале Македонците под бугарско владеење", - декларирал дека на тој дел од територијата на Македонија не биле нужни револуционерни методи на борба. Но, доколку бугарската влада „врши насилија и безаконија спрема Македонците", ЦК изјавил, дека ВМРО „ќе се бори и ќе ги застапува правата на своите сонародници".[560]

Согласно резолуцијата од Шестиот конгрес, која се однесувала за положбата на организациските околии кои се наоѓале во Македонија под бугарска власт, била подготвена и „Наредба за управување на околиите во Македонија под бугарска власт". Наредбата била примена на конференцијата во Г. Џумаја, која се одржала на 8 и 9 април 1925 година. На конференцијата учествувале тројцата членови на ЦК, членот на ЗП Н. Томалевски и делегати од Петричка, Горноџумајска, Светиврачка и Разлошка околија, недостасувале делегати само од Неврокопската околија. [561] Било создадено „Управно тело на околиите под бугарска власт", кое раководело со „воените, административните и финансиските односи" во околиите и било директно потчинето на ЦК и било составено од претседател и двајца резервни членови. Додека за управување со целата област на пиринскиот дел на Македонија, било формирано „општо управно тело", составено од пет души и тројца резервни членови, со

[560] Ibid., 2.
[561] К. Палешутски, op. cit., 28.

претседател кој бил „општ полномошник“ на ЦК.[562] И покрај тоа што околиите спаѓале под Серскиот и Струмичкиот револуционерен округ, раководствата на овие окрузи, немале надлежности во петте околии под бугарска власт. На општиот конгрес за овие околии биле предвидени пет делегати, тројца на сметка на Серскиот, а двајца на сметка на Струмичкиот револуционерен округ.[563]

Во наредбата бил дефиниран и взаемниот однос, како што го замислувала ВМРО, помеѓу неа и населението во пиринскиот дел на Македонија: „Македонија под бугарска власт должи на ВМРО, а) полно идејно единство на населението со основната цел на ВМРО; б) вооружена поддршка во размер според потребите од времето и местото; в) најсигурна база за борбата на дејците во Македонија под српска и грчка власт; г) најголема возможна поддршка според силите на населението. ВМРО од своја страна должи: а) заштита на населението под бугарска власт од евентуални незаконитости и нечесности на административни органи и приватни лица; б) штитење на населението од непријателски напади од српска и грчка страна“.[564]

Според наредбата членовите на ВМРО се организираат во групи од 10-20 души, на чело со „десетари и петдесетари“. Селата, градовите и општините имале управни тела, составени од секретар, касиер и тројца резервни членови. Овие тела биле бирани од десетари и петдесетари и потврдувани од околиското управно тело. Во посочената наредба имало и клаузула за финансиски, судски и културно-стопански иницијативи на ВМРО во Петричкиот округ.[565]

По примањето на наредбата започнало стегање на редовите на ВМРО во пиринскиот дел на Македонија. И. Михајлов им наредил на Г. Талев и К. Димитров со сите средства да го издигаат престижот на организацијата. За полномошник на ЦК во Горноџумајската револуционерна околија бил назначен резервниот член на ЦК на ВМРО, Ј. Ѓурков. За Светиврачката револуционерна околија бил назначен С. Развигоров, за Петричката бил назначен С. Попов, за Разлошката со седиште во Банско бил назначен Ј. Вапцаров, а Б. Бунев бил назначен за Невропкоската револуционерна околија.

---

[562] З. Тодоровски, *ВМРО 1924-1934*, op. cit., 49.
[563] Д. Тюлеков, op. cit., http://www.mni.bg/.
[564] Ibidem. http://www.mni.bg/.
[565] Ibid. http://www.mni.bg/.

На конгресот била донесена и одлука со која се не се дозволувало под покровителство на организацијата да се водат судски спорови по приватни дела во петте околии во Македонија под бугарска власт. Било допуштено да има удел во арбитражи и помирувања, но и во тие случаи, тамошните управи тела не можеле ништо да направат сами, туку предметот требале да го дадат на разгледување на ЗП или ЦК.[566]

Задграничното претставништво било должно да остварува постојан контакт со пратениците во бугарскиот парламент кои биле избрани од територијата на Македонија под бугарска власт, и да го насочи нивното однесување по важни прашања. Нужна била и поголема грижа за овој дел на Македонија, од страна на државата.[567]

На 3 април 1925 година, ЦК ги назначил раководителите и на управните тела во револуционерните окрузи. За нелегални членови на управното тело на Скопскиот револуционерен округ, биле назначени И. Брло, кој бил и претседател на ова тело, кумановскиот околиски војвода К. Лазаров, ја извршувал функцијата касиер и М. Опилски, кратовски војвода, кој во ова управно тело ја имал секретарската функција. Ополномошник на ЦК за овој округ бил Ј. Ѓурков. Во Струмичкото окружно управно тело претседател бил струмичкиот војвода Г. В'ндев, додека Н. Велев бил член-секретар. Во управното тело на Битолскиот револуционерен комитет биле назначени А. Стефанов, како претседател, за секретар бил назначен П. Шанданов и К. Петишев за касиер. Во Солунскиот револуционерен округ, ова тело било составено од тиквешкиот околиски војвода М. Шактров – претседател, воденскиот околиски војвода Г. Џинџифилов – касиер и гевгелискиот околиски војвода Г. Хаџимитрев (секретар).[568]

ВМРО посветувала внимание и на македонската студентска младина во европските градови. По иницијатива на ВМРО бил основан „Сојуз на македонски студентски друштва во странство". Некои лица од раководството на овој сојуз биле и роднински поврзани со лицата од раководството на ВМРО. Н. Велев, бил роднина на А. Протогеров, Петар Манев на К. Прличев, Крум

---

[566] 30 Насоки за бъдещата дейност на ВМОРО. *VI конгрес*, op. cit., 231.
[567] Ibidem, 230.
[568] К. Палешутски, op. cit., 27/8.

Николов бил син на близок соработник на ВМРО, д-р Г. Николов.[569] Но, македонските студенти во Европа, не биле единствени, ниту целосно се сложувале со работата на раководството на ВМРО. За ВМРО, пак, тие биле доста значајни, затоа и непосредно пред и по VI Конгрес, членовите на ЗП се ангажирале за средување на односот со нив.

Според Т. Карајовов во македонското студентско друштво во Виена биле присутни две струи. Побројната сметала дека „акедемската младина треба да биде подалеку од политичката дејност на македонската организација", а дека тие имале за задача европската општествена јавност и студентската младина да ја запознаат со „етничкиот карактер на Македонија, нејзиното минато и неподносливиот режим под кој таа денес се наоѓа". За разлика од ова група, втората, помалата група се стремела да го искористи друштвото за свои лични цели.[570]

Всушност, до обединувањето на студентските организации од повеќе европски градови и формирањето на „Сојузот на македонски студентски друштва во странство", дошло на почетокот на 1925 година. Конгресот на македонските студентски здруженија требал да се одржи во Прага, но бидејќи чехословачката влада не дозволила да допатуваат делегатите, конгресот бил одржан во Лајпциг од 5 до 8 јануари 1925 година.[571] На конгресот учествувале 28 делегати, како претставници на македонските студенти од Бугарија, Австрија Германија, Чехословачка и Франција. Тогаш било одлучено македонските студентски здруженија од повеќето држави да се здружат во единствен сојуз и да отпочнат постапка за прием на тој сојуз во членство на „Меѓународната конфедерација на студенти". Македонските студенти сметале дека тогаш било поволен момент за прием во Меѓународната конференција, затоа што „Србите и Романците, кои, пред се', би имале став против приемот на македонските студентски здруженија како самостоен член" не припаѓале на Меѓународната конфедерација.[572]

---

[569] К. Пърличев, *36 години*, op. cit., 138.
[570] З. Тодоровски, *ВМРО 1924-1934*, op. cit., 84.
[571] 40 Извештај од Дирекцијата на полицијата во Виена од 2 февруари 1925 година до канцеларијата на сојузниот канцелар во Виена во врска со Конгресот на македонските студентски здруженија одржан на 5 и 6 јануари во Лајпциг. Австриски, op. cit., 217.
[572] Ibidem, 217/8.

Македонскиот студентски конгрес во Лајпциг издал проглас „до академската младина во целиот свет“, со кој ги информирал за одржаниот конгрес, формираниот Сојуз на македонските здруженија во странство и дека за свое седиште ја избрале Виена. Сојузот како цели имал: „1. Да работи светот да ја запознае Македонија од културен, историски, етнографски и национален аспект и 2) Како еден мал, но продухвен дел од совесност и одушевување, да и се приклучи на Меѓународната студентска заедница и така да ја изврши својата должност во името на правдата, вистината, на мирот и на заедничката човекова култура“. [573] Во смисла на погорното дале соопштени во кое стои дека македонските студенти биле принудени да се организираат во посебни културни центри, „бидејќи за нив не постои можност како рамноправни членови со свои културни, национални и јазични права да учествуваат во националните студентски здруженија во меѓу кои беше поделена нивната татковина“. А уште полошо било, што македонските студенти не можеле да се вратат во татковината без да се изложат на опасноста да ја изгубат слободата и да се изложат на опасноста поради режимот на насилство и неправда. Македонските студенти навеле, дека треба да ги обединат нивните сили „во мудар спор против нечесните напади“ на “заинтересираните кругови“, кои „на секаков начин се труделе да ги изопачат фактите“. Затоа тие се ангажирале да ја одбранат “возвишената, научна истражена вистина“. Зашто „таа вистински ја осветлува нашата мала, убава земја и нејзиниот јуначки храбар и слободољубив народ“.[574]

Македонскиот студентски конгрес издал и проглас во кој била изложена „положбата во Македонија и нејзините револуционерни борби“. Со прогласот ја известиле јавноста дека македонските студенти на конгресот ја разгледале и “положбата на подјармената татковина, каде над се’, што не е грчко и не е српско, владее со се“ поголема сила една власт на смрт и пустош, која на различните нации им ги зела црквите и училиштата – повеќе илјади на број – и сите граѓански, човекови и политички права“.[575] Македонските студенти на конгресот констатирале: 1) „дека режимите во Македонија под грчка и српска власт“ биле пожестоки и од средновековната инквизиција; 2) „дека на

[573] 43. Извештај од Дирекцијата на полицијата во Виена од 27 април 1925 година до канцеларијата на сојузниот канцелар во Виена во врска со конгресот на македонските студентски здруженија. Ibid., 224.
[574] Ib., 224.
[575] Ib., 225.

Македонецот денес се' уште му е забрането најосновното човеково право од 20. век". Македонците немале право да се образуваат на свој јазик, да ги пеат своите народни песни и без страв да се изјаснуваат за своето национално потекло; 3) дека во Македонија не и се признава „правото на слободен културен, национален и политички живот"; 4) „дека секоја молба и барање на кренат глас" крваво биле задушени „во трескањето на железни синџири", во убивањето на невиното население и во крвта на „најбудните и најневините синови на македонскиот народ", кој „научил да се бори и да умира за неговото достоинство, за неговото право и за неговата културна, национална, религиозна и политичка слобдоа"; 5) дека на македонскиот народ му биле „пресечени сите патишта, кои водат кон мирољубив развој и праведна борба на национална основа".[576] Поради сето ова, Студентскиот конгрес искажал молба да се стави крај на вандалскиот режим, „кој ја носи до срам нашата модерна цивилизација" и настојувал на „моментално и вистинско спроведување на договорите за заштитата на малцинствата". Се додека ова „не се овозможи на македонскиот народ", тој немал друго средство за самоодбрана и ослободување, освен борбата со оружјето во редовите на ВМРО.[577]

На конгресот било разгледувано и бегалското прашање. Македонските студенти утврдиле "дека масовното иселување на Бугарите од Македонија" било поради крвавиот терор. Исто така и дека "никој сериозно не се занимавал со одвратната судбина на илјадниците прогонети Македонци".[578]

Иако во својот проглас ја прикажуваат ВМРО и нејзината борба во светла страна, кај некои членови се појавило сомнение и колебање, особено кај студентите од Виена, во однос на работата на организацијата. К. Прличев причина за такво нешто ја видел во пропагандата на Д. Влахов, П. Чаулев, С. Иванов д-р Ф. Атанасов, Г. Занков, Н. Терзијанов и др. Поради разидувањата кои се појавиле помеѓу ВМРО и македонските студенти, К. Прличев во пролета 1925 година заминал за Виена. Во Виена, К. Прличев водел разговори со сите петорки, кои што требале да се формираат согласно наредбите издадени после VI Конгрес на ВМРО, како и посебно со секој член од групата. Разговорите биле толку жестоки што К. Прличев се чувствувал како пред инквизиција. Во

[576] Ib., 225/6.
[577] Ib., 226/7.
[578] Ib., 229.

разговорите со нив, тој утврдил дека и по нивните секојдневни набљудувања и впечатоци и по менталитетот и по психологијата биле „повеќе лево“.[579] Во својот извештај до ЦК на ВМРО, К.Прличев напишал дека не успеал потполно да ги придобие и да ги убеди во се’.[580] Сепак, „Сојузот на македонските студентски друштва“ успеал да се истакне со својата дејност и тоа во полно содејство со ВМРО. И покрај одредени несогласувања и полемики, К. Прличев пишува дека за нивната дејност особено во „областа на културната и политичката пропаганда на македонското минато, идните борби и теженеења, оправдани ќе бидат сите пофалби“.[581]

Во април 1925 година излегло и првото интервју на И. Михајлов дадено во својство член на ЦК на ВМРО. Интервјуто го правел рускиот новинар, емигрант во Париз, Леонид Неманов, симпатизер на ВМРО. Во својот вовод, Л. Неманов го претставил И. Михајлов како „нов водач на организацијата“, кој што не бил познат на широките маси во Бугарија и Македонија, но имал „голем углед и почит помеѓу членовите на организацијата“, која ја стекнал со својата решителност, смелост и со големите заслуги за организацијата по смртта на Т. Александров.[582]

Во разговорот со Л. Неманов, И. Михајлов истакнал дека ниту еден народ, „не може без да ја загуби својата чест, да се откаже од својата народност и од своето право на национално битие“, па аналогно на тоа „не можеме да се откажеме и ние Македонците“. И поради ова нужна била вооружена борба против „српската и грчката влада“. Вооружената борба ќе престанела само кога ќе биле исполнети минималните услови во однос на правата на малцинствата во Грција и Кралството на СХС.[583] Во однос на Бугарија, И. Михајлов изјавил дека за ВМРО не било важно која влада управувла со неа, туку каков однос имала таа влада кон Македонија. Доколку владата на А. Цанков при зближувањето на Бугарија и Кралството на СХС, во однос на Македонија се

---

[579] Ib., 136-137.
[580] З. Тодоровски, *ВМРО 1924-1934*, op. cit., 84.
[581] К. Пърличев, *36 години във ВМРО*, София, 1999, 138. „Сојузот на македонските студентски друштва во странство“ функционирал со успех до убиството на А. Протогеров, кога дошло до раскол во сојузот.
[582] № 2 Новийат водител на Македонската организация. Изявления на Иван Михайлов. Ц, Билярски *Тайните*, op. cit. 240/1.
[583] Ibidem, 241.

однесувал исто како и А. Стамболиски, тогаш ВМРО исто како што се борела против А. Стамболиски ќе се бори и проти владата на А. Цанков.[584]

Во однос на комунистите, И. Михајлов изјавил дека убиството на Т. Александров налагало да бидат непростливи кон комунистите. Најавил дека борбата против комунистите „ќе биде беспоштедна, уште побеспоштедна отколку за времето на Т. Александров". И. Михајлов декларирал дека немало порешителни, понепростливи и побеспоштедни непријатели за ВМРО од комунистите.[585]

Прашањето за односот со комунистите почнал да ја обележува организацијата. Нејзината јасна борба со комунистите во редовите на организацијата и надвор од неа, предизвикувало и незадоволство кај лица блиски до организацијата. Затоа, задграничниот претставник К. Прличев, реагирал дека ВМРО не гонела членови комунисти поради нивната идеологија, туку поради тоа што тие лица не ги исполниле своите задолженија, за нивни грешки или престапи. Не прифаќал дека со борбата против комунистите ВМРО се отгрнала од својот вистински пат, затоа што тоа подразбирало дека вистинскиот пат на ВМРО е комунизмот.[586] За многумина „болшевичката напаст" била непостоечка, вообразена, но К. Прличев тврди дека за ВМРО таа опасност била реално. Притоа порачал дека би било подобро комунистите да ги напуштат редовите на „националното македонско ослободително движење и да се одадат на пошироко социјално, какво е болшевичкото". Тоа не го тврдел К. Прличев, затоа што мислел дека „едното го исклучува другото", туку затоа што според устовот и 30 годишната борба патот на организацијата бил осветлен, движењето било водено на „на национална основа и со национална и политичка цел", додека другата страна сакала сега да го болшевизира.[587] Двете страни можеле да имаат одредени заеднички точки, но не можела едната страна т.е. комунистичката, да ги натура своите цели на другата т.е. националното ослободително движење, како што е „рушење на постоечкиот поредок во Европа". К. Прличев заклучил дека ништо повеќе не сакаат од

[584] Ibid., 241.
[585] Ib., 241.
[586] ДАРМ, фонд Александар Протогеров, кутија 1, *Писмо од А. Протуѓеров до Петре во кое се разгледува политичката ситуација*, стр. 75.
[587] Ibidem, 75/6.

СССР и комунистите „овен да не не закачаат, да ни се мешаат (...), а особено да не посегаат на нашето (се мисли на ВМРО, б.м.) единство и самостојност".[588]

4.3. Нова тактика

На Шестиот конгрес на ВМРО, било решено и во кој правец ќе се движи дејноста на организацијата. За остварување на задачите зацртани во програмата бил потребен поголем период од тригодишниот мандат на двата института, затоа кај нив не постела илузија во однос на реалноста да се исполни зацртаното, но постоела добра волја и единство во однос на правецот и целта.[589] Правецот бил зацртан со резолуцијата „Насоки на идната дејност на ВМРО", која била усвоена на конгресот.

Четништвото не било укинато, на него се гледало и како на „апостолат". Четите требало да „дејствуваат во помали групи, со специјални инструкции за агитација и организирање на даден реон". Значи, четите и понатаму останале како значаен дел од тактиката на ВМРО, но се предвидувало намалување на нивниот состав. Според издадените насоки, во секоја околија требало да се задржат „најмал број на нелегални лица", само оние што биле неопходни. Заклучокот е јасен: „Општо, се пристапува кон намалување на кадарот".[590]

Во однос на тактиката, идните дејствија во резолцијата преставени се во пет точки: а) паралелно со организациската и апостолската работа, требало да се прават и акции; б) поголемите акции не требало да бидат чести, затоа што попречувале на останатите дејности; в) требало да продолжат „ударите врз главните ренегати и врз видни српски чиновници"; г) посакувано било акциите да не започнуваат во источниот дел на Македонија под Кралството на СХС; д) Сопирање на возови и други „ефектни удари", можеле да се преминуваат со

[588] Ibid., 76.
[589] К. Пърличев, *36 години*, op. cit., 136.
[590] 30 Насоки за бъдещата дейност на ВМРО. *VI конгрес*, op. cit., 227.

еднаква основа и од двете страни на реката Вардар; е) Акциите во странство не смееле да „станат систем“, секоја пособено требало да се осмили и реализира.[591]

Иако е зачувано четништвото, сепак четите биле намалени, што значи отежнување на условите во кои што делувале. За поголемите чети била потребна и поголема логистика, односно вклучување на поголемиот дел од населението. Биле лесно воочливи за противникот, а со тоа и постоеле поголеми шанси да дојде до судир. Од друга страна помала група можела полесно да нанесе удар и да се повлече. Со откривањето на четите, страдало и населението.[592] Според најмладиот член на новиот состав на ЦК, И. Михајлов новата тактика била неминовност, а тој на неа работел уште пред да биде избран за член на ЦК. Тактиката морала да биде променета затоа што српската власт долго ги набљудувала методите со кои се служела ВМРО, а исто така на неа страна се приклучиле поранешни луѓе од организацијата кои добро го знаеле начинот на кој таа функционира. Освен нив, И. Михајлов ги посочува и оние луѓе на организацијата кои отишле на страна на болшевиците.[593] Сепак, одредени промени во тактиката се донесени едногласно на конгресот од сите делегати.

Според него, не требало организацијата да се стреми кон „масовоно организирање на народот“, туку кон „масовно влијание“ меѓу народот. Во селата било потребно да се „покрстат“ сите луѓе, затоа што било тешко да се зачува тајната, особено кога пристигнувале поголеми чети. За разлика од селата, во градовите можело да се води тајна работа, таму населението не било масовно покрстувано. Како што било, во градовите, така требало и во селата. Селото било „’рбетот на организацијата“, а тоа го знаеле и непријателите. Затоа, според И.Миахјлов, организациските дејци биле должни да го сочуваат селото од секакви удари, доколку тие зависеле од нив.[594]

Четите, како што било наведено и во усвоените насоки, се занимава и со апостолска работа. Но, како „остаток од турскиот режим“, повеќето четници сметале дека нивна примарна задача била да водат борба, но И. Михајлов пишува дека новите услови налагале нешто друго. Тој, четничките акции ги

[591] Ibidem, 229.
[592] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 87.
[593] Ibidem, 81.
[594] Ibid.

споредува со земање на лекарства, ако се земале по правилото „по лажичка на ден“, препишаната доза помагала, а прекумерното користење давало лоши резултати. Затоа заклучил дека било потребно помалку судири, а „повеќе апостолска работа меѓу народот“.[595] За да не биле лесно забележливи и полесно да ги извршуваат акциите, требало да бидат што помалку впечатливи. Долгата брада и униформата ги правеле полесно видливи, затоа и била дадена наредба при дејствување да се избричат и да не носат униформи при акции.[596]

Во новиот устав, останало масовното востание како средство во борбата за остварување на целта на организацијата, но во „краен случај“. Како и што забележал И. Михајлов, ВМРО не можела сама да се избори со државите кои биле нејзин противник, а немале илузии и дека европските држави лесно ќе се вмешаат. Од тука, според него, произлегува дека штом немало изгледи за масовно востание, тогаш немало причина и за масовно организирање. А доколку се оствариле условите за масовно востание, односно кога ќе добиеле поддршка од сојузниците, тогаш населението масовно ќе се приклучило и покрај тоа што не дало клетва и не е дел од организацијата. За И. Михајлов, ова не претставувало раскинување на врската со народот, туку само промена на методот на работа, со кој би се намалила опасноста по народот. А доколку се „похаби народната маса – тогаш нема ниту ВМРО, ниту борба“, заклучил И. Михајлов.[597] Токму поради заштитата на населението во Македонија под грчка власт, „никаква револуционерни акции“ не требало да се прават на таа територија. Затоа што Грција ги користела четничките акции за да го оправда својот терор врз македонското население, кое што било протерувано и убивано.[598]

„Ефективните удари“ во вардарскиот дел на Македонија и „акциите во странство“, кои биле посочени во насоката, за И. Михајлов биле начин со кој македонското прашање ќе останело отворено пред светската јавност, во недостаток на поголеми четнички акции.[599] Нужно било да се издигне „знамето на борбата“, народот да чувствувал дека ВМРО можела да го заплаши противникот. Како И. Михајлов ја замислувал тактиката на ВМРО и во кој

[595] Ib., 87.
[596] Ib., 92.
[597] Ib., 84/5.
[598] Ib., 88.
[599] Ib., 84.

правец требало да се движи организацијата, најдобро се гледа од неговата споредба на Илинденското востание со атентатите пред Првата балканска војна. Според него, во Илинденското востание учествувале околу 25 000 борци, но „поголем шум“ предизвикале атентатите извршени од „шака луѓе“ пред Првата балканска војна, а таков ефект предизвикале и Солунските атентати.[600] Требало да се избегнува да се врши атентати на „помали виновници“, да се насочи вниманието само кон позначајните лица. Но, за И. Михајлов, најдобро било да се изведат терористички напади врз државни објекти: мостови, железници, складишта.[601]

Акциите надвор од територијата на Македонија, според резолуцијата усвоена а конгресот, не можеле да „станат систем“ и според И. Михајлов, требало да се „постават во разумни граници“, во зависност од останатите потреби на „ослободителната борба“.[602] Со акциите надвор од Македонија се штитело и македонското население, кое било на удар на властите по извршените акции на територијата на Македонија. Доколку акциите би се случувале надвор од територијата на Македонија, македонското население би било заштитено, затоа што за дела на поединци, кои што не би биле ни разоткриени, власта не можела да го казнува целото население и тоа да го оправда пред јавноста. И. Михајлов, бил импресониран од рускиот атентати за време на Царска Русија, кои што наидувал на симпатии во Европа. Особено во тие акции бил импресониран од саможртвувањето, затоа организацијата требало да си постави за задача да организира такви акции, во кои однапред биле решени да загинат.[603]

4.4. ВМРО и Бугарија

По соработката со одредени владејачки воено-политички кругови во Бугарија, во внатрешната борба во ВМРО и жестоките напади за нивната заедничка дејност, прашањето за тоа каков треба да биде односот на ВМРО со

---

[600] Ib., 88.
[601] Ib., 87/8.
[602] Ib., 88. Уште на Ќустендилскиот конгрес (1908 г.) било донесено решение, во кое стоело дека: „Организациската активност е првенствено терористичка“. (К. Пърличев, *VI конгрес*, op. cit., 59.)
[603] Ib., 89.

бугарската држава, било разгледувано на VI Конгрес. Усвоените насоки за тоа каков треба да биде односот на ВМРО со Бугарија биле кратки и јасни: „а) Што е можно подалеку од неа. б) Доколку не не закачат, со никого не се закачаме. в) Секогаш ќе ги застапуваме своите гледишта по големите прашања, без оглед дали тие ќе им се допаѓаат или не, на одредени бугарски управители. г) Живо ќе се интересираме за положбата на нашите бегалци во Бугарија".[604]

Но, како на ова прашање гледале членовите на раководството на ВМРО, надвор од кратките декларативно изнесени насоки? Што можела ВМРО да очекува од Бугарија? „Се разбира, не војна за Македонија", одговорил К. Прличев на прашањето кое и самиот си го поставил.[605] Војната Македонците не требале да ја очекуваат, затоа пто ниту Бугарија можела да ја води, ниту некој би и дозволил. Но, според членот на ЗП, од Бугарија требало да се очекува следното: а) „да се зачува себеси (државата), зошто без Бугарија, нема да кажеме дека ќе ја нема Македонија и македонското ослободително движење, но шансите да се одржи отворено нашето (македонското, б.м.) прашање би се намалиле значително"; б) Бугарија требала да го запази своето право за културно единство со „Бугарите од Македонија, Тракија и Добруџа".

Во контекст на овие две точки, од бугарската влада требало да се бара: „1) чување на сегашните граници (во кои е вклучен и дел од Македонија); 2) чување на животот, здравјето, просветата, културата, егзистенција на населението (чиј голем дел преставувале Македонците);" 3) да ги искористи нејзините права за покренување на прашањето за бугарските малцинства во другите држави; 4) грижа за бегалците доброволно или приморано дојдени во Бугарија.

Врските на ВМРО со Бугарија, доколку ги имало, според К. Прличев, можеле да бидат и корисни, а на штетни и компромитирачки за едната или за двете страни, гледиште кое било „догматски прифатено".[606] „Некои од оние што инсинуираат за тие врски", би прифатиле бугарската влада да се „поврзе со зелена интернационала, други со црвена, трети со винска", но за сите нив доколку Бугарија имала врски со ВМРО било „непростлив грев". Како што

[604] 30 Насоки за бъдещата дейност на ВМРО. *VI конгрес*, op. cit., 231.
[605] ДАРМ, фонд Александар Протогеров, кутија 1, *Писмо од А. Протуѓеров до Петре во кое се разгледува политичката ситуација*, стр. 74.
[606] Ibidem.

Бугарија била прекорувана за врските со ВМРО, така и организацијата била напаѓана од луѓе кои што се залагале ВМРО да биде во сојуз со други народи, но, како што пишува К. Прличиев, истите тие ја клеветат организацијата „ако посака соработка и со слободните сонародници". Според него, не заради сите тие што ја напаѓале организацијата, туку за да биде „доследна на себеси, да ја сочува традицијата и за посигурно да ги постигне своите цели, организацијата ја брани својата самостојност, не се качува на туѓи коли и не станува туѓо орудие". Такво било поведението на ВМРО за времето на А. Стамболиски, исто такво ќе било со владата на А. Цанков. А како што организацијата го преживеала убиството на А. Стамболиски, така ќе го преживее и симнувањето на А. Цанков од власта, затоа што коренот на ВМРО бил во „режимот и угнетувањето" во Македонија, констатирал во својата анализа членот на раководството на ВМРО, К. Прличев.[607]

Од овие размислувања на К. Прличев, се гледа дека ВМРО немала намери целосно да се оддели од бугарската држава. Тој во Бугарија гледал заштитник на населението во Македонија, затоа што и тоа за него е бугарско. Но, тој прави дистинкција помеѓу тоа ВМРО да стане „туѓо орудие" и да соработува. Освен соработка и „туѓо орудие", со спомнување на А. Стамболиски, К. Прличев, додава уште една непосакувана опција, која би гласела: „Бугарија да работи на уништување на ВМРО". Значи, дозволена е соработка, која што нема да биде на штета на двете страни, затоа што одредени цели им се поклопувале, но не и ВМРО да ја изгуби својата самостојност или да биде уништена. А. Стамболиски, но и Кралството на СХС, во уништувањето на ВМРО, гледале и затворање на македонското прашање. Што за ВМРО, било недопустливо. Од друга страна, исто и ВМРО се плашела дека без неа самата и без Бугарија, македонското прашање тешко ќе биде држано отворено пред меѓународната јавност, што пак, било причина плус ВМРО да не оди на штета на Бугарија, да спречи секоја можност таа да биде уништена, но доколку може да помогне да зајакне, ако со ништо друго, тогаш така што понекогаш нема да делува и нема да биде причина за соседните и европските држави да ја напаѓаат. Во овој контекст е и заклучокот на К. Прличев од еден друг извештај во кој навел: „При денешни услови на една победена Бугарија, обврзана со сите

[607] Ibid., 74/5.

задолженија наложени од договорите од една страна, и една многуилјадна македонска емиграција во неа, со своите легални организаци, плус еден дел од ВМРО што преставувал база на ВМРО, со една помошна организација од друга страна, природно е заемно дејствување на едната врз другата, односно, зависноста на бугарската државна политика од ВМРО и обратно – и следствено, не може да има сосема самостојна бугарска државна политика и сосема самостојна ВМРО".[608]

Како заедничка опасност за двете страни, односно за оние што управувале со Бугарија и со ВМРО, биле комунистите. Во нив била препознаена опасност, како за ВМРО, за нејзината самостојност и сила, така и за опстанокот на Бугарија. Комунистичкото востание, кое во Бугарија требало да се одржи во септември 1924 година, било одложено за пролета 1925 година. Бугарија била во постојана опасност од избувнување на ново востание, тензијата била присутна и помеѓу власта. На почетокот на 1925 година, бугарската влада поднела до парламентот предлог за промена на „Законот за заштита на државата", кој бил донесен во 1924 година. За време на разгледувањето на предлогот во парламентот, министерот И. Русев, одговарајќи на поставеното прашање во врска со убиствата на Н. Милев, Т. Страшимиров и Х. Иванов, ги повикал приврзаниците на Единствениот фронт, да се вразумат и да се откажат од теророт и убиствата, во спротивно им порачал: „Нема да застанам пред никакви мерки додека не ви ја смачкам главата. Таа ќе биде смачкана".[609]

Промените биле усвоени во март 1925 година. Со првиот член биле забранети сите организации, групи и нивни делови, кои што проповедаат или потикнуваат на насилна промена на уставниот и општествениот поредок и промена на власта.[610] Со чл. 13 била предвидена смртна казна за секој, што ќе го напушти местото на живеење и влезе во чета, која била составена и вооружена со цел да врши престапи против државанта или општествената безбедност, државните или приватните имоти, против живот на функционерите или приватни лица и др. Исто така, Овие два члена биле прифатени и од Врховниот касационен суд, кој прифатил, дека една чета може да биде и од само две лица, а за јатаци на разбојници ќе биле сметани и оние

[608] З. Тодоровски, *ВМРО 1924-1934*, op. cit., 97.
[609] Х. Петров, Х. Христов, op. cit., 640.
[610] Ibidem, 641, белешка 2760.

кои криеле членови и на чета која била растурена од власта. Со првиот член не било предвидено да се гонат луѓе поради нивните убедувања, туку бил насочен само доколку била манифестирана намера за насилни дејства. Со чл. 7 било забрането усно, писмено или преку печатени, уметнички или други дела, повикување на непријателство омраза кон одделени класи или слоеви на населението.[611] И воените судови добиле право да судат по овој закон, без да бидат повикани од граѓанските судови.[612]

СССР, Коминтерната, заедно со сите потчинети служби и организации, целата 1924 година правеле погрешни проценки во однос на шансите за востание во Бугарија. Но, на почетокот на 1925 година, било се повеќе јасно и за нив, дека не може да биде кренато востание и тоа да биде успешно. На 28 јануари 1925 година, Президиумот на ИККИ, имајќи ја во предвид меѓународната положба, положбата во Бугарија и Балканот, установил дека шансите на комунистите и земјоделците за промена на власта биле мали, а помош од СССР била исклучена. Па поради тоа донел решение да се откаже планот за вооружен преврат против владата на А. Цанков.[613] Кон крајот на март, писмата од ИККИ, В. Коларов и од БКФ, кои се однесувале со директиви за откажување на вооружено востание и против тероризмот, биле во рацете на комунистите во Софија.[614] На 15 април 1925 година, ИККИ бара БКП да го промени курсот, од план за вооружени активности, борбата да ја префрлат на политички план. Воената организација на БКП, требала до го преусмери своето делување, од подготовка на вооружено востание, кон преземање на мерки за самоодрбана . Терористички акти, исто така, биле дозволени само како акт на самоодбрана.[615]

Но, наредбата за атентатот била дадена уште на 15 март 1925 година, решението на ИККИ и не можело да биде земено предвид. Планот бил да се убие едно високопозиционирано лице од репресивниот апарат, а неговиот

---

[611] Ibidem, 640-2.
[612] Ibid., 643.
[613] № 155 Резолюция на Президиума на ИККИ за дейността на БКП в подкрепа на борбата на опозиционните сили начело с ген. Никола Жеков против правителството на Ал. Цанков. *Коминтернът и България,* op. cit., 390.
[614] № 266 Из протоколите на Московската конференция (Московското съвещание) на БКП по атентата в Софийската църква „Цв. Неделя", по Единния фронт между БКП и БЗНС и помакедонския въпрос. *БЗНС, Александър Стамболийски и ВМРО. Непознатата война*, София, 2009, 556.
[615] № 163 Резолюция на Президиума на ИККИ за снемане курса на БКП към въоръжено въстание *Коминтернът и България,* op. cit., 412/3.

погреб да биде искористен за поголем атентат. Повеќе лица биле во игра, меѓу кои и офицерот и политичарот Славејко Василев, но него не можеле да го убијат, затоа што бил „многу добро обезбедуван од Македонците“.[616] На крај, на 14 април 1925 година, бил убиен генералот и политичарот Константин Георгиев. На 16 април 1925 година, во црквата „Св. Недела“, додека се служело опело за неговата смрт, бил извршен атентат од страна на БКП, а еден од главните организатори бил К. Јанков, членот на ЦК на БКП, кој што се спротиставил на тактиката на Коминтерната и Виенскиот центар, при водењето на преговорите со ВМРО.[617]

Бугарските комунисти за мета ја имале и ВМРО, односно луѓе од организацијата. Уште во есента 1924 година донеле решение да биде убиен И. Михајлов, а во почетокот на 1925 година бил убиен и Н. Милев.[618] Комунистите подготвиле и терористичка шесторка, со цел да ги убие И. Михајлов и А. Протогеров. [619] Со есенските настани од 1924 година, била решена борбата во ВМРО, но се продлабочила помеѓу организацијата и приврзаниците на Единствениот фронт.

Во февруари Т. Паница заминал за Атина, „за дефинитивно и целосно средување на прашањето“, а сето тоа било во дослух со комунистите. Б. Ангелов му пишал на К. Јанков „дека надежта за посакувано решение на прашањето е голема“. [620] Федералистот Т. Паница, бил дел од левицата на поранешната владејачка партија во Бугарија, Бугарскиот земјоделски народен сојуз. А левицата на БЗНС била поддржана од Грција.[621] БЗНС го прифатила предлогот на БКП и станала дел од Единствениот фронт. Г. Димитров во писмо до В.

---

[616] № 266 Из протоколите на Московската конференция (Московското съвещание) на БКП по атентата в Софийската църква „Цв. Неделя“, по Единния фронт между БКП и БЗНС и помакедонския въпрос. *БЗНС,* op. cit., 559.

[617] Атентатот во 1925 година во црквата „Св. Недела“, бил атентат со најмногу жртви се до 1978 година и палењето на киното „Рекс“ во Абадан, Иран. (Х. Петров, Х. Христов, op. cit., 648.)

[618] № 173 Доклад на Вълко Червенков за терористичкеската дейност в България, *Коминтернът и България,* op. cit , 439.

[619] № 266 Из протоколите на Московската конференция (Московското съвещание) на БКП по атентата в Софийската църква „Цв. Неделя“, по Единния фронт между БКП и БЗНС и помакедонския въпрос. *БЗНС,* op. cit., 550.

[620] № 225 Писмо от Боню Ангелов до Коста Янков, чрез Никола Желязков за пристигането на Тодор Паница в Солун за съгласуване на по-натъшните действия с гърците и уреждане парични взаимоотношения. *БЗНС*, op. cit., 531.

[621] № 173 Писмо од ополномоштениот претставник во Грција А.М. Установ до зам. – народниот комесар за надворешните работи М. М. Литвионов. 11 јануари 1925 г. *Македонското прашање во советската надворешна политика (1922 – 1940 год.), книга I*, 563.

Коларов уште во ноември напишал дека Т. Паница ги организирал „старите санданисти и своите луѓе во грчка Македонија и Неврокопско“ и дека неговите луѓе „веќе проникнале и во Петричката околија“.[622] Всушност, Г. Димитров имал средба со Т. Паница, по што последниот „доверливо“ му изјавил дека имал средба со грчкиот министер за надворешни работи Русос, а целта на разговорите била припадниците на БЗНС да добијат пари, оружје и база во Грција. На втората средба, Русос одговорил дека пари ќе им даде веднаш, оружје пред востание, а за базата не дал конкретен одговор. Но, Т. Паница имал средба и со военото министер на Грција, кој ветил дека ќе овозможил да се олесни внесувањето на оружјето преку Грција во Бугарија. По разговорот со Г. Димитров, Т. Паница заминал за Грција со цел да организира база, а со него биле и „трите Македончиња“ како претставници на комунистите, а имало и уште еден специјален претставник. Т. Паница го уверувал Г. Димитров, дека на територијата на Македонија под грчка власт и во Неврокопско, можел да организира и вооружи 500 души, а во Петричко „неколкуилјадна вооружена милица од тамошното македонско население“, кое ќе се кренало против владата на А. Цанков, веднаш штом ќе видело дека некој вооружено и се протиставил на „Протогеровата банда“. [623]

Дејноста на Т. Паница и федералистите одела во два правца, борба против ВМРО и промена на власта во Бугарија. Од Солун бил воспоставен и канал на комунистите кои праќале оружје и литература во Бугарија. Додека во Драмско се наоѓале Георги Лаков, Константин Титјанов, Кочово Павлов, кои биле четници на Т. Паница, а кон крајот на 1924 година, во Грција преминале и федералистите Димитар Арнаудов, Васил Манолов и Тего Комјуџиев. И според мемоарите на членот на БКП, Цола Драгојчева, за каналот кој што служел за пренесување на оружје од Грција во Бугарија бил одговорен Т. Паница.[624] Во февруари во Солун бил организиран и федералистички конгрес, на кој присуствувале делегати од трите дела на Македонија. На конгресот било решено да биде симнат А. Цанков од власта, да се уништи ВМРО преку револуционерна борба со помош на емигратите на левите бугарски емиграни кои пребегале во Србија и Грција, а ќе биле поткрепени од „српско-грчки

[622] № 171, op. cit., *БКП*, op. cit., *Том първи*, 425.
[623] Ibidem,426/7.
[624] Д. Тюлеков, op. cit., http://www.mni.bg/.

војски“. Бил избран и окружен федералистички комитет во состав: Крсто Самарџиев – претседател, Г. Папалезов, Д. Пенков, Г. Стефанов, И. Попов, Г. Малинов, Г. Стојанов и С. Мандаџиев.[625] Во Претричкиот округ биле фатени апели на Т. Паница и д-р Ф. Атанасов, со кои го потикнувале „месното население на решителни дејствија против врховистите и против владата и коишто советуваат да се пременуваат индивидуални убиства“.[626]

Положбата во Неврокопско била неповлна за ВМРО, таму новото раководство имало најтежок проблем со воспоставување на контрола. Затоа и војводата Георги Ванчев, кој што во 1924 година дошол од егејскиот дел на Македонија во Неврокопско на почивка, му било наредено да остане во приправност и да чека наредба од ЦК на ВМРО.[627] На 8 март 1925 година, ЦК на ВМРО му издало полномоштво на Ј. Ѓурков, за да дејствува во името на организацијата „при разоткривање на појавената Неврокопска разбојничка афера, како и при казнување на виновниците“.[628] Сигналите дека двете групи непријатели на ВМРО, комунистите и федералистите, заедно се здружиле и дури почнале да организираат мрежа дури и во пиринскиот дел на Македонија, предизвикале остра и секавична реакција.

Најпрвин бил откриен Петар Стоев, роден во с. Дутлија, Серско, а живеел во Неврокоп, тој бил еден од основачите на градската земјоделска организација, а бил и делегат на конгресот во Солун. Комунистичката мрежа во селата Сатовча, Долен Грмен, Скребатано, Илинден, Лаки и други села во тој реон била воспоставена од Г. Папалезов. Наредбата на ЦК да се започне се апсења, била предадена од Г. Настав на Неврокопското привремено околиско управно тело, кое било раководено од кавалскиот војвода В. Ганчев. Бугарската власт делувала во согласност со ВМРО. Почнале да се апсат комунисти, федералисти, а од гимназијата во Неврокоп, поради растурање на комунистичка литература, биле исклучени и двајца ученици, на кои им било забрането да го продолжат образованието и во други училишта на територијата

[625] Ibidem.
[626] № 198 „Преглед № 8 на разузнавачките материјали одбиени во ИНО на ОГПУ за периодот 19.II – 10.III [19]25. За балканските држави“. Март 1925 г. *Македонското прашање во советската надворешна политика (1922 – 1940 год.), книга II, 655.*

[627] П. Галчин, op. cit., 42.
[628] К. Палешутски, op. cit., 32.

на Бугарија. На територијата на Г. Џумаја, ВМРО формирала комисија за примања на доброволците, со цел обезбедување на државната власт.[629]

Додека ВМРО работела на разоткривањето на комунистичките, федералистичките и земјоделските мрежи во пиринскиот дел на Македонија, во Софија се случил атентатот во црквата „Св. Недела", со што акцијата добила на интензитет. Сега веќе целата држава била крената на нозе, било објавена и воена состојба, а бил променет и Законот за заштита на државата. Казните станале построги, а биле олеснета процедурата за истрага на политичките разбојници. Дури и секој граѓанин можеле да апси престапници, кои како такви биле прогласени од власта. При апсењето на престапникот, секој граѓанин ги имал правата на полициски орган. Со новите измени било предвидено и јавно бесење на осудените.[630]

Во какви околности се одвивала акцијата во Неврокопско, податоци дава и В. Генчев, кој учествувал во тогашните настани. Според него, целата околија била во воена состојба. Апсења вршела и бугарската власт, која што потоа уапсените ги предавала на организацијата. При апсењата загинал и еден бугарски војник.[631] ВМРО темелно ја водела борбата, дури и офицерот Стојанов бил незадоволен, затоа што ВМРО барала да и бидат предадени премногу луѓе.[632]

Во Неврокоп и околијата биле уапсени околу 300 души и одведени во селото Дабница. Меѓу уапсените имало членови и симпатизери на БКП и БЗНС, луѓе кои што биле обвинети од месните жители, бивши приврзаници на Т. Паница, бегалци од Драмско, биле уапсени и „сомнителни лица" од пограничните села Парил, Гајтаново, Лаки, Тешово, Либјахово, Садово, од градот Неврокоп и околијата. Меѓу уапсените имало и дејци на ВМРО, кои се обиделе да им помогнат на нивните соселани и земјаци. Биле уапсени дури и лица вмешани во криминални дела.[633]

Истражниот процес, кој бил организиран од ВРМО, почнал неколку дена пред 18 мај 1925 година. Тој ден бил составен протокол за формирање на

---

[629] Д. Тюлеков, op. cit., http://www.mni.bg/.
[630] Х. Петров, Х. Христов, op. cit., 644-647.
[631] Д. Тюлеков, op. cit., http://www.mni.bg/.
[632] Х. Петров, Х. Христов, op. cit., 169.
[633] Д/ Тюлеков, op. cit., http://www.mni.bg/.

„судско-истражна комисија и нелегален суд по шпионската и предавничката прежа во Неврокопската околија“. Членови на ова комисија биле М. Скендеров, В. Ганчев, Ј. Ѓурков и Г. Настев. Главе истражувач бил Г. Настев. За работењето на ова „судско-истражна“ комисија, редовно било информирано министерството за внатрешни работи.[634] На 20 мај, судско-истражителната комисија била потврдена од И. Михајлов. Утврдените казни, требале да бидат во согласност со упутствата дадени од ВМРО за „судската дејност во Македонија под бугарска власт“.[635] Значи, паралелно со судскиот систем на бугарската држава, во пиринскиот дел на Македонија функционирал и судски ситем на ВМРО.

Обвинетите биле распрашувани за нивните врски со Т. Паница. При испрашувањето уапсените биле и физички малтретирани. Според, Крсто Андонов, архивар во Неврокоспкиот окружуен суд и сведок на настаните, станувало збор за „варварски и непозволен процес“. И В. Ганчев, кој што бил еден од истражителите, изјавил дека испрашувањата биле водени со „ужасни мачења, какви што луѓето не помнеле од средниот век“. Г. Праматарски од с. Скребатно, вели дека станувало збор за „нечовечни инквизиции“.[636] За време на настаните во с. Дабница на самото место оделе и членовите на ЦК, И. Михајлов, А. Протогеров и Г. П. Христов, како и членовите на ЗП, Г. Баждаров, К. Прличев и Н. Томалевски.[637] На 10 јуни 1925 година, „судско-истражната комисија“ на И. Михајлов, му го претставила протоколот со изнесените пресуди.[638] На 13 јуни И. Михајлов го одобрил проектот со кој 13 души биле казнети со смрт, а другите 5 со казна „тепање и протерување од Македонија“. Но, ова не биле сите казни, според В. Ганчев ЦК потврдил смртни казни за 38 души. Поголемиот дел од казните биле извршени во с. Дабница од нелегални четници, а некои биле и јавно обесени.[639]

---

[634] Ibidem.
[635] К. Палешутски, op. cit., 33.
[636] Д. Тюлеков, op. cit., http://www.mni.bg/.
[637] Ibidem. Според К. Палешутски, Г. П. Христов не бил во Дабница. (К. Палешутски, op. cit., 33.)
[638] К. Палешутски, op. cit., 33.
[639] Д. Тюлеков, op. cit., http://www.mni.bg/. (Меѓу убиените во овој период се: Георги Папалезов, секретат на БКП во Неврокоп – обесен, Георги Стефанов (Правото), Васил Даракчиев, Димитар Алексиев, Димитар Пиринлив – жив изгорен во печка, Георги Штерев, Костадин Хаџиев – задавен, Симеон Грнев – обесен, Димитар Иванов – обесен, Димитар Мутафчиев – обесен, Пантелиј Пангелов, Крсто Самарџиев, Георги Чанџиев, Григор Парталов – обесен, Димитар Узунов – обесен, Андон Донков, Стојан Петков,

Но, тоа се само оние што биле убиени со пресуда. Постојат различни податоци во историографијата за вкупниот број на жртвите. Според Иван Катарџиев, „се претпоставува дека тогаш биле убиени околу 120 души“.[640] Костадин Палешутски повикувајќи се на весникот „Македонско дело“, пишува за 79 убиени.[641] Петар Галчин пишува дека се убиени над 100 души.[642] Според Г. В. Димитров: „Над 40 души се осудено на смрт – стрелани, обесени и живи изгорени во печка. Десетици други, наскоро по ослободувањето, умреле од инквизициите“.[643] Според Б. Видов бројот на убиените „изнсувал до 700 души.[644] Димитар Тјулеков пишува дека може да се тврди, дека вкупниот број на смртни пресуди е 49, од кои 42 души од Неврокопската околија, а 7 души од с. Кремен, Разлошко. Според некои податоци во Дабница биле доведени луѓе и од другите делови на Бугарија, затоа што во гробницата била пронајдена женска облека, како и офицерски еполети, а во Неврокопско немало уапсени жени и офицери.[645] Куќата на Махмуд Арнаудов, каде и што се водела „судско-истражителната“ постапка, подоцна била претворена во музеј, кој е наречен „Крвава куќа, куќа на ужасите“. Во едно од последните негови интервјуа И. Михајлов ја минимизира и хуманизира својата улога во овие настани. Откако Г. Ванчев со 20 души влегол во с. Дабница, И. Михајлов отишол да ги „види малку“. Потсетувајќи се на неговиот престој во с. Дабница, раскажува дека таму забележал едно младо момче (16-17 години), кое било уапсено затоа што потекнувало од „виновна фамилија“, а за да не ги „плаќа гревовите на фамилијата“ И. Михајлов го пуштил.[646]

ВМРО открила комунистичка мрежа и во Горноџумајската околија. По иницијатива на Асен Пазов и Борис Георгиев, во с. Градево било формирано едно јадро од комунисти, кое што постигнало резултати во организациската работа. Во почетокот на 1925 година, како резултат на таа работа биле формирани пет „тројки“ во с. Градево и во селата Симитли и Ораново.

Петар Стоев и др. (*Звезди във вековите. Загинали революционни борци против капитализма и фашизма 9 йуни 1923 – 9 септември 1944 год.*, София, 1972, 70-77.)

[640] И. Катарџиев, Сто години, op. cit., 68.

[641] К. Палешутски, op. cit., 34.

[642] П. Галчин, op. cit., 46.

[643] Д. Тюлеков, op. cit., http://www.mni.bg/.

[644] Необјавени документи за лидерската врвица на Иван Михајлов, З. Тодоровски, *Мементо*, op. cit., 112.

[645] К. Палешутски, op. cit., 33.

[646] № 33 Разговор с Ив. Михайлов (Воден на 14-15 януари 1990 година в Рим, Италия. Публикуван в сп. „Македонско-български преглед „Вардар“, Торонто, бр. 7 8, 1996 г.), Ц. Билярски, *Тайните*, op. cit., 429.

Формирале и чети, а сметале и на борба против ВМРО.[647] ВМРО повторно делувала заедно со органите на бугарската власт. Пред да делува ВМРО стапиле во контакт со Дирекцијата на полицијата, по чија наредба го уапсиле Борис Тјуфеткчијски. Освен него биле уапсени уште неколку комунисти и биле предадени на полковникот Стефан Велинов, кој бил началник на граничниот одел. По дваесетина дена мајорот Ненов од граничниот одел ги вратил уапсените на ВМРО, а на организацијата и дал слобода да постапи со нив така, како што мисли дека е најдобро.[648]

Како специјален пратеник на ЦК на ВМРО за истрага во с. Градево бил назначен Г. Настев. Да замине во Градево со вооружена група му било наредено и на војводата Л. Клонков. Од официјалната власт во селото биле офицерите С. Велинов и мајорот П. Ненов. На 8 јули 1925 година, била формирана судска комисја, составена од Л. Клонков и Г. Хаџиевтимов.[649] Акцијата била следена и од А. Протогеров, кој со чета се сметил во с. Симитли.[650]

Во с. Градево биле уапсени повеќе од 30 души. Уапсените биле одведени во селското училиште, каде биле подложени на страшни маки. Од нив 10 души биле одведени во месноста Обесник, каде што биле сверски заклани. Вкупно за време на настаните во Градево биле осудени на смрт 13 души[651], а 14 биле ослободени со голем откуп.[652]

Комунистичка мрежа била откриена и во селото Крупник. И во Крупник била формирана истражна комисија, а не нејзино чело бил поставен И. Караџов, освен него во комисјата биле и Л. Клонков и Г. Хаџиевтимов. Уапсените биле испрашувани во куќата на Стојмен Гоцев. А освен од Крупник, биле донесени и лица од селото Мечкул, Светиврачко и селото Тросково, Горноџумајско. Меѓу уапсените бил и Туше Чопов, роднина на Гоце Делчев. Од организациските луѓе во истрагата во с. Крупник биле вклучени и Ј. Ѓурков, А. Манасиев, К. Димитров и Г. Талев. И. Михајлов не бил во селото, но текот на истрагата ја следал од Г. Џумаја. Според А. Протогеров, било откриено дека

---

[647] П. Галчин, op. cit., 40/1.
[648] Ibidem, 46.
[649] Д Тюлеков, op. cit., http://www.mni.bg/.
[650] П. Галчин, op. cit., 46.
[651] Меѓу убиените биле и: Петар Маревски, Стоил Груев, Благој Мазнеов, Петар Мазнеов, Јане Маламов, Максим Мирасчиски, Асен Пазов, Борис Туфекчиев, Иван Христов, Јордан Цицков, Стоица Цицков. (В. Ачковска, Н. Жежов, op. cit., 276.)
[652] Ibidem, 46/7.

припадниците на откриената група, сакале да вршат разни акции по наредби на Србите.[653]

И во селото Крупник, исто како и во селата Дабница и Градево, уапсените биле физички мачени. За време на истрагата било откриено дека уапсените биле јатаци на четата на И. Пандурски и преку него му служеле на српската држава, а исто така имале намера да вршат диверзија на мостовите по долината на реката Кресна, за организатори на групите биле посочени Туше Чопов и Борис Георгиев. Последните двајца биле обвинети дека биле организатори на комунистичките групи во селата Градево, Крупник и Сушица. Биле донесени смртни пресуди за 10 душо. Туше Чопов по иницијатива на Кукошкото братство во Бугарија, бил помилуван од И. Михајлов, поради тоа што бил единствениот жив роднина на Г. Делчев. Но, затоа што било утврдено дека е „српски шпиун" бил протеран од Македонија.[654] Пресудите на останатите осудени биле извршен на 24 август во месноста Орловец.[655]

4.5. Внатрешни пресметки

По конгресот во период од неколку месеци од ВМРО биле осудени и убиени тројца истакнати војводи. Иако не се работи за една хомогена група, која дејствувала заеднички, сепак убиствата на тројцата војводи се испреплетуваат меѓусебно. Станува збор за кочанскиот војвод Панчо Михајлов, штипскиот војвода Иван Јанев – Брло и малешевскиот војвода Ефтим Цеков.

По наредба на ЦК на ВМРО биле фатени војводите П. Михајлов, Е. Цеков и секретарот на кукушката чета Г. Денишев. Биле обвинети дека одржувале врски со Т. Паница и со други федералисти. Е. Цеков и Г. Денишев биле затворени во некоја празна куќа во Софија, а П. Михајлов во куќата на војводата М. Шкартов. За истражни судии во процесот против Е. Цеков биле

---

[653] Д. Тюлеков, op. cit., http://www.mni.bg/.
[654] Ibidem.
[655] Ташко Комитов починал во текот на физичките измачувања, а во Орловец биле убиени: Стојан Газерски, Ангел Кипров, Партени Партениев, Симеон Попов, Костадин Трендафилов, Трошан Трошанов, Крало Цветков, Јосиф Чакалски и Петар Чакалски. (В. Ачковска, Н. Жежов, op. cit., 278.)

определени П. Шанданов, кој бил и претседател на судот, адвокатот Георги Петрич и Крстан Поп Тодоров.[656]

Обвинувањата против Е. Цеков дошле од страна на негов пријател Димитар Радев, кој што бил ангажиран од страна на И. Михајлов за да го шпионира Е. Цеков. Испрашувањето на Е. Цеков траело една недела и тој не бил физички малтретиран. Војводата Е. Цеков ги негирал обвинувањата се додека П. Шанданов не му кажал од кого бил обвинет и дека ќе ги соочил двајцата. Во присуство на Д. Радев, Е. Цеков почнал да ги менува одговорите. Наоѓајќи се во речиси не излезна состојба, кај него настапил „момент на психички слом", по што првин разочарано се обратил кон поранешниот пријател Д. Радев, а потоа и кон П. Шанданов. Е. Цеков барал рехабилитација од организацијата, а за таа цел бил спремен да ја изврши секоја задача која ќе биде побарана од него. Ова негова изјава била земена во предвид кога била донесена пресудата. Во неа било наведено дека поради признанијата кои ги дал, Е. Цеков заслужил смртна казна, но поради направената декларација да направи се што ќе биде побарано од него и поради неговото минато во организацијата, судот предложил да се замени смртната казна, со поставување на одредени задачи, кои што тој требало да ги исполни за да биде рехабилитиран. По правилникот на организацијата пресудата требало да биде потврдена од ЦК. Но, И Михајлов не бил задоволен од донесената пресуда. За да донесат решение во однос на Е. Цеков, се состанале ЗП и ЦК. Само Н. Томалевски го подржал ставот на судот. Затоа што сите други биле за смртна казна била донесена таква пресуда. Пресудата требало да ја прочита П. Шанданов, но тој одбил затоа што не се сложувал со неа. Затоа на обвинетиот пресудата му била прочитана од К. П. Тодоров, кој како член на судот, присуствувал и на извршувањето на казната.[657]

П. Михајлов успеал да избега од куќата каде што бил чуван, по што се скрил во куќата на генералот Григор Ќуркчиев. Кога И. Михајлов дознал за бегството, побарал да бидат стрелани двајцата стражари. Но, за нив жестоко се застапил П. Шандово, всушност стражарите биле од Битолскиот округ, во чие раководно тело бил и тој, по што тие биле спасени. Тогаш П. Шанданов и

[656] П. Шанданов, op. cit., 184.
[657] Ibidem, 184/5.

дознал дека П. Михајлов бил уапсен, по што реагирал кон И. Михајлов, дека договорот бил со учеството во акцијата во Г. Џумаја, П. Михајлов да биде рехабилитиран. И. Михајлов се плашел П. Михајлов да не избега во странство, што според него би било „голем срам за организацијата". Откако на П. Шанднаов му било ветено дека П. Михајлов немало да биде убиен, се обидел да воспостави контакт со него и да го пронајде. На ветувањето од страна на И. Михајлов дека П. Михајлов нема да биде убиен, присуствувал и Ј. Бадев.[658]

Под овие услови П. Михајлов решил да се предаде на организацијата. Било извршено судење во кое бил осуден на смрт, но поради заслугите за организацијата бил помилуван. Поточно бил исклучен од ВМРО на одредено време.[659] На 26 март 1925 година ЦК на ВМРО излегол со окружно во кое било соопштено дека П. Михајлов, Е. Цеков и Г. Динишев биле задржани од организацијата. Г. Динишев бил осуден на тепање (50 стапа) и протерување од Македонија. Е. Цеков бил осуден на смрт поради тоа што работел против организацијата и некои нејзини луѓе. Додека П. Михајлов бил осуден поради неморалност, користољубивост и злоупотреба на власта. Во окружното било наведено дека за овие престапи тој заслужувал смртна казна, но поради неговата дејност во ВМРО бил осуден само со исклучување од организацијата.[660]

Вака привремено се спасил П. Михајлов. Пресудата била донесена пред назначување на управното тело на Скопскиот револуционерен округ со што тој бил оневозможен да влезе во него. Така бил завршен целиот процес на маргинализирање на П. Михајлов од страна на И. Михајлов. За таа цел ја користел нетрпеливоста помеѓу војводите во Скопскиот револуционерен округ. Прва голема етапа било лобирањето да не биде делегат на VI Конгрес, а според некои податоци, одредени привржаници на И. Михајлов, како средство за убедување при лобирањето користеле и револвери.[661] Подоцна за време на аферата со комунистите во селото Градево, се појавиле обвинувања дека П. Михајлов бил инспиратор за организирање на комунистичка конспиративна

[658] Ibid., 185-187.
[659] Ib., 187.
[660] К. Палешутски, op. cit., 27.
[661] Премрежињата, op. cit., 274.

група.[662] И ова обвинување било само уште едно во низата други со цел да се наштети на неговиот авторитет.

П. Михајлов бил пуштен на слобода, но неговиот сограѓанин И. Михајлов не мирувал. Во писмо до ЗП, И Михајлов навел дека П. Михајлов имал желба да замине за странство и дека требало да биде пресретнат тој негов план. И. Михајлов во П. Михајлов гледал можност за организацијата да се појави „нов Торлаков (П. Чаулев, б.м.) или Паница".[663] Во писмото И. Михајлов напишал: „Ако замине (а кога-тогаш ќе замине), да не го чекаме да не надитри". Од ова се гледа дека И. Михајлов првенствено целел да се пресмета со П. Михајлов до крај, затоа и формулацијата „кога-тогаш ќе замине", дури и во тој момент да немало докази за такво нешто, сепак, неговата претпоставка требало да прерасне во факт. Затоа и во продолжение пишува да му се даде задача на „Асенов (псевдоним на П. Станчев, б.м.) највнимателно да истражи каде е (се мисли на П. Михајлов, б.м) и веднаш со двајца добри другари да стрелаат во него без разлика кога и каде ќе е". Но, ова по се изгледа не е предлог до ЗП, затоа што тој веќе на П. Станчев му предал неколку имиња кои би можеле да го извршат атентатот. Во писмото И. Михајлов за П. Михајлов вели дека е „непријатен човек", кој што многу ќе напокости, „безобразно дрзок", „амбициозен и користољубив". Додека неговото убиство за И. Михајлов било „апче што ќе мора да се голтне кога и да е; па веднаш да го голтнеме", во тој контекст повикал и „да се извади еднаш засекоаш тој трн". За убиството, очекувал поддршка и од А. Протогеров и Г. П. Христов.[664]

П. Михајлов, кој бил дел од организацијата и ги познавал луѓето во неа, по се изгледа претчуствувал дека можело да му се случи нешто. Негов пријател раскажува дека во овој период бил „загрижен". На една средба П. Михајлов му рекол: „Ако паднам, се плашам да не биде извалкано моето име".[665] Според овој негов другар и соученик од гимназиските денови, П. Михајлов се плашел „да не му припишат особини какви што не поседува, да не го понижат, затоа што

---

[662] К. Палешутски, op. cit., 34.
[663] № 128, Писмо на Михайлов до ЗП, с което предрешава съдбата на войводата Панчо Михайлов. К. Пърличев, *36 години*, op. cit., 502.
[664] Ibidem., 503.
[665] ДАРМ, фонд 1199 Панчо Михајлов, кут. 1, *Статија – "Спомени за војводата Ванчо Михајлов" од неговиот другар и соученик*, стр. 59.

Панчо секогаш остана предан и верен на својот револуционерен идеал".[666] Неколку дена пред неговото убиство, П. Михајлов се сретнал со П. Шанданов. На средбата побарал совет, затоа што му било нудено да работи во весникот „Независност". П. Шанданов му одговорил дека сакале да го искористат затоа што бил член на организацијата и дека таа ќе морала да се огради од неговите пишувања во весникот. П. Михајлов размислувал да го прифати понуденото работно место во една фабрика за шеќер, каде што требало да работи како сметководител. Бидејќи не се работело за политичка дејност, П. Шанданов му изјавил дека таму можел да се вработи.[667]

П. Михајлов, бил убиен на 14 јуни 1925 година во 21 часот, тогаш имал 33 години. На некрологот од неговите блиски, стоело дека бил убиен од „злосторнички куршум на продадена рака". [668] Убиството се случило на прометно место, а во близина живеел и министерот Ј. Стојанчев. Убиецот пукал во главата на П. Михајлов, а смртта настапила веднаш. [669] Ова убиства се разликува од убиствата на В. Ковачев и Д. Х. Димов поради тоа што во жртвата било стрелано од блиску и само еднаш. Во двете убиства во септември, исто така извршени од ВМРО, во жртвата првин било пукано неколку пати, а потоа била оверувана. Според една друга статија, помеѓу П. Михајлов и атентаторот, дошло до кошкање пред да биде извршено убиството.[670] Веднаш по убиството, атентаторот избегал. По него тргнале стражарите и агентите кои биле задолжени за заштита на министерот Ј. Стојанчев, по што атентаторот стрелал уште еднаш. Кај убиениот бил пронајден и мал пиштол „Маузер". Истата вечер биле уапсени две сомнителни лица. Софискиот весник „Камбана", веднаш дал точна претпоставка дека се работело за судир во ВМРО.[671] По повод убиството на П. Михајлов во весникот „Балканска Федерација", Д. Влахов напишал: „Од друга страна се тврди, дека П. Михајлов, еден од јунаците и приврзаниците на

---

[666] Ibidem.
[667] П. Шанданов, op. cit., 187/8.
[668] ДАРМ, фонд 1199 Панчо Михајлов, кут. 1, Жална вест за смртта на Панчо Михајлов, стр, 43. Според некои извори, на погребот на П. Михајлов, сопругата на Т. Александров изјавила дека ова убиство и она на нејзиниот сопруг, потекнувале од еден исти центар и биле за едни исти грешки. (З. Тодоровски, Тодор Александров, op. cit., 292.)
[669] ДАРМ, фонд 1199 Панчо Михајлов, кут. 1, СТАТИЈА *"Убиството на Панчо Михајлов – војвода, писател и политички деец во весникот "Камбана"*, стр. 13-14.
[670] ДАРМ, фонд 1199 Панчо Михајлов, кут. 1, *СТАТИЈА "Убиството на Панчо Михајлов"*, стр.12.
[671] ДАРМ, фонд 1199 Панчо Михајлов, кут. 1, *СТАТИЈА "Убиството на Панчо Михајлов – војвода, писател и политички деец во весникот "Камбана"*, стр. 13-14.

Цанков, возмутен од незаконските дејствaа на владата после атентатот во Св. Недела, спасил извесен број невини земјоделци од крвавата одмазда на војната лига. Со тоа ја дигнал против себе си македонската организација и воената лига. Сега е јасно зошто тој беше убиен".[672]

На 17 јуни 1925 година, ВМРО издала соопштение во весници дека пред три месеци П. Михајлов бил осуден за неморални[673] дејствија во Македонија и за злоупотреба на власта и дека бил амнестиран, но бидејќи не се поправил ЦК на ВМРО издало наредба да биде убиен.[674] А. Протогеров му забележувал на И. Михајлов, дека Е. Цеков и П. Михајлов биле убиени без негово знаење и согласност, но сепак, А. Протогеров се потпишал под пресудите.[675] Од ова се гледа дека продолжила праксата од септември 1924 година. И. Михајлов наредувал убиства, А. Протогеров не бил консултиран, но ги потпишувал пресудите.

И Иван Брло, соработникот на И. Михајлов во борбата против П. Михајлов, всушност во борбата на негово издигање до местото во ЦК на ВМРО, бил убиен. И. Брло имал врска со омажена жена во Ќустендил и наредил убиство на нејзиниот маж Џамбазов, но наредил и убиство на својата жена. Во овие убиства биле вклучени и тројца негови четници. Исплашени дека постои можност И. Брло да ги убие со цел да ги елиминира сведоците вмешани во двете убиства, решиле да избегаат во Србија. Само едниот успеал, другите двајца биле уапсени на границата.[676] Обвиненијата кон И. Брло биле докажани од организацијата и бил осуден на смрт. И. Михајлов го повикал И. Брло да

---

[672] Цанков соучесник во престапленијата на македонската мафија. Димитар Влахов, Одбрани говори, op. cit., 64/5.

[673] Неморалот на П. Михајлов, на кој се повикуваат во пресудата, пред се се однесува за неговиот однос со жените. И. Михајлов во своите спомени пишува дека на неговото судење на П. Михајлов, говореле четници кои изнеле податоци за „љубезноста" на војводата кон жените во поробена Македонија" (И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 580.). Речиси и да не постои место во спомените на И. Михајлов, каде што е спомнат П. Михајлов, а да не е ставен во овој контекст. Уште додека се подготвувала акцијата против убијците на Т. Александров, И. Михајлов пишува како му обезбедил стан, кој требало да биде таен, а утредента таму го нашол со некоја актерка (И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 41.). И. Брло на VI Конгрес извел цела монодрама додека го обвинувал П. Михајлов за истиот кримен. М. Кикиритков поранешен четник во четата на П. Михајлов изреагирал пред И. Михајлов за убиството на неговиот војвода. И. Михајлов му одговорил дека П. Михајлов бил неморален, ги терал на разврат селаните, ги злоупотребувал парите на организацијата, бил манијак и др. Констатацијата по овие обвинувања на М. Кикиритков гласи: „излитени лаги што немаа никаква врска со вистинксите причини за неговото убиство". (*Премрежињата*, op. cit., 274.).

[674] К. Палешутски, op. cit., 34.

[675] З. Тодоровски, ВМРО 1924-1934, op. cit., 68, белешка 175.

[676] А. Узунов, op. cit., 373/4.

дојде во Г. Џумаја, затоа што требале да разрешат извесни прашања. Средбата се случила во селото Покровник, каде што бил штабот на ЦК и се одржувале позначајните состаноци и средби. Додека разговарале двајцата И. Михајлов и И. Брло, двајца луѓе на Михајлов му ги свиткале рацете на Брло и цврсто го врзале. И. Михајлов заминал од местото, а И. Брло по него извикал: „Тоа ли е наградата од тебе?“. Набргу бил убиен.[677]

Така за неколку месеци биле убиени двајцата соперници во Скопскиот револуционерен округ, П. Михајлов и И. Брло. На ист начин завршил и противникот и сојузникот на новиот лидер на ВМРО.

4.6. Убиството на Тодор Паница

Тодор Паница заедно со Петар Чаулев биле главните лица на кои сметал СССР при преземањето на ВМРО. Но, за разлика од П. Чаулев, Т. Паница веќе подолг период бил во борба со организацијата. Т. Паница бил осуден од ВМРО поради убиствата на Борис Сарафов и Иван Гарванов. Непријателството влегло во нова етапа кога Т. Паница застанал на страна на федералистите кои потпомогнати од владата на А. Стамболиски воделе борба против ВМРО. Откако неговата чета била разбиена во Неврокопско, Т. Паница избегал во Грција. Продолжил да делува заедно со македонската и бугарската политичка емиграција (припадници на поранешната владејачка партија БЗНС), а се поврзал и со комунистите. Потпомогнат од Кралството на СХС, Грција и СССР организирал и чети за борба против ВМРО и владата на Александар Цанков во Бугарија.

Убиството на Т. Паница требало да го изврши Мелопомена Карничев – Менча. М. Карничев уште од порано се познавала со сестрата на сопругата на Т. Паница, Магдалена Измирлиева. Престојувале заедно во иста соба во

[677] *Премрежињата*, op. cip., 275. На синот на И. Брло, му било дозволено да ја убие љубовницата на И. Брло. (*Премрежињата*, op. cip., 275) Четникот Јордан, кој што бил вмешан во убиството на Џамбазов и успеал да премине на територијата на Кралството на СХС, а поради борбите што ги водел како четник со репресивниот апарат на Кралството, бил осуден и одлежал 14 години во затвор. Бил ослободен по капитулацијата на Југославија. Во 1941 година штотуку ослободениот Јордан отишол кај Владимир Куртев, член на последниот ЦК на ВМРО. Четникот Јордан барал да биде казнет за сторените дела во врска со посочениве убиства (И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 581.)

Германија во 1918 година, кога М. Карничева престојувала во таа држава „за да учи трговија и јазик“. Според нејзините сведоштва[678], токму од М. Измирлиева таа првин слушнала за разликите и внатрешните борби што се воделе во македонското револуционерно движење.[679] По неколку години, Т. Паница дошол во домот на семејството на М. Крничева во Цариброд. Навдно, таа тогаш од Т. Паница дознала за неговата дејност и сакала да го „претепа“, не поради политички убедувања, туку поради „омраза кон Србите“.[680] Добриот однос со М. Измирлиева, М. Крничева решила да го искористи за убиство на Т. Паница. М. Крничева подолг период има здравствени проблеми со бубрезите, па таа болест ја искористила за да ги прикрие вистинските намери кога заминала во Виена со цел да се излечи. Повторно престојувала во домот на М. Измирлиева.[681] На првата вечер по пристигнувањето во Србиново, каде што се одржувал VI конгрес, И. Михајлов добил писмо, кое го израдувало, по што од паричникот извадил една слика и му кажал на А. Узунов, дека личноста од фотографијата ќе му стане жена доколку успешно ја заврши работата, притоа не му соопштил за каква работа станувало збор.[682]

Посебен проблем за неискусната атентаторка преставувала нејзината болест. Проблем имала и со криењето на пиштолот. Плашејќи се да не биде откриена, таа морала побргу да делува. Се решила атентатот да го изврши за време на оперска претстава во Бургтеатар.[683] „Во ложата № 2 III ранг, десно, близу до сцената“ биле сместени Т. Паница, неговиот соработник и телохранител Јане Богатинов и Катерина Измирлиева Паница, сопругата на Т. Паница. М. Карничева седела зад Т. Паница. Пиштолот го криела во чантата. На 8 мај 1925 година во 22 часот, додека на сцената во Бургтеатар „Пер Гинт се враќа во својата татковина“, во ложата на театарот М. Карничева го извадила револверот од чантата и стрелала во Т. Паница два пати, во името на својата татковина.[684] По нејзино признание била многу спокојна пред акцијата. По првиот истрел К. Паница ја фатила раката на М. Карничева, настанало

[678] Се работи за спомени во кои е опфатен еден дел од животот на М. Крничева, а ги пишувала како поклон на И. Михајлов за нивната сребрена свадба. Нејзините сведоштва се објавени во третиот том од спомените на И. Михајлов.
[679] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 178.
[680] Ibidem, 188.
[681] Ibid, 192/3.
[682] А. Узунов, op. cit., 355.
[683] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 196/7.
[684] *Трите дела*, op. cit., 76.

кошкање по кое К. Паница била повредена. Станал да реагира и Ј. Богатинов, но М. Карничева пукала во него и го ранила во ногата.[685] М. Карничева била уапсена во ходникот пред ложите, додека пиштолот сеуште и бил во раце. Од таму била однесена во полициската инспекција во театарот, а подоцна во Дирекцијата на полицијата.[686] По извршената судска медицина било утврдено дека на трупот на Т. Паница имало четири прострелни рани, од нив „двата истрела поминале во главата, од кои едниот предизвикал моментална смрт".[687]

М. Карничева веднаш била „подложена на едно детално сослушување", а на прашањето зошто го убила Т. Паница, одговрила дека „тој лошо ги застапувал интересите на Македонија и за тоа ги носел на совест животите на повеќето Македонци".[688] На сослушувањето М. Карничева изјавила и дека убиството „го извела на сопствена иницијатива, бидејќи била убедена дека со убивањето на Тодор Паница ќе има корист делото на Македонците". Австриската полиција извршила и проверка дали М. Карничева имала соучесници во Виена. Кај неа и кај други Македонци во Виена бил извршен претрес и биле „конфискувани бројни списи на македонски јазик", но австриската полиција не нашла доказ дека во атентатот биле вклучени и други лица. Т. Паница поседувал пасош на Кралството на СХС, кој бил издаден на име Димитри Арнаутовиќ.[689] До австриската полиција пристигнале доверливи податоци од Бугарија, дека кај „приврзаниците на македонските автономисти" постоел план за ослободување на атентаторката.[690]

За Т. Паница била организирана погребна церемонија која започнала со поворка од Општата болница на 15 мај 1925 година. Во поворката учествувале околу 250 лица, а меѓи нив биле и виенските комунисти Франц Коричонер,

---

[685] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 197/8.

[686] 45. Извештај од Дирекцијата на полицијата во Виена од 9 мај 1925 година до вицеканцеларот во Виена во врска со убиството на Т. Паница од страна на М. Карничева во Виена. *Македонија во австриските*, op. cit., 238.

[687] 46. Извештај од Дирекцијата на полицијата во Виена од 16 мај 1925 година до вицеканцеларот во врска со убиството на Тодор Паница во Виена. Ibidem, 243.

[688] 45. Извештај од Дирекцијата на полицијата во Виена од 9 мај 1925 година до вицеканцеларот во Виена во врска со убиството на Т. Паница од страна на М. Карничева во Виена. Ibid., 241.

[689] 45. Извештај од Дирекцијата на полицијата во Виена од 9 мај 1925 година до вицеканцеларот во Виена во врска со убиството на Т. Паница од страна на М. Карничева во Виена. Ib., 242.

[690] 48. Доверлив извештај од Дирекцијата на полицијата во Виена од 30 мај 1925 година до канцеларијата на сојузниот канцелар во Виена за плановите на македонските автономисти за да ја ослободат Мелпомени Карничиу и да се изврши напади против македонските федералисти во Виена. Ib., 249.

Рудолф Вараха и Алфред Циглер. Поворката поминала и покрај Бугтеатарот, затоа што „според еден обичај што владее во Македонија, починатиот мора да помине на онаа место, на кое го снашла смртта“. На погребот на Т. Паница, говореле федералистот Ф. Атанасов, неколку македонски студенти, комунистот Ф. Коричонер, како и мажот на неговата сестра Борис Бамбуров, кој бил емигрант на БЗНС. На погребот не бил забележан никаков инцидент.[691] За време на церемонијата биле разделени два летоци изработени од македонските студенти во Виена. Со летокот на „Македонското народно студентско друштво „Виена“, биле поканети сите „Македонци и Балканци и сите пријатели на угнетените народи“, да присуствуваат на погребот на Т. Паница, кој бил убиен од предавничка рака.[692] По повод убиството на Т. Паница свој леток објавила и Комунистичката парија на Австрија. Во него било посочено дека тој не бил комунист, но се борел „против угнетувањето на националните малцинства, кои се подјармени од империјалистичките сили, од меѓународниот капитал и од нивните лакеи, од крвожедните влади-убијци на Балканот“.[693] Во врска со убиството, текст во весникот „Балканска Федерација“ објавил и Д. Влахов. Во него пишува дека „историјата на човечките борби, историјата на полудивите и дивите племиња не познава такво одвратно, по својата мизерија и подлост, убиство“. И покрај тоа што Т. Паница бил роден во Бугарија, според Д. Влахов, тој му припаѓал на македонскиот народ, „тој беше негов син, а не предавник како Македонците од бандата на Протогеров“.[694]

И како при заштитата на Д. Стефанов во Италија, така и при заштитата на М. Карничева биле обезбедени едни од најдобрите адвокати. За овој случај би ангажиран д-р Рихард Пресбург, кој што и претходно се занимавал со политички убиства. Постигнал успех при одбраната на атентаторот Владислав Чичински. Помошник на д-р Пресбург бил младиот адвокат д-р Игнац Курт Розенфелд.[695] За разлика од судењето во Италија каде власта имала врски со ВМРО и поради односите со Кралството на СХС гледала благонаклонето кон

[691] 46. Извештај од Дирекцијата на полицијата во Виена од 16 мај 1925 година до вицеканцеларот во врска со убиството на Тодор Паница во Виена. Ib., 244.
[692] 46. Извештај од Дирекцијата на полицијата во Виена од 16 мај 1925 година до вицеканцеларот во врска со убиството на Тодор Паница во Виена. Ib., 244/5.
[693] 47. Извештај од Дирекцијата на полицијата во Виена од 17 мај 1925 година до вицеканцеларот во Виена во врска со обраќање преку леток од КП на Австрија до австриското работништво по повод убиството на Т. Паница. Ib., 248.
[694] Д. Влахов, *Одбрани говори*, op. cit., 58.
[695] *Трите дела*, op. cit., 81-84.

случајот на Д. Стефанов, во Австрија судењето се одвивало во сосема поинакви околности. Австрија имала и добри развиени трговски односи со СССР. Поради ова и во изданието на ВМРО, во кое што е опфатено и ова убиство е наведено дека процесот требало да биде лишен од неговата политичка атмосфера и „да се сведе на едно правно и психолошко изјаснување по делото".[696]

По барање на судот била извршена и лекарска експертиза. Според психијатарот д-р Ховел, вакви политички убиства во кои извршителот сам се предавал на власта или биле извршени од страна на „душевно болни" или од оние што не се душевно болни но се фанатици. Кај М. Карничева не било констатирано „растројство на интелектот или какво и да било растројство на чувствата". Според исказот и сведочењата на М. Карничева, д-р Ховел резимирал дека таа не била „душевно болно или душевно слабо лице, туку политички и национален фанатик".[697]

И во своите спомени потсетувајќи се на средбите со М. Извирлиева, додека се уште не го познава И. Михајлов, ниту е подетално запознаена со состојбата во македонското револуционерно движење, М. Карничева пишува: „А јас, доста млада, притаено мечтаев за подвизи, за жртви во името на нешто".[698] Но, освен нејзината романтичарска верзија за изворот на нејзиниот фанатизам, постои и една посурова. К. Прличев пишува дека И. Михалов, Атанас Калчев и Мито Џуздана биле задолжени да ја пронајдат, задржат и принудат М. Карничева да го убие Т. Паница. По расколот во ВМРО кој настапил со убиството на А. Протогеров во 1928 година, едниот од нив, А. Калчев се приклучил на страната која што била против И. Михајлов и тогаш го изнел неговото сведоштво за врбувањето на М. Карничева. Според таа верзија, М. Карничева од И. Михајлов и неговите соучесници била подложена "не само на упорни убедувања и силни физички страдања, туку и на неморални дела". Сите биле зачудени од нејзината издржливост. На крај М. Карничева се согласила да ја исполни задачата, но само ако стане сопруга на И. Михајлов.[699] Слична е верзијата која ја дава П. Шанданов. И според него, врз М. Карничева „биле применети такви инквизиторски мачења, што не се да се споменат

[696] Ibidem, 84.
[697] Ibid., 121-125.
[698] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 178.
[699] К. Пърличев, *36 години*, op. cit., 182.

никаде“. По долгите измачувања, М. Карничева му признала за нејзините контакти со Т. Паница, дека се кае и дека била решена да го убие. Постепено меѓу нив се развила љубов. И. Михајлов во разговорите со П. Шанданов ги искажал неговите верувања дека М. Карничева во „името на љубовта сакала да го убие Паница“. Во однос на ветувањето за брак вели: „Нека го убие Паница, па после додека ја ослободат, сто пати ќе умре“.[700] Не може да се тврди која верзија е точна.

На судењето во Виена пред судската комисија биле претставени три прашања. Дали обвинетата е виновна дека на подмолен начин стрелала во Т. Паница, со што била предизвикана смрт (1), дали е виновна затоа што со нејзините дејства можела да доведе и други лица во опасност (2) и дали на 8 мај 1925 година носела оружје без доказ дека била во опасност (3).[701] За разлика од судењето во Милано, судот во Виена не прифатил да расправа дали делото било извршено во крајна нужда. И во Виена, како и во Милано била изложена историјата на револуционерното движење, поделбите во него, состојбата во Македонија. Преку овие изложувања сакало да се најде оправдување за убиството. За таа цел биле испратени и пресудите од Ќустендилскиот конгрес по повод убиствата на Б. Сарафов и И. Гарванов.[702]

Во однос на првото прашање судската комисија се изјаснила во однос 8:4 дека била виновна. За другото и третото прашање, комисијата била едногласна за вината на М. Карничева. Но, на пресудата реагирал обвинителот, затоа што според него М. Карничева била болна и казната ќе останела „само на книга“. И поради ова, побарал „стопирање на пресудата“.[703] Сепак во пресудата која била прочитана подоцна било наведено дека М. Карничева се осудува на 8 годишен строг затвор, а по издржување на казната требало да биде екстрадирана надвор од Австрија.[704]

И покрај тоа што ова била најмала предвидена казна, додека трале судскиот процес на М. Карничева уште повеќе и се влошила здравствената состојба. Но, како и што барал обвинетиот, според австриските закони, доколку

[700] П. Шанданов, op. cit., 183/4.
[701] Трите дела, op. cit., 128/9.
[702] А. Узунов, op. cit., 374.
[703] Трите дела, op. cit., 163.
[704] Ibidem,165.

осуденото лице не можело да ја издржи казната или таа можела да биде кобна по неговиот живот, можела да биде повлечена. Поради ова била поднесена жалба до Врховниот суд. Врховниот суд донел одлука дека М. Карничева не можела да ја одлежи казната. По силата на ова решение таа била ослободена и екстрадирана од Австрија.[705]

Делото на М. Карничева предизвикало голем одек. Тоа било прво убиство во организацијата кое било извршено од жена. М. Карничева била славена како хероина во македонската емиграција во Бугарија. Повеќето братства праќале телеграми исполнети со восхит и добри желби. Такви биле и текстовите во весниците на македонската емиграција во Бугарија. Двајца граѓани по потекло од Дојран, испратиле телеграма во која меѓу другото стои: „ви посакуваме на раце да ве однесеме во главниот ни град Солун (се мисли на брзо ослободување на Македонија, б.м.)".[706]

4.7. Активности во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија

На почетокот на 1925 година започнала акција за обновување на каналите за преминување на четите во вардарскиот дел на Македонија. За оваа цел во секоја околија биле испратени повеќе групи со по тројца членови за да го организираат народот и во секое населено место да формираат мали групи од по тројца доверливи луѓе.[707] Во март 1925 година во Ќустендил пристигнал И. Михајлов за да се сретне со војводите од Скопскиот револуционерен округ. На состанокот била разгледувана состојбата во округот, какви потреби имала секоја околија, а било решено и какви мерки треба да се преземат за предвиденото навлегување во округот. Пред заминувањето на поголемите чети, требало да се проверат каналите.[708] Во пролетта 1925 година била назначена комисија во која влегле А. Протогеров, К. Петишев и Григор Хаџи Кимов, која

[705] Ibid., 165-172.
[706] Ib.,178.
[707] З. Тодоровски, *1924-1934*, op. cit. 136/7.
[708] А. Узунов, op. cit., 370.

била задолжена за „набавка на облека и на други неопходни работи за околу 500 души четници“. Комисијата не ја исполнила својата задача.[709]

По конгресот од страна на ЦК на ВМРО биле назначени војводи за околиите во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија. Во Скопскиот револуционерен округ биле назначени: Иво Брло за Штипската револуционерна околија, Крсто Лазаров за Кумановската, Ефтим Полски за Кочанската, Петар Станчев за Велешката. Во Солунскиот револуционерен округ биле назначени: Мишо Шактров за Тиквешката, Георги Хаџи Митров за Гевгелиската, Григор Џинџидилов за Воденската револуционерна околија. Во Струмичкиот револуционерен округ: Георги В'ндев за Струмичката, Н. Василев за Радовишката револуционерна околија. Додека во Битолскиот револуционерен округ од страна на ЦК биле назначени војводите: Петар Шанданов за Битолската околија, Алексо Стефанов за Демирхисарската околија, Силко Цветков за Кичевската и Дебарската околија, Иван Џонев за Крушевската околија, Тасе Христов за Ресенската околија, Илија Иванов за Леринската околија, Доно Пеп Штеров за Костурската околија, Стефан Алабаков – Оџата за Струшката околија, Наум Јосифов за Охридската околија, Петар Костов – Пашата за Прилепската околија и Петар Анегоелов со специјална мисија за Преспанската околија.[710] Во Битолскиот револуционерен округ за секој војвода бил определен и по еден секретар за советник. Четите броеле од 7-8 души.[711]

Во летото почнале да се реализираат плановите за навлегување во егејскиот и вардарскиот дел на Македонија. Било решено да не се оди преку Албанија, туку преку канали со чета од територијата на Бугарија. Г. П. Христов наредил четите да преминат разделени преку неколку пункта. Прави тргнале П. Пашата и П. Станчев за Велешко. Останатите требало да тргнат на растојание од недела-две. Во јули заминале Г. П. Христов, П. Шанданов, А. Стефанов, К. Петишев и курирската група на Б. Изворски. Вкупно биле околу триесет души.[712] Во друга група бил и А. Протогеров заедно со тиквешката чета

[709] Премрежињата, op. cit., 195.
[710] З. Тодоровски, *1924-1934*, op. cit., 136; Премрежињата, op. cit., 195. З. Тодоровски, *Георги Поп Христов*, op. cit., 284.
[711] З. Тодоровски, *Георги Поп Христов,* op. cit., 284.
[712] Ibidem, 284.

на М. Шкатров и секретарот на Солунскиот окружен комитер В. Ихчиев.[713] Тргнала уште една група која била составена од две чети за Битолскиот и две чети за Солунскиот револуционерен округ.[714]

Групата која што била предводена од Г. П. Христов, границата ја преминале на Белисица, кај селото Клуч и влегле во Поројско кое било населено со грчки бегалци од Мала Азија. Потоа на Круша планина ја преминале пругата Солун-Цариград. Но, биле откриени од Грците, кои донеле војска дури од Солун и почнале да ги опколуваат. Групата проценила дека не можеле да стигнат до Битолскиот револуционерен округ и решиле да се вратат назад.[715] На 11 август 1925 година групата во која биле М. Шкатров и А. Протогеров навлегла во Малешевија. Четата била откриена и морала да влезе во судир. А. Протогеров бил со четата на К. Попатанасов. Но, кога навлегле во Радовишката околија, А. Протогеров се разборел. Четата на 22 август се вратила во Бугарија.[716]

Третата група која што била претводена од И. Иванов, П. Ангелов, Д. Штерјов, Т. Христов и Н. Јосифиов, со курирската чета на Х. Андонов, успеала да ја премине реката Вардар и да се упати во Леринско, Костурско, Охридско, Ресенско и Преспанско. Овие чети постигнале успех. Единствено проблем настанал во Леринско, затоа што бил извршен избрзан атентат во Лерин. Поради ова настанала афера во која настрадале селани од Борешница, Пополежани, Врбени и некои од Лерин. Неколку души завршиле во затвор, а пет души биле стрелани во Кожани, како и од други места.[717]

Велешката чета предводена од П. Станчев била откриена во Тиквешко и влегла во судир. Успеал да се спаси само еден четник. Освен блискиот соработник на И. Михајлов, војводата П. Станчев, восудирот загинале и Камен Андреев од село Двориште, Христо Петров од село Долно Чичево, Асен Рупин од Банско, Димитар Лазаров од Радомир, Тодор Кушев, кој бил брат на Илија Кушев, загинале и Иван Крпаров од Панаѓуриште, Сандо Димитров од село

---

[713] З. Тодоровски, *1924-1934*, op. cit., 137.
[714] П. Шанданов, op. cit., 192.
[715] *Премрежињата*, op. cit., 196/7; З. Тодоровски, *Георги Поп Христов*, op. cit., 284/5.
[716] Необјавени документи, Менето, op. cit., 114; З. Тодоровски, *1924-1934*, op. cit., 137/8.
[717] З. Тодоровски, *Георги Поп Христов*, op. cit., 285/6.

Књажево, Славчо Матов од Велес, Арсо Илиев од село С'лп и др.[718] Наскоро по судирот што бил погубен за Велешката чета, била предадена и прилепската група предводена од П. Пашата. Загинале 8 души.[719]

Во голема мерка неуспешната акција за навлегување на вардарскиот дел на Македонија предизвикала и одредено разочарување. Веднаш по враќањето И. Михајлов и Н. Томалевски им забележале на П. Шанданов и Г. П. Хрисотов зошто се вратиле, по што настанала вербална препирка. Жестоко било дискутирано и во Софија на заедничкиот состанок на „Високиот организациски совет". [720] Г. П. Христов ја презел одговорноста за неуспехот. [721] Сепак, впечатливо е дека во акцијата зеле учество двајцата повозрасни членови на ЦК на ВМРО, А. Протогеров и Г. П. Христов за разлика од најмладиот И. Михајлов. Тој дури пред поаѓање на четите се облекол во комитска униформа и наоружан се сликал со другите комити. П. Шанданов во своите спомени се исмева на „големиот комита Иван Михајлов, кој одеше само до границата да се слика со четите што заминуваа за Македонија, а никогаш не најде храброст да ги придружи барем до најблиската околија".[722] Во иста насока е и коментарот на К. Петишев: „Само Иван Михајлов неблаговолен, односно не се осмели да влезе (таму каде што има опасност, него го нема) и да ги почуствува убивните на нелегалниот четнички живот. И добро направи, зашто ако загинеше, каде ли ќе најдевме таква „вредност" и садист како него. Без него – убиецот, Организацијата, како што тој се преценуваше, беше осудена на смрт".[723]

Но, освен оваа поголема акција, која што не била успешно реализирана, четите на ВМРО по конгресот презеле и други акции. Контрачетата на И. Пандурски која била на српска страна ја засилила својата активност во втората половина на 1924 година и првата половина на 1925 година. Не само што делува на територијата на Македонија под Кралството на СХС, туку ја преминувала границата и дејствувала на територијата на Македонија под бугарска власт. Христо од Никудин, Петричко, се префрлил на српската страна изјавувајќи дека тој го убил Ефтим Кушов. И. Пандурски знаејќи дека Е. Кушов

[718] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 274/5.
[719] Ibidem., 276.
[720] П. Шанданов, op, cit., 193/4.
[721] К. Пърличев, *36 години*, op. cit., 139.
[722] П. Шанданов, op. cit., 193.
[723] *Премрежињата*, op. cit., 196.

е убиен и не сомневајќи се во ништо, го прифатил Христо во својата чета. При организирање на една акција, Христо го убил И. Пандурски.[724]

На Велигден во 1925 година, помеѓу селата Мужково и Куново, Кратовско, била откриена четата на Стојан Леков – Царо. Четата била опколена но успеала да се пробие, С. Леков бил ранет, по што бил носен на раце од неговите соборци. Успешно го поминале и вториот обруч, но наишле на трет и започнала битка која траела четири часа. Откако виделе дека им привршува муницијата, комитите се самоубиле. Нивните тела биле однесени во Кратово, а според И. Михајлов, српските жандари ги кршеле нивните черепи пред публика.[725]

[724] И. Михайловъ, *Спомени III*, op. cit., 145.
[725] Ibidem, 145/6.

ЗАКЛУЧОК

Со убиството на Т. Александров ВМРО пред идните предизвици била исправена без лидерот на организацијата, кој бил најзаслужен за нејзиното обновување и издигање во значајна револуционерна организација по Првата светска војна. П. Чаулев веќе подолг период бил надвор од Македонија, застанал на страната на СССР, а и бил исклучен од ВМРО, уште на Серскиот окружен конгрес (одржан 1-2 септември 1924 година), кој бил прво институционално тело, кое заседавало по убиството на Т. Александров. А. Протогеров бил изолиран, па така одлуките во организацијата почнало да ги носи неформално тело, кое што било групирано околу Задграничното претставништво на ВМРО. Освен К. Прилев, Г. Баждаров и Н. Томалевски, во ова неформално тело најпрвин влегле и И. Михајлов, П. Шанданов. Последните двајца и ја осмислиле акцијата за одмазда на Т. Алекснадров. Со неа биле запознаени и П. Михајлов, К. Дрангов и Ј. Ѓурков, кои требало да учествуваат во акцијата, како и И. Караџов, кој бил задолжен да обезбеди логистичка поддршка во Горна Џумаја. Постоеле сомнежи во однос на А. Протогеров и било решено тој да биде изоставен од плановите околу акцијата.

Освен физичките убијци кои што биле познати, неформалното тело кое што почнало да раководи со организацијата, утврдило дека имало и интелектуални убијци, кои што од ова тело и биле осудени. Вината на А. Василев и Г. Атанасов, кои што биле препознаени како интелектуални убијци, не била утврдена преку организациски суд, туку преку разговор на кој место докази биле изнесувани лични убедувања. За акцијата во Г. Џумаја била побарана и поддршка од одредени военo-политички кругови. Контактите биле воспоставени преку И. Михајлов и Н. Милев, а на чело на военo-политичките кругови кои дале поддршка за акцијата во Г. Џумаја, стоел генералот И. В'лков.

Како повод за средба во Г. Џумаја, биле искористени одредени несогласувања со Раководното тело на Илинденската организација, кои според нив ќе се решавале на заедничка конференција, додека ВМРО, подготвувала суд. Акцијата во Г. Џумаја започнала вечерта на 12 септември 1924 година. Истиот вечер бил убиен и А. Василев, додека Г. Атанасов, успеал привремено да

се сокрие. Во акцијата во Г. Џумаја се вклучила и војската. Утредента бил убиен и Г. Атанасов. Но, кругот на интелектуалните убијци или заговорниците против Т. Александров се зголемувал. Како виновни во заговорот биле препознаени и А. Јовков и Г. Занков. Утредента А. Јовков бил убиен, а Г. Занков успеал да избега. Тој ќе остане и единствениот од обвинетите во заговорот против Т. Александров, кој бил во Бугарија и успеал да се спаси. Во кругот на заговорниците влегле и други претставници на македонската емиграција, како заговорници биле препознаени и С. Ковачев и Д. Х. Димов кои што биле и ликвидирани.

Иако А. Василев и Г. Атанасов биле убиени, дел од неговите привржаници се прогласиле за раководители на Петричкиот округ, така директно спротивставувајќи се на неформалното тело од Софија. Се работело за опозиција во редовите на ВМРО, уште од времето на Т. Александров, кои што освен од тие причини, биле мотивирани и од убиствата на А. Василев и Г. Атанасов, па предвидувале дека и тие ќе бидат следната мета. Како лидер на таа група се поставил Г. Пенков, кој што имал за цел со неколку блиски соработници и селската милиција, да се спротивстави на „убијците на А. Василев". Петричкиот округ, односно ВМРО во пиринскиот дел на Македонија, бил клучен за идната превласт во организацијата, кој управувал со него, ја имал и најголемата моќ, затоа што во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија, ВМРО ја немала таа моќ, како во пиринскиот дел. Во прогонување на Г. Пенков и неговите соработници, до израз дошла и соработката на ВМРО со бугарската војска. Делувале заедно, а војската уапсените лица ги предавала на ВМРО.

Во овој период на „безвластие" или „меѓуцарствие" како што го нарекува Г. Баждаров, почнал како еден од позначајни ликови при донесувањето на одлуките да се појавува И. Михајлов. За време на расчистување со структурите на А. Василев во Петричко, тој бил ополномоштен од А. Протогеров за негов претставник во тој округ. Ова претставувало значен чекор во патот кон врвот на И. Михајлов. А. Протогеров кој се нашол во целосна изолација по убиството на Т. Александров, полека почнал да излегува од неа и да донесува одлуки. Борбата со Г. Пенков и неговите привржаници успешно била завршена, така да веќе во ВМРО не постоела опозиција.

Бугарија која што имала слаби институции и била погодна за кревање на комунистичко востание, се соочила и со непослушна ВМРО предводена од Т. Александров. Неговото самостојно делување, кое што можело да кулминира со сојуз со комунистите го вклучило алармот за паника кај власта во Бугарија. Тие никако не смееле да дозволат како заеднички противници да ги добијат комунистите и ВМРО, под која би била обединета целата револуционерна сила на Македонците. Убиството на Т. Александров било погодно за бугарските власти да го искористат за справување со приврзаниците на Единствениот фронт во македонските легални и нелегални организации и да воспостават контрола врз ВМРО. Односно, ако Т. Александров пред своето убиство ВМРО ја гледал како самостојна организација и во однос на Бугарија и комунистите, сега ВМРО требало да остане самостојна само во однос на комунистите, што подразбирало и нивен противник.

Комунистите, како главна опасност за ВМРО, биле препознаени и од повеќето видни дејци на ВМРО, кои што го преземале раководењето со организацијата до следниот конгрес. Особено Г. Баждаров, К. Прличев и И. Михајлов, гледале опасност во комунистите, која што и била реална, затоа што тие имале за цел да ја преземат организацијата и таа да се бори за нивни цели. Опасноста од болшевизирањето на ВМРО, но и од болшевизирањето на Бугарија, од нив направила сојузници со бугарската влада. Треба да се има во предвид, дека ова група, за разлика од Т. Александров, сеуште верувала дека целите на Бугарија можат да се поклопат со целите на ВМРО и на Македонците. Бугарија била препознаена како држава која што ќе застане зад македонското прашање и ќе го држи отворено пред европската јавност. А тоа значело што посилна Бугарија, тоа поголеми шанси за позитивно решавање на македонското прашање. ВМРО, исто така, не пронашла и не организирала алтернативна база во случај на судир со Бугарија, а и тоа прашање било гледано како едно од суштинско за опстанок на организацијата. Комунистичкото востание би значело ослабување и дестабилизирање на Бугарија, а тоа не била целта на ова група предводници на ВМРО.

Затоа и нивната борба со комунистите е пред се од стратешки причини. Но, и идеолошките причини секако дека постоеле. ВМРО била надиедолошка и надкласна организација. Таа била национално-револуционерно движење, а не

тесно идеолошко. ЗП и нивните приврзаници, единствен успех гледале доколку ВМРО останела на тие позиции. Но, секоја соработка не морала да значи и идеолошка промена на ВМРО, иако СССР во преговорите кои што ги воделе уценувачки и не тактички не оставале голем простор на другата страна. Стравот бил ВМРО да не се претвори во алатка на СССР, која што би наштетела на неа самата, но и на Бугарија. Тоа не значи дека таа група била за потчинување на ВМРО под бугарската власт, тие и понатаму се залагале за неутралност во однос на борбите во Бугарија и за самостојност на организацијата во однос на бугарската држава. Но, за нив главен проблем за самостојноста на ВМРО не била Бугарија, туку СССР и комунистите. Додека другата страна, која што застанала на позициите на Мајскиот манифест, главна опасност за самостојноста на ВМРО гледала во Бугарија. Што не наведува на заклучок дека и двете групи се бореле за самостојноста на ВМРО, но таа самостојност и опасноста по неа, ја гледале на различни начини.

Освен соработката со бугарската војска, контроверзно било и донесувањето на пресудите. Во име на повисоки цели, неформалното тело или како што било нарекувано и Конвентот, одлуките за убиства, кои што никако не можат да се наречат пресуди, биле носени избрзано, а главен аргумент бил, кој на чија страна бил во минатото и кој со кого соработувал. Не станувало збор за пресуди кои што биле поткрепени со докази, пресуди кои што поминале низ формалните тела на организацијата. Виновниците биле одредени по пат на консултација и договарање. Подоцнежната истрага дала резултат во однос на одредени финансиски малверзации, но и покрај тоа што тие лица веќе биле во рацете на организацијата, за разлика од А. Василев и Г. Атанасов, таа не сакала да ги суди, туку веднаш ги ликвидирала. Дури и да било тешко да им се докаже на некои учество во заговор против Т. Александров, за финансиските малверзации кои што биле откриени, исто така следувало смртна казна. Вака, искусните дејци на ВМРО, пред се оние во ЗП, прифатиле, поточно наметнале делување кое што не било согласно Уставот и Правилникот на ВМРО.

Пресметките и убиствата за време на настаните од септември/октомври 1924 година, преставувале подлошка за идеолошка борба помеѓу двете страни учеснички во овие настани во наредните децении. Тоа придонело бројот на убиените да биде зголемен. Во податоците кои што ги давале припадниците на

Единствениот фронт, бројот на жртвите бил поголем од 100 души, најчесто се зборува за убиени од 160-180 лица. Од друга страна ВМРО тврди дека бројот бил значително помал, нешто повеќе од десет души. Ако се анализираат подетално настаните од септември/октомври 1924 година, може да се увиди дека ВМРО т.е. неформалното тело кое што управувала со неа, не водела масовна борба против другата страна, туку во секоја група на легални или нелегални дејци биле таргетирани само одредени поединци. Поголем број на убиства може да се забележи во одлучната борба против Г. Пенков, односно против поранешните приврзаници на Ј. Сандански, познати како „санданисти". Но иако доминира нивниот број во целокупниот збир за убиени во овој период, сепак и борбата кон нив била пред се индивидуална, односно на удар се нашле само одредени лица кои што повеќе или помалку имале некои раководни позиции во организацијата. Изостанала борба со сите неистомисленици, дури немало широка акција ниту против комунистите. Ист случај е со македонската легални организации. Во Илинденската организација биле мета само двајца од Раководното тело, А. Јовков и Г. Занков. Бил убиен и федералистот С. Ковачев, како и Д. Х. Димов, претставник на македонската комунистичка легална емиграција. Убиствата т.е. вината за наводно учество во заговорот била во најголем дел индивидуализирана, а не масовна. Како последица на овие убиства, ВМРО воспоставила контрола над целата легална и нелегална емиграција во Бугарија.

Идеолошката оценка за овие настани, која што како плод на идеолошките борби била неизбежна, била прифатена и од македонската историографија. Сепак, користењето на идеолошката алатка „фашизам-антифашизам", притоа однапред лесно ставајќи ги учесниците од овие настани во една од страните на тој дуализам, со што однапред се одредува и позитивна или негативна морална пресуда за нив, треба да се напушти од македонската историографија, барем што се однесува за овој период, како алатка при објаснување на замрсените и сложените историски процеси, за какви што несомнено и тука станува збор.

По акцијата во Г. Џумаја, се појавила потреба за озаконување на убиствата. За таа цел било подготвено комунике од страна на Г. Баждаров, а било потпишано од единствениот преостанат член на ЦК, А. Протогеров. И

покрај тоа што не учествувал при донесувањето на одлуките за убиствата од 12/3 септември 1924 година, тој решил да ги потпише антидатираните пресуди и да им даде легитимитет.

Откако неформалното тело расчистило со опозицијата во ВМРО, останало пресудите, но и сите постапки на ова тело да добие легитимитет на конгресот. Било одлучено на конгресот да се отиде со единствен став, па затоа претходно биле организирани средби, со цел да се најде заедничко решение во однос на идното раководство. Таква пракса и порано постоела во историјата на македонското револуционерно движење. Одлуките околу идните членови на раководните тела биле носени во кругот лицата кои што стоеле и зад акцијата во Г. Џумаја. Главно се работело за луѓе кои што биле дел од ЗП, како К. Прилев, Г. Баждаров, Н. Томалевски, Ј. Бадев, И. Михајлов, А. Узунов, потоа тука биле и нелегалните дејци П. Шанданов, Ј. Ѓурков. Видливо е не присуството на А. Протогеров, но и на П. Михајлов. Ова јасно говори дека тие веќе биле ставени во втор план, а нивната судбина во организацијата не зависела првенствено од нив.

Како плод на договор, пред се по иницијатива на луѓето од ЗП, за нови членови на ЦК било решено да бидат предложни А. Протогеров, Г. П. Христов и И. Михајлов, додека за резервни членови биле предложени П. Шанданов, Ј. Ѓурков и Н. Василев. Во однос на ЗП, тројката останала иста: Г. Баждаров, К. Прличев и Н. Томалевски, а како резервни биле предложени Ј. Бадев, Т. Карајовов и А. Узунов.

А. Протогеров бил избран како „знаме“, Г. П. Христов како претставник на старата плејада на дејци во македонското револуционерно движење, воедно и претставник на најзначајниот округ во историјата на револуционерното движење – Битолскиот револуционерен округ. А И. Михајлов како дел од новата генерација на македонски револуционерни дејци, за чии организациски способности никој не спорел. Проблем преставувал недостаток на неговата револуционерна дејност и не учествувањето во револуционерните борби во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија. Како аргумент плус за неговото поставување во ЦК на ВМРО, биле признаени и неговите врски со военополитичките фактори во Бугарија. Неговото место во ЦК на ВМРО, предизвикало многу контроверзи, пред се поради начинот на кој тој делувал од

таа функција. Но, не може да стане збор дека тој е наметнат во ЦК на ВМРО, од страна на одредени военo-политички кругови во Бугарија и покрај неговата блискост со нив. Тој во ЦК на ВМРО доаѓа речиси со консензуална поддршка, а главни поддржувачи во неговиот избор во ЦК се членовите на ЗП.

Во периодот од акцијата во Г. Џумаја до конгресот, бил испратен и меморандум во ДН, во кој била истакната спремност ВМРО да премине на борба со легални средства, доколку биле признаени малцинските права на македонското население. Во октомври било објавено и интервју со „еден водач на организацијата", поточно со И. Михајлов. И тој ги повторил барањата од меморандумот како услов за прекинување на нелегалната борба. Како привремено решение била прифатлива и автономија на делот на Македонија под Кралството на СХС, кон кој би се приклучиле и другите делови на Македонија.

Пред конгресот било извршено и убиството на П. Чаулев. И покрај тоа што бил исклучен од ЦК на ВМРО, сепак имал авторитет и преставувал пречка за легитимирање на новото раководство. И П. Чаулев и А. Протогеров говореле и делувале во името на ЦК. ВМРО можела да има само еден легитимен ЦК, а дилемата кој бил вистинскиот била решена и со убиството на П. Чаулев.

Во февруари 1925 година, се случил долгоочекуваниот општ конгрес на ВМРО. Конгресот имал за цел да покаже единство во редовите на организацијата, да даде легитимитет на дотогашните одлуки и да постави одредени насоки за идната дејност на организацијата. Конгресот речиси поминал во мирна атмосфера, освен што се појавиле спорадични обвинувања на сметката на А. Протогеров. Токму и во однос на него не било целосно применето договореното единство. Тој добил значително помалку гласови од И. Михајлов. А токму тој податок бил пуштен во весниците за да му се наштети на А. Протогеров. Со тоа започнала и борбата за подобро позиционирање во новиот ЦК на ВМРО. Г. П. Христов со својата смиреност, неодлучност и недостаток на преголеми амбиции не влегол во таа битка. Од друга страна А. Протогеров бил подолг период маргинализиран и без голема поддршка кај останатите истакнати дејци во организацијата. Како да немал сили на самиот почеток да се избори за поистакната улога во новиот ЦК. Неговата маргинализираност за време на Т. Александров, продолжила и сега. Од друга

страна, И. Михајлов како млад и амбициозен, одлучен и со добри организациски способности и голема поддршка зад него, успеал да се профилира во нов водач на ВМРО.

По конгресот бил заокружен циклусот на соработка на ВМРО и бугарската влада против комунистите. Заедничката соработка започнала со Септемвриското комунистичко востание во 1923 година, продолжила со настаните од септември/октомври 1924 година, а своја кулминација доживеала со Дабничките настани од 1925 година, но тука треба да се наведат и акциите во селата Градево и Крупник. Освен комунистите на удар биле и федералистите. Исто како и во настаните од есента 1924 година, повторно заедно делувале војската и организацијата. За разлика од тогашните настани, сега ВМРО барем формално ја испочитувала процедурата за одредени егзекуции. Била формирана „судско-истражна" комисија, а пресудите ги потврдил ЦК на ВМРО.

Борбата против федералистите се водела и надвор од територијата на Бугарија. Во мај 1925 година бил убиен Т. Паница во Виена. Освен со надворешните противници, во ВМРО во овој период имало и внатрешни убиства. По разни обвиненија биле ликвидирани војводите Е. Цеков, П. Михајлов и И. Брло. Со ликвидацијата на П. Михајлов бил завршен процесот на негова маргинализација во ВМРО од страна на И. Михајлов.

Уште пред конгресот ВМРО се соочила со потреба за одредена промена на тактиката на револуционерната борба. Четничкото делување, особено со големи чети било отежнато. ВМРО стремела да го заштити и населението кое било на удар поради помошта која што ја давало на четите. Пред се, И. Михајлов се повеќе се залагал за напуштање на четничкото делување и давање предимство на терористичката дејност. Сето тоа водело кон губење на внатрешниот карактер на организацијата. Поради тоа подоцна ќе настане судир помеѓу А. Протогеров и И. Михајлов. А. Протогеров се залагал за делување преку чети, тој во четничкиот институт гледал и заштита на внатрешниот карактер на ВМРО, дури предлагал седиштето на ВМРО да биде во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија. Сепак, отежнатите околности за делување со чети, било воочено веќе во летото 1925 година, кога поголемиот дел од четите не успеал да влезе во своите околии и да се бави со револуционерна дејност.

Во воведот претставивме кои предизвици стоеле пред ВМРО по убиството на Т. Александров. Стануваше збор за: внатрешното (не)единство, односите со бугарската влада и заштитата на самостојноста на ВМРО, односите со СССР, комунистите и посегањето по организацијата од нивна страна, средување на односите со македонската емиграција, справување со контрачетите. Во битката со СССР, ВМРО излегла како победник, т.е. се заштитила од нивните посегања. Со Илинденската организација биле воспоставени добри односи, но откако било расчистено со опозицијата во нејзините редови. Контрачетите останале и понатаму проблем за делувањето на ВМРО и покрај тоа што биле извршени значајни акции во борбата против нив, како што се убиствата на С. Мишев и И. Пандурски. ВМРО постигнала внатрешно единство, иако за тоа била платена прескапа цена. Односите со бугарската влада се подобриле, но тоа одело на штетата на самостојниот карактер на ВМРО.

ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

Необјавени извори

Државен архив на Република Македонија (ДАРМ)

1. фонд Александар Протуѓеров
2. фонд Владислав (Славчо) Ковачев
3. фонд ВМРО
4. фонд Окружна организација на Б.К.П. – Г. Џумаја
5. фонд Панчо Михајлов
6. фонд Петар (Перо) Димов Шанданов
7. фонд Узунови

Објавени извори

1. *Александър Протогеров – генералът – войвода*, Съставител Цочо В. Билярски, София, 2012.
2. *БЗНС, Александър Стамболийски и ВМРО. Непознатата война*, Съставителство, предговор и бележки Цочо В. Билярски, София, 2009.
3. *БКП, Коминтернът и Македонският въпрос (1917 – 1946), Том първи*, Съставители Цочо Билярски и Ива Бурликова, София, 1998.
4. *БКП, Коминтернът и Македонският въпрос (1917 – 1946), Том втори,* Съставители Цочо Билярски и Ива Бурликова София, 1999.
5. *VERITAS, Македония подъ иго 1919-1929, Документи и сведителства*, София, 1931.
6. *Иван Михайлов в обектива на полиция, дипломация, разузнаване и преса,* Съставител Цочо Билярски, София, 2006.
7. *Италијански дипломатски документи за Македонија, Т. 1, Кн. 1*, Избор, редакција и коментар Иван Катарџиев и Аленка Лапе, Скопје, 2001.

8. *Коминтернът и България (март 1919 – септември 1944 г.), Том 1, Документи,* Съставители Луиза Ревъкина, Лъчезар Стоянов, Володя Милачков, Р. П. Гришина (Русия), Н. С. Лебедева (Русия), София, 2005.
9. *Коминтернът и България (март 1919 – септември 1944 г.), Том 2, Документи,* Съставители Луиза Ревъкина, Лъчезар Стоянов, Володя Милачков, Р. П. Гришина (Русия), Н. С. Лебедева (Русия), София, 2005.
10. *Македонија во австриските документи (1920 – 1938),* Предговор и редакција доц. д-р Ѓорѓи Стојчевски, проф. д-р Даринка Петреска, Скопје, 2011.
11. *Македонското прашање во документите на Коминтерната, Том 1, Дел 1,* Избор, превод и редакција Владо Поповски и Ленина Жила, Скопје, 1999.
12. *Македонското прашање во документите на Коминтерната, Том 1, Дел 2,* Избор, превод и редакција Владо Поповски и Ленина Жила, Скопје, 1999.
13. *Македонското прашање во советската надворешна политика (1922-1940), книга I,* Избор, превод и редакција Владо Поповски и Ленина Жила, Скопје, 2008.
14. *Македонското прашање во советската надворешна политика (1922-1940), книга II,* Избор, превод и редакција Владо Поповски и Ленина Жила, Скопје, 2008.
15. *Тайните на ВМРО, Легенди и сензационни разкрития от нейните водачи,* Съставител Цочо Билярски, София, 2010.
16. *Тодор Александров, Се за Македонија – Документи, 1919-1924,* Избор, предговор и редакција проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2005.
17. *Проф. Никола Милев, Дневници, спомени, пътеписи, писма,* Съставители Цочо Билярски, Василена Билярска, София, 2008.
18. *Убийството на Тодор Александров (изследване и документи),* Кирил Пърличев, София, 2002.
19. *Чехословачки дипломатски документи за Македонија 1919-1933,* Избор и редакција Новица Велјановски, Јан Рихлик, Скопје, 2006.

Литература

1. Ацев Петър, *Спомени*, София, 2011.
2. Ачковска Виолета, *Георги Баждаров*, Скопје, 2015.
3. Ачковска Виолета, Жежов Никола, *Предавствата и атентатите во македонската историја*, Скопје, 2004.
4. Баждаров Георги, *Моите спомени*, http://promacedonia.org/.
5. Влахов Димитар, *Мемоари*, 2003.
6. Влахов Димитар, *Одбрани говори и статии 1924-1947*, Скопје, 1948.
7. Галчин Петър, *Политическите борби во Пиринския край 1923-1939*, София, 1989.
8. Динев Ангел, Политичките убиства во Бугарија, Скопје, 1983.
9. Евтимовъ Симеонъ, *Македонцитъ и политическитъ борби въ България*, 1926.
10. Жежов Никола, *Македонското прашање во југословенско-бугарските дипломатски односи (1918-1941)*, Скопје, 2008.
11. *Зборник од Научниот собир по повод 75 години од неговото убиство, одржан во Луково, на 16 и 17 октомври 1999 година*, Струга, 2001.
12. *Звезди във вековите. Загинали революционни борци против капитализма и фашизма 9 йуни 1923 – 9 септември 1944 год.*, София, 1972
13. Иванъ Михайловъ, *Спомени III*, Освободителна борба 1924-1934 г., 1967.
14. Иванъ Михайловъ, *Спомени IV*, Освободителна борба 1924-1934 (продолжение), 1973.
15. Орде Ивановски, *Димо Хаџи Димов*, Битола, 1989.
16. Ивановски Орде, Тодоровски Зоран, *Македонското прашање во Бугарскиот парламент (1918-1941)*, Скопје, 2008.
17. Катарџиев Иван, *Борба до победа, Том II, Време на зреење*, Скопје, 1983.
18. Катарџиев Иван, *Сто години од формирањето на ВМРО – сто години револуционерна традиција*, Скопје, 1993.

19. Ковачев Владислав, *Политичкото верују на Македонците*, Предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2000.
20. Марков Георги, *Парола „Сабя“, Заговорите и превратите на Военния съюз 1919-1936*, София, 1992.
21. Пачемска – Пртреска Даринка, *ВМРО 1918-1934 – Хронологија*, Скопје, 2004.
22. Палшутски Костадин, *Македонското освободително движение 1924-1934*, София, 1998.
23. Палешутски Костадин, *Македонското освободително движение след Првата световна война (1918-1924)*, София, 1993.
24. Петрво Христо, Христо Христов, *Белият Терор от 1923-1925 г., Три епохи на държавна репресия*, София, 2016.
25. *Премрежињата на македонското револуционерно движење – Спомени*, Христо Калајџиев, Крсто Лазаров, Крум Петишев, Атанас Џолев, Мирчо Кикиритков, предговор и редакција Зоран Тодоровски, Скопје, 2003.
26. Пърличев Кирил, *36 години във ВМРО*, София, 1999.
27. Пърличв Кирил, *VI Конгрес на ВМРО (1925 г.)*, София, 2005.
28. Тюлеков Димитар, *Обречено родолюбуие. ВМРО в Пиринско 1919-1934*, Благоевград, 2001, http://www.mni.bg/.
29. Тодоровски Зоран, *Автономистичката ВМРО на Тодор Александров 1919-1924*, Скопје, 2013.
30. Тодоровски Зоран, *ВМРО 1924-1934*, Скопје, 1997.
31. Тодоровски Зоран, *Георги Поп Хрисов*, Скопје, 2014.
32. Тодоровски Зоран, *Id ego sum – македонски историски рефлексии*, Скопје, 2008.
33. Тодоровски Зоран, *Мементо – македонски историски реминисценции*, Скопје, 2009.
34. Тодоровски Зоран, *Тодор Александрво*, Скопје, 2014.
35. Тодороска Катерина, *Петар Чаулев – живот и дело*, Скопје, 2015.
36. *Трите дела, Прага-Таборъ-Виена-Милано, Страници отъ борбата на Македония* (По стенограми, отчети, коментарии на весниците и документи на Вътрешната македонска революционна организация), София, 1927

37. Узунов Ангел, *Спомени*, Предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2014.
38. Узунови Ангел и Христо, *Псевдонимите на ВМРО*, Скоје, 2015.
39. Цанков Александър, *Моето време. Мемоари*, София, 2002.
40. Цинго Теон, *Наум Томалевски – Лоенгрин*, Скопје, 2014.
41. Шанданов Петар, *Спомени*, Предговор и редакција проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2002.